0051 ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ
БИБЛИОТЕКА
Инв. бр. 6171/95
СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА
СО АРХЕОЛОГИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА СО АРХЕОЛОГИЈА
СКОПЈЕ

ДРАГИ МИТРЕВСКИ

# ПРОТОИСТОРИСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ПОГРЕБНИТЕ РИТУАЛИ, ФОРМИ И ОБИЧАИ

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

МЕНТОР: ПРОФ. Д-Р ИВАН МИКУЛЧИЌ

Скопје 1994

СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА НА
УМЕТНОСТА СО АРХЕОЛОГИЈА

# С О Д Р Ж И Н А


ВОВЕД

СТР.

Хронолошки и територијални рамки
Осврт на досегашните работи
Степен на истраженост
Задачи и цели

ГЛАВА 1
ПОГРЕБУВАЊЕ ВО ТЕКОТ НА БРОНЗЕНОТО ВРЕМЕ

ГЛАВА 2
ПОГРЕБУВАЊЕ ВО ПРЕОДНИОТ ПЕРИОД-ОД БРОНЗЕНО ВО ЖЕЛЕЗНО ВРЕМЕ

1. ХРОНОЛОШКИ И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ РАМКИ
2. ГРОБОВИ И НЕКРОПОЛИ
   а. Гробови со спалување 15
   б. Скелетни гробови 19
3. ГРОБНИ ФОРМИ И ОБИЧАИ 20
4. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГРОБОВИТЕ И ОДНОСОТ СО НАСЕЛБИТЕ 23
   а. Некрополи со спалени покојници 26
   а. Некрополи со скелетни погребувања 37
5. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ 37
   КЕРАМИКА 40
   а. Домашна керамика 45
   б. Керамика од страна 45
   ОРУЖЈЕ 45
   НАКИТ 52
6. ОДНОСОТ СО СОСЕДНИТЕ РЕГИОНИ 59
   а. Односот со балканскиот север 54
   б. Односот со егејскиот југ 67
   68
   73

ГЛАВА 3
ПОГРЕБУВАЊЕ ВО ТЕКОТ НА ЖЕЛЕЗНОТО ВРЕМЕ

1. ХРОНОЛОШКИ И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ РАМКИ 82
2. ГРОБОВИ И НЕКРОПОЛИ 85
3. ГРОБНИ ФОРМИ И ОБИЧАИ 97
   а. Долновардарски регион 99
   б. Среден, Горен Вардар и долината на Брегалница 105
   в. Пелагонија 120
   г. Охридски регион 127
4. ПРОБЛЕМОТ НА МОГИЛНИТЕ И РАМНИ НЕКРОПОЛИ 130
5. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ 140
   ГРОБНИ ПРИЛОЗИ ОД РАНОТО ЖЕЛЕЗНО ВРЕМЕ 141
   а. Керамика 141
   б. Метал 146
   ГРОБНИ ПРИЛОЗИ ОД ПОЛНОТО ЖЕЛЕЗНО ВРЕМЕ 152
   а. Керамика 152

б. Метал 162
6. ОДНОСОТ СО СОСЕДНИТЕ РЕГИОНИ 172

Г Л А В А 4
ПОГРЕБУВАЊЕ ВО ДОЦНОАРХАЈСКИОТ ПЕРИОД
пајонско-македонска култура со доцноархајски белези

1. ХРОНОЛОШКИ И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ РАМКИ 176
2. ГРОБОВИ И НЕКРОПОЛИ 181
3. ГРОБНИ ФОРМИ И ОБИЧАИ 193
а. Скелетни погребувања 194
б. Гробови со спалување 203
4. ПРОБЛЕМОТ НА Т.Н. КНЕЖЕВСКИ ПОГРЕБУВАЊА 212
а. За кнежевските гробови од Требениште кај Охрид 213
б. За кнежевскиот гроб од Петилеп, Беранци кај Битола 218
в. За проблемот на ѕиданите гробници 223
5. ГРОБНИ НАОДИ 234
а. Керамика 235
б. Накит 239
в. Оружје 251
6. ОДНОСОТ СО СОСЕДНИТЕ РЕГИОНИ 253

Г Л А В А 5
ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ НА НОСИТЕЛИТЕ НА ПРОТОИСТОРИСКИТЕ ОСТАТОЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

1. ПАЈОНИЈА 258
А. ПИШАНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПАЈОНИТЕ 259
1. Пајоните во современата наука 259
2. Пајоните во античките пишани извори 261
Б. ГРАНИЦИ НА ПАЈОНИЈА 265
1. Северна граница 265
2. Источна граница 268
3. Јужна и западна граница 269
В. ОСВРТ НА ПРОТОИСТОРИЈАТА НА ПАЈОНИТЕ 270
Г. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПАЈОНСКАТА КУЛТУРА И ПОГРЕБУВАЊЕ 274
2. МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНЦИ 278
А. ПИШАНИ ПОДАТОЦИ 278
Б. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА И ПОГРЕБУВАЊЕ 285
3. ПРОБЛЕМОТ НА ЕНХЕЛЕЈЦИТЕ И НИВНАТА КУЛТУРА ВО МАКЕДОНИЈА 291
4. ПРОБЛЕМИТ НА БРИГИТЕ И НИВНАТА КУЛТУРА ВО МАКЕДОНИЈА 297

СПИСОК НА ФОТОГРАФИИ 305

ЦИТИРАНА ЛИТЕРАТУРА 314

П Р И Л О З И:

КАТАЛОГ НА НЕКРОПОЛИ

ЗБИРКА НА ПИШАНИ ИЗВОРИ

# ПРОТОИСТОРИСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

*ПРЕКУ ПОГРЕБНИТЕ РИТУАЛИ, ФОРМИ И ОБИЧАИ*

## ВОВЕД

Основен интерес на оваа работа се протоисториските заедници во Република Македонија, вреднувани, пред се преку појавите од сферата на погребувањето.

Погребувањето и сите негови манифестации нераскинливо се врзани за самото битие на еден народ. Тие отсекогаш биле определувани од оние исти фактори што ја формираат една култура. Така, начинот на погребувањето и погребните обичаи, од секогаш биле во зависност од традиционалните културни вредности, од општественото и економско уредување и религијско - идеолошките сфаќања на населението. Заради тоа, на поедини крупни прашања, какви што се, етнокултурното формирање на старите племиња и народи или уште повеќе, нивното територијално разграничување, неможе да се одговори без податоците кои обично се добиваат само со истражување на некрополите.

Валидноста на овие констатации е поголема што се оди подалеку во минатото. Во етапите на пра и протоисторискиот развиток, секоја една заедница, во начинот на погребувањето и погребните обичаи ги имала вткаено најзначајните елементи од својата материјална и посебно духовна култура. Како израз на вербата во задгробниот живот, односот на живите према мртвите бил исклучително активен. Значајно било присуството и влијанијата на покојните предци во секојдневниот живот, така што, во севкупната духовна култура, култот на мртвите имал доминантно место. Во отсуство на пишани историски докумени и посебно на остатоци од јазикот, често пати погребувањето претставува нивно единствено дистинктивно обележје. Заради тоа е неспорно големото, а во одредени случаи дури и пресудно значење на некрополите и гробовите во решавањето на основните културни и етнички проблеми од минатото.

Покрај тоа, не помало е значењето на гробовите и во решавањето на хронолошките проблеми. Како затворени археолошки целини од прва категорија, нивното проучување овозможува воспоставување на цврсти хронолошки релации и пофино временско вреднување на останатите археолошки наоди и појави во една култура.

# Хронолошки и територијални рамки

Со оваа работа ќе се обидеме да ги опфатиме сите археолошки [м]анифестации врзани за погребувањето на заедниците кои го населувале [м]акедонскиот простор, со посебен акцент на територијата на денешна [Р]епублика Македонија, во временските рамки од крајот на бронзеното [д]оба до стабилизирањето на античката цивилизација.

Во предвидените хронолошки рамки бронзеното време не е опфатено [в]о целост. Основна причина за тоа е готово целосната неиспитаност на [о]вој период на територијата на Р. Македонија, а посебно отсуството на [н]аоди и податоци за некрополите и погребувањето. Како горна временска [г]раница земено е Доцното бронзено време, најповеќе од причини кои ги [н]аметнува големата историска важност на овој период. Едноставно, без [п]ознавањето на погребните обичаи од доцното бронзено време неможно е [с]ледењето на сите понатамошни промени во погребувањето и воопшто на [с]евкупниот културен развиток на заедниците од железното време. Со [д]руги зборови, тоа биле векови на крупни историски настани, кои [п]редизвикале нов ток на културно историските збиднувања на Балканот. [З]аради тоа, се смета дека токму со доцното бронзено време почнало, а [в]о следните векови и конечно завршило заокружувањето на [д]овекевековниот процес на формирање на палеобалканските народи и [п]лемиња.

Од друга страна, периодот на Хеленизмот во Македонија, исто така [н]е е опфатен, пред се заради бројните нови елементи и особености во [п]огребувањето, кои се релевантни за античката цивилизација. Во текот [н]а IV век пр. н. ера, во Македонија се губи готово се што би значело [к]онтинуитет, одржување и негување на традицоналните културни вредности [и]ли обичаи. Со сé подлабоката хеленизација на домашната култура, [н]аселенито од овие простори, мошне рано ги прифатило придобивките и [к]ритериумите на новото античко време, дури и во така конзервативната [с]фера каква што е погребувањето.

Според тоа, тежиште на нашиот интерес претставува железното [в]реме, иако, заради поцелосна слика, се опфатени и вековите кои [н]епосредно му претходат и оние кои му следат.

Во територијална смисла, централен интерес ќе ни биде просторот [н]а Република Македонија. Меѓутоа, бидејќи се работи за територија која [н]и географски ни културно не претставувала затворена целина во [д]енешните административни граници, информативно се опфатени и

оседните региони кои се во органска врска со поедини делови на епублика Македонија. Така на пример, Охридско - преспанскиот базен, елагонија или Долното Повардарје претставуваат такви геоморфолошки и ултурни целини, кои не дозволуваат селективен однос према било кој ивен дел. Заради тоа, во глобалните територијални рамки на оваа абота влегуваат заедниците од Дрим и Девол на запад, до реката Струма а исток и од Шар Планина на север до Халијакмон (Бистрица) и гејското море на југ.

## Осврт на досегашните работи

Готово еден век се вршат археолошки ископувања на некрополи од ротоисторискиот период во Македонија, при што е откриен релативно олем број на гробови, меѓутоа ни од далеку не може да се зборува за адоволителна истраженост на одредени проблеми или на погребувањето во елост.

Првите поопсежни работи на една некропола од овој период беа зведени уште кон крајот на минатиот век. Во грчкиот дел на акедонија, кај селото Патели, на Островското Езеро, Рускиот рхеолошки Институт, во 1898-9 вршел ископувања на некропола од келезното време, при што биле откриени 376 гробови, кои за жал сеуште е се во целост публикувани. Следните ископувања се поврзани со оените операции од Првата Светска војна. Поедини бугарски, германски, ранцуски или англиски истражувачи, привлечени од вредноста на дредени гробни наоди, откриени најчесто со копањето ровови или други емјени работи, вршеле и археолошки ископувања на повеќе некрополи во акедонија. Најзначајни меѓу нив биле секако гробовите откриени од угарската војска кај охридското село Требениште, каде што во текот на 918 година ископувал Чехот К. Шкорпил. Во исти околности, долж линијата на т. н. Солунски Фронт, биле откриени и други некрополи од келезното време, меѓу кои најзначајни се оние во Долното Повардарје. Таму, треба да се одбележи работата на германскиот археолог, во тоа време официр во германската војска, Х. Драгендорф, кој во 1917 год. ископувал гробови кај валандовските села Деделии и Марвинци. Исто така и англичанецот С. Касон, во 1918 година ги отпочнал повеќегодишните ископувања на некрополата кај селото Чаушица, во близина на Кукуш, а французинот Р. Кос, на некрополата кај селото Бохемица.

Во периодот меѓу двете војни, до пеесеттите години, на ериторијата на Македонија, сосема малку биле истражувани некрополи од вој период. За одбележување се доистражувањата на некрополата во 'ребениште од страна на Н. Вулиќ, ископувањата на М. Грбиќ на екрополата кај селото Радолишта, близу Струга и сондирањата на . Венедиков на некрополата Криви Дол, кај село Радање, Штипско. 1еѓутоа, треба да се истакне и откривањето на поедини значајни робови, како на пример гробовите кај сегашната болница во Прилеп, или юнументалната касноархајска гробница во Тетово и други групни или оединачни гробни прилози. Сепак, со исклучок на работите во 'ребениште, не е забележано некое друго пообемно истражување. Во овој ериод главно се интервенирало со цел да се приберат гробните прилози да се изврши нивно типолошко и хронолошко вреднување.

Со пообемни работи и поедини, веќе ревизиони ископувања се тпочнало во пеесеттите години, а биле карактеристични и за іеесеттите. Во таа смисла, значајни се истражувањата во источните елови на Македонија, од каде посебно треба да се издвојат ıскопувањата на т. н. штипска група некрополи, како на пример, евизионите ископувања на некрополата, Криви Дол кај селото Радање, іреземенени од М. Гарашанин и истражувањата на некрополите Орлови Чуки и 'орно Поле кај селото Стар Караорман од И. Микулчиќ.

Во Скопско, во 4 наврати се вршени сондажни ископувања на іекрополата Дубиче кај Волково, од страна на П. Гоцкова и С. Саржоски.

Во регионот на Пелагонија ископувани се повеќе некрополи, 'лавно како заштита поради нивна загрозеност од честите градежни, іемјени или мелиорациони работи. Меѓу нив се издвојуваат археолошките ıнтервенции на П. Мачкиќ и Д. Симоска, во околината на Битола, како што :е гробовите од Висои кај Беранци и од Сарај, кај селото Брод, како и ıскопувањата на И. Микулчиќ на некрополата Црквиште кај Беранци.

Во охридскиот крај В. Лахтов работел на некрополата Лозишта кај :ело Речица, а заедно со Ј. Кастелиц се јавуваат како трети исртажувачи :ои ископавале на Требенишката некропола.

Најголем број ископувања на некрополи од протоисторискиот іериод беа изведени во текот на последните две децении. Добар дел од іив се мали по обем, додека најголем број гробови беа откриени со іеколкуте повеќегодишни систематски ископувања.

На почетокот на седумдесеттите години за последен пат беа

рганизирани ископувања на двете големи наоѓалишта, во Требениште и емир Капија. Во Требениште било ископувано на поширокиот простор на екрополата, со локациите Сува Чешма. Три Чељусти и Вртулка а во Демир апија завршени повекегодишните комплексни ископувања, започнати уште о 1948 година.

Посебен белег на овие години му даваат систематски ископувања а неколкуте некрополи од Повардарјето и тоа: ископувањата на Р. Пашиќ а локалитетите Сува Река и Милци, кај Гевгелија и во Дедели кај аландово и во поново време испитувањата на Д. Митревски на некрополите о Клучка - Хиподром кај Скопје, Дабици - Сопот кај Т. Велес, одовратски Пат - Водоврати и Димов Гроб - Уланци кај Градско. Исто ака, за одбележување е повекегодишната работа на И. Микулчиќ и . Соколовска на откривањето на монументалната Гробница во селото разда кај Скопје, како и откритијата на В. Битракова на неколкуте остари гробови во рамките на хеленистичката некропола во селото елагожда кај Струга.

Со ваквото набројување на истражувани некрополи од ротоисторискиот период во Македонија опфатени се само оние наоѓалишта а кои биле вршени релативно поопсежни археолошки ископувања. Меѓутоа, остојат голем број на помали, сондажни ископувања на делови од екрополи, заштитни работи на случајно откриени гробови и слично. За ал на нив биле изведувани само ограничени археолошки интервенции без ожност за поцелосно истражување. Ваквите наоди, знаат да бидат често ати од големо значење, што не обврзува да ги набројме барем ајзначајните од нив, како: "Гробље", с. Војник и "Бел Брег", умановска Бања кај Куманово, "Ѓданец" кај Скопје, "Марков Камен", ово Село кај Штип, "Тикешински Лозја", Кочани и "Куново-Чуки", . Оризари кај Кочани. "Кршлански Гумења" и "Коколов Рид", село Кршла ај Виница, "Зелениште" во Валандово и "Глос", с. Грчиште кај аландово, "Свилара", с. Д. Оризари кај Т. Велес, "Сивец", с. Присад, "Ракита", с. Тројаци, "Попадин Дол", "Варош" и "Касарни" кај Прилеп, "Каменот", с. Рапеш, "Марта", с. Зовиќ, "Бел Камен" с. Живојно, "Пешта", с. Градешница, "Бузно Лозје", с. Бабино, "Петилеп", с. Беранци, "Прогон" и "Дупен Камен", с. Букри, "Бела Црква", с. Брод кај Битола итд.

Покрај ова постојат голем број на случајно откриени гробови од нестручни лица или само гробни прилози од растурени гробови, од кои ќе ги спомeнеме само најзначајните: "Ограда", с. Орешани, "Градиште", с

Бучинци и "Подградие", с. Д. Соње кај Скопје, "Фортуна" и "Лакавица" кај Штип, Луковица кај Делчево, Трамник кај Неготино, Прилеп и т. н.

## С т е п е н  н а  и с т р а ж е н о с т

На основа бројот на ископувани некрополи и најдени гробови може да се каже дека постои релативно добра документарна основа за решавање на проблемите на погребувањето кај прото историското население во Македонија.

Само на територијата на Република Македонија откриени се околу 730 гробови, кои можат да се датираат во време од 13 до 5 век пр. н. ера. Меѓутоа, заради непланското истражување и нецелосното публикување на резултатите од археолошките ископувања, најголемиот број прашања не се решени на задоволителен начин, така што, сеуште непостои доволно јасна слика и заокружени сознанија за погребувањето во целост.

Во севкупните досегашни работи на ова поле видливо е отсуство на план во ископувањата и динамика во публикувањето така што сеуште постојат големи територијални и хронолошки празнини. Голем број од откриените гробови припаѓаат на некрополи во одреден микро регион и на хронолошки тесно ограничен период. Од друга страна, цели области, како и поедини временски етапи, претставуваат неиспитани подрачја, без готово ниеден откриени гроб. Така на пример, далеку поистражен од останатите е периодот на полното железно време, а за разлика од Пелагонија, Долното Повардарје и средниот тек на Брегалница, од останатите региони (посебно крајните западни и источни делови на Македонија) немаме готово ниеден испитан гроб. Исто така, повеќето од ископуваните некрополи се само прелиминарно објавени или сеуште не се публикувани.

Од вкупно 70 некрополи на кои се вршени археолошки интервенции, резултатите од ископувањата на 25 од нив сеуште не се објавени. Голем е процентот и на оние некрополи кои се само делумно публикувани, поточно од каде се познати само дел од откриените гробови.

## З а д а ч и  и  ц е л и

Кај најголемиот дел публикувани некрополи, сосема мало внимание е посветено на одредени моменти како што се: организацијата на гробовите, особеностите на гробните форми, начинот на полагање на покојниците, начинот на прилагањето на гробните дарови, нивниот карактер и улога во погребните цели, ритуалните обреди, односот на некрополите и населбите, антрополошките карактеристики на остеолошкиот материјал и сл. Заради тоа, една од главните задачи на оваа работа е преиспитувањето на овие елементи. За таа цел, се предвидува детално проучување и што е можно поцелосно презентирање и обработка, како на веќе публикуваниот материјал, така и на документацијата и наодите од најновите и воглавно непубликувани или само прелиминарно објавени археолошки ископувања.

Од друга страна, во досегашните работи на ова поле доминираше интересот за движните археолошки наоди, при што беа истражувани воглавно нивните типолошки вредности. Така, постојат повеќе типологии за различни категории на наоди, најчесто накит. Меѓутоа, разгледувани само од типолошки аспект, без неопходното поврзување со другите придружни појави, вредностите на овие наоди, поточно постојните типолошки системи се осудени, со секое ново откритие да бидат надополнувани или менувани. Заради тоа, а со оглед на бројните нови и сеуште необјавени наоди, меѓу поважните цели на оваа работа се вбројуваат промените и дополненијата на постојните типологии во смисла на: евентуални хронолошки корекции, поврзување со одредени гробни форми и типови на некрополи, поврзување со керамичкиот материјал, поврзување со подобро документираниот материјал од југ, поврзување со историските (пишани) податоци, поврзување со поедини форми и елементи од средноевропско или егејско потекло и т. н.

Со систематизација и анализа на сите податоци, очекуваме нивно заокружување и сумирање во прифатливи научни аксиоми, кои, презентирани на начин како би можеле најлесно да се користат, веруваме дека ќе дадат, во сегашниов степен на истраженост, доволно јасна и трајна слика за погребувањето на протоисториските заедници во Македонија. Со тоа ќе се добие добро документирана основа, која е неопходна за непречено следење на понатамошниот, историски ток на развитокот на заедниците од Македонија, посебно на појавите и промените во сферата на погребувањето.

Веруваме дека токму преку погребувањето, поточно преку согледувањето на разликите во начинот на погребување, ќе можеме најдокументирано и најлесно да го следиме процесот на етно-културното формирање на "македонските" заедници, низ најзначајните етапи, до нивното конечно етничко заокружување и политичко организирање во првите антички држави.

Со други зборови, со истражувањето на проблемите на погребувањето во Македонија и соседните региони од 13 до 5 век пр. н. ера, како крајна цел очекуваме да се добие појасна слика за генезата и територијалното разграничување на палеобалканските племиња и народи, што би значело и придонес во решавањето на основните проблеми на старата политичката географија на Балканот.

# ГЛАВА 1

## ПОГРЕБУВАЊЕ ВО ТЕКОТ НА БРОНЗЕНОТО ВРЕМЕ

Веќе спомнавме дека бронзеното време не влегува во рамките на оваа работа. Меѓутоа, неопходно е да се потсетиме барем на основните карактеристики на погребувањето, бидејќи во формирањето на погребните обичаи кај протоисториските заедници мораме да сметаме и на учество на поедини традиционални вредности од бронзеното време. Со други зборови, секако постоел некој религиозен супстрат кој претставувал културен фон, основа за погребувањата во текот на преодниот период и железното време.

За жал, на територијата на Р. Македонија досега не е истражувана ниту една некропола од бронзеното време, така што сите заклучоци во тој правец би се се свеле на претпоставки засновани само на неколку случајни наоди. Заради тоа, во ваква ситуација се чини најцелисходно, пред да започнеме со погребувањето во текот на преодниот период да направиме еден глобален преглед на бронзенодопските погребни обичаи на Балканот. Ова, како и општите карактеристики на бронзенодопската култура во Македонија, засега се доволни за определба на основните културни и хронолошки релации со соседните региони, што е сепак некаква основа за понатамошното следење на појавите во текот на преодниот период.

Со т.н. Големи Индоевропски преселби отпочнал долгиот процес на формирање на новата етноструктура на Балканот. Во таа смисла, покрај сите промени кои ги предизвикале овие миграции, настанале и битни измени во сферата на погребувањето. Најкарактеристична и најшироко прифатена придобивка од новото степско население било погребувањето под тумули. Меѓутоа, нивната употреба не може синхронизирано да се следи. Појавата и развитокот на овој карактеристичен гробен тип се манифестира, на различен начин, со различен интензитет и во различно време во одредени делови на Балканот. Во целост земено, во текот на раното па и средно бронзено време на Балканот е регистрирано големо разнообразие на погребните обичаи. Во поедини региони коегзистират сосема противречни ритуали во погребувањето што остава впечаток на

начителна нерасчленетост и аморфност во самите верувања и сеуште едоволна оформеност на погребната идеологија и идејната концепција за ивотот после смртта.

Најголема разноликост во погребните обичаи се открива во сточните делови на Балканот, на територијата на денешна Бугарија.[1] аму, во поедини наоѓалишта сеуште се негувале погребните традиции уште д неолитот, преку бројните гробови со згрчени инхумации во рамки на аселбите, под основите на печки или под куќите. Од друга страна, ајкарактеристична појава сепак се тумулите-могили (почести во еверните делови на Бугарија), а присутни се и погребувања без тумули повеќе во регионите кон Егеја и Анадолија). Притоа, покрај нхумацијата се практикувало и спалувањето. Така, според постоечката иференцијација на погребувањето меѓу заедниците во источните делови на алканот, може да се заклучи дека во текот на бронзеното време постоела олема хетерогеност, во која погребните обичаи треба да се посматраат ако еден сложен систем, во кој била општо прифатена биритуалноста.

На теритиријата на поранешните југословенските земји, можат да се здвојат неколку комплекси со локални специфичности и различни анифестации на основниот култ. Кај заедниците долж јадранскиот појас, д Истра до Црна Гора, на Гласинац, Метохија и во продолжение на ериторијата на Албанија доминирало скелетното погребување, најчесто од тумули.[2] Кремирањето на покојниците било карактеристично за анонско подунавските заедници, како и за културите во Поморавјето, сточна Србија до Искар на исток и на Косово, најчесто во рамни екрополи.[3] Во зоните каде што се мешале овие два комплекса, како на пример регионот на Западна Србија или по Дрина, погребувањето било биритуално.[4]

---

1 Katinčarov R.1980,167-172; Делев П.1988,9-13

2 Čović B.1983,390-460; Garašanin M.1983,703; Prendi F.1982,209-220

3 Garašanin M.1983,463, 754-779; Истиот 1982,170-180

4 Zotović M.1985,27-46; Garašanin M.1983, 705

Во јужните делови на Балканот, за разлика од посеверните балкански бласти, погребувањето, претставувало производ на веке, во голема мера зградена погребна идеологија, во рамките на егејската цивилизација на ронзеното време, поточно Критската и посебно Микенска култура. Таму, нхумацијата била основен погребен ритуал, при што, најпрво, во текот а Среднохеладскиот период доминираат згрчени погребивања во циста од амени плочи. Во зависност од економската моќ, местото и улогата, па и олот на покојникот, посебно во микенско време, биле користени и други ипови на гробови како обични јами, поголеми керамични садови или идани т.н. шахтови гробови, кои можеле да бидат организирани под умули, во т.н. гробни кругови, гробови-соби или во толос-гробници.[5]

На територијата на Република Македонија не е испитувана ниту дна некропола од бронзеното време, иако во литературата се објавени 6 гробови од некрополата Варош во Прилеп како погребувања од раното бронзено време[6]. Меѓутоа, во отсуство на директни паралели од облиските региони, датирањето на оваа некропола е засновано на иполошките карактеристики на наодите, кои не се најпогодни за тоа и а аналогиите со слични појави на многу широка територија. Така, со оновите откритија на територијата на Македонија се покажа дека успшност се работи за доста помлада некропола, на која ќе се задржиме нешто подоцна.

Според тоа, кога е во прашање погребувањето во раното бронзено време, овој простор сеуште претставува голема празнина со низа отворени прашања на кои не е лесно да се одговори.

Истите констатации важат и за погребувањето во текот на средното бронзено време во Македонија. Сепак, постојат два наода-случајно откриени гробови од две некрополи за кои се смета дека припаѓаат на ова време. Првиот наод претставува поголем биконичен сад во функција на урна со остатоци од спален покојник, познат како наод од Варош во

---

5 Teyl.r W.1982, 65-84 ; Kurtz D.C. - Boordmon J.1971, 20-30

6 Китанoски Б.1978, 33-35

рилеп,[7] додека вториот го сочинуваат три гробови-урни откриени во елото Дебреше, кај Гостивар. Во првиот случај непостојат доволно лементи за датирање додека, на основа формалните карактеристики и налогните појави на Косово и Поморавјето, некрополата во Дебреше И. ikулчик ја датира широко во време од околу 1700 до 1200 год. п. н. ера.[8]

Според тоа, сеуште немаме доволно аргументи спалувањето да го рифатиме како општ ритуал на погребување во текот на бронзеното време о Македонија. Напротив, постоечките гробови со спалени покојници многу олесно се врзуваат со културните манифестации од крајот на бронзеното реме, поточно од преодниот период.

И покрај слабата истраженост, сепак, ваквите некрополи се окументирани секогаш како наоѓалишта од ова време (Кравари, Мешитлија, 'ииподром, Варош и сл). На нив поопширно ќе се задржиме во следното оглавје, кај некрополите со спалени покојници од Преодниот период.




Сл.2 Гробот од Ракотинци кај Скопје со дел од прилозите

[7] Китаноски Б.1961,51-56

[8] Микулчиќ И.19[illegible],43

Единствениот гроб кој со сигурност може да се датира во текот на бронзеното време е погребувањето откриено на локалитетот Орешница кај село Ракотинци, Скопско. Наоѓалиштето претставува некропола со скелетни погребувања, од која нажалост е откриен само еден гроб (Сл. 2).

Конструкцијата на гробот е циста градена од плочести камења, во која покојникот бил положен во згрчена положба на десната страна. Според прилозите на два керамички сад и еден камен калап за леење бронзени мониста може да се датира најдоцна до Средното бронзено доба.

Во врска со скелетните згрчени погребувања како бронзенодопски ритуал, на ова место мораме да се вратиме и т. н. "ранобронзенодопски" гробови од Варош, Прилеп. Се работи за познатите, вкупно 6 гробови-цисти од камени плочи, со инхумирани покојници во згрчена положба. За жал во нив не се откриени доволно хронолошки осетливи објекти, така што, во неколку наврати во литературата се различно датирани.[9] Гробните прилози претставуваат само керамички садови и тоа форми што можат да се сретнат низ целото бронзено време во Македонија. На основа формалните детали и посебно фактурата, овие садови се поблиски до керамиката од Преодниот период и Раното железно време отколку до Раното бронзено доба. На ова веќе имаат укажано Б. Хензел и А. Хохштетер, споредувајќи ги наодите од некрополата во Варош со раната железнодопска керамика од населбата на Кастанас.[10] Од друга страна, аналогиите со керамиката од доцнобронзенодопските и помладите слоеви на соседните праисториски населби (Вардарофца, Вардино и т. н) како и сличностите со садовите од некрополите од преодниот период ("депо"-Варош, Болница-Прилеп, Клучка-Хиподром и сл.) не дозволуваат овие погребувања да ги сметаме за ранобронзенодопски, туку најмногу како гробови од Доцното бронзено време или Преодниот период.

На основа општиот карактер на материјалната култура на Бронзеното

---

[9] Китаноски Б. 1975, 35

[10] Hansel B.-Hochstetter A. 1986, Abb 4

реме се чини дека Македонија, била културно повеќе свртена кон север и о одредена мера вклучена во сферата на долнодунавските култури, или оточно на културите од карпатскиот базен. Меѓутоа, во никој случај не меат да се заборават и паралелите Егеја, посебно на Пелагонија со есалија на југ.

Сите овие моменти дозволуваат да се заклучи дека на Балканскиот олуостров, до пред почетокот на немирните времиња од т.н. Големи гејски Преселби, евидентно било разграничувањето, на релативно големи ространства, на основа погребните ритуали. Во најголемиот дел на угарија, источно од линијата Искара - Струма присутна е биритуалноста о погребувањето, во западнобалканските области скелетното погребување одека кај северно и централнобалканските заедници спалувањето

Според општите белези на материјалната култура, заедниците од ронзеното време во Македонија, биле блиски до населението од централнобалканската регија, но, во погребувањето се повеќе се покажува оврзаноста со рано и среднохеладската практика на згрчено погребување о гробови цисти од камени плочи.

# ГЛАВА 2
# ПРЕОДЕН ПЕРИОД
## ОД БРОНЗЕНО ВО ЖЕЛЕЗНО ВРЕМЕ

### 1. *ХРОНОЛОШКИ И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ РАМКИ*

Во веќе постоечките периодизации на праисторијата во Македонија, за последните 3 века од II милениум пр. н. ера се користат различни квалификации како: доцно бронзено време, субмикенски период, Халштат А, рано железно време, железно време IА и т. н. Меѓутоа, од повеќе причини ние ќе ги третираме како преоден период од бронзеното во железно време.

Една од основните причините за одвојувањето на времето од 13 до 10 век како преоден период секако е и неможноста да се утврди тесна граница меѓу бронзеното и железното време во Македонија. Тешко е со сигурност хронолошки да се определи крајот на бронзеното, поточно почетокот на железното време, со оглед на културните и географски специфики, кои овој дел од Балканот го прават спојка помеѓу алпско-карпатската област или Средна Европа и Егејскиот свет или Источниот Медитеран. Во таа смисла, сеуште се користи хронолошкиот модел на П. Рајнеке, надограден од Милер-Карпе и Г. Косак, со што е овозможена определбата на основните хронолошките односи на целиот европски простор. Меѓутоа, бидејки претставува систем кој се базира на археолошкиот материјал од Средна Европа, кога се работи за Македонија решавачки се други хронолошки фактори, пред се културните врски со југ, така што овој систем не би можел да биде сосема употреблив. Имајки го ова во вид, негова адаптација за територијата на Македонија и Србија направил М. Гарашанин, респектирајки ги локалните културни особености и врзувајки го за цврсти хронолошки репери од подобро документираната Егеја[1]. Според системот на М. Гарашанин, почетокот на железното време во Македонија е определен околу 1200 год. пр. н. ера, но со еден голем интервал од над 5 века до стабилизирањето на вистинските железнодопските односи. Од друга страна, во последно време, се повеќе

---

[1] Гарашанин М. 1960

е јавуваат локални хронологии на поедини културни групи така што танаа евидентни повеќе различни хронолошки законитости за релативно лиски географски подрачја. Така на пример, веќе е извесно дека за одунавското подрачје и најголемиот дел од Србија границата на преодот д бронзено во железно време претставува времето на појава на т. н. ракокимерски бронзени предмети, на преодот од 9 во 8 век.[2], додека за угоисточното алпско подрачје и Панонија, како и за конзервативниот ласинац почетокот на железното време се става во текот на 8 век р. н. ера. и т. н.[3]

За територијата на Република Македонија, долго време само наодите д Пелагонија можеа да се користат во тој правец. Така, воден од рупните промени во материјалната и духовна култура во оваа наша ајголема котлина, И. Микулчиќ, преминот од бронзено во железно време го пределил, околу 1200 г. пн. ера.[4] За наоѓалиштата од грчкиот дел на акедонија, Десбуру, Андроникос и други ја користат грчката ериодизацијата и ги врзуваат за промените во централните делови на рција и посебно за Тесалија и Кикладите.[5] Меѓутоа, и во овој случај очетокот на железното време не е општо прифатен. Поедини научници убмикенската фаза (1125-1050 г. п. н. е.) ја вклучуваат во раното железно реме, додека други ја третираат како последна фаза од бронзеното време, о крајот на LH III C периодот и појавата на протогеометрискиот стил во метноста, околу 1025 година пр. н. ера.

Меѓу поновите работи на овој план, секако најзначајни се одатоците кои произлегуваат од стратиграфијата на повеќеслојната населба на тумбата Кастанас во Долното Повардарје, каде е прецизно документиран живот во континуитет од раното бронзено време до

---

[2] Васић 1979а; Gabrovec S-Čović B.1987,907

[3] Čović B.1987,580

[4] Mikulčić I.1966,5

[5] Mikulčić I.1966,6

еленизмот.[6] Над слоевите од IV-та - доцнобронзенодопска населба, се здвојува V-та населба (1190-1000 г. п. н. е.) како преодно живеење, пред лоевите од населбата VI, определена како населба од раното железното реме.[7]

Со зачестените ископувања на наоѓалиштата од овој период во Македонија, употребата на терминот "преоден период", наоѓа се оголема оправданост. Потребата за ова можеби најповеќе е изразена окму во сферата на погребувањето, каде што поради неговата онзервативност и посебните историски околности неопходно е да се смета а една преодна фаза што би ги опфаќала најдоцните бронзенодопски и ајраните железнодопски манифестации. Како што ќе видиме во онатамошниот текст, често пати овие манифестации во Македонија гзистираат паралелно во текот на последните 3 века од вториот илениум, меѓусебно тесно поврзани, не оставајќи можност за строго ронолошко, културно и територијално раздвојување.

*

Во текот на втората половина на 13 век, на југ, на грчкото копно егејските острови се појавуваат предмети произведени во алпско - арпатските металуршки работилници и тоа најчесто т. н. средноевропски ипови на оружје. Овие наоди се откривани во слоевите на опожарените и ништени населби од доцното бронзено време, така што нивната појава се рзува за поголеми етнички движења и воени судири мотивирани од освојувачки побуди. Цел на освојувачите секако биле богатите градови во егејскиот базен и источните делови на Медитеранот. Во таа смисла археолошките наоди од Микена, Пилос, Кносос, Троја и т. н. покажуваат дека некои од овие освојувачи до 1180 година пр. н. ера, веќе ги уништиле најголемите средишта на егејското бронзено време. Исто така, на египетските споменици од времето на фараоните Мерemптах (1222 г. п. н. е.)

---

6 Hansel B.1982.167-202; Hochstetter A.1984; Aslanis I.1985; Hochstetter A.1987

7 Hochstetter A.1984; Jeftih 1986.219

Рамзес III (1189 г. п. н. е.) забележана е големата наезда на северните" или "морски" народи.

Немирните времиња трале и во следните векови, во текот на целиот реоден период, при што се одвивале процеси кои фрлиле одредена сенка врз заедниците што ја населувале територијата на Македонија. Тоа е ајдобро документирано на повекеслојните праисториски населби, во лоевите од крајот на бронзено време и преодниот период. Посебно традале богатите населби во комуникативните подрачја, по Долен Вардар во Пелагонската рамница. Животот на праисториските населби во елагонија, готово едновремено прекинува и тоа најчесто со опожарување, осле што повеќе не бил обновен.[8] Исто така и на едновремените, но кономски појаки и стратешки позначајни населби по Долен Вардар, се окументирани пожари и разурнувања. Меѓутоа, животот на нив, иако со дредени промени и нови елементи во материјалната култура сепак родолжил. Така на пример, во населбата на Кастанас биле откриени 4 отово последователни и катастрофални пожари во слоевите 14Б,13,12 и 0, или во периодот од XIII до X век пр. н. ера.[9]

Постојат повеќе претпоставки за територијалното, хронолошко и ултурно разграничување и трасирање на сите овие движења и настани, еѓутоа едно е сигурно дека се работи за глобални немири и преселби кои афатиле голема територија и траеле неколку векови, при што оделе во азлични правци, во кои разни групи биле потиснувани од други и приморани да се прегрупираат. Археолошките документи доволно речито юкажуваат дека во овие 3 века се одвивале процеси кои го прекинале развитокот на бронзеното време во Македонија и предизвикале юспоставување на култура од нов тип - железнодопската култура, а со оа го отвориле патот кон конечното формирање на првите историски юзнати етнички групации на овој простор.

---

[8] Mikulčić I.1966.8

[9] Hänsel B.1979; Hänsel B.1987-a; Hochstetter A.1984

## 2. ГРОБОВИ И НЕКРОПОЛИ

Крупни социјални, економски, културни па и етнички промени, арактеристични за сите преодни периоди, го следеле и преоден период од ронзено во железно време. Тие неминовно се манифестирале и во начинот а погребување, при што, како последица се јавува употребата на двата сновни ритуали на погребување, спалувањето и скелетното огребување.

Едновременото практикување на овие два спротивни ритуали, зборува а воспоставена нестабилност во сферата на погребувањето, поточно за ешање на различни културни и етнички елементи, што е сосема логично ко се имаат предвид споменатите историските околности во овој дел на алканот.

Сегашниот степен на истраженост на преодниот период во . Македонија, ни дозволува да сметаме на вкупно 18 наоѓалишта со наоди рзани за погребувањето, од кои 7 претставуваат некрополи со кремирани, 8 со инхумирани покојници, како и 3 случајно откриени гробни прилози Сл. 3).




Сл.3 Распространетост на некрополите од Преодниот период

## а. Гробови со спалување

Се до 1989 година, на територијата на Република Македонија не беше скопувана ниту една некропола со спалени покојници. Главно како ронзенодопски наоди, беа познати веќе спомнатите 3 гробови од ебреше, кај Гостивар, урната од "Светец" во Варош, Прилеп и неколку лучајни наоди од некрополите со спалени покојници во Мецитлија и равари кај Битола. Така, ритуалот на спалување се врзуваше главно за огребните обичаи од бронзеното време.

За гробовите од Дебреше, Гостивар и урната од Варош, Прилеп веќе стакнавме дека не постојат доволно елементи за попрецизно датирање, одека за некрополите од Мецитлија и Кравари, кај Битола, можеме со олема сигурност да сметаме дека биле користени и во Преодниот период.[10] вие некрополи несомнено припаѓале на блиските населби-тумби од ронзеното време, а во нив биле погребувани спалени покојници во ерамични урни. На основа формалните карактеристики (густо организирани полиња со урни") на некрополата во Кравари како и типологијата на еколкуте случајно откриени наоди, се датираат кон крајот на Бронзеното реме, поточно можат да се поврзуваат со појавите во рамки на Големите гејски преселби, од преоднот период. На основа познатите аналогии на ткриениот сад-урна со две хоризонтални ушки од Карвари и уште повеќе поред случајниот наод на боевата секира со две сечила од групата на акедонско-епирски секири од доцномикенско време, неспорно е дека овој, последен хоризонт на живеење се однесува на времето околу 12 век пр. н. ера.[11]

Во оваа прилика за нас е најважно да знаеме во која мерка гробовите со спалени покојници можат да се третираат како погребувања од преодниот период и до кога бил практикуван ваквиот начин на погребување, во одредени региони во Македонија.

---

[10] Mikulcic I.1966.

[11] Черних Е.Н.1978,204; Garašanin D.1983,799; Prendi F.1982b,224; Hansel B.Hochstetter 1986,Abb E-2

Најдобра потврда за користењето на некрополите со спалени окојници и во текот на преодниот период претставуваат откритијата на екрополата "Кључка", Хиподром кај Скопје.

Во летото 1989 година, кај скопскиот хиподром беше откриена и скопувана некропола која значително ги надополни дотогашните сознанија а погребувањето во текот на преодниот период во Македонија, посебно за собеностите, местото и улогата на некрополите со спалени покојници Фот. 1).[12] Покрај испитаните вкупно 11 гробови, беа откриени, од една трана наоди карактеристични за доцното бронзено време, а од друга редмети што се јавуваат во преодниот период и се развиваат во текот на елезното време. Во таа смисла, се издвојуваат такви наоди како на пример микенски шлем од заби-очнаци од див вепар, или топчест кантарос о инкрустација, кои важат за хронолошки чувствителни предмети и обично е се датираат покасно од 12 век п.н.ера. Од друга страна, заедно со вие, како и со и другите наоди што се наслонуваат на домашното аследство од бронзеното време, откриени беа и бројни наоди на анелирани садови, најчесто чинии со т.н. Турбан диш - ободи и сл., кои претставуваат една од главните карактеристики во материјалот од раното елезно време во Македонија. Така, најголемиот број гробови од екрополата во Хиподром се датираат во XII век пр.н.ера.

Наодите од некрополата во Хиподром кај Скопје фрлаат светлина и пз другите наоѓалишта за кои не постојат доволно податоци за поцелосна определба. Во таа смисла, неспорна е сродноста на поедини наоди од Хиподром со наодите од т.н. керамично депо од Варош кај Прилеп. На овој локалитет откриени се три групи на керамични садови, меѓу кои доминираат форми блиски до садовите-урни од Хиподром[13]. Иако не се откриени гробни целини, сепак, на основа застапените форми, кои одговараат на функцијата на урни, капаци и садови-гробни прилози со погребна храна, не би требало сосема да ја отфрлиме можноста дека се

---

12 Митревски Д.(во печат)

13 Китаноски Б.1980,6 итн

аботи за собрани и дислоцирани остатоци од некропола со спалени окојници. Со оглед на интензивнато и континуирана употреба на овој окалитет, низ сите следни периоди до денешната населба Варош, ваквата еројатност е уште поголема.

Меѓу другите наогалишта кои покажуваат бројни аналогни со екрополата во Хиподром, а сепак не можат со сигурност да се определат ако некрополи, треба да ги спомeнеме локалитетот "Југозападна екропола" , Стоби и лок. "Бежанија" кај селото Криви Дол, Штипско.

Со обемните археолошки ископувања на големата југозападна екропола на античко Стоби во 1992 година, на ограничен простор беа ткриени остатоци од доцното бронзено време, поточно од преодниот ериод .[14] Наоди на керамика аналогна со наодите од некрополата о Хиподром, беа најдени без ред на неколку места или во делови од литки јами вкопани во жолтата здравица. Непостоењето на населбински лој наведува на можноста да се работи за остатоци од некропола, и окрај тоа што не е откриен ниту еден гроб. На ова упатува и самата озиција на локалитетот, која далеку повеќе одговара за некропола, дколку за населба. Истиот простор бил интензивно користен во доцното имско време, кога длабоко во здравата земја биле вкопани темели од азни градежни објекти, заради што се сочувале само мали остатоци од вентуалната некропола од преодниот период. Меѓу откриените наоди се здвојуваат делови од еден кантаровиден сад со мат сликана декорација ако и наоди аналогни на керамиката од Хиподром (делови од чинии со урбан обод, делови од биконични садови-урни и др.). Повеќето од нив се ајдени во долните делови, поточно на дното на плитки јами вкопани во дравицата.

Слична ситуација е откриена и на локалитетот "Бежанија" кај селото риви Дол, Штипско .[15] Со мали археолошки интервенции, откриени

---

4 Од документацијата на ископувањата Стоби 1982, непубликувано

5 Ископувања од страна на Народниот Музеј, Штип (Нацев Т. -во печат)

е остатоци најверојатно од некропола со спалени покојници, иако и таму е е документиран сигурен гроб. Теренот на овој локалитет е испресечен о длабоки вододерини, во чии профили, по пат на мали сондирања ткриени се остатоци од јами. Конфигурацијата на теренот, непостоењето а населбински слој како и карактерот на откриениот материјал во јамите патува на некропола. Меѓу другото и таму е откриен мат боен кантарос д типот на садот од Стоби, како и делови од погруби садови, со аралели во наодите од Хиподром.

Голем дел од наодите од Стоби и од Бежанија се среќаваат како робни прилози и во гробовите-цисти од некрополите со скелетни огребувања по Среден Вардар ("Водовратски Пат", с. Водоврати и "Димов роб", с. Уланци), што е најдобра потврда за хронолошката поврзаност на вата типа некрополи од преодниот период во Македонија.

*б. Скелетни гробови*

Гробовите со инхумирани покојници, според споменатиот ронзенодопски гроб, поточно некрополата во Ракотинци кај Скопје (Сл. 2) донекаде според "ранобронзенодопските" гробови од Варош, Прилеп не ожеат да се сметат за нова појава. Во текот на преодниот период и ледните векови на железното време ќе се востановат како основен ритуал а погребување во Македонија.

До пред некоја година, готово да немаше некропола на која беа ршени посериозни археолошки ископувања. Сознанијата за овој начин на погребување се базираа главно на неколку некрополи или поточно речено поединечни гробови. Во таа смисла, најповеќе беа користени гробовите ткриени пред седумдесетина години кај сегашната болница или поранешната учителска школа во Прилеп.[16] Иако постојат одредени пропусти и недореченост при публикувањето на оваа некропола, сепак, благодарение а карактеристичните гробните прилози, неспорно е дека дека се работи а некропола од преодниот период, од која се откриени само 4 гроба.

Следното скелетно погребување од преодниот период е извршено во

---

[6] Кокић М.1926; Трухелка К.1929; Гарашанин М.1958; Микулчић И.1966

робот 11 од некрополата во Сарај, кај селото Брод, Битолско.[17] лагодарение на прилогот на т. н. Пескиера фибула, датирањето на овој роб никогаш не било спорно, меѓутоа се чини неоправдано е разгледуван проучуван редовно како осамен случај, издвоен од останатите помлади робови во некропола.

Кон средината на шеесеттите години, на десетина километри северно д Прилеп, кај селото Присат беа откриени други гробови. по многу нешта родни со гробовите од двете претходно спомнати прилепски некрополи, од арош и посебно со гробовите кај старата учителска школа. Иако се зботи, во најголем дел за случајни наоди откриени од работниците во удникот за мермер, сепак со стручната интервенција од страна на ародниот Музеј Прилеп, на овој локалитет сѐ документирани 4 гробови.[18] динствената неизвесност во врска со наодите од Сивец се однесува на ронзениот меч откриен во гробот 2. При неговото прво публикување ајверојатно е испуштено да се спомне присуството на железни нитни на ржалаката, која, подоцнежните автори ја потенцираат како најрана потреба на железо во Македонија.[19] Сепак овој момент не го намалува наечењето на гробовите од Сивец, туку напротив го зацврстува местото и логата на некропола во рамките на преоднит период во овој дел на алканот.

Вистински контрадикторни мислења постојат во врска со датирањето а централниот гроб во железнодопскиот тумул од "Висои" кај Беранци, итолско. За жал овој исклучително значаен тумул сеуште не е во целост убликуван, што е основната причина поедини наоди да се користат вон онтекст, а што има произведено различни интерпретации на една иста ојава. Така, само во врска со централниот гроб (број 37), постојат еколку различни датирања. Притоа, дури во поново време е изнесен

---

7 Mikulčić I.1966,7

8 Китаноски Б.1977

9 Hammond N.G.L.1982,footnote 41,644

одатокот дека се работи за скелетно погребување во згрчена положба.[20] ва, како и поединечните анализи на гробните прилози во овој гроб, осебно формално-стилското вреднување на хронолошки најостеливиот редмет, садот-скифос, како керамика со доцнохеладски (LHIIIC) белези, д субмикенско време, оди во прилог на неговото датирање во текот на реодниот период.[21]

Во околината на Скопје, на локалитетот "Кошур" во селото Долно олне, случајно се откриени три гроба со прилози на керамички садови, окални доцномикенски копии. На ова наоѓалиште не се изведувани рхеолошки интервенции, меѓутоа на основа увидот во откриените, мошне ндикативни наоди, неспорно е дека се работи за некропола со инхумирани окојници од преодниот период.[22]

Последните две некрополи воедно се и најновите испитувани аоѓалишта од преодниот период во Р. Македонија. Двете некрополи се ткриени во регионот на Средното Повардарје, во околината на Градско, а локалитетите Водовратски Пат, кај селото Водоврати и Димов Гроб, кај елото Уланци (Фот. 2, 3). Имаат готово идентични карактеристики, како во днос на начинот на погребувањето и погребните обичаи така и според робните прилози. На основа наодите на локалната мат боена керамика, арактеристична за слоевите од доцното бронзено време, поточно за реодниот период во повеќеслојните праисториски населби по Долен Вардар уште повеќе на основа локалните доцномикенски садови со тилско-ликовни белези од субмикенското време, како и според поедини хроонолошки осетливи форми бронзен накит, двете некрополи без сомнение ожат да се третираат како едни од најзначајните наоѓалишта од преоден период во Р. Македонија.

---

20 Garasanin M. 1983, 791

21 Kilian K. 1975; Parović-Pešikan M. 1981, 60

22 Наодите се наоѓаат во приватна колекција во Скопје, а документацијата о Музејот на Македонија, Скопје

Покрај сите овие некрополи познати се и други наоѓалишта од реодниот период, од кои потекнуваат поедини, случајно откриени наоди, ајверојатно гробни прилози од растурени гробови. за кои не постојат одатни информации. Ваквите наоди, со голема веројатност индицираат эстоење на некрополи, така што е неопходно и на нив да се смета како на Статоци од погребување.

Во атарот на селото Раштани, откриен е бронзен меч од редноевропски тип карактеристичен за преодниот период. Овој наод е ткупен за Народниот Музеј во Битола, каде се води како наод од село рклино, без податоци за околностите на наоѓањето.[23]

Од околината на Делчево потекнува друг ваков меч, откупен за рхеолошкиот Музеј во Скопје, со податоци дека се работи за наод од ништен гроб во селото Луковица.[24]

Во Музејот на Македонија во Скопје се наоѓаат и два керамични ада, локални копии на доцномикенски форми, кои се третираат како лучајни наоди од Демир Капија.

* * *

Со ова, ги споменавме во основни црти сите досега познатите аоѓалиштата и археолошки наоди од кои произлегуваат информациите и ознанијата за погребувањто во текот на Преодниот период во Македонија. Сл. 3) На основа ваквата состојба, можеме лесно да заклучиме, дека и окрај ограничените археолошките ископувања сепак постои солидна база а оформување доволно документирана слика по повеќето прашања во врска о погребувањето во текот на преодниот период.

## 3. ГРОБНИ ФОРМИ И ОБИЧАИ

Првиот впечаток во врска со гробните форми и обичаи е дека на елата територија на Македонија постои доста голем степен на

---

[3] Mikulčić I.1966,7

[4] Мечот е изложен во Музејот на Македонија, Скопје, необјавен

редначеност, во рамки на основните погребени ритуали. Така, слични ојави ги поврзуваат некрополите со спалени но и единствени законитости ажат и за сите гробови со скелетни покојници.

*

За гробните форми и погребните обичаи кај некрополите со спалени окојници далеку најповеќе податоци дава некрополата "Клучка", Хоподром ај Скопје, единствената некропола од овој тип на која се вршени рхеолошки испитувања.[25]

Сите покојници во Хиподром, без разлика на возраста и полот биле палувани на спалишта - посебно определени места за таа намена, во амките на некрополата (Фот. 4; Сл. 4).




Сл.4 Клучка - Хиподром кај Скопје.
Ситуација во Сондата 1, основа на нивото на спалиштето и пресек

25 Митревски Д.(во печат); Mitrevski D.(vo pecat)

На спалиштето, покојниците гореле на силен оган, заедно со гробните рилози, поточно со личната спрема, за што зборуваат ситните остатоците д кремирањето и готово чистиот пепел и гар, без делови од недогорено, агленисано дрво во структурата на слојот од спалиштето.

На основа слабата деформираност, на коските може да се заклучи эка биле природно ладени, поточно дека мораде да бидат оставани на палиштето додека се оладат. Собирањето на остатотице од кремирањето ајверојатно се вршело неколку дена после спалувањето. Избирани биле ајсочуваните скелетни остатоци и потоа грижливо миени. Така очистени д пепелта, гарежта и другите нечистотии на овоземјениот живот, заедно о остатоците од личната спрема и прилозите, биле ставани без ред во адот одреден за урна. Како капаци врз садовите-урни биле користени и руги садови, меѓутоа секогаш доволно широки и длабоки за да го окријат и убаво затворат отворот на урната (Фот. 5).

По правило урните биле полагани во јами вкопани во здравицата, а во овеќето случаи, околу нив формирани и специјални заштитни конструкции д речни камења. Во таквите случаи, само долната половина на садот-урна ил вкопан во здравата земја, додека горните партии, над рамото и ачките биле заштитени со посебна толоидна конструкција од речни камења Камењата биле прстенесто редени, најчесто во три реда, до покривното иво на гробот. Самиот отвор на урната бил затворен со обичен плочест амен, а врз него поставуван садот-капак. Покрај наведениот гробен тип, о некои случаи било доволно само да се ископа јама и во неа едноставно а се положи урната без капак и без заштитна камена конструкција (Фот. ). Во близината на урните биле оставани помали садови-прилози.

Преку вака формираните гробови биле поставувани речни камења во ид на покривач, меѓу кои еден од камењата можел да биде над самата рна и како маркер да ја одбележува нејзината позиција (Сл. 4).

Помеѓу покривните камења над самите гробови-урни, се откриваат ноштво фрагменти од керамични садови, најчесто длабоки чинии, како и елови од животински коски од птици, школки итн, што се упатува на дредени ритуални дејствија вршени после погребување. Остатоците од тие ејствија, без сомнение зборуваат за еден вид погребен банкет, во кој

ибацијата или оставањето храна било проследено со кршењето на садовите о кои таа се наоѓала.

Кај останатите некрополи со спалени покојници не располагаме со ака детални податоци, како би можеле да ги споредиме со појавите во иподром. Извесно е дека и кај нив се работи за похранување на ремираните остатоци во поголеми садови-урни, вкопани во јами заедно со омали садчиња-прилози, околу нив.[26] Поголеми садови-урни се откриени во ебреше кај Гостивар и во Кравари, Битола, додека во погребните јами, ткриени во Бежанија, Криви Дол, кај Штип и на Западната некропола во тоби беа најдени само делови од такви урни и помали садчиња-прилози.

*

Во некрополите со скелетно погребување, основен гробен тип ретставуваат конструкциите од масивни необработени камени плочи т. н. исти. Ова, со право е истакнувано од сите истражувачи досега и пред спитувањето на новооткриените некрополи во Водоврати и Уланци, каде то, сепак се откриени и најцелосно испитани најголемиот број гробови о инхумација.

Веќе споменуваните гробови од некрополата во Варош, Прилеп, рвично грешно определени како ранобронзенодопски, мораме и на ова есто да ги одбележиме. Биле откриени во околности на знатни оштетувања а теренот, со измешани слоеви од различни епохи. Ниеден од гробовите е е сочуван во целост. Меѓутоа, на основа сочуваните делови од робните конструкции и скелетните остатоци, може со сигурност да се мета на згрчени инхумации во конструкции од камени плочи-цисти со имензии околу 150x50x30 см.[27]

За гробовите кај поранешната учителска школа во Прилеп, се знае ека биле цисти од камени плочи со мали димензии, во кои инхумираните окојници (според прилозите, возрасни особи-војници) морале да бидат

---

26 Mikulcic I.1966,11

27 Китаноски Б.1978,38

оложени во згрчена положба.[28] Биле покриени и поплочени на дното со исто акви плочи или делови од нив. Аналогни на нив биле гробните онструкции од соседната некропола во Сивец кај Присат, со тоа што кај екои биле користени мермерни плочи или мермерната стена како дно на робот. Димензиите и на овие гробови се мали, во должина достигаат од 40 до 160 см, а во гробот 3 биле изворно сочувани скелетните остатоци д згрчен покојник.[29]

Иако резултатите од ископувањата на тумулусот во Висои, Беранци эупте се непубликувани, за централниот гроб (бр. 37) е изнесен одатокот дека се работи за конструкција од камени плочи-циста во која ила извршена згрчена инхумација.[30] Таква конструкција имал и гробот 11 д Сарај, кај Брод со тоа што тука не се сочувале никакви остатоци од келетот. Меѓутоа должината на гробот од 140 см, зборува дека окојникот во него, кој според наодите не бил дете, морал да биде оложен во згрчена положба.[31]

Многу повеќе поединости, кои ги потврдуваат, но и битно ги эполнуваат досегашните сознанија за скелетниот начин на погребување во реодниот период, наоѓаме кај двете некрополи во Средното Повардарје, а локалитетите Водовратски Пат, с. Водоврати и Димов Гроб, с. Уланци, вете во близината на Градско.

На некрополата Водовратски Пат, откриената група на гробови нуди нтактни археолошки ситуации, што е од посебно значење, токму за ешавањето на овие прашања. Од друга страна, погодниот хемиски состав а земјата, во целост го сочувал скелетниот материјал, така што, во ите 24 откриени гробови документирани се згрчени инхумации Фот. 6 ; Сл. 5).

---

8 Garašanin M. 1958, 12

9 Kitanoski B. 1971, 106

0 Garašanin M. 1983, 791

1 Мачкиќ П. и др., 1961, 205




Сл.5 Водовратски Пат - Водоврати кај Градско.Дел од некрополата

Новина во оваа некропола е тоа што покрај конструкците од камени лочи-цисти во паралелна употреба биле и обични правоаголни јами копани во здравата земја. Меѓутоа, овие јами по ништо друго не се азликувале од останатите гробовите-цисти. Напротив, според нивното есто во некрополата, гробните прилози, полот и возраста на покојникот о нив, како и според односот со гробовите-цисти, се чини дека нивната потреба била зависна од некоја сосема едноставна причина. Можеби, од оа дали и колку во моментот имало потреба и поволен градежен материјал а фирмирање цисти од камени плочи. Всушност, во некрополата во одоврати како елемнтарна форма на гроб е документирана правоаголната ама. Начинот на погребување во јамата бил секогаш ист, варирале само

етодите на конструкцијата. Најпроста конструкција била едноставна ама, нити оградена, нити покриена, нити поплочена. Повеќе заштитени иле покојниците во јамите дилимично оградена или само покриена со амени плочи. Во најдобар случај биле целосно формирани онструкции-цисти од масивни делумно обработени камени плочи, атварани, поточно покриени со исти такви плочи. Во ниту еден од спитаните гробови не е откриено поплочување на дното на комората.

Без разлика за која конструкција се работи, начинот на погребување ил единствен, што подразбира згрчена положба на покојниците, риентирани со главата на запад а нозете кон исток. Важно е да се дбележи дека ваквото полагање и ориентација на скелетите биле очитувани дури и во неретките случаи кога во еден гроб биле погребани о два или повеќе покојници. Во таа смисла се издвојува гробот бр. 15, ајмасивната и најцврсто градена конструкција - циста со димензии 60x100x50 см., во која биле похранети остатоци од три покојници Фот. 7 ). Невообичаено големата широчина на цистата зборува дека била радена со намера да собере два покојника, кои најверојатно во исто реме починале, на што укажуваат изворните, непореметени положби на екелетни остатоци. Двата покојници биле положени на ист начин, во грчена положба, на десната страна, еден до друг, со што била исполнета елата комора. Меѓутоа, индикативни за посебноста на овој гроб и оопшто за процесот на погребување се остатоците од третиот покојник, обрани во југоисточниот агол. Таму, кај нозете на двата покојници во динственениот слободен агол во комората бил положен череп, со уште еколку ситни коски, додека од надворешната страна останатите коски од стиот-трет покојник. Овој дислоциран скелет бил секако примарното огребување во овој гроб, но не и во масивната конструкција од камени лочи, која очигледно била оформена покасно за потребите на новото огребување на двата помлади покојници. Од ова произлегува дека остарото погребување во гробот 15 морало да биде извршено во обична ама, која подоцна била проширена и во неа оформена масивна циста чија елна и сучелна плоча, долги над 100 см ја одредиле широчината на омората неопходна за похранување на двата нови покојници. Остатоците

д стариот покојник биле собрани и во најголемиот дел положени до уго-источниот агол на гробот, при што само за черепот имало место и отреба да остане заштитен и да комуницира со помладите покојниците во омората. Слична била ситуацијата и со гробот 17, каде во онструкцијата циста со димензии 130x50x50 см биле погребани два окојника, при што од постариот покојник биле собрани дел од скелетни статоци заедно со черепот и дислоцирани во средината на комората до ужната странична плоча. Специфичен е случајот со гробот 19, јама со имензии 160x70x50 см, во која е откриено уште едно двојно огребување. Двата покојника на ист начин згрчени на левата страна иле етажно погребани еден врз друг (Сл. 5 ).

Без разлика дали се работи за гробовите-јами или гробовите цисти д камени плочи, во двата случаја коморите биле формирани во зависност д самиот покојник, при што западната страна кај главата била нешто ошироква од спротивната кај нозете.

Некрополата "Водовратски Пат", Водоврати, со извонредната сочуваност а скелетниот материјал, овозможи да се документира можеби ајзначајното правило во строгите погребни обичаи. Имено, страната на оја биле полагани згрчениците, поточно ориентацијата на лицето зависела д полот на покојникот. Жените биле свиткани и положени на левата трана од телото, со лицето свртени кон север, а мажите обратно. Ова е отврдено кај сите досега истражени гробови во Водоврати.

Во основа, истите гробни форми и обичаи откриени се и на екрополата "Димов Гроб" кај селото Уланци. Сите погребувањета биле зведени во згрчена положба ,на начин како во некрополата во Водоврати со тоа што доминираат гробните конструкции - цисти (Фот. 3). Од купно испитаните 50 гробови единствено погребувањето во гробот 16 било звршено во обична јама, само покриена со камени плочи. Наспроти ова, ите останати конструкции претставуваат добро градени цисти, често од асивни обработени плочи (фот.8). Сепак, може да заклучи дека и кај екрополата во Уланци степенот на оформеност на гробните конструкции е азличен при што се приметува далеку почеста и веќе стандардизирана потреба на целосно оформени гробови-цисти од камени плочи (Сл. 6).




Сл.6 Димов Гроб - Уланци, кај Градско. План на дел од некрополата

Целосно оформените камени цисти можеби се должи на изобилството радежен материјал за камени плочи во околината, но имајки ги предвид елациите со гробовите во Водоврати мора да се смета и на можните ронолошки разлики меѓу погребувањата во обични јами и во робовите-цисти од релативно обработени камени плочи.

Остелошкиот материјал од Уланци е многу послабо сочуван, па сепак возможува и во оваа некропола, доволно јасно да се констатира појавата а повеќекратни погребување во еден гроб. Во повеќе од половината спитани гробови евидентни се двојни, а во поедини случаи и тројни огребувања, на начин како и во некрополата во Водоврати.

Од останатите појави за одбележување е оставањето храна надвор од робната комора, во висина на покриената плоча. Во неколку случаји, од адворешната страна на гробовите, на истата позиција, до западната елна плоча (над главата), откриени се по еден широко отворен керамичен ад . Садовите се со идентична форма и секако служеле на ист ачин во единствените ритуални дејствија за време или после чинот на огребување.

Според информациите на наоѓачот на наодите од Долно Солње кај копје, и таму најверојатно се работи за некропола со слични арактеристики како и претходните. Со копање септичка јама биле афатени три гробни конструкции - правоаголни јами, паралелно вкопани дна до друга. Во еден од тие гробови биле пронајдени два керамични ада додека во вториот гроб само еден (Сл. 14). Третиот гроб, со ајголемиот дел останал неотворен, во профилот на септичката јама. лагодарение на внимателноста и добронамерноста на пронаоѓачот - опственик на нивата гробните прилози се добро сочувани а информациите о врска со гробните форми можат да се сметаат за поуздани.

Во врска со скелетниот начин на погребување се поставува рашењето за надворешното одбележување на гробовите. Тие морале на еќој начин да бидат маркирани, при што, прво се помислува на постоење а некаков могилен насип од земја или некаков камен врз гробните онструкции. Овој момент е посебно испитуван со ископувањата на екрополите во Водоврати и Уланци, при што не се констатирани никакви

статоци од насипување. Меѓутоа, на екропоалата Димов Гроб, откриен е ксклузивен наод на камена стела со режана машка фигура во полна војничка ли парадна спрема (Сл. 7).

Иако е оваа стела откриена экундарно, употребена како странична лоча во конструкцијата на гробот 32 епак упатува на одредена традиција на злежење на гробовите, најверојатно со рвени маркери, а само во исклучителни лучаи со ваква стела.



Сл.7 Димов Гроб - Уланци, кај Градско
Камена стела

* * *

Според ова може да се заклучи дека погребувањата во преодниот ериод биле изведувани во рамни некрополи, при што според погребниот итуал се јавуваат некрополи со спалени и со скелетни покојници. Во екрополите со спалување, остатоците од кремирањето биле похранувани во ерамични садови - урни, вкопани во плитки јами и покриени со пошироко творени садови - капаци.

Во некрополите со скелетно погребување, покојници биле полагани во грчена положба, условени од полот на покојникот, во вкопани равоаголни конструкции, различно оформени, од едноставни јами до убаво радени цисти од масивни камени плочи.

Во оваа смисла, почнувајќи уште од бронзенодопскиот гроб од акотинци, преку гробовите од Долно Соње, преку погребувањата во Водовратски Пат", Водоврати, до конструкциите на "Димов Гроб", Уланци

е повеќе се зацврстува можноста да се следи постепениот но сигурен converted на скелетното погребување, од користењето на обични јами, до целосната доминација на цистата од камени плочи, која во следните векови, низ железното време ќе се востанови како основен гробен тип кај заедниците од Македонија.

## 4. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НЕКРОПОЛИТЕ И ОДНОСОТОТ СО НАСЕЛБИТЕ

За утврдување на организираноста на гробовите во рамките на една некропола потребен е поголем број гробови што во нашиот случај го овозможуваат само некрополите "Димов Гоб", "Водовратски Пат" и донекаде Лучка-Хиподром. Меѓутоа, и гробовите во останатите некрополи, осматрани низ светлоста на резултатите од истражувањата во наведените некрополи нудат корисни податоци во правец на оформување генерални огледби по ова прашање.

### а. Некрополи со спалени покојници

Гробовите- урни во Хиподром покажуваат одредена тенденција за формирање редови во правец североисток - југозапад. За жал, поради големите оштетувања на теренот не се документирани повеќе од 3 гроба во еден ред (Сл. 8) Од друга страна пак, евидентно е организирањето на неколку гробови-урни во единствена група, покриена со заедничка покривка од речни камења. Ваква била ситуацијата со гробовите број 10 и 11, а секако и во трите доста оштетени конструкции во кои не е откриен гроб туку само остатоци од урни. Една од овие кострукции (Конструкцијата 1) претставувала кружна површина од еден ред речни камења заградена со венец од поголеми речни камења - белутаци (Фот. 4 ; Сл. 4). За жал најголемиот дел од оваа конструкција бил уништен, така што се сочувани само крајните северни и јужни сегменти. Во нив се најдени само мали делови од уништени урни како и остатоци од ритуалните дејствија вршени над евентуалните гробови, во височина на покривните камења. Во секој случај, овие ситуации на групирани гробови претставуваат израз на свеста за фамилијарната припадност на

окојниците и во основа потсетуваат на организацијата на гробовите во окасните тумуларни погребувања во Македонија.




Сл.8 Клучка, Хиподром кај Скопје.
План на испитаниот дел од некрополата

На слична организацијата на гробовите не упатува и И. Микулчик во рска со некрополите кај Мецитлија и Кравари, кои исто така биле азбиени во групи[32]. Иако на овие некрополи не се вршени археолошки скопувања, на основа површинската опсервација на теренот евидентни се ами со поголеми садови-урни, опкружени со помали садови, како прилози.

Населбите на кои припаѓале некрополите со спалени покојници се видентни само во случајот со Мецитлија и Кравари. Тие насомнено рипаѓале на блиските населби - тумби. На нив е откриен археолошки атеријал карактеристичен за различни фази од развитокот на локалната ултура на бронзеното време, позната како Пелагониска или Арменохори рупа. Меѓутоа, наодите од некрополите со спалени покојници, без омнение комуницираат со последната фаза од животот на овие населби.

Некрополата кај скопскиот Хиподром е исто така расположена во амницата на Скопско Поле. Траги од населбински живот се ткриваат на околу 200-тини метри северно од некрополата на простор двај малку возвишен, кој со ништо друго, осем а праисториска керамиката, не покажува дека се работи за населба.

Некрополата на просторот на Југозападната римска некропола во тоби не може со сигурност да се врзе за населба, иако според онфигурацијата на теренот се наоѓа на простор мошне индикативен за екропола, чија населба би можела да се наоѓа единствено на зарамнетата ераса стотина метри северно. Оваа исклучително поволна позиција била нтензивно користена во римско време, најпрво како Југозападна екропола на Стоби, потоа како југозападно предградије, а евентуалните статоци од праисториската населба би требало да наоѓаат под нив. ашите наоди, што ги сметаме за остатоци од некропола, откриени се на ужна падина на оваа тераса, кон коритото на Црна Река, од каде на југ овеќе не постојат услови за населба.

Од наведените примери јасно е дека некрополите со спалени окојници припаѓаат на неутврдени населби, на ниски тераси, сред плодни

---

32 Mikulčić I. 1966, 11

овршини. Според типот, положбата и површинските наоди, упатуваат азличен начин на живеење, економика и стопанисување, спротивно на отребите на човекот од железното време, но и на истовременото аселение, кое своите мртви скелетно ги погребувале.

*6. Некрополи со скелетно погребување*

За организираноста на некрополите со скелетни гробови постојат овеќе податоци, пред се благодарение на ископувањата во Водовратски ат - Водоврати и Димов Гроб - Уланци. Во некрополата Водовратски Пат робовите покажуваат строг систем на организација во редови (Сл. 5 и 6) Самите конструкции биле ориентирани Запад-Исток и наредени араелно еден до друг, а ја држеле линијата Север-Југ. Единствено робовите на децата, сеуште неослободени од зависноста на родителите, ожеле да излегуваат од редот и непосредно да комуницираат со робот на возрасените.

Испитаните гробови на некрополата во Уланци во основа ги имаат стите карактеристики и на убав начин ги потврдуваат и надополнуваат аодите од Водоврати. Откриените гробови во Сондата I имаат ориентација лавно Запад-Исток (Фот. 3) (Сл. 6). Сите биле организирани во два реда олж самото било на тесниот срт што се пружал во правец Север-Југ Сл. 6). Истата ориентација и организација во редови по линија евер-Југ е документирана и во Сондата II, (Фот. 9). Благодарение на природната лимитираност на теренот, кај организацијата на гробовите од 'ланци се приметува тенденција за постоење на хоризонтална тратиграфија. Според разликите во гробните прилози и самите онструкции, најстари биле гробовите вкопани на најтесниот и најистурен ел од сртот, најблиску до населбата, за која ќе стане збор во натамошниот текст. Некрополата растела на север, кон внатрешноста на ртот и матичната висорамнина. Границите на некрополата неможат во целост да се определат, со оглед дека се вршени испитувања само на нејзините најистурени партии, на сртовите во јужниот дел на екрополата. Меѓутоа, на основа стандардната густина на гробовите, наредени на растојание од околу 150 см. и конфигурацијата на теренот,

юра да се смета на повеќе од стотина гробови.

Што се однесува до останатите некрополи, единствено кај гробовите ю Сивец-Присат располагаме со поконкретни податоци за организацијата.[33] ѓеѓутоа, овие гробови се воглавно инцидентно откривани така што не южат да се земат како сведоци за целосната организираност, густината и бемот на некрополата. Сепак, нивниот меѓусебен однос зборува за рганизација слична со претходните некрополи.

Гробовите во Долно Солње биле исто така откриени во иниja, паралелно еден до друг, со ориентација Запад - Исток.

Населбите на кои припаѓале овие некрополи претставуваат проблем ој на прв поглед изгледа нерешлив без систематски археолошки ископувања. Меѓутоа, со оглед на неколкуте моќне речити ситуации на теренот, сосема известни се нивните основни вредности. Положбата, поточно близината и готово органска поврзаност на неколку од поменатите некрополи со поедини утврдувања од помладите епохи ја иницираат можноста остатоците од соодветните праисториски населби да се бараат во нивните подолни слоеви. Ваква е ситуацијата со евентуалната неселба од некрополта во Водоврати . На неколку стотини метри западно од гробовите, пред влезот во селото Водоврати се издига високо возвишение од типот на градиште. Површинските остатоци зборуваат за утврдување од античко време, меѓутоа во подолните слоеви лесно може да се очекува населба од преодниот период, на што упатуваат спорадичните фрагменти праисториска керамика. Уште поевидентен пример за ова е населбата на која припаѓале гробовите од Варош, Прилеп. Тие се откриени во самото јужно подножје на средновековната тврдина "Маркови Кули" на која биле откриени и населбински наоди од праисториско време.

Од друга страна, позицијата на гробовите откриени во Долно Солње и Уланци не оставаат место за сомневање во врска со матичните населби. Гробовите од Долно Солње се откриени во подножјето на северозападната падина на возвишението на чие зарамнето плато е присутна површинска

---

33 Kitanoski B. 1971, 106, T. I

ерамика, како од римската епоха така и од времето на преодниот период.

По сите критериуми ова возвишение одговара на типот на радиште. Растојанито од откриените гробови до платото на градиштето знесува околу 150 метри. Населбата била располежена на две зарамнети ераси кои се спуштаат на југ. Највисоката тераса претставува плато со имензии 50Х80 метри. Пристапот до градиштето бил по јужната страна, аде за заштита бил користен земјен бедем. Другите страни биле природно заштитени со дол, длабок стотина метри.

Ситуацијата ви Уланци претставува најчист и најсликовит пример за односот населба-некропола во преодниот период. На близу 200-тини метри ужно од некрополата "Димов Гроб" и исто толку источно од коритото на ардар се издига возвишението наречено "Столот" - локалитет на кој, се ткриени населбински остатоци и наоди идентични со прилозите во робовите под него. (Фот.1 ).

Со една истражувачка кампања (1994 година) на населбата "Столот" онстатирана е следната ситуација.

Населбата била располежена на највисокиот зарамнет дел, денес со липсовидно издолжена форна со димензии 80х30 метри и на една пониска азичеста тераса на западната падина према коритото на реката Вардар. а јужната страна била поврзана преку тесен срт со соседната исорамнина, додека останатите страни биле стрмни и непристапни, а оради перманентната ерозија на голиот терен, денес веројатно имаат агубено од изворниот облик. Долж рабовите на населбата откриени се статоци од цврст бедем граден од обични камења.




Сл 9 Стратиграфска ситуација на населбата на "Столоот", Уланци

Во стратиграфијата евидентни се два праисториски хоризонти на :веење, кои, на основа паралелите во материјалот, се поклопува со јемето на употребата на гробовите-цисти во месноста "Димов Гроб" (Сл. 9 10). Постарата населба ја следела природната конфигурација на теренот во неа се откриени остатоци од куќи градени од плетер. Помладата ıселба била спалена и уништена во пожар. Над овие остатоци, во ·верната половина на населбата откриена е архитектура и други, бројни :татоци од доцното хеленистичка време.



Сл.10 Дел од праисториските наоди од населбата на "Столот", Уланци

Не помалку важен момент за културно-историското вреднување на ...екрополите со скелетна инхумација е нивната поврзаност со главните ...омуникации. Во повеќе наврати досега е истакнувана врската, дури и ...елосната условеност на овие гробови од главните патишта и комуникации, ...ради што се познати и као гробови-крајпуташи. Во таа смисла се ...лкувани гробовите во Прилеп (стара учителска школа), гробот 11 во ...рај, Брод како и наодот од Раштани.[1] Новооткриените некрополи ги ...отврдуваат ваквите констатации и во поедини елементи ги надополнуваат. ...ака, гробовите од Сивец-Присат се наоѓале на исклучително значајно ...ео-стратешко место, во подножјето на Бабуна, на преминот Дервен, кој ...д секогаш претставува северна врата за влез во Пелагонија. Некрополите ... Водоврати и Уланци го контролирале Вардарскиот пат, а некрополата во ... Солње, старата комуникација по долините на Треска и Маркова Река, на ...лезот во Скопската котлина од југозапад.

Од друга страна, поедини некрополи и тоа токму оние на кои се ...ршени релативно пообемни археолошки ископувања, се откриваат како ...оголеми и добро организирани некрополи. Исто така и населбите, иако не ...иле големи, сепак биле од траен карактер. Навистина, во сегашниот ...тепен на нивна (не)истраженост не може документирано да се зборува за ...екои широки хронолошки рамки или евентуална повеќеслојност. Меѓутоа и ...осточките наоди доволно јасно упатуваат на добро организиран живот, со ...ите потребни услови за трајна, а не привремена егзистенција.

Очигледни се разликите меѓу населбите од некрополите со спалување ... оние што припаѓале на скелетните некрополи. Населбите од скелетните ...екрополи претставуваат градишки тип на населби, поврзан секако со ...еднаков начин на организација на животот, економиката и ...стопанисувањето. Со нивното востановување постепено се востановувале и ...ритериумите на новото железно време.

Секако исти биле чинителите што го предизвикале како воведувањето на инхумацијата така и градишкиот тип на населби. За нив, ќе

---

[1] Mikulčić I. 1966, 9-10

ожеме нешто повеќе да кажеме по разгледувањето на карактерот и редностите на прилозите во гробовите од преодниот период.

## 6. Г Р О Б Н И   П Р И Л О З И

Гробните прилози претставуваат најзначајна категорија археолошки аоди, кои и досега беа најмногу користени за културно-историското и ронолошко вреднување на преодниот период во Македонија. Меѓутоа ивниот број се сведуваше само на наодите од 2-3 гроба, а анализата, лавно на нивните типолошките карактеристики. Во таа смисла, пресудни еа металните наоди, посебно бронзените мечеви од Прилеп и Раштани како лачната фибула-Пескиера од гробот 11 во "Сарај" кај Брод, Битолско.

Со зголемувањето на бројот на некрополи знатно е зголемен и бројот разновидноста на гробните прилози. Во временска смисла тие не злегуваат од веќе поставените хронолошки оквири, меѓутоа доста ја адополнуваат сликата за карактерот, културните релациите, потеклото и ругите археолошки вредности на нашите гробови и нивните носители.

Без разлика на кој тип некрополи припаѓаат, сите досега откриени аоди можеме да ги разврстиме и разгледуваме, одвоено, во трите основни атегории на : а. керамика б. оружје и в. накит

### К Е Р А М И К А

Керамичките наоди, не само што се најзастапена категорија гробни аоди, туку претставува и главен индикатор за особеностите на домашната ултура, за културните врски со поганите и покасни времиња како и за дносот со современите култури во соседните региони.

Во таа смисла, досега откриените керамички садови можат глобално а се поделат во: *домашна керамика* и *керамика од страна.*

### а. Д о м а ш н а   к е р а м и к а

Домашната или локална керамика се јавува како МОНОХРОМНА и МАТ БОЕНА ерамика.

ЛОКАЛНАТА МОНОХРОМНА керамиката е застапена со садови кои според зработка битно се разликуваат од керамиката на претходната епоха, а алеку се поблиски до керамиката од железното време во Македонија. Таа

а груба и порозна фактура, изработена од нечиста глина помешана со ста кварцни зрна и нееднакво печена, поради што е доста кршлива. Во јдобар случај овие садови имаат превлака, но без особен сјај и лесно вади. Од друга страна, сепак во основа се работи за форми, добро знати од керамографијата на бронзеното време во Македонија. Сите тие аат нагласена локална еволуција низ бронзеното време во Македонија, себно во рамките на Арменохори групата. Притоа, со споменатите рактеристики во изработката, се јавуваат во преодниот период и певаат, покрај сите последици на различните влијанија од страна, да надживеат, егзистирајќи и низ железното доба до периодот на раната тика (Сл. 11).



Сл.11 Локална монохромна керамика од Преодниот период

Меѓу нив највпечатливи се големите биконусни садови кои ги ?екаваме во различни варијанти, но секогаш, поради својата ?ункционалност, користени како урни во некрополите со спалени покојници ?Шебреше, Хиподром-Скопје, Кравари, Варош-Прилеп, Стоби, Бежанија и ?н.) (Сл. 11 ). Од истите причини тие не одговараат на потребите на ?келетната инхумација така што ги нема во некрополи со скелетни ?огребување. Меѓутоа во населбинското живеење претставуваат чести и ?ошне карактеристични форми за слоевите од крајот на доцното бронзено ?реме, каде се откриваат заедно со повеќето садови што ги среќаваме ?ако прилози во нашите некрополи со скелетна инхумација.[2] Во основа, ?ла е доста експлоатирана форма, во преодниот период на широкиот ?ентрално балкански, јужно тракиски и македонски простор, при што во ?дредени региони ги носат белезите на локалното керамично наследство[3]. ?ака на пример, ваквите садови од наоѓалиштата на Косово и Санџак често ?рз држалките носат купасти додатоци како карактеристика на локалната ?ронзенодопската култура.[4] Ваквите садови од Македонија не враќаат во ?редното и рано бронзено време и претставуваат одраз на негувањето на ?окалните вредности од бронзеното време, поточно од Пелагониската или ?рменохори група[5]. Во нивниот натамошен развиток низ железното време ?обиваат значајни декоративни новини, но не ја губат основната форма ?примери од: Патели, Кучи Зи, Судич, Живојно, Згрополци).[6]

Можеби уште поилустративен пример за развитокот и културните

---

Hansel B.1979, Abb.14; Hochstetter A.1984.(Schicht 14b); Heurtley .A.1932, N.408

Бонев А.1988,54;Grammenos D.1979,70;Koukouli-Chrysanthaki Ch.1978,233

Срејовиħ Д.1959 :( ); Крстиħ Д. ( )

Со најновите ископувања на населбата од раното и средно бронзено време а л. Тумба, Радобор откриени се бројни сродни форми, во Музејот Битола

Heurtley W.A.1930, Pl.XXIII; Andrea Z.1976, V-5a, 5b, 35, 37, 41; T.XXVIII; osifovska B.

редности на локалните, поточно домашни форми на садови, претставуваат иroко отворените садово со две вертикални држалки, какви се најчесто апациите на урните од Хиподром (Сл. 11- 4 ). Модификациите кај нив се днесуваат на профилацијата и на држалките. Во текот на преодниот ериод на ваквите садови се јавуваат карактеристично извлечени средишни елови од ободот (гробови 3 и 11 од Хиподром) како и печуркасти или азичести додатоци на горниот дел од дршките (Хиподром-Скопје). Овие лементи се нови во домашната култура, пристигнати од север по долината а Морава (преку наоѓалиштата од кругот на Медијана кај Ниш). арактеристични се за доцното бронзено време во Долнодунавскиот регион, олдавија и Трансилванија, поточно за културите како Дубовац-Жутобрдо ли Ноа и Кослогени во Романија.[7]

Во текот на железното време оваа форма се повеќе добива во антаровидност а пластичните печуркасти додатоци над држалките е станат омилен мотив во македонската керамографија.

Низ слична еволуција поминуваат и останатите домашни форми, меѓу ои ќе ги споменеме само уште најчестите наоди во нашите некрополи, лабоките чаши-шолји со биконичен, калотест, кесест или едноставно оничен мев и вертикална држалка, што го надвисува ободот (Сл. 11-7,8 ). ниивниот развиток започнува уште во раното или средно бронзено време. еѓутоа, бидејќи се работи за едноставни форми со голема функционалност е се менувале битно, така што, готово непроменети ги среќаваме во овеќето некрополи од преодниот период (Варош- Прилеп; Варош-Лепо; рилеп-стара учителска школа; Сарај-Брод; Хиподром-Скопје). Во текот на елезното време, длабоките чаши-шолји, било да се со една или со две ертикални држалки веќе доживуваат значајни надополнувања, најчесто во ид на декорација на рамото или телото (канелури, врежување, радло и л).[8]

ЛОКАЛНАТА МАТ БОЕНА КЕРАМИКА е откриена во повеќе гробови од

---

Водич од музејот во Браила, Романија, 1990

Kilian K. 1975, T. 41-6, 7, 8; T. 45-1-5; T. 52-3

экрополите Водоврати, Уланци, Стоби и Бежанија - Криви Дол. Тоа се здови моделирани на рака, но од добро прочистена глина, квалитетно эчена, од окер до оранжова боја, украсени со темно црвена, мат боена экорација.




Сл.12 Локална мат боена керамика од Преодниот период

Меѓу формите доминантен е кантаровидниот сад со две вертикални рачки што го надвисуваат ободот и косо паѓаат од највисоката точка на акот према отворот на садот (Сл. 12, 4 - 7 ). На локалитетите "Димов роб"-Уланци, "Бежанија"-Криви Дол кај Штип и "Водовратски Пат"-одоврати најдени се делови и од други мат боени садови, најчесто лабоки чинии со извлечен обод, меѓутоа со единствени ликовни и ехнолошки вредности.

Локалната нат боена керамика е вообичаена карактеристичен за оцното бронзено време во Повардарјето, посебно, во Долното Повардарје Килиндир, Вардино, Чаушица, Вардарофца, Кастанас и тд.)[9]. Наодите од ашите некрополи претставуваат новини кои битно ги прошируваат остоечките територијални па и хронолошки рамки, вклучувајќи го редното Повардарје и долината на Брегалница во нивно матично подрачје. епак се смета дека овој тип керамика бил создаден, благодарение на епосредните релации на населбите од Долен Вардар со доцномикенскиот вет. Имено, во нивната стратиграфија вакеите садови се забележани во ајголем број на почетокот од доцното бронзено време кога импортираната икенска керамика била малубројна. Овој однос е спротивен во вековите д преодниот период, кога зајакнува локалната продукција на микенски ази на сметка на локалните мат боени садови. На основа овие релации ако и според застапените орнаментални мотиви кај постарите мат боени адови, А. Хохштетер се чини сосема исправно, има заклучено дека суштност се работи за локална керамика инспирирана од микенските здови, или како нивна имитација.[10]

Поврзаноста на локалната мат боена керамика со доцно микенските юрми е евидентна и во нашите повардарски некрополи (Водоврати , 'ланци), секако во контекст на преодниот период, во гробовите со інхумација, што во потполност одговара на времето и нивното место и 'лога во долновардарските населби. Во сегашниот степен на истраженост,

---

Heurtley W. A. 1939, N. 413, 421, 422, 433, 434, 455; Hansel B. 1978, Abb 13

0 Hochstetter A. 1982, 201-219

аспространетоста на овој тип локална керамика може да се следи од окалитетот "Бежанија", Криви Дол кај Штип, преку некрополите во редното Повардарје (во Уланци и Водоврати и Стоби) и споменатите аоѓалишта по Долен Вардар до Солунскиот Залив ( Каламарија) и Халкидик Хагиас Мамас).

Западно од долината на Вардар, во Пелегонија и другите региони на . Македонија, сеуште не е познат сигурен наод на мат боена керамика од ва време, што најверојатно се должи на непостоењето археолошки наоди д населбински тип, бидејки, токму на населбите во соседните области, ужно од Преспанското Езеро, не само што е позната мат боена керамика лиска на Повардарската, туку таа го дава главниот белег во материјална ултура на доцното бронзено време, поточно преодниот период.

Најрепрезентативни наоѓалишта од оваа "западна" група на мат оена керамика се населбите Трен (денес на албанската територија) и убушти (денес во Грција), заради што во литературата се користи и ерминот "керамика од групата Бубушти - Трен", кој подразбира мошне есни килтурни, хронолошки и територијални рамки.[11] Всушност се работи а културен феномен, кој мора да се посматра во контекст на глобалните ултурно-историски релации, во просторно и хронолошки доста пошироки квири.

На основа сегашниот степен на истраженост можно е да се ретпостави дека слични причини ја предизвикале појавата, развитокот и ирењето на локалната мат боена керамика, како во Долно Повардарје ака и во Југоисточна Албанија. И во двата региона таа се јавува риближно во исто време, пред се како резултат на тесните анатско-трговски врски на двата региони со Егејскиот, поточно икенскиот свет. Од друга страна, формите на овие садови претставуваат радициоанална вредност на локалнате бронзенодопски култури. Во ледните векови од железното време до архајскиот период, оваа мат оената керамика по долината на Вардар во голема мерка се губи, додека онаа од

---

1 Heurtley W.A.1939,227-228; Kilian K.1975,T.66

д групата "Бубушти-Трен" и понатаму се развива и шири во Пелагонија и ападните делови на Егејска Македонија, со што конечно е трасирана и фектуирана најфреквентната комуникација за културните струења во ледните векови, што ќе има големо значење во физиономирањето на елезнодопската култура во Македонија.

Во секој случај, слични историски и општествено-економски слови, предизвикале слични потреби и културни манифестации во текот на реодниот период, како во долината на Девол во Албанија така и по олината на Вардар. Можеби најдобра илустрација за ова е наодот на еден антаровиден сад од некрополата Барч, кај Корча, со идентична форма ако и карактеристичните мат сликани кантароси од Повардарјето.[12]

Во овој контекст, локалната мат боена керамика мошне сликовито борува за учеството на одредени сродни елементи во формирањето на аната протоисториска култура, како во западните така и централните елови на Македонија.

### б. *Керамика од страна*

Керамиката од страна, поточно садовите кои претставуваат новина во омашната култура можат да се поделат на: керамика со северно и ерамика со јужно потекло.

*

Меѓу материјалот од некрополата во Хиподром кај Скопје посебно есто имаат садовите украсени со канелури, меѓу кои доминираат чиниите о вовлечен и косо канелиран обод т. н. Turban Dish. Покрај нив се авуваат и чинии со хоризонтално канелиран - фасетиран обод како и ољји со коси канелури на рамото (Сл. 13, 1 - 8 ).

---

2 Каталог: Albanien-Schätze aus dem Land der Skipetaren, Mainz am Rhein 986, kat. br. 34, 192; Andrea Zh. 1972, 417; Casson S. 1926, 129, Fig. 34




*Сл.13 Керамика од северно потекло во Р.Македонија*

Оваа керамика како и бројните наоди на груби лонци украсени со ластични ленти со отисоци од прсти е секако донесена од страна, идејки ја нема во претходната култура на бронзеното време во акедонија (Сл. 13). Таа е карактеристична за областите северно од акедонија, при што, најблиска аналогија се во постарите слоеви од аселбата на Медијана кај Ниш (Медијана I и посебно Медијана II).[13] Од

[13] Garašanin M.1983, 761

›уга страна, таа претставува еден од главните белези во материјалот од юевите на преодноиот период и раното железно време на населбите по ›лен Вардар (Вардаровца, Вардино, Кастанас, Чаушица). Нејзиното ›јавување на југ се врзува токму за изгорените доцно бронзенодопски ıселби и за нивните рушители, за кои се верува дека пристигнале од ›вер.[14] Така, често пати оваа керамика е користена како материјална ›тврда на пишаните документи во врска со настаните од т.н. Големи ·ејски Преселби, поради што во литературата постојат различни :торски толкувања. Според двете најчести интерпретации, оваа :еверна" керамика во изгорените населби од Долен Вардар, од една :рана се поврзува со средноевропската "лужичка" култура и со Фригите ıко нејзини носители во Македонија, а од друга, со бронзенодопската ·лтура во Поморавјето и Дарданците, како нејзини можни носители.[15] Во зој правец, нашите наоди фрлаат значајна светлина иако целосен одговор ›уште неможе да се постигне со оглед на сложените процеси на широкиот ılкански простор во преодниот период и сеуште слабата истраженост, ›ед се на територијата на Македонија.

Не навлегувајќи засега подлабоко во нејзината етно-културна ›држина ќе се сложиме дека оваа керамика на најдобар начин ги ıустрира продорите на културни вредности од Централен Балкан и ›моравјето кон југ. Меѓутоа, освојувачите, поточно рушителите на ıселбите по Долен Вардар, со себе ги донеле токму оние елементи кои и › Поморавјето претставуваат новини во домашната култура. Чиниите со ›влечен, фасетиран или турбан обод го поврзуваат Поморавјето со зедниците од Карпатско-Балканската зона на Долнодунавскиот регион, на го упатуваат и бројни други елементи на кои ке се задржиме во ›натамошниот текст.

На основа картирањето на канелирана керамика извесно е дека ејзиното продирање се одвивало главно по Моравско - вардарската

---

4 Heurtley W.A.1939,39ff; Hammond N.G.L.1972,365f; Stefanovich M.1973,14

5 Hammond N.G.L.1982,642; Garašanin M.1982,596

олина. Готово сите вакви наоди, ограничени се главно на наоѓалиштата о оваа комуникациија. Неа ја нема меѓу наодите на познатите локалитети д преодниот период надвор од тесниот појас по долините на Вардар и рава. На територијата на Р. Македонија може да се следи од иподром-Скопје, преку Водовратски Пат - Водоврати и Стоби - Градско, о Долното Повардарје, каде е најрано документирана во XII век п.н.е. аедно со другите појави кои го означуваат крајот на бронзеното време.[1]

Во текот на железното време оваа керамика ќе се одомаќи пошироко о Македонија, при што чиниите со вовлечен и канелиран обод ќе добијат оризонтални држалки на рамото и карактеристична железнодопска екорација, најчесто во врежување или со запчесто тркалце.

Меѓу наодите од некрополата во Хиподром, посебно внимание аслужува малиот топчест кантарос со врежана декорација исполнета со ела боја, прилог кон гробот број 9 (Сл.13,9 ). Ваквиот тип на садови познат од повеќе наоѓалишта во источниот дел на Грчка Македонија Гасос, Статмос Агиста, Потами итд.) а најповеќе од Долен Вардар, осебно од Кастанас.[17] Меѓутоа, ваквите садови, посебно арактеристичниот начин на украсување со инкрустација, пристигнле од евер во Македонија, поточно од долнодунавскиот регион каде се типични а доцното бронзено време и наоѓалиштата како Зимницеа, Черковина и н.[18] Нашиот наод од Хиподром - Скопје претставува прилог повеќе во отврдувањето на продорите од Подунавјето во Македонија, преку олинатите на Морава и Вардар.

*

Керамиката од јужно потекло ги подразбира доцнохеладските поточно убмикенски форми, присутна во нашите некрополи од преодниот период,

---

6 Heurtley W.A.1939, 93ff, 98; Hochstetter A.1984 ,

oukouli-Chrysanthaki Ch.1982, Abb.4; Koukouli-Chrysanthaki Ch.1982-b, l.9,10; Heurtley W.1939, Fig.92; Hochstetter A 1984, Abb.15,62

8 Hansel B.1982, Abb.9; Hochstetter A.1982, Abb.3.4.5.

ајчесто како идеја за локална продукција (Сл. 14).




*Сл.14 Керамика од јужно потекло во Р.Македонија*

Такви наоди се откриени готово во сите наши некрополи. Во ‹кронолата Хиподром, кај Скопје, како капак врз урната од гробот 4 ›ристен е длабок, широко отворен сад со две хоризонтални држалки на ›мото кој во основа ја има формата на скифос (Сл. 14-8,7). Сличен сад е ›криен и меѓу керамичките наоди т. н. депо во Варош, Прилеп. Оваа форма ›етставува егејско решение, адаптирано за домашните потреби на ›гребувањето со урни. Тие се рачно моделирани и со поголеми димензии ›о неспорно зборува за локална изработка, но во основа ги носат ›рактеристиките на длабоките скифоси од касномикенско (LHIIIC) и ›бмикенско време во Грција.[19] Нивна инспирација секако биле касно ›кенските скифоси, кои претставувале најчесто импортирана форма во ›кедонија, поточно во микенските упоришта на северно егејскиот брег и › Долен Вардар.[20]

Во прилог на ова оди и скифосот од централниот гроб во Висои, ›ранци (Сл. 14 — 9). Според формалните карактеристики ја следи ›адицијата на микенската керамика од LHIIIC периодот, при што е сличен › карактеристичната "Гранари" керамика од Микена но и аналоген на ›едини субмикенски садови од Керамеикос во Атина.[21]

Локални изработки се и останатите садови со микенски форми ›криени како гробни прилози, главно во некрополите по долината на ›рдар. Се работи за повеќе копии на доцноомикенски форми, најчесто ›кални варијации на алабастрони (Сл. 14,1-6).

Од гробовите во Долно Солње кај Скопје потекнуваат три садчиња ›те различни варијанти на алабастрон (Сл. 14,4-6 ). Сите се работени › рака, нееднакво печени, од светло црвена до сиво-црна боја на ›чење, поминати со црвенкаста, односно темно мрка превлака од надвор.

Уште две вакви садчиња се откриени во Водоврати, Уланци, и два

---

9 Parović-Pešikan M.1980,26

0 Podzuweit Ch.1982,Abb.19-Abb.22

1 Parović-Pešikan M.1981,60

лучајни наоди од Демир Капија (Сл. 14 - 1,2,3 ). Поедини садови од екрополите Водовратски Пат, Водоврати и Димов Гроб, Уланци моделирани е на рака, но за разлика од наодите во Долно Солње украсени се со емноцрвена, мат боена декорација, исто како и алабастронот на конусна ога од Демир Капија. Иако во овие случаи е тешко во целост да се огледаат мотивите и системот на боење, извесно е дека се работи за обичаениот доцномикенски начин на боење со расчленување на садот со оризонтални ленти. При тоа, обавезно е зафатен појасот под ободот, под ачките и околу ногата, а боени се и држалките.

Меѓу овие садови посебно место зазема алабастронот од гробот 7 од Уланци (Сл. 14-1). Тој е изработен од добро прочистена глина, едначено печена до светло жолтеникава боја и квалитетно боен со темно рвена мат боја. Меѓутоа, боените мотиви се невообичаени за мпортираната микенска керамика, а мошне блиски до домашната мат боена ерамика и локалните микенски копии. Заради тоа, се чини дека, и покрај аралелите со некои импортирани вакви садови во: Хагиас Мамас, Саратце посебно во Кастанас, сепак садот од Уланци треба да го сметаме само а квалитетна домашна копија.[22]

Во микенските емпории во Долното Повардарје и околу Термајскиот алив била произведувана и увезувана микенска керамика во поголеми оличини. Таму, вистински процут на локално производството на доцно икенски форми садови се забележува во LHIIIC или Субмикенскиот ериод.[23] Идентични појави се откриваат и источно од Солунскиот залив, олж тракискиот брег, меѓутоа нашите наоди, секако се резултат на есните врски меѓу населението по долината на Вардар.[24] Притоа, астапеноста само на одредена форма садови, со одредени тесно локални арактеристики во квалитетот на глината и печењето, како и манирот на

---

2 Heurtley W.A.1939, N.448,452; Hansel B.1982, Abb.14-4.5

3 Hochstetter A.1984, Abb.49,187

4 Koukouli-Chrysanthaki Ch.1982,245

декорација, зборува дека нашите садови биле работени во домашни работилници по примерот на микенски садови од Долното Повардарје.

## О Р У Ж Ј Е

Металните предмети, главно оружје и накит, во гробовите од преодниот период ги наоѓаме изработени од бронза. Исклучок се железните нитни во рачката на бронзениот меч од Сивец, кои значат засега најрана употреба на железо во Македонија. Се чини дека користењето на железото во прво време, поточно во текот на преодниот период било ограничено на поситни интервенции, додека веќе во следните векови од него целосно се изработувало првото железно оружје. Во Албанија, првите предмети од железо се јавуваат уште во 11 век п.н.е.[25] Во Бугарија, во 10 век п.н.е. се произведувале мечеви од железо, а истото е документирано и во Грција, во протогеометрискиот период.[26]




Сл.15 Мечеви од преодниот период во Р. Македонија

---

[25] Prendi F.1982-a,229

[26] Panayotov I.1980,183;Popham M.R-Sockett L.H.1979,Pl.245

Со оглед на историските околност сосема разбирливо е што меѓу металните предмети во гробовите од преодниот период, оружјето било посебно на цена. Во таа смисла доминирале, ефикасните средноевропски типови на мечеви.

На територијата на Р. Македонија откриени се вкупно 4 такви наоди и тоа: во гробот 2 од Болница-Прилеп, во гробот 2 во Сивец кај Присат, во Раштани кај Битола и во Луковица кај Делчево (Сл. 15).

Според основните типолошки карактеристики мечевите од Сивец, и Делчево се врзуваат за познатиот средноевропски Ненцинген тип, а мечевите од Раштани и од Прилеп за типот Ербенхајм. Меѓутоа, според поедини елементи претставуваат засебни варијанти, поблиски до мечевите откриени во егејскиот базен.

Во типологијата на познатите вакви мечеви од соседните области се среќаваат, од една страна мечеви со изразени средноевропски, а од друга медитерански, поточно егејски карактеристики. Така, на пример групата бугарски мечеви со доминантни средноевропски белези (група М-6, според Черних) покажува тесна поврзаност со Романија и трансданубијскиот регион, при што се датираат главно во 13 и 12 век.[27] Ваквите наоди од Албанија го илустрираат т.н. прв бран на преселби, при што, во некои случаи се наоѓани во гробови со импортирана LHIIIC керамика или со предмети направени во егејската традиција на XII век п.н.е.[28] И во Албанија и во Бугарија, често пати се истакнуваат како локални производи, наоѓани заедно со домашна керамика во гробови на локалното население.

Сосема слично е местото и улогата и на нашите мечеви, при што сите 4 наоди треба да ги третираме како хибридни форми.

Овој тип на бронзени мечеви со сите свои варијанти, претставува еден од најтипични наоди од преодниот период на Балканот. Тука, тие директно или индиректно се врзуваат за хронолошки осетливи предмети од

---

27 Черних Е.Н.1978,237; Panayotov I.1980,183

28 Prendi F.1982-a,226,fig44; Prendi F.1982,Abb.12

эгејско потекло, најшироко датирани во временските рамки од XIII–X век пр. н. ера.

Во категоријата оружје влегуваат, а по своите специфики и посебно се издвојуваат два наоди, прилози во гробот 7 од некрополата Хиподром кај Скопје (Сл 16-5,6). Во првиот случај се работи за посебно обработени заби-очнаци од дива свиња, а во вториот, мал коскен врв од стрела со трн. И покрај големите оштетувања од спалувањето, сепак постојат доволно сочувани елементи за нивно вреднување.

Кај забите-очнаци од дива свиња може да се види дека секој примерок бил лиснато пресечен по должина и продупчен по широчина, како спрема горниот зарамнет крај така и спрема долниот зашилен завршеток. Бројни, на овој начин обработени заби се откриени во микенските гробови низ Грција, како делови од познатите шлемови формирани од очнаци на дива свиња.[29].




Сл.16 Наоди од гробот 7 во Хиподром, Скопје

[29] Taylor W.1983,139; Chedvik Dz.1980,S6,65

На основа овие аналогии може лесно да се заклучи дека и хиподромските заби од дива свиња припаѓале на карактеристичниот тип на микенски шлемови, за кои постои детален опис во Хомеровата Илијада, како и бројни илустрации во микенската уметност.[30] Тој бил луксузен производ за чија изработка биле потребни 30-40 пара очнаци. Неговото потекло не води во среднохеладските времиња во централна Грција. Заквите шлемови најинтензивна употреба доживеале во LHI и LHII периодот, поточно од XVI-XIV век п.н.е., при што се смета дека не го преживеале падот на микенската цивилизација. За шлемот од Хиподром, Скопје засега единствен ваков наод откриен северно од континентална Грција, би можело да се претпостави помлада дата, меѓутоа секако не знатно пониска од XII-XI век пред н. ера.

За машките гробови се врзуваат и бронзените сечила и камените острачи, кои најчесто одат саедно во сет. Ова како и поедини форми на сечилата упатуаат на категоријата наоди, која не претставува воена опрема, меѓутоа е израз на војничкиот сталеж и мода. Тоа се т.н. машки тоалетни реквизити (прибор за дотерување на брадата кај мажите), најдобро познати преку бројните прилози во машките гробови од полното и доцно железно време по Долината на Вардар (Сл. 17).



Сл.17 Камени оштрачи и бронзени сечила од Преодниот Период

---

30 Илијада (препев М Петрушевски) ,:Das Homerische Griechenland...

Меѓутоа, наспроти нивната првична определба, како продукти на ашката архајска мода од VI пр. н. ера,[31] во последните неколку години, во 4акедонија, поточно во Повардарјето се откриени бројните нови наоди, :ои го покриваат целото железно време.[32] Уште повеќе, со ваквите нади од 'Хиподром"-Скопје (гроб 7), "Димов Гроб"-Уланци и "Водовратски Iат"-Водоврати се регистрира нивната употребата уште во преоднииот іериод (Сл. 17).

Интересно е тоа што во овие најрани комплети, доколку ги ірифатиме како тоалетни реквизити, недостасува пинцетата, вообичаена во железното време, а бричевите покажуваат поинакви карактеристики. За разлика од железнодопските, лунелести бричеви најчесто изработени од железо, наодите од преодниот период се исклучиво од бронза и со ıздолжена форма, блиски до микенските типови на ножиња[33]. Во оваа смисла за одбележување се ножето од гробот 26 во "Димов Гроб", за кое е сочувана и коскената држалка изработена од белокоска, украсен :о врежани полиња од шрафирани триаголници.

Според тоа, т. н. тоалетни реквизти во Македонија се појавуваат иште во текот на преодниот период, како резултат на ширењето на микенската културни влијанија на север, посебно по долината на Вардар. Тие претставуваат уште една придобивка од микенската култура, која ќе биде прифатена од повардарското население и ќе одигра важна улога во натамошното формирањето на локалниот вкус и културни потреби во текот на железното време. Благодарение на тоа, овие предмети, како и многу други појави на духовни и материјални вредности од егејската култура на бронзеното време, ке ја надживеат пропаста на микенската цивилизација, продолжувајки го своето егзистирање и низ железното време, меѓутоа кај 'варварските" заедници на север, на самата периферија на микенскиот

---

[31] Георгиев З.1982,107

[32] Митревски Д.1991,67

[33] Bouzek J.1969, Abb.6

вет, на територијата незафатена во толкава мерка со деструктивните роцеси, фатални за микенските градови во Грција.

## Н А К И Т

Предметите со функција на накит во некрополите од преодниот период е малубројни, и покрај тоа што мнозинството од испитаните гробови се енски. Меѓу нив, по своите хронолошки и културни вредности се здвојува лачната фибула од типот Пескиера од гробот 11 во Сарај-Брод , олгите бронзени игли од Димов Гроб-Уланци и бронзените лабриси од ентралниот гроб во Висои-Беранци, гробот 16 во Домов Гроб-Уланци и робот 7 од Хиподром - Скопје (Сл. 18).



Сл.18 Позначајни форми накит од Преодниот период во Р.Македонија

Добро се познати вредностите на фибулата од Сарај-Брод. Сигурната ронологија на овој тип фибули ги прави едни од најиндикативните редмети од времето на почетокот на т.н. Големи Егејски преселби или од ериодот Халштат А (според Рајнеке). За нас е од посебно значење што ваа фибула претставува карактеристична варијанта со коленасто рекршена нога и листесто проширен лак, идентична со познатиот наод од лојот на пожар и уривање во Вардино и блиска до фибулата од гробот 108 д субмикенската некропола во Керамеикос, Атина[34]. Со ова се потврдува стовременоста со горените населби по Долен Вардар и датирањето во убмикенско време. Преку наодите во нивните згаришта посебно преку ибулата од Вардино, субмикенската керамика од Вардаровца и анелираната керамика (т.н. лужичка), овие населби, директно или ндиректно се поврзани со наште гробови гробовите од преодниот период.

Од некрополата во Уланци потекнуваат 6 долги игли (5 бронзени и дна коскена), меѓу кои се издвојува иглата од гробо 17. Има помала олжина, но поголема и подекоративна глава. Откриена е веднаш зад лавата на женскиот покојник, така што најверојатно служела како косница. Другите игли се благо закривени, со мала биконусна глава и режана декорација на благо задебелениот врат. Сите се откриени во ашки гробови, во висина на градите, најчесто заедно со вронзено ноже и амен оштрач. Со своите формални карактеристики и ваквата позиција во робовите наведуваат и различна намена од претходната игла. Нивната тилитарност е потенцирана најповеке со лачната свиеност кон врвот и ерфорираноста во горниот задебелен дел, така што можеле да служат за ацврстување на евентуалното кесе, во кое се чувал споменатиот прибор.

Слични игли се познати од поедини некрополи во Југоисточна лбанија (Патос, Вајзе, Барч) каде се датираат во крајот на бронзеното о почетокот на железното време што одговара на нашиот Преоден Период.[35] д друга страна аналогии се наоѓаат и во некои субмикенски игли во

---

[34] Stefanovich M. 1973, 149

[35] Andrea Ž. : Kilian-Dirlmeier I. 1984, Tab. II, III, VI

рција, додека поедини постари игли од Микена имаат исти перфорации на ратот како и наодите од Уланци.[36]

Во секо случај, долгите игли треба да се сметаат за уште една овина во материјалната култура на преодниот период во Македонија, која е должи на различни културни влијанија од страна. Уште поважно е тоа што тие биле во голема мерка прифатени и адаптирани на потребите на омашното население. Брзо станале популарни и биле подолго во употреба, азвивајќи свои специфични варијанти во Македонија. За ова најдобро борува познатиот, нешто помлад наод од "Фортуна" кај Штип[37]. Во групата д три бронзени игли, двете се формално поблиски до иглите од Уланци, одека третата има едноставна конусна глава, со што е карактеристична а периодот на раното железно време во Македонија, со познати аналогии ли сродни варијанти во : Висои-Беранци, Трап кај Битола, Вергина, ателн, Чаушица итн, кои се датираат од 10-8 век пр. н. ера.[38] Во текот а полното железното време, овие игли повеќе не се јавуваат а нивната лога ја преземаат фибулите.

Во гробовите од преодниот период во Македонија се јавуваат и редмети во форма на двојана секира од типот лабрис, и тоа како инијатурни привезоци - амулети или бричеви (централен гроб во исои-Беранци, гроб 7 во Клучка-Хиподром и гроб 16 во Димов роб-Уланци) (Сл. 18). Меѓутоа, ваквите предмети, пред се поради ознатите наоди од Вергина, во Македонија се сметаат карактеристични за екрополите од раното железно време и обично се датираат во 9 и 8 век р. н. ера.

Минијатурните двојни секири-лабриси во Македонија, како и во оседните региони биле воведени од југ и тоа во текот на преодниот

---

36 Kilian-Dirlmeier I.1984a, Taf.5-144,145; Taf.6; Bouzek J.1969, Abb.36-2,9

37 Праисторија на Македонија, Каталог 1976, кат.бр.519-521

38 Mikulčić I,1966,46 : Праисторија во Пелагонија(Каталог),57, Сл.298 : Bouzek .1973,136

ериод. Најдобра потврда на ова се токму наодите од нашите некрополи, абрисот од централниот гроб во Висои - Беранци, откриен заедно со убмикенска керамика, лабрисот со микенскиот шлем од гробот 7 во иподром - Скопје, како лабрисот од гробот 16 во Димов Гроб - Уланци. ека овие наоди не се осамемени примери од преодниот период поакажува родниот лабрис од Семчиново кај Пазарџик, Бугарија, датиран кон крајот а бронзеното време што одговара на нашиот преоден период.[1].

Касномикенскиот продор на идеја за двојна секира во Македонија се отврдува и преку наодот од Кравари кај Битола кој, за разлика од абрисите претставува оружје - двојна секира од типот "Бипенс". На снова сигурните аналогии во соседните региони, пред се во Северен пир, оваа секира се датира кон крајот на 13 или во 12 век п.н.ера и ажи за локална изработка под јасни касномикенски влијаниаја.[2]

Во следниот период на раното железно време, лабрисот во Македонија е оствари најголема популарност и тоа сосема извесно како култен бјект.

## 7 ОДНОСОТ СО СОСЕДНИТЕ РЕГИОНИ

Во смисла на меѓусебните контакти и влијанија, последните 3 века д вториот милениум претставуваат еден од најдинамичните периоди. Токму атоа, во праисторијата на Југоисточна Европа, сеуште меѓу ајактуелните се вбројуваат проблемите од преодниот период, поточни рашањата врзани за миграционите движења, патиштата на продирање на азличните археолошки појави, нивната етнокултурна идентификација и оврзување со пишаните извори. Готово да нема регион на Балканот каде лементите од страна не одиграле важна улога во физиономирањето на окалната култура на преодниот период и не оставиле печат во онатамошниот културно историски развиток.

---

1 Бонев А. 1988, 26, Обр. 5

2 Prendi F. 1982, Fig 42, 224;

Како и останатите земји што се наоѓале на патот меѓу Егеја и Средна Европа, поточно меѓу Микенскиот свет и Карпатско подунавските области, и Македонија, можеби најповеќе, била изложена на влијанијата по линија Север-Југ и обратно. Тие влијанија во голема мерка го определиле понатамошниот ток на културните збиднувања во Македонија. Заради тоа неопходно е поодделно да се задржиме како на односот на Македонија со културите на север, така и на релациите со Егеја во текот на преодниот период.

*а. Односот со балканскиот север*

За разлика од контактите со Југ, подлабоки корени имале врската на заедниците од Македонија со посеверните, централнобалкански заедници, што секако се должи на нивната сродност уште во рамките на единствениот т. н. Централнобалкански културен комплекс од Раното бронзено време[3]. Меѓутоа, во текот на преодниот период, повеќевековната релативно мирна бронзенодопска еволуција во рамките на локалните групи, постепено се разбива под дејството на различни продори на култури од надвор, посебно од север. Овие процеси се одвивале главно во рамките на т. н. Големи Егејски Преселби, што резултирале со познатите и крупни настани по историјата на Југоисточна Европа.

Голем дел од овие етнокултурни движења и преселби се трасираат низ Р. Македонија, посебно по долината на Вардар, како централно комуникационо подрачје. Меѓутоа, кога поточно и на кој начин тие се одвивале?

Иако е досега доста пишувано за овие процеси, сеуште постојат повеќе отворени прашања, а причините за тоа најчесто се бараат во недостатокот на археолошки наоди од територијата на Р. Македонија.[4] Од

---

[3] Garašanin M.703

[4] Milojcic V.1948-48, pp.12; Desborough V.R.A.1964, 1-288; Bouzek J.1974, 170-177; Garašanin 1958; истиот 1960; Snodgrass A.M.1971

друга страна, токму таквата празнина се користи за различни спекулации, што зборуваат за продори на: средноевропска, панонско-подунавска, илирска и други култури од север по долината на Вардар, во Македонија. Така на пример, доста е користена верзијата за т. н. лужичка култура во Македонија или и за извесна илиризација на Македонија.[5] Овие појави не само што се предимензионирани, туку по долината на Вардар не е откриен ниту еден археолошки наод, кој може со сигурност да се поврзи со евентуалните Лужички или уште помалку Илирски освојувачи, дојдени од север. Навистина, поедини, главно метални форми со можно "средноевропско" потекло се јавуваат како новини во Македонија. Меѓутоа, тие главно се поврзуваат со елементите од Северозападен Балкан, од каде би можеле да бидат пренесени во Македонија, како по Моравско-Вардарската долина, многу повеќе преку Јадранското Море, низ Југоисточна Албанија, по трасата на идната Виа Егнација.

Археолошката слика за долината на Вардар во преодниот период и нејзината улога во Големите Егејски Преселби е нешто поинаква.

Кон крајот на бронзеното време, Долината на Вардар била широко отворена и непосредно врзана за касномикенскиот свет. Во неа не се откриени вообичаените остатоци од немирните времиња (наоди на средноевропско бронзено оружје, остави со бронзи, карактеристични форми накит, поединечни војнички гробови или уништени доцнобронзенодопски населби и сл). Напротив, откриена е стабилна култура, цврсто наслонета на традиционалните вредности од бронзеното време и на придобивките од доцномикенската култура. За ова зборува археолошката слика на слоевите од доцното бронзено време во долновардарските населби.[6] Според неа евидентно е дека познатите настани од крајот на 13 век, не оставиле посебни траги и не ги прекинале односите со егејскиот свет. Карактеристиките на скелетните некрополи од преодниот период во

---

[5] Heurtley W.A. 1939, 101; Bouzek J. 1969, 66, Abb. 25; Hammond N.G.L. 1982, 642-656

[6] Hansel B.1979,167-202; Истиот 1982-а, 270-287, Podzuweit C.1979-а, 203-223

Повардарјето (во Долно Солње, Водоврати и Уланци) најдобро ја потврдуваат ваквата констатација.

За разлика од овие, следните, нешто помлади продори оставиле далеку покрупни последици, посебно по долината на Вардар. На основа археолошката слика на повеќеслојните населби од Долен Вардар, евидентно е дека овие продори се одвивале во текот на 12 и 11 век, во времето што кореспондира со Микенскиот IIIC2 период и со крајот на субмикенскиот период во Грција[7]. Се работи за неколку сукцесивни бранови на воени походи, од север кон југ, по долините на Морава и Вардар. Тие се најдобро документирани со неколкуте опожарени слоеви, главно од петтата населба на Кастанас и во т.н. "изгорени слоеви" во Вардарофца и Вардино и со нивното конечното уништување.[8]

Некои од новите гробни наоди по долината на Вардар во добра мерка можат да се поврзат со овие настани, поточно со освојувачите од север и со изгорените населби на југ. Со тоа тие значајно придонесуваат во одредувањето на патиштата на овие походи и овозможуваат со поголема сигурност да се претпостави нивното извориште и можни носители. Во оваа смисла, нејвпечатлива е т.н. канелирана керамика. Нејзиното продирање веќе јасно може да се следи, по долината на Морава (фаза Медијана II) и по долината на Вардар (Хиподром - Скопје и Југозападна некропола - Стоби) до Долен Вардар.[9] Надвор од Моравско-Вардарската комуникација, во наоѓалиштата од ова време ваква керамика не е откриена. Нејзиното трасирање на север не упатува до Дунав, каде наоѓаме многу појави сродни со манифестациите во Македонија од ова време. Така, во поедини елементи керамиката од Хиподром покажува доста сличности, преку садовите од Поморавјето, со керамичните форми од долнодунавските култури од доцното бронзено време (со групите како

---

7 Stefanović M.R.1973,156

8 Heurtley W.A.1937, 98; Hochstetter A.1984

9 Garašanin M.1969,85-90, Истиот 1982, 593-596;Hochstetter A. 1984.....

Дубавачко-жутобрдска, групата Теј, Монтеору, Кослогени, Ноа итд).[10] Исто така, бројните наоди на инкрустирана керамика, најповеќе по Долен Вардар, зборуваат дека уште во текот на доцното бронзено време биле воспоставени тесни контакти меѓу Македонија и Долен Дунав.[11] Инкрустрианиот кантарос од Хиподром само го потврдува одржувањето на овие контакти и во текот на преодниот период.

После овие наоди, не само што можат далеку подокументирано да се следат процесите на движења во рамките на помладиот бран на преселби туку се објаснува и присуството на бројните, а сеуште загадочни елементи од Долното Подунавје, во Централна Грција.[12] Затоа, ќе се обидеме во куси црти да ги реконструираме овие настани.

Во текот на 12 век п.н.ера замира богатата и раскошна т.н култура на инкрустирана керамика од регионот на Долен Дунав. Најверојатно, поради демографскиот пораст предизвикан од интензивниот економски просперитет во претходниот период, долнодунавските заедници и соседните племиња започнале да се раселиваат во различни правци, главно кон југ.[13] Притоа, еден од најважните патишта била комуникацијата по долините на Морава и Вардар. Но, имало продори и во други правци, на исток, за што сведочат поединни типични долнодунавски елементи меѓу наодите од Пшеничево, од околината на Комотини, од Потами и Ехоки кај Неврокоп или во наоѓалиштата од т.н Трансбалкански хоризонт.[14] Со тоа и на исток биле раздвижени локалните заедници, што резултирало со појавата на новиот материјал од балканско потекло во Троја VIIB2. Во секој случај,

---

[10] Гарашанин Д.1957,129-138; Hochstetter A. 1982-b, 99-118; Каталог од музејот во Браила

[11] Hansel B.1982-b, Abb.9; Истиот 1976:Hocshtetter A.1982-b, Abb.3-5

[12] Гарашанин М. 1953, 67-72;Гарашанин Д.1957,129-138

[13] Бонев А.1988,54

[14] Бонев А.1988, 53-59, Hochsetter A. 1982-b, 100-116 Abb.10, Grammenos D.1979, Sumary

преселбата на долнодунавските и соседните заедници предизвикале слични културни манифестации на еден мошне широк простор од Морава и Варадар на запад до Црното Море на исток. Од тука и големата сличност и сродност меѓу материјалот, од Хиподром-Скопје и соседните наоѓалишта, на запад со наодите од т. н. трансбалкански хоризонт, поточно со наодите од наогалиштата како Зимниче, Черковина, Пловдив, Есенице и тд., на исток.[15]

Движењата на долнодинавските заедници по Моравско-вардарскиот траеле подолго време и биле следени од освојувања плачкосувања и палења што ќе остави длабоки последици по натамошниот културен развиток на Повардарјето. Меѓутоа, нивната крајна цел не била Македеонија, туку ослабените или веќе уништените центри на Микенската цивилизација, со кои во претходните векови одржувале тесни и плодни контакти. Така, познати се бројни, типични долнодунавски форми, откриени над урнатините на микенските градови во Грција, поточно во субмикенските или протогеометриски некрополи.[16] Само на овој начин можат да се објаснат наодите во Грција на нови, груби садови работени на рака, украсени со врежување на геометриски мотиви, кои се инаку карактеристични за доцно бронзено време по Долен Дунав, посебно за културата Дубовац-Жутобрдо или културата на инкрустирана керамика. Уште поиндикативни се наодите на антропоморфна пластика - фигури со типичните "звонести фустани" и орнаменален систем кој во потполност одговара на долнодунавските наоди, откриени во Централна Грција, посебно во протогеометриските гробови на атинскиот Керамеикос.

Нема сомнение дека овие предмети стигнале од Подунавјето во Грција заедно со своите носители, кои секако го вовеле во Грција и својот ритуал на погребување со спалување во урни. Оваа можност е изнесена уште пред 40 години, мегутоа дури со најновите наоди од некрополите по долината на Вардар, се чини добива задоволително објаснување.

---

15 Бонев А.1988,53-55

16 Гарашанин М. 1953,67-72; Bouzek J.1969, Abb.42-1.5.7. Abb.45

Што се однесува до Македонија, многу нови форми од север ќе бидат прифатени и ќе одиграат важна улога во формирањето на културните вредности на новото железно време. Следните векови, не само за Коварданјето туку и за цела Македонија ќе значат севкупна стагнација и евидентната балканизација, како резултат токму на овие настани.

## 5. Односот со егејскиот југ

Контактите на Македонија со егејскиот свет се одвивале директно преку долината на Вардар или индиректно преку заедниците од Југоисточна Албанија, поточно преку микенските колонии на Албанскиот брег.

Токму овие контакти со супериорната микенска цивилизација, предизвикале кај заедниците од Македонија, како и кај другите варварски соседи кои биле во слична географска и економска позиција во релациите со Егеја, појава и постепено востановување на повеќе, квалитативно нови манифестации во домашната материјална и духовна култура. Некои од нив ќе одиграат значајна улога дури и во сферата на погребувањето, оставајќи траен печат во понатамошниот културен развиток. Ова посебно се однесува за заедниците по долината на Вардар, кои биле подолго и понепосредно изложени на влијанијата од југ. Заради тоа, неопходно е овие контакти поширoко да ги разгледаме коко би можеле да го вреднуваме, не само преодниот период во Македонија, туку и многу појави значајни за карактерот и особеностите на желзнодопската култура во целост.

Со ширењето на носителите на микенската култура на север започнале и непосредните контакти на Македонија со Егеја. Меѓутоа, овој процес течел постепено, од југ кон север, во вековите од LHIIB до LHIIIC1 (од 1450 до 1200 год. п. н. ера).[17] Така на пример, во Тесалија дури во текот на LHIIB, може да се зборува за вистински микенски населби, додека во Македонија ситуацијата е нешто поинаква..

---

17Smit D.V. 1989, 175-176

Во крајбрежниот дел на Македонија познати се околу 35 локалитети :ои произведувале микенски објекти, главно од XIV и XIII век п. н. е.[18] Іајголема концентрација на микенско присуство, во било која форма е ιокументирано во Термајскиот залив и по Долен Вардар. На Ӯумбата-Кастанас, само дваесеттина километри јужно од 'рчко-Македонската граница, градени биле микенски тип на куќи и ıроизведувана микенска керамика од LHIIIB и IIIC периодот.[19] Меѓутоа, ‹икенските наоди не секогаш го докажуваат и микенското население. На ›ва прашање не е тешко да се одговори со оглед на постоечките јасни ‹ритериуми по кои за такво нешто потребно е да постои евидентен ‹икенски контекст, како што е: присуството на микенска урбанизација и ›рганизација, микенски гробови, микенска религија-идоли, микенска кукна ‹ерамика и сл. Повекето од овие услови ги исполнуват само три ıаоѓалишта околу Солун (Тумба-Терми, Гона-Василика и Сараце-Периволати) ᴦака што од поедини автори се класифицирани како постојани микенски ıаселби.[20]

Другите локалитети, со откриени микенски објекти се сметаат само ʒа занатско - трговски станици (емпориони) со доминантна локална ıопулација, какви што биле и населбите (телови) во Долното Повардарје. Гака на пример, од големата стратиграфија на Кастанас сосеама јасно е ʒидливо дека населбата била цврсто поставена на локални основи. Од ιелата откриена керамика само 1% претставува вистински микенски импорт. Затоа се чини, и да имало населени Ахајци нивниот број морал да биде ‹ал, но, секако значаен за ширењето на поедини достигања на егејското бронзено време во Македонија, посебно по долината на Вардар.

За жал, во делот од Повардарјето во Р. Македонија, не се вршени ıстражувања на населби од ова време. Сепак, наодите од населбата

---

[18] Smit D. W. 1989, 176

[19] Hansel B. 1979, 174-177, Podzuweit C. 1979-a, 203-223; Истиот 1986, 467-484

[20] Smit D. W. 1989, 176. f. n.; Heurtley W. A. 1939,

'Столот"-Уланци, на која припаѓале гробовите во "Димов Гроб", како и )елативно бројните локални микенски копии од некрополите упатуваат на :оа дека и во Средното Повардарје би требало да се очекува слика мошне 5лиска до наоѓалиштата од Долното Повардарје. Во секој случај, извесно ; дека Повардарјето во текот на преодниот период претставувало едно од >етките зони силно врзани, дури и зависни од контактите со доцномикенската центри и занатско-трговски емпориони на југ.

Во релациите со микенскиот свет, слична била и ситуацијата во Јужна Албанија. Заедниците од овој регион, нешто порано, во текот на Средното Бронзено време имаат востановено тесни контакти со Егеја, благодарение пред се на куситe и поволни морски патишта. Албанскиот брег бил мошне рано колонизиран од микенски колонисти, од каде нивното влијаније се ширело во внатрешнота, најповеќе по трасата на идната Виа Егнација.[21] Во таа смисла, уште во раните гробови во Вајзе, Водине и Пажок се откриени форми сродни на оние од Егеја од времето на микенските т.н. Шахтови гробови (16 век). Секако, микенски наоди се јавуваат и во следните векови, посебно од доцното бронзено доба, при што, главно се работи за оружје (мечеви, ножеви врвови од копја) и импортирана керамика. Според местото и улогата на овие наоди во домашната култура може да се каже дека населението од Јужна Албанија во текот на доцното бронзено време било во тесен контакт со заедниците од Микенскиот свет од кои не се разликувале многу во степенот на социјалниот и економски развиток.

Подолготрајното и континуирано дејствување на микенското влијание во релативно блиските географски, економски и општествени окружувања, кај заедниците по Долината на Вардар од една и во Јужна Албанија, од друга страна, предизвикале и блиски културни појави. Една од нив, е и домашната мат боена керамика, која, како локална реакција на микенските импортирани садови. Таа, готово синхронизирано се појавила, како кај повардарското население така и кај заедниците по долината на р. Девол

21 Prendi F.1982-a.216-228; Истиот 1982,203-233

во Југоисточна Албанија. Уште поважна за нас е воведувањето на инхумацијата во конструкции цисти од камени плочи, која во голема мерка кореспондира со ситуацијата во Егејското бронзено доба, уште од среднохеладските времиња.

Проблемот на потекло и појавата на рамните некрополи со скелетни гробови-цисти од камени плочи во Македонија со сета своја тежина, долго време го привлекува вниманието на истражувачите на Балканот. Меѓутоа, поради скудниот археолошки материјал, решаван е на различни начини, при што се изнесувани различни интерпретации.[22] Сосема малиот број наоди откриен во неколкуте гробови-цисти, главно во Пелагонија, не само што не беа доволни за нивното поцелосно вреднување туку наведуваа на неприфатливо широки и временски и територијални поврзувања, најчесто со северозападен Балкан или поблиску со Западна Србија или Босна. Меѓутоа после најновите истражувања, веќе е евидентно дека контактите на Македонија со овие региони во текот на преодниот период биле сосема незначителни. Напротив, веќе истакнавме, дека во формирањето на културата на преодниот период доминантно место имале влијанијата од север и југ.

Скелетното погребување во цисти од камени плочи не може да се поврзе со заедниците на север од Македонија, кои практикувале спалување, додека, сосема логична е неговата појава да се должи на влијанијата од југ. На ова наведуваат повеќе моменти кои вреди поединечно да ги разгледаме.

Извесно е дека воведот на скелетниот начин на погребување кај заедниците од Македонија претставувал подолг процес што течел низ бронзеното време и во текот на целиот преоден период. Неговото конечно заокружување во целосно изграден и веќе стандарден ритуал, со пружена инхумација во гробови-цисти, каков го познаваме од некрополите во железното време, било постигнато дури во почетокот на раното железно време. Тоа што во текот на претходниот период била практикувана згрчена

---

22 Garašanin M. 1958.9-23; Истиот 1983,790-792

инхумација и обични јами како гробни форми само ја потврдува етапноста во востановување, уште од бронзено време.

Инхумација во згчена положба, во конструкции цисти од камени плочи, е позната како стандарден погребен ритуал во Егеја уште во текот на среднохеладско време.[23] Навистина, долго време се сметаше дека овие гробовите во текот на микенскиот период биле истиснати од употреба и дека биле повторно воведени дури по пропаста на Микена во субмикенскиот период, и тоа од страна на освојувачите од север. Меѓутоа, на север од Грција во текот на бронзеното време доминантно било спалувањето, а со поновите истражувања во Грција потврдена е употреба на гробови-цисти и пред 1200 година.[24] Значи, згрчената инхумација во гробови-цисти била добро позната практика во Грција, со континуирана употреба во текот на готово целиот втор милениум пред н. ера. Единствено во текот на субмикенскиот и протогеометриски период, конструкциите стануваат по големи, а инхумацијата пружена. Во микенско време овој начин на погребување лесно може да се поврзи со карактеристичните "Shaft" гробови, гробови-соби или Толос гробници, иако се тоа главно конструкции на микенската аристократија а обичните цисти својствени за обичниот народ.

Со декаденцијата на микенското општество, се до неговата потполна пропаст, што значи во текот на субмикенскиот период, повеќе немало ни можност ни потреба за микенските луксузни гробни градби, така што цистите од камени плочи станале најшироко употребуваната гробна форма. При тоа, кај поголемите субмикенски некрополи (Керамеикос, Саламис и тд) можат да се видат големи сличности со готово современите на нив некрополи во Повардарјето ("Водовратски Пат"-Водоврати, "Димов Гроб"-Уланци) и тоа во: организацијата на гробовите во редови, начинот на повекекратно погребување во еден гроб, односот на гробните прилози и

---

23 Boardman J. 1982, 154

24 Kurtz D.C.-Boardman J. 1971, 23-34; Taylor W.1983, 65-84

т. н.[25]

Дека непосредните контакти со Егеје, во посебните историски, економски и културни услови на преодниот период во Македонија резултирале со конечното востановување инхумацијатаво цисти од камени плочи, зборуваат и ситуациите во соседните региони, кои се наоѓале во блиска позиција и релации со микенскиот свет како македонските заедници.

Згрчени инхумации во конструкции, од обични јами до добро градени цисти од камени плочи, вообичаени се и за Јужна Албанија, во текот на доцното бронзено доба или во времето што одговара токму на нашиот преоден период. Ваквите погребувања често се поврзани со прилози од егејско потекло, а нивна најголема концентрација се приметува долж морскиот појас (Патос, Вајзе, Дукат, Бајкај и т. н), кај заедниците кои оствариле најтесни односи со Егеја.[26]

Уште поречита е ситуацијата на исток од Долен Вардар и Струма, во регионот околу Тасос, Кавала и Драма.[27] И таму културата на преодниот период покажува јасна мешавина на Егејски и Континентални елементи, кои имаат создадено културни манифестации блиски до појавите во Р. Македонија. Од една страна присутни се некрополи со спалување во урни , а од друга се практикувал и скелетниот начин на погребување. Индикативно е тоа што спалувањето било практика во внатрешноста, во поконтиненталните области, околу Драма и Неврокоп,[28] додека некрополите со скелетни погребувања се концентрирани во приобалскиот појас.[29] Притоа, некрополите со спалени покојници (Егзохи, Потами и т н), се тесно

---

25 Kurtz D.C.-Boardman J.1971, 31-40

26 Korkuti M.1981,7-57; Ceka N. 1975,139-161; Bodinaku N.1982; Buduna D.1971, T.VI-VII,275

27 Grammenos D.1982,90-98; Koukouli Ch.1982-a,231-258; Истата 1982-b, 119-143

28 Granmmenos D.1979, Sumary

29 Koukouli Ch.1982-b, Abb.6

врзани за познатите посеверни наоѓалишта во рамките на т.н. Трансбалкански хоризонт (Пловдив, Зимницеа, Черковина),[30] а содржат и поедини наоди блиски со појавите од некрополата во Хиподром кај Скопје. За разлика од нив, кај скелетните некрополи типично било повекекратното погребување во заеднички конструкции-еден вид гробни соби, што се воедно и карактеристики на микенскиот начин на погребување. Така, и во овој регион, евидентно е дека појавата на инхумација со сите свои карактеристики е резултат на ширењето на доцноомикенските културни елементи, главно долж егејскиот брег и на островот Тасос.[31]

Според ова, можеме да заклучиме дека по пропаста на микенската цивилизација, одредени нејзини вредности ке преживеат на север, инволвирани во домашната култура на "варварските" заедници, кои преку подолготрајните и непосредни контакти и влијанија од југ биле подготвени за тоа. Скелетното погребување и гробовите-цисти биле само едни од тие придобивки, кои посебно ке се одомаќинат и понатаму развиваат кај македонските заедници. Така инхумацијата ке стане основен погребен ритуал, а конструкциите-цисти доминантна гробна форма во текот на железното време. Благодарение на овие придобивки, уште во текот на преодниот период македонските заедници фаќаат квалитативно нов курс во својот натамошен развиток, кој веке во следните етапи ке ги одвои и разликува од некогаш сродните заедници на север, долж Централен Балкан.

*

Според ова, можеме да заклучиме дека, влијанијата од егејскиот југ, контактите со заедниците на север, и наследството од домашното бронзено време, ги претставувале трите основни фактори во формирањето на карактерот и белезите на преодниот период. Всушност, во текот на преодниот период, со спојувањето на традиционалните и туѓински форми, како од север така и од југ, била остварена една културна синтеза која довела до востановување на културата на железното време во Македонија,

---

30 Бонев А. 1988,53-57

31 Koukouli Ch.1993,699,Fig.4-7; Истата 1982-а,231-240

а со тоа и до конечното формирање на историски познатите етнички групации.

Влијанијата од север неминовно се поврзуваат со крупните немири во рамките на т. н. Големи Егејски Преселби. Со нив, во различна мерка биле зафатени и заедниците од Македонија. Тие претставувале еден сложен процес на етнички движења на многу широк простор од Средна Европа преку Балканот и Егеја до Предна Азија и Египет. По најновите археолошки наоди од територијата на Р. Македонија со поголема документираност може да се зборува и во основа да се разликуваат појавите од еден постар бран на преселби ( од крајот на 13 и почетокот на 12) и од еден помлад (од крајот на 12 и во текот на на 11 век пр. н. ера). Настаните од постариот или т. н. прв бран на преселби, што се поврзуваат со пропаста на големите источно медитерански цивилизации на бронзеното време, сепак не предизвикале позначајни и директни последици во овој дел на Балканот. Карактеристичните објекти за носителите на овие преселби (средноевропски мечеви, копја, шупли секири, српови, пескиера фибули и тд. ) на територијата на Македонија се сосема ограничени. Наспроти ова бројни вакви наоди од крајот на доцното бронзено време се познати како наоди долж Албанија и јадранскиот брег, што зборува дека преселбите се одвивале по морски пат.

Далеку подлабок печат оставиле нешто помладите продори на заедниците од карпатско-долнодунавскиот регион. Нивните походи кон југ, се одвивале преку Централен Балкан, долж Моравско-Вардарската долина и Долен Вардар, каде се најдобро документирани во неколкуте готово последователни уништувања и палења на повеќеслојните бронзенодопски населби. Крајното одредиште на походите сепак била Грција, каде што несомнено елементите од Долнодунавскиот регион учествувале во генезата на протогеометриската култура.

Последиците од овие миграции долго време ќе се чувствуваат, посебно по долината на Вардар како регион најизложен на освојувачите од север. Таму, дури во текот на 8 век ќе се воспостави вистинската културна и општествено-економска стабилизација. При тоа, на сметка на претходните контакти со Егеја се форсира поврзаноста со културите

северно од Македонија. Така овие миграции го трасирале патот и отвориле широки можности за потрајна поврзаност меѓу повардарските, посебно заедниците од северните делови на Македонија и заедниците во Источно Косово, по Морава до Источна Србија и Северозападна Бугарија на север, во текот на железното време.[32]

Контактите и влијанијата од југ резултирале со постапното прифаќање на повеќе придобивки од касномикенскиот свет. Иако карактерот на овие контакти бил, пред се од трговска природа, сепак оставиле евидентни последици, кои можат да упатуваат на извесна инфилтрација на население од југ. По пропаста на микенската цивилизација, сосема е можно ограничено доселување од Егеја, токму во регионите претходно откриени и запознаени од микенските трагачи по рудни лежишта, трговци и авантуристи.

На крајот, важно е да се каже дека и покрај сите надворешни влијанија и специфичните историски околности на Преодниот период сепак составот на населението во Македонија не бил битно променет. Супстратската популациона маса, без сомнение ја чинеле групите на бронзенодопското население. Ова го потврдуваат бројните елементи во материјалната и духовна култура кои како бронзенодопско наследство ќе бидат негувани во текот на целото железното време во Македонија.[33]

---

32 Vasić R. 1987, 673; Mitrevski D. 1993 (во печат)

33 Garašanin M. 1971, 85-94

# ГЛАВА 3

## ПОГРЕБУВАЊЕ ВО ТЕКОТ НА ЖЕЛЕЗНОТО ВРЕМЕ

### *1 ХРОНОЛОШКИ И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ ОДНОСИ*

За разлика од претходниот-преоден период, железното време во Македонија претставува епоха во која се воспоставуваат нови општествени, економски и културни односи. Иако на почетокот сеуште не може да се смета на цврсто изградена и стабилна култура, со доволно издиференцирани и развиени локални вредности, сепак уште во 10-тиот век, во целост се надминати критериумите на бронзеното време и е отпочнат железнодопскиот развиток.

Првите векови - од 10 до 8 век пр. н. ера, ја означуваат раната фаза на железното време, која во вистинска смисла го одбележува почетокот на железнодопскиот културен развиток на заедниците од Македонија. Во текот на оваа фаза, сеуште се чувствуваат последиците од претходните настани како и одредени влијанија од страна, што се создава културно-историски околности слични на оние од претходниот преоден период. Меѓутоа, после катастрофите што ги преживеале населбите по главните македонски комуникации, иако со ослабена економска моќ и опаднато културното ниво, сепак ја започнале новата етапа во својот развиток. Така на пример, во Кастанас, наместо големите и пространите градби од опека, после сите пожари и уништувања во текот на преодниот период, кон крајот на 11 и во 10 век се јавуваат мали куќи со примитивна скелетна конструкција од кал и дрво.[1]

Токму ваквата декаденцијата, видлива и во останатите наоди од ова време најдобро го илустрира почеток на новото железно време, поточно почетокот на постепеното, но сигурно културно и етничко стабилизирање.

Во ова време влијанијата од страна носат елементи од нови културни средини, со потекло главно на запад поточно од регионите

---

[1] Hansel B. 1982-a, 270-287; Истиот 1976, 183-200; Hochstetter A. 1984

на Северозападен Балкан. Меѓутоа, за разлика од претходните настани и продорот на туѓински елементи во текот на преодниот период, овие ќе бидат усвојувани според потребите на локалното население. Некои од нив ќе бидат брзо напуштени без да најдат погодна почва за натамошен развиток, а некои ќе бидат прифатени, но адаптирани на домашните потреби, како општобалкански придобивки на новото време. Во секој случај, тие ќе и дадат нова димензија на домашната култура во Македонија, која, во извесна мерка ќе ги доближи заедниците од овој дел на Балканот до халштатскатските култури на север и северозапад. Така, во генезата на железнодопската култура во Македонија овие појави го означуваат последниот конститутивен елемент. Дури со нив конечно ќе се создадат сите потребни услови за сеопшта стабилизација.

Понатамошниот развиток, во текот на следната фаза на полното железно време (од VIII до VI век пр. н. ера) остварува мирен од напред, со развивање и негување на домашните културни вредности. Тоа е етапа на веќе во целост изградени и стабилизирани железнодопски односи, синоним на железното доба во вистинската смисла на зборот.

Конечно биле создадени сите потребни услови за мирен локален развиток, во рамките на помалку или повеќе затворени геоморфолошки и културни целини. Токму поради ваквите особености често пати се смета на поедини региони како засебни културни групи на полното железно време (Охридска група, Пелагониска група, Долновардарска, Брегалничка група и сл.)[2]. Меѓутоа, колку и да се инсистира на нив како на цврсти културни групи со засебни вредности, сепак тие се тесно испреплетени со заеднички дух и единствени карактеристики во најзначајните сегменти од материјалното и духовно живеење (начин на погребување и гробни форми, типови на населби, религиски и уметнички сваќања и т. н.). Од друга страна се јавуваат одредени разлики во материјалната култура во рамките на самите региони, по што се издвојуваат уште помали заедници врзани за поедини микрорегиони како што е Прилепскиот или северен дел на Пелагонија

---

[2] Vasić R. 1987, 687-733

во однос на Јужна Пелагонија или Скопско- Кумановската област во однос на Средното Повардарје и долината на Брегалница.

Во секој случај, локалниот развиток на заедниците од полното железно време треба да се сфати, пред се како индикатор за веќе постигнатата културна стабилизација и за свртување кон локалните вредности. Благодарение токму на тоа, ова време претставува единствена прилика за согледување на веќе јасно зообличените племиња и племенски заедници и нивните меѓусебни релации.

Во вака стабилните услови евидентен е порастот на населението и неговата јасно изразена свест за етно-племенска припадност. Се јавуваат големи организирани некрополи, што гравитираат кон поедини регионални центри. Нивната употреба е континуирана се до историските времиња, со што лесно можат да се поврзат со пишаните извори.

Од друга страна ова време е одбележано со колонизаторските активности на грчките полиси, меѓу кои за нас се најзначајни колониите на северниот брег на Егејското Море. Тоа биле првите хеленски колонисти, во правата смисла на зборот, дојдени од Еубејската Халкида, од Парос, Андрос, од Коринт и т.н., кои, најповеќе во VII и VI век пр.н.ера формирале бројни градови, посебно на полуостровот Халкидик. Благодарение на овие занатски и трговски центри постепено се зголемувал интересот на Хелените за внатрешноста на Балканот и посебно за заедниците од Македонија, со што тие мошне рано се јавуваат на историската сцена.

По сето ова може да се каже дека со почетокот на железното доба отпочнува и процесот на културната диференцијација на племињата од Македонија. Тоа било време во кое е извршено конечното етнокултурно формирање на протоисториските заедници во Македонија. Нивниот понатамошен развиток, преку сферата на погребувањето може континуирано да се следи до нивното обедунување и создавање на покрупни заедници и нивното политичко здружување во првите антички држави на овој простор.

## Г РОБОВИ И НЕКРОПОЛИ

Најголемиот број некрополи на протоисториските заедници во Македонија се датираат во текот на железното време. При тоа, од раната фаза или од периодот од X до VIII век пр. н. ера имаме на располагање далеку помал број некрополи и гробови во однос на оние што се датираат во текот на полното железно време, поточно од VIII - VI век пр. н. ера (Сл. 19).




Сл. 19 Распространетост на типови некрополи од железното време

Мал е бројот на гробови што можат со сигурност да се датираат во првите векови од првиот милениум пред новата ера. Во сегашниот степен на (не)испитаност може да се смета на близу дваесет наоѓалишта од кои потекнуваат наоди, на одреден начин поврзано со погребувања во оваа рана фаза на железното време. При тоа, во голем дел се работи за случајно откриени наоди и најчесто поединечни гробови без доволно податоци за поцелосна анализа. Наспроти ова, располагаме со околу 40 некрополи, од полното железно време, на кои се испитани над 460 гробови.

Меѓу најраните гробови со материјал од железното време се оние од "Попадин Дол", Прилеп и "Ракида" село Тројаци. Во двете некрополи откриени се по два гроба - цисти од камени плочи, по многу нешта слични дури идентични. На основа наодите на карактеристичните лачни фибули од т. н. Либурнски тип, се датираат во X век, на што упатуваат ваквите наоди во бројните гробови од ова време во Вергина и Патели.[3]

Гробови и наоди од истиот тип, секако и од истото време, за што сведочат прилозите на либурнски фибули познати се уште од неколку локалитети. Такви се детскиот гроб од Будур Чифлик, кај Демир Капија како и гробот од Лакавица кај Штип. Во селото Прилепец најдена е само една ваква фибула, прилог од растурен гроб близок до претходните. Во селото Рапеш, Битолско, на локалитетот Каранка најдена е група гробни наоди, меѓу кои се издвојуваат две лачни фибули од истиот - либурнски тип. Непостојат изворни податоци за условите на наоѓање иако се спомнува дека се откриени при обработка на земјиштето како прилози од растурени тумуларни конструкции.[4]

Случајни наоди, а сепак сосема извесни погребувања од раната фаза на железното време се трите гроба-цисти откриени во нивите на ЗИК Пелагонија кај селото Трап близу Битола, како и гробот од

---

[3] Radt W.1974, Tf.38: Amandry P.1953, Fig.34

[4] Василевска М.1994,73

месноста "Шесте Куки", село Тремник кај Неготино.

Без доволно елементи за попрецизна определба, секако најблиски до вредностите на пораната фаза на железното време се и поединечните гробови откриени на локалитетите: "Касарни" и "Варош" во Прилеп, "Најденка", село Орле кај Битола и во селото Судич кај Штип. Слична е ситуацијата и со двата, исто така случајно откриени гроба-цисти на некрополата "Марта", село Зовик кај Битола.

Од времето на доминацијата на тумулите во Македонија ископувани се неколку тумуларни некрополи, во кои најверојатно се кријат и погребувања од пораната фаза на железното време, за што зборуваат поедини наоди од познатиот тумул од Висои - Беранци, Војник - Куманово, Орлова Чука - Стар Караорман и сл. Сите тие наоѓаат паралели во добродокументираните протогеометриски и геометриски гробови под тумулите, на грчка територија посебно во Вергина и Патели. Сепак погребувањето под тумули-могили најјак интензитет остварува во текот на полното железно време, а преку неколкуте ископувани некрополи, може да се следи нивниот развиток се до почетокот на историските времиња. Покрај веќе споменатите, како најзначајни некрополи со тумуларен начин на погребување ќе ги спомнеме: Дабици - Сопот, Горно Поле - Стар Караорман, Криви Дол - Радање, Куново Чуки - Оризари, Кршлански Гумења - Кршла, Сламите - Рапеш и сл.

На проблемите и вреднувањето на феноменот на тумулите во Македонија како и на прашањето на рамните некрополи и нивниот меѓусебен однос посебно ќе се задржиме во натамошниот текст.

Најголемиот број испитани гробови припаѓаат на рамните некрополи, главно од VII и VI век пр. н. ера откривани во различни региони на Р. Македонија. Сепак мора да се истакне дека и понатаму постојат региони во кои не се вршени никакви археолошки интервенции и не е откриен нуту еден гроб железното време. Во оваа смисла, сеуште немаме наоди од западните делови на Р. Македонија ( на север од Охридското Езеро до Скопско и на исток до Пелагониската рамница), а целосно неистражени се и крајните

источни области (од Делчевско, Беровско до Струмичко и Беласица на југ). Затоа сосема релативна е поделбата на некрополите од полното железно време во 4 регионални групи.

Најслабо испитан е Охридскиот регион, каде се познати само две некрополи со гробови или гробни наоди од полното железно време. Сознанија за овој регион се базираат главно на најстарите гробови од големата некропола "Требеништа", поточно на наодите од локациите "Три Чељусти и "Вртулка" кај селото Горенци.[5] Имено, дури по објавувањето на резултатите од ископувањата на локациите Вртулка, Три Чељусти и Сува Чешма, најпрво од Владо Маленко во 1975 година, а подоцна и во монографијата на П. Кузман, можеше да се согледа вистинскиот просторен и временски опсег на требенишката некропола. Притоа, документирано е постоењето на хоризонтална стратиграфија, по која најстарите погребувања, во најголема мерка се откриени на локациите Вртулка и Три Чељусти, оддалечени неколку стотини метри на север од познатите "кнежевски" гробови. Се работи за триесетина гробови, кои го исполнуваат VI век пред н. ера и кои ни ги даваат основните податоци за погребувањето во текот на помладата фаза од полното железно време.

Во истото време се датира и познатата група наоди од Лозишта, кај село Речица, но без можности да се поврзат со конкретни погребувања. Исто така, во Лабино, на Стар Град во Охрид и близу до лок. Градиште, село Долно Лакочереј случајно се откриени поедини наоди, кои лесно можат да се сметаат за гробни прилози од VII и VI век пр. н. ера. Меѓутоа, сепак сеуште недостасуваат вистински податоци за погребувањето во постарите фази од полното железно време во Охридско.

Ситуацијата во Пелагонискиот регион е нешто поизвесна, иако и таму не се вршени некои позначајни ископувања на некрополи од полното железно време. Со поголема сигурност можеме да сметаме

---

[5] Основните податоци и литература за некрополите од Паолното железно време во Р. Македонија се содржани во одиниците од приложениот каталог на некрополи

само на 5 некрополи на кои се испитани вкупно 40-тина гробови од овој период.

Со ископувањето на спомнуваниот тумул од Висои кај Беранци откриени се бројните форми на керамика и посебно накит (белегзии, приврзоци, игли и др), карактеристични за времето од 8-6 век, што несомнено сведочи за постоење на добар број погребувања од полното железно време.

На локалитетот "Бели Камења" ("Гробот"), село Живојно испитани се вкупно 3 гробови, кои според конструктивните белези и поедини прилози упатуваат на доцното железно време. Меѓутоа, доста други елементи и наоди сведочат за употреба на ова некропола и во претходните векови.

Кај селото Рапеш, од локалитетот "Сламите", поточно од месноста "Каменот" познат е стариот наод на еден гроб со прилози на бронзи карактеристични за полното железно време. Во меѓувреме на оваа некропола вршени се нови ископувања со кои се откриени и други гробови и прилози со исти хронолошки вредности.

Како можно погребување од полното железно време ќе го спомнеме и случајно откриениот гроб на локалитетот" Најденка", село Орле, иако според хронолошката неосетливост на прилозите сосема е возможно да се датира и нешто порано.

Со копање на одбранбени ровови од Бугарската војска 1917 година кај селото Букри (Бикрички Вис) откриени се бројни предмети (бронзени белегзии, лачна двопетлеста фибула, бронзени мониста, керамика и сл), карактеристични за ова време. Повеќето од нив биле најдени во гроб-циста од камени плочи со скелетно погребување.

Од непознато наоѓалиште во околината на Битола потекнува наодот на приврзокот - минијатурно бронзено бокалче, секако прилог од некој растурен гроб од полното железно време.

Уште помалку податоци имаме за северниот дел на Пелагонија. Веќе ги спомнавме двата гроба-цисти, откриени во Прилеп, на локалитетите Варош и Касарни, како погребувања кои со подеднаква оправданост можат да се датираат кон крајот на раната и во полната

фаза на железно време.

Од Прилеп потекнуваат и познатите раскошни белегзии, кои како вотивни дарови најверојатно биле поврзани со некое погребување.

Според ова, степенот на истраженост на некрополите од полното железно време, како во Охридскиот така и во Пелагонискиот регион е реално мал. Меѓутоа и двата региони се тесно поврзани со наоѓалиштата во соседните региони, па така празните места можат да се пополнат со наодите од Повардарјето и Долината на Брегалница како и со резултатите од ископувањата на територијата на Југоисточна Албанија или Северозападна Грција.

За разлика од Охридскиот и Пелагонскиот регион, Повардарјето со долината на Брегалница претставува едно од најдобро документираните подрачја во однос на полното железно време на Балканот. Познати се 30 некрополи на кои се откриени вкупно 387 гробови. Според геоморфолошките карактеристики на целиот овој регион се издвојуваат најмалку 3 области кои во основа се врзуваат за географската поделба на долината на Вардар, во: Горно, Средно и Долно Повардарје.

Горното Повардарје, ги опфаќа северните делови на Македонија, главно од Скопско - Кумановкиот регион до Таорската Клисура на југ. Од таму располагаме со 5 наоѓалишта на кои се откриени вкупно 19 гробови или гробни прилози од VII и VI век пр. н. ера.

Најистражувана и секако најзначајна е некрополата "Дубиче" кај скопското село Волково (Вучидол). Таму се вршени археолошки ископувања во три наврати (1952, 1954 и 1962 година) и откриени вкупно 16 гробови, меѓутоа сеуште не публикувани. Добар дел од гробните прилози, карактеристични за полното железно време, на различни места се објавувани и најчесто само каталошки обработувани. Благодарение на увидот во изворната документација од ископувањата, во оваа прилика имаме можност поцелосно да се запознаеме со оваа некропола.

Меѓу гробовите од големата источна некропола на римско Скупи,

како најстари се издвојуваат два гроба, кои се датираат во текот на VI век пр. н. ера.

Во селото Бучинци, во подножјето на раноантичката утврдена населба на локалитетот "Градиште" мештаните имаат откриено гроб од камени плочи со прилози на бронзен накит карактеристичен за VII век пр. н. ера.

Од реонот на Кумановската Бања потекнуваат два значајни наоди од VII век пред н. ера, кои би можеле лесно да припаѓаат на една иста некропола. Првиот наод претставува гробот во месноста "Бел Брег", а вториот група бронзени предмети од "Кумановската Бања" за кои не постои попрецизна локација, така што може само да се претпостави дека се работи за прилози од растурени гробови од иста некропола.

На останатите наоѓалишта од полното железно време во Скопско-Кумановската група (Орешани, Бразда, Катланово, Вржогрнци) откриени се само групи или поединечни наоди, најчесто карактеристични форми на бронзен накит. Меѓутоа, постојат доволно елементи што зборуваат дека и во овие случаи се работи за некрополи, поточно за прилози од растурени гробови. Во оваа смисла, најнеизвесни се наодите од локалитетите Ограда, с. Орешани и Градиште, с. Бразда. Во двата случаи се работи за бронзени предмети откриени од страна на мештаните, за кои непостојат доволно прецизни информации во врска со околностите на наоѓање, што има предизвикано различни интерпретации и дилеми по прашањето дали се работи за остави или за прилози од растурени гробови, како и тоа дали се во прашање кремации или инхумации.

Во последните години, на двата локалитети вршени се извесни археолошки интервенци со кои се чини се разрешени постоечките дилеми.[6]

На локалитетот Ограда кај Орешани јасно е документирана

---

6 Новоткриените наоди и документацијата од ископувањата во Орешани и Бразда се наоѓаат во Музејот на град Скопје, односно Музејот на Македонија, Скопје.

некропола со скелетни погребувања од полното железно време, како и постара некропола, со погребувања во урни од крајот на бронзеното време.[7] Познатите бронзи биле собрани со копање дупки за садници при што биле уништени гробови со скелетни погребувања.

Најверојатно слична била и ситуацијата со бронзениот накит од Бразда, кој во раноантичко време бил собиран од постарите, растурени гробови со намера да бидат претопени и наново исползувани. На ова наведува самата содржина на браздансkиот наод како и нејзиното место и услови на наоѓање. Според застапените форми наодот одговара на гробна спрема од еден побогат женски гроб, а според исказите на наоѓачот сите предмети биле најдени во еден керамичен сад, на просторот, каде со најновите ископувања се документирани металуршки печки и работилници од раноантичкиот период.

На југ од скопско-кумановскиот регион долж средниот тек на Вардар, како и по долината на Брегалница, откриен е најголем број некрополи од полното железно време (16) со вкупно испитани 105 гробови.

Најголем обем на истраженост е постигнат на могилната некрополата "Дабици", с. Сопот, северно од Велес. Со повеќегодишни археолошки ископувања на овој локалитет се испитани 11 тумули со вкупно 38 гробови, главно од VII и VI век пр. н. ера. Резултатите од ископувањата сеуште не се во целост публикувани. Меѓутоа, во оваа прилика имаме можност да ги сумураме сите моменти и да ги презентираме барем најзначајните наоди.

Од останатите некрополи на кои се вршени пообемни археолошки ископувања се издвојуваат познатите могилни некрополи од околината на Штип: "Криви Дол", село Радање и "Орлови Чуки", село Стар Караорман. Наодите од двете наоѓалишта, хронолошки го исполнуваат периодот на полното железно време. При тоа, посебно треба да се

---

[7] Археолошки ископувања изведени 1993 година од страна на Музејот на Град Скопје и К. Ристов на кого му благодарам за увидит во теренската документација

одбележи континуираната употреба на некрополата Орлови Чуки.

Во одредена врска со погребувањата во тумулите на Орлова Чука се доведуваат и гробовите во соседното "Горно Поле" во истото село Стар Караорман, кои ја продолжуваат употребата на овој простор за погребување до длабоко во V век пр. н. ера. Иако степенот на истраженост на овие некрополи не е голем, токму поради нивната континуирана употреба претставуваат едни од најзначајните некрополи за следењето на железнодопскиот развиток.

Слична ситуација е откриена и во околината на Виница. Таму се вршени ископувања на некрополата "Кршлански Гумења", и "Коколов Рид" кај селото Кршла. Притоа, на Кршлански Гумења се откриени 10 гробови, организирани под ниски могили од нафрлени камења или во конструкции-цисти од камени плочи, а на Коколов Рид, од петте регистрирање тумули испитуван е само дел од еден тумул. За жал, резултатите од овие ископувања, сеуште не се објавени. Меѓутоа, во оваа прилика имаме можност да ја користиме изворната документација и во добра мерка да го ублажиме овој недостаток.

На локалитетот Тикешински Лозја кај Кочани, со земјени работи за поставување водоводна мрежа како и со помали археолошки ископувања откриени се вкупно 11 гробови. Од нив досега се објавени само 4 гробни целини, кои зборуваат за поголема организирана некропола со гробови-цисти од камени плочи и скелетни погребувања со прилози, карактеристични, главно за VI век пр. н. ера.

Поедини некрополи и гробови од полното железно време по долината на Брегалница се јавуваат како посебен културен феномен, сместени во основите на големите римски могили. Во оваа смисла, на локалитетите Куново Чуки, село Оризари, врз постара некропола од VII пр. н. ера, поточно врз поедини тумули од оваа некропола, со низа погребувања во римско време биле подигнати големи могили. Познати се резултатите од ископувањата на две могили, во кои се откриени вкупно 7 гробови од полното железно време. Најверојатно слична ситација била откриена и со ископувањата на

античката могила на лок. Крст, село Таринци Штипско. За жал овие ископувања не се целосно публикувани па така располагаме само со информациите дека во могилата меѓу другото биле најдени и објекти, главно керамика од полното железно време.

Во околината на Велес позната е некрополата "Свилара" кај селото Долно Оризари, каде во 1952 година случајно биле откриените бронзени предмети за време земјените рабити од страна на работниците во фабриката за свила. Откриените наоди, карактеристични за VII век пр. н. ера, претставуваат прилози од неколку гробови, градени од камени плочи, во кои било извршено скелетно погребување.

Во Музејот на Македонија, Скопје се чува група предмети, откупени како наоди од лок. Градиште, с. Кнежје кај Свети Николое. Имено, со рамнење на теренот за потребите на изведување воени вежби во реонот на кнежјанското Градиште, биле откриени и растурени гробови од камени плочи. Меѓу прибраните наоди од страна на мештаните се наоѓаат, покрај предмети карактеристични за доцното железно време (лачни фибули од малоазиски тип, керамика и тд) и поедини бронзени приврзоци од полното железно време.[8] Според локацијата и репертоарот на наодите, несомнено се работи за некрополата од населбата на Градиштето, која се идентификува со најголемиот пајонски град Билазора. Некрополата била користена во текот на VII и VI век п. н. ера кога несомнено жителите од градиштето биле покопувани скелетно во гробови цисти од камени плочи.

И во регионот на Средното Повардарје и Брегалница постојат наоѓалишта каде на различни начини се откриени поедини наоди што можат да се сметаат за гробни прилози од растурени гробови. Такви се, наодите на бронзен накит карактеристичен за VII или VI век

---

8 Условите на откривање на овие наоди од Кнежје се готово идентични на ситуацијата со бронзените наоди од Градиштето во село Бразда, со тоа што за предметите од Кнежје постојат автентични податоци дека се работи за гробни прилози од растурени гробови-цисти со скелетни погребувања.

п. н. ера од: Голозинци-Велес, Немањици - Св. Николе, Стоби, Лески - Виница и Бабите-Стар Караорман.

Најповеќе гробови од полното железно време откриени се во Долното Повардарје или во подрачјето јужно од Демир Капија, по долината на Вардар. Од вкупно 257 испитани гробови, два се откриени кај железничката пруга во Демир Капија, додека сите други во Валандовско-Гевгелиската котлина. Таму се вршени ископувања, во различен обем на вкупно 8 некрополи, со најголем број гробови од VII и VI век пр. н. ера.

Меѓу нив, според нивото на испитаност, бројноста и интактноста на откриените археолошки појави најзначајна е некрополата во валандовското село Дедели. Во атарот на ова село, на неколку локации се откриени гробови од ова време, а најбројна и секако најзначајна е групацијата од 72 гроба во месноста "Мелезник". Резултатите од повеќегодишните археолошки ископувања во целост се публикувани, па така во неа имаме цврст ослонец за документирањето на појавите во врска со погребувањето кај долновардарските заедници. Сепак мора да се има во вид дека и покрај 98-те испитани гробови во Дедели, нивниот хронолошки распон е релативно тесен, при што се датират најповеќе во текот на втората половина на VII и почетокот на VI век пр. н. ера.

За разлика од деделската некропола на повеќе локации во Гевгелија и Гевгелиското Поле откриени се гробови кои покриваат пошироки хронолошки рамки. Заради големото пространство и повеќето различни локации на кои се откривани, овие гробови се познати како засебни некрополи и тоа: Сува Река, Милци и Раул.

Некрополата Сува Река зафаќа најголем простор - целата јужната периферија на Гевгелија, долж улицата Илија Мијов, во самото корито од долниот тек на Конска (Сува) Река, на нејзините брегови и во месноста Парагон. Таму се досега откриени вкупно 79 гробови, и бројни случајни наоди - гробни прилози. Еден дел од нив сеуште не е публикуван.

Неколку стотини метри на север и на исток од Сува Река, на

локалитетите Раул и Милци откриени се други групи на гробови со истите карактеристики. На некрополата на Раул најдени се 4 гробови од кои се публикувани само прилозите од 2 гроба, откриени од бугарскиот истражувач Р. Попов уште во 1913 година. Другите два, неодамна испитани гробови, сеуште не се објавени.[9]

На спротивниот, источен брег на Вардар на локалитетот Милци вршени археолошки ископувања во два наврати (1979 и 1983 година ), при што се откриени вкупно 59 гроба. Гробовите од првата истражувачка кампања (45) во добра мерка се публикувани, додека резултатите од втората кампања ќе ги опфатиме во оваа прилика. Во споредба со другите соседни некрополи, датирањето на гробовите од Милци се движи во поширoки хронолошки рамки, од последните децении на VIII до V век пр. н. ера, при што најголемиот број гробови се од полното железно време.

Некрополи со идентични карактеристики, откриени се и кај селото Хума, на Кожув Планина (1 гроб), на лок. Бишов Јавор, село Смоквица (3 гроба), во селото Марвинци (13 гробови) и на локалитетот "Глос", село Грчиште (2 гроба ).

Наведените некрополи од Долновардарската група најинтензивна употреба остваруавале во текот на полното железно време. Само десетина гробови, (во Милци и Сува Река) можат да се датираат после средината на VI век п.н.е, во доцноархајскиот период. Ако на ова се додадат и гробовите од истовремените соседните некрополи на грчка територија, пред се Чаушица и Бохемица, тогаш Долното Повардарје секако се вбројува меѓу најдобро документираните региони на Балканот што се однесува до погребувањето во текот на полното железно време.[10]

---

[9] За увидот во документацијата и добиените информации му благодарам на колегата К. Ристов.

[10] Bouzek J.1974,278-288. Ray L.1932

## 3. ГРОБНИ ФОРМИ И ОБИЧАИ

Иако по доста елементи се разликуваат од погребувањата во претходниот-преоден период некрополите од железното време не можат да се сметаат за нов тип, со нови погребни обичаи. Тие претставуваат само нова етапа во животот на скелетниот начин на погребување од претходниот период. Велиме на скелетниот, бидејќи спалувањето во урни повеќе не се практикува, а инхумацијата се востановува како општ и единствен погребен ритуал кај македонските заедници низ целото железно време. Гробните форми, во иста мерка претставуваат продолжение на појавите од претходниот период. Конструкциите-цисти се најзастапена гробна форма, посебно кај рамните некрополи. Единствено кај гробовите организирани под могили се јавуваат конструкции од обични камења само покриени со камени плочи, што е секако резултат на особеностите на овој специфичен начин на погребување.

Накусо ќе се задржиме на подобро документираните гробови од пораните некрополи како би ги илустрирале и надоградиле наведените констатации.

Гробовите од "Попадин Дол" и "Ракида" имаат исти карактеристики како и постарите цисти од преодниот период - долги конструкции околу 2 метри, оградени и покриени со камени плочи. Покрај гробните прилози, единственото што ги издвојува од постарите цисти е полагањето на покојниците, наместо во згрчена во испружена положба, какви што се и сите други железнодопски погребувања.

Погребувањето во цисти се среќава и во могилните некрополи, а најдобар репрезент на тоа тумулот од Висои, Беранци кај Битола. Таму, најстариот централен гроб, со згрчено погребување е од преодниот период, додека останатите гробови со пружена инхумација од железното време, при што не постојат никакви констриктивни разлики. И централниот и останатите гробови, градени се на ист начин, со исклучок на најмладите цисти кои веќе излегуваат од

вистинските железнодопски рамки и носат касноархајски белези.

Мора да се одбележи дека за разлика од гробните форми од преодниот период, кога се јавуваа различни варијанти, од обични гробни јами само покриени со камени плочи до совршено градени цисти од убаво обработени камени плочи, во железното време среќаваме голема унифицираност. Без разлика дали се работи за гробови-цисти организирани во рамни или могилни некрополи сите се еднакво и секогаш оформени од повеке необработени камени плочи.

Присуството на еден основен гробен тип на конструкции-цисти низ железното време зборува за веке цврсто оформена погребна идеологија на основите од бронзеното време и преодниот период. Од друга страна, уште повеќе е индикатор за еднаквите потреби и индивидуални можности во согласност со новите општествено-економски чинители, во кои немало место за одредена диференцијација. Сите фактори кои ја условуваат појавата на еден гробен тип биле единствени за сите заедници, што може да се користи како јасен показател за општите и воедначени стандарди и услови на живеење и тоа доста редуцирани во однос на претходниот период.

Во врска со останатите погребни обичаи во текот на раната фаза на железното време немаме многу сигурни податоци со оглед на тоа дека се работи главно за случајно откриени гробови. Сепак известно е дека основните обичаи при скелетниот начин на погребување од претходниот период живеат и во ова време со тоа што покојниците биле полагани на грб, во испружена положба. Многу повеќе детали откриваме во нешто помладите и далеку поистражувани некрополи од полното железно време. Сепак, со оглед на регионалниот културен развиток во ова време не можеме доволно документирано и синхроно да го следиме општиот развитокот на погребните форми и обичаи и сите промени што се јавуваат притоа. Така, поради различните регионални предиспозиции и различниот степен на истраженост се чини најдобро да ги разгледуваме во рамки основните истражувани региони.

## А. ДОЛНОВАРДАРСКИ РЕГИОН

Бројните гробови и нивната церста хронологија, која во целост го покрива полно железно време, овозможуваат во Долното Повардарје да имаме најкомплетирана слика по прашањето на гробните форми и обичаи.

Основна гробна форма во овој регион е конструкцијата - циста од камени плочи, иако во истите некрополи се среќаваат и поедини конструкции од нафрлени аморфни камења или ретки погребувања во поголеми керамички садови-питоси.[11] Во било кој случај, се практикува пружена инхумација со рацете покрај телото или благо свиткани на стомакот.

Разликите во гробните конструкции, констатирано е дека имаат и посебни хронолошки вредности. Така, кај постарите погребувања, некаде до средината на VII век пр. н. ера доминира погребувањето во гробови од нафрлени камења, додека во текот на втората половина на VII век пр. н. ера и низ VI век вообичаено било погребувањето во цисти од камени плочи.[12] Ова најдобро го покажуваат гробовите во Чаушица - најстарата некропола во групата. Таму се доминантни гробовите од нафрлени аморфни камења додека само за најмладите погребувања биле формирани конструкции од камени плочи.[13] Истото го потврдуваат и погребувањата во Валандовско - гевгелиската котлина, каде најстарите гробови (гробовите 31/35 и 56 во Милци, како и гробот 55 во Дедели) претставуваат конструкции од аморфни камења, едноставно нафрлени врз покојникот. Останатите гробови кои зафаќаат над 90% од погребувањата во долноварпарските некрополи и ја исполнуваат втората половина на VII и целиот VI век пр. н. ера претставуваат конструкции цисти од необработени камени плочи.

Во врска со односот на ове два гробни типа, важно е да се има

---

[11] Митревски Д.1991-а,40-41

[12] Митревски Д.1991,Сл.1,2; Истиот 1991-а,69

[13] Casson S.1919-21; Истиот 1923-25; Hammond N.G.L.1982,652, Bouzek J. 1991,286

пред вид дека и покрај формалните разлики, во суштина сепак се работи за еден-ист ритуал и обичај на погребување. Дали претходно ископаната јама била исполнета со аморфни камења или покојникот во неа бил заштитен со внимателно градена конструкција од камени плочи, зависело од повеќе, главно надворешни фактори, кои како еден вид мода, во различни времиња, повеќе или помалку доаѓале до израз. Во секој случај овие разлики не биле предизвикани од некои посериозни причини, како што се на пример промените во етничкиот состав на населението. Гробовите од нафрлени камења, и во Милци и во Дедели целостно се инволвирани во организацијата на некрополата и одржувале напосредни контакти со соседните гробови-цисти, со тоа што само по гробните прилози се издвојуваат, како постари (Фот. 10)

Практиката на засипување на покојникот со могилка од аморфни камења била напуштена некаде во текот на втората половина од VII век пр. н. ера. и била заменета со формирањето на цисти од необработени или делумно обработени камени плочи од зелен лискун, со кого изобилува околината.

Овој процес одел постепено и бил спроведуван од истата заедница, за што најилустративни примери наоѓаме во Дедели. Таму, во текот на втората половина од VII век биле градени цисти од камени плочи иако сеуште не биле излезени од употреба старите конструкции од аморфни камења (гробовите 55 и 53). Во исто време се среќава и еден вид преодна форма во чие формирање биле употребени како аморфни камења така и камени плочи (гроб 74) [14]

За начинот на градење на гробовите - цисти, најповеќе податоци повторно наоѓаме во во деделската некрополата. [15] Во нивното формирање биле користени камени плочи, кои луѓето од Долно Повардарје ги собирале - со кршење и делкање од непосредната околината. Во зависност од димензиите на гробот биле користени

---

[14] Митревски Д.1991-а, Сл.39,Сл.42

[15] Митревски Д.1991-а,40-41

различен број на камени плочи. Од нив биле формирани гробни конструкции во претходно ископаната правоаголна јама. На фронталната страна, кај главата на покојникот и на спротивната, кај нозете, биле редовно поставувани по една плоча, кои ја одредувала ширината на гробната комора, нешто поширока кај главата отколку кај нозете (Фот. 11). На подолгите страни од јамата, со помош на покрупни камења, поставувани на составите на плочите од надворешната страна на комората, биле вертикално фиксирани најчесто по 2-3 плочи. За поголема цврстина на конструкцијата, комората била пополнувана со земја, до една третина од длабочината. На ова ниво, било поплочено или не, биле полагани покојниците и сите прилози.

Покрај гробовите од нафрлени камења и конструкциите-цисти во Долното Повардарје, за разлика од другите рагини се јавуваат и погребувања во керамични садови - питоси и тоа во: Дедели (2 гроба), Марвинци (2 гроба), Сува Река (2 гроба) и Милци (1 гроб) (Фот. 12).[16] На основа скромните гробни прилози, овие гробови се датираат во текот на VI век пр. н. ера и можат да се сметаат за појави предизвикани од засилените контакти со областите на југ.

Со економскиот растеж на долновардарската група се шределе можностите и потребите за контактирање и потесно поврзување, со Северна Егеја и Халкидик, поточно со тамошните грчки колонии. Од таму лесно можеле да се преземат одредени идеи и новости, применливи и во сферата на погребувањето. Во северноегејските области, како гробна форма питосите ги среќаваме уште во претходните векови, употребувани во тумулите од Вергина, со живот низ архајското до хеленистичко време (Халкидик, Тасос и т. н.)[17]. Од друга страна, во нашиот регион се појавуваат инцидентно употребени и инволвирани меѓу останатите гробови цисти од VI век (во Сува

---

[16] Георгиев З.1984, Сл.8; Митревски Д.1991-а,Сл.49,39

[17] Andronikos M.1966, :Koukoly-Chrisantaki Ch.1977, Arh.Delt.27, 451, Pin.450. Daux G.1981. BSH 1981-II.831

Река и Милци). индикативна е ситуацијата во Дедели, каде два гроба-питоси се откриени во издвоена група, на 300 -тини метри јужно од групацијата гробови во месноста Маелезник. Според прилогот на железен махароиден меч во гробот 6А, овие гробови биле закопани во време кога локацијата Мелезник веќе не се употребувала за погребување, секако во текот на помладата фаза од полното железно време.

На ова место, мораме да се вратиме на гробовите-цисти и на прашањето за нивната поврзаност со постарите вакви гробови од преодниот период во Повардарјето. Со други зборови мораме да се прашаме во која мерка и дали воопшто можат цистите од полното железно време по Долен Вардар да се сметаат за нова форма во овој регион.

Во времето пред почетокот на големите миграции од север по долината на Вардар било практикувано погребување во гробови од камени плочи, градени готово на идентичен начин како и цистите од полното железно време, со тоа што во нив покојниците биле полагани во згрчена положба (Водовратски Пат-Водоврат, Димов Гроб - Уланци). Во текот на раното железно време, веќе го одбележавме Повардарјето како регион во кој најдрастично се почуствувале последиците од овие немири. Биле создадени нови и неблагодарни услови на живеење, поради што бројот на населението знатно опаднал. Ретките и осамени гробови (Будур Чифлик-Демир Капија и Тремник-Неготино) само ја потврдуваат ваквата констатација и покажуваат дека старите конструкции цисти сепак не биле заборавени. Меѓутоа, дури откако се создале стабилни и поволни услови, како и потреби за слегување од високите, непристапни но сигурни позиции и запоседнување на пониските и поотворени области покрај главните комуникациите, почнале да се формираат, новите населби и големи некрополи со погребувања на стариот начин, во конструкции-цисти.

Овој процес течел различно во различни региони во зависност од динамиката во општествено- економскиот развиток. Потребите на

новото време за развина металургија, предизвикале концентрација на население во поедини региони со богати рудни ресурси, како што е Долното Повардарје. Од тука невообичаеното и нагло зголемување на бројот на населението во Валандовско-гевгелиската котлина во текот на VII век пр. н. ера. Благодарение на металушката дејност бил остварен брз економски растеж кој обезбедил во Долното Повардарје стабилен живот и услови за несметано негување на старите културни вредности, меѓу кои и на обичајот на погребување во конструкции-цисти од камени плочи.

Погребните обичаи и разните ритуални дејствија, кои се документирани во некрополите од Долновардарската група уште повеќе ја истакнуваат поврзаноста на гробовите цисти со старите вакви конструкции од преодниот период. Во таа смисла, кај сите некрополи, на кои се вршени пообемни археолошки ископувања откриени се истите појави, кои, како погребни обичаи веќе ги одбележавме во врска со некрополите од преодниот период. Такви се: повеќекратно погребување во еден гроб, оставање дарови вон гробните конструкции - посебно садови со жртвена храна, половите особености во начинот на погребување, начинот на прилагање на гробните прилозите и сл.

Голем број од гробови-цисти, во Дедели, Сува Река, Милци и другите некрополи биле на два или три пати користени, поточно во нив се откриени скелетни остатоци од различни покојници . Притоа, на веќе познатиот начин, остатоците од постариот покојник биле собирани настрана да се направи место за новиот покојник, а потоа истите биле полагани, најчесто кај нозете на новиот покојник.[18] Во недостаток на простор, дел од постарите скелетни остатоци или постарата содржина можела да биде извадена и надвор од гробната конструкција . Таков е случајот со неколку гробови во Милци, во Дедели или Сува Река, но и во некрополите од преодниот период во

---

18 Митревски Д.1991-а,41-42, Сл.20,28,32

Водоврати и Уланци.[19]

Во некрополата Дедели е откриен и еден редок пример на погребувањето на две особи, една врз друга, во гробот број 20, што по многу нешта е сроден со погребувањата во гробот 19 во Водовратски Пат-Водоврати.

Оставањето жртвена храна на одредени места, покрај одредени погребувања или група на гробови, најчесто во форма на керамички садови погодни за таа намена, претставува вообичаена појава во долновардарските некрополи. Најдобро е документирана во некрополата Милци, каде на неколку места во рамките на некрополата се пронајдени групи од најчесто по два керамични сада.[20] И оваа појава ја познаваме од постарите некрополи, посебно во Уланци, каде често пати, садови со жртвена храна биле оставени до самите гробови, во нивното покривно ниво.

Посебно одбележување заслужува наодот на жртвувана коза или овца од Дедели. Таму, во посебна конструкција од нафрлени камења (гроб 80), откриен е обезглавен скелет на овца или коза, секако жртвувана во чест на целата групација гробови во Мелезник.[21]

Останатите појави во рамките на погребните обичаи и рутуали кај долновардарското население се поврзани со начинот на полагање на покојниците и гробните прилози.

Благодарение на извршената антрополошка анализа на скелетниот материјал кај некрополите од преодниот период констатиравме различно полагање на машките од женски покојници. Сродни манифестации се откриени и во некрополите од VII и VI век во Долното Повардарје. Иако таму непостојат услови за целосна антрополошка анализа, сепак на основа потврдените предмети од машки или женски карактер се приметува различна ориентираност на

---

19 Георгиев З.1980, Митревски Д.1991-а,

20 З.Георгиев 1980,

21 Митревски Д.1991-а, Сл.45

машките од женски погребувања, секако во рамките на своите групи.

Гробовите во повардарските некрополи биле тесно поврзани меѓу себе, организирани во помали фамилијарни групи. Во тие рамки машките покојници биле полагани во спротивен смер во однос на женските. Ова е највидливо во распоредот на гробовите од Дедели, а констатирано е и во некрополата во Сува Река – Гевгелија.[22]

Во врска со начинот на прилагање на гробните дарови се издвојуваат предметите што не се лична спрема на покојникот. Тоа се садови, специјално изработени за погребни цели, кои по правило се полагаат или покрај нозете на покојникот или во пределот околу карлицата. Во некрополата во Дедели овие садови прават обавезна гробна гарнитура составена од бокал, за течна храна и поотворен сад-шолја за тврда храна.[23] Во текот на VI век се јавуваат и поразвиени форми на садови, меѓутоа нивната место и улога во погребниот ритуал останува ист.

Од сето ова произлегува дека погребните обичаи и ритуали во текот на полното железно време во долновардарската група се јасно определени и строго канонизирани, со што претставуваат израз на цврсто оформена погребна идеологија. Тие се секако резултат на повеќевековниот развиток, уште од бронзеното време и посебно по прифаќање на придобивките од преодниот период.

## Б. СРЕДЕН, ГОРЕН ВАРДАР И ДОЛИНАТА НА БРЕГАЛНИЦА

Погребните обичаи и појавите на разни остатоци од ритуалните дејства во некрополите долж средното и горно течение на Вардар, како и во Источана Македонија, посебно по долината на Брегалница, во голема мерка се воедначени со што овозможуваат глобално да ги посматраме, секако во рамките на двата основни начини на погребување – под тумули и во рамни некрополи.

Најпрво, мораме да го истакнеме единствениот ритуал на

---

[22] Митревски Д.1991-а, План 1 ;Ристов К.1993,99-100

[23] Митревски Д.1991-а,42-43

скелетно погребување во испружена положба, како во тумуларните така и во рамните некрополи. Ова затоа, бидејки во литературата се провлекуваат одредени дилеми, пред се во врска со погребувањата во некрополите "Дубиче", с. Волково и "Ограда", с. Орешани кај Скопје. Непубликувањето на резултатите од ископувањата во Волково услови да се јават претпоставки во врска со околностите на наоѓање на поедини предмети и на одредени појави на спалување - простори исполнати со гар и пепел, што биле откриени во рамките на некрополата.[24] Меѓутоа, во изворната документација од овие ископувања, не само што не е документиран ниту еден гроб со спалување туку јасно се определени сите 16 откриени гробови како скелетни погребувања во конструкции од камени плочи - цисти (Фот. 13 и 14). За ова зборува и единствениот досега публикуван гроб, гробот-циста објавен 1929 година од К. Трухелка.[25]

Во случајот со Орешани, на основа поедини наоди на садови со пепел и коски, откриени од мештаните, изнесена е претпоставката за егзистирање на некропола со биритуален начин на погребување или за постоење како на гробови со кремација во урни така и на скелетни погребувања.[26] Меѓутоа, со најновите ископувања, утврдено е дека на овој локалитет всушност егзистирале две различни некрополи. Од една страна откриена се гробови со спалени покојници во урни, од преодниот период, а од друга гробови со скелетно погребување од полното железно време. Познатите бронзени предмети, публикувани во неколку наврати и неретко објаснувани како остава претставуваат собрани наоди од неколку растурени гробови од некрополата со скелетни погребувања од VII-VI век пр. н. ера.[27]

---

[24] Kilian K. 1975,

[25] Трухелка К. 1929,

[26] Пашиќ Р. 1978-а, ; Kilian K. 1975-a, Tf. 57

[27] Kilian K. 1975-a, Taf. 57. На раководителот со најновите ископувања во Орешани, К. Ристов, археолог во Музејот на Град Скопје му должам благодатност за увидот во теренската

Со оглед на близината на Скопско-Кумановскиот регион до Косово, каде спалувањето важи за традиционален начин на погребување, постоеше основа и во Скопско да се претпостават можни погребувања со спалување.[28] Меѓутоа, досега во овој регион не е откриен ниту еден гроб со спалување од железното време. Напротив, сите, на некој начин испитувани некрополи (Волково, Скупи, Орешани, Бучинци, Кумановска Бања) се скелетни, со што битно се разликуваат од истовремените некрополи на север во кои доминира ритуалот на спалување на покојниците. Затоа не е воопшто прифатливо издвојувањето на областите: Северна Македонија, Источно Косово и Јужна Морава, во единствена културна група, направено од Р. Васиќ.[29] Едностано, и покрај сличностите во материјалната култура, при толку голема хетерогеност во основните погребни ритуали и обичаи тешко е да се смета на таквата можност. Од друга страна, непостои основа на било кој начин Скопско-Кумановскиот регион да се издвои од појужните области долж Повардарјето и долината на Брегалница. Како што ќе видиме во натамошниот текст, едни исти се погребните и други културни манифестации за целиот овој регион - до Демир Капија на југ, во основа спротивни на погребувањата на север, во Источно Косово и по Морава, а сродни со појавите во веќе разгледаниот Долновардарски регион и Пелагонија.

Погребувањето по Среден Вардар и долината на Брегалница, во текот на полното железно време претставува одржување и натамошно развивање на формите и обичаите од претходниот период на раното железно време, секако со многу појак интензитет, посебно во текот на VII и VI век пр. н. ера. Во исто време се среќаваме со некрополи чии гробови се организирани под тумули-могили, како и со погребувања во рамни некрополи со гробови цисти.

Меѓу могилните некрополи, поради својата подлабока

---

документација и материјалот.

[28] Vasić R, 1987, 683

[29] Vasić R. 1987, 673-689

хронологија, посебно внимание заслужува некрополата на Орлови Чуки, кај штипското село Стар Караорман.[30] Таму, погребувањето започнало уште во раната фаза на железното време, додека најголемиот број гробови припаѓаат на полното железно време. Според архитектонските белези и внатрешниот распоред на гробовите, повеќето од истражените тумули во Орлова Чука припаѓаат на родовско-клановски тип, со најстар - централен гроб и повеќе следни погребувања, радијално распоредени и ориентирани со главата према него (Сл. 20).[31]




*Сл.20 Основи и пресеци на тумули од Орлова Чука, Стар Караорман*

[30] Микулчиќ И.1960-61; Пашиќ-Винчиќ Р.1972;Kilian K.1975-a,Taf.43-45

[31] Микулчиќ И,1960-61, Пл.1-3; Пашиќ-Винчиќ Р.1972,Пл.1

Во централните гробови не се откриени некои позабележителни наоди, па сепак по многу нешта тие се издвојуваат од останатите погребувања. Во централниот гроб во тумулот VI откриени се керамични садови со карактеристики кои упатуваат на на раната фаза на железното време, додека централните гробови во тумулите IV и V со своите големи апсидални конструкција асоцираат на придобивките од егејското бронзено доба.[32]

За останатите гробните форми биле користени камења и кршени камени плочи, собирани од околниот терен, кој нудел убави можности за тоа. Според начинот на нивната употреба И. Микулчиќ има воочено три типа на гробови, кои воедно значат основни гробни форми во тумулите од полното железно време во овој регион:[33]

а. Кај првиот тип ѕидовите на гробот биле правени од кршен камен, така што формирале венец, кој ја заградувал елипсовидно-правоаголната основа на комората. Нејзиното дно било поплочено, исто така со парчиња од кршен камен. Капакот врз комората бил образуван од тенко-цепени камени плочи, наредени во подебел слој. Врз вака оформениот гроб биле нафрлени неколку слоја поситен камен, кој ја покривал целата конструкција во форма на хумка.

2. При вториот тип, ѕидовите на гробот биле направени од тенки плочи наслагани во слоеви една врз друга со што заградувале правоаголна комора. Дното и поклопецот на комората исто биле направени од тенки камени плочи наредени во неколку слоја. Врз сето ова повторно се насипувала ниска хумка од ситно камење.

3. За разлика од првите два начина, во градбата на овој тип гробови биле користени делумно обработени поголеми камени плочи, од кои биле формирани конструкции-цисти. Дното, како и поклопецот на вака правилно формираната правоаголна комора било направено од ред камени плочи, а преку поклопецот биле исто така нафрлени

---

[32] Miler S.1989, Fig 14,26; Пашиќ-Винчиќ Р. 1972, Сл.1

[33] Микулчиќ И. 1960-61,

поситни камења.

Преку гробните форми во тумулите од Орлова Чука всушност се запознаваме со основните конструкции на гробови од Полното железно време во овој регион, без разлика дали се тие организирани во могилните или рамни некрополи. Иако постојат различни изведби кои варираат од микрорегион до микрорегион сепак во основа се работи за гробни форми чиј понатамошен развиток, низ полното и доцно железно време можеме да го следиме преку погребувањата во останатите некрополи.

Гробовите во останатите тумуларни некрополи само ја потврдуваат сликата за споменатите гробни форми, кои во основа се делат на конструкции од аморфни камења и конструкции - цисти од камени плочи.

Покрај тумулите во Орлова Чука, цисти се откриени и во тумулите од Куново Чуки, во с. Оризари кај Кочани но и во могилните некрополите на "Бабите" и "Горно Поле" кај Штип. [34]

Интересна е ситуацијата во Куново Чуки, каде се вршени археолошки ископувања на две од големите римски могили (Могила II и III), во чии основи се откриени помали тумули од Полното железно време (Сл. 21). [35] На овој локалитет секако се наоѓала могилна некропола од железното време, од која се сочувале само оние тумулите врз кои, во доцното римско време биле подигнати големи Могили (Фот. 15). Поедини гробови во железнодопските тумули биле градени од камени плочи (гроб 2 од Могила III и централниот гроб во могилата II), а на основа поедините хронолошки осетливи прилози, овие тумули се датираат во текот на VII век пр. н. ера (Сл. 21).

---

[34] На локалитетот Бабин Рид, на самата периферија на Штип, од еден оштетен тумул, потекнува наод на три бронзени фибули, една наочареста и две лачни фибули. На основа бројните камени плочи, расфрлени во раскопаните делови од тумулот со сигурност може да се смета дека погребувања биле во конструкции-цисти од делумно обработени камени плочи.

[35] Санев В. 1978, Митревски Д.1990, 59-77




Сл.21 Железнодопски тумули под римските могили од "Куново Чуки"-Оризари кај Кочани

Гробовите од нафрлени аморфни камења познати се од некрополата Криви Дол, Радање кај Штип.[36] За жал, наспроти богатите наоди на гробни прилози од оваа некропола, податоците за начинот на погребување и гробните форми се ограничени. Ништо повеќе информации во овој правец не можеме да добиеме ни од другите вакви некрополи како: Горно поле - Стар Караорман, Бел Брег - Кумановска

[36] Гарашанин М.-Гарашанин Д.1958-59,24-27

Бања, Крилански Гумења - Кршла и т.н. На сите нив се изведуванни мали археолошки интервенции на ограничен и знатно оштетен терен, така што се откривани само сегменти од гробните конструкции, од кои можат да се извлечат само основните елементи во врска со начинот на погребување. Во сите случаи се работи за инхумурани покојници во испружена положба во конструкции од нафрлени камења, со тумуларни белези.

Покојниците биле поставувани на примарниот хумус, често на поплочена површина и биле оградувани со покрупни камења. Ваквата конструкција можела да биде покриена со камени плочи, а преку неа, со нафрлање на аморфни камења бил формиран еден вид ниска могилка. Ваквите могилки најчесто покриваат по едно погребување, меѓутоа во поедини ситуации можат да се сретнат и повеќе скелети. Таков е примерот со гробот 5 од Радања каде се откриени 4 погребувања, кои се документирани како 4 скелети во еден гроб (Сл. 22).




Сл.22 Гроб 5 од некрополата Криви Дол, Радања кај Штип

Сите скелети во овој гроб биле положени во ист правец, на подлоги од камени плочи, меѓусебно одвоени со ред од камења, така што не може со сигурност да се одговори дали се работи за еден или четири засебни гробови.

Вреднувањето на овој тип некрополи и гробови сеуште е засновано главно на резултатите од ископувањата во Радања, каде поради големите оштетувања на теренот не можат во доволна мерка да се согледаат вистински елементи на гробните форми, начинот на погребување и погребните обичаи. За жал, и покрај тоа долго време гробовите од Радања погрешно се интерпретирани како ниски хумки од грубо нафрлени камења, а со тоа и како посебен - нов гробен тип во полното железно време.[37] Така определени, М. Гарашанин ги поврзува со ваквите конструкции од Гласинац, од што имаат произлезено низа проблеми во хронолошкото, културно па и етничко вреднување на железно време по долината на Брегалница.

Проблемите се појавија најповеќе поради потребата да се објаснат така создадените не мали разлики во начинот на погребување меѓу двете соседни некрополи во Криви Дол - Радање и Орлови Чуки Стар - Караорман, кои се наоѓаат на само 4 км растојание една од друга. За таа цел изнесувани се толкувања за евентуални разлики во хронологијата или во културната определба на овие две некрополи, а постои дури и претпоставка дека се работи за различни носители, па така некрополата во Орлова Чука би припаѓала на Дарданските а Радање на Пајонските заедници.[38] При тоа, токму поради гробни конструкции и начин на погребување во Радање, неретко се потенцира наводната сродноста на Пајоните со носителите на гласиначката култура или можниот илирски елемент во нивната генеза. Требаше да помине долго време, да се откријат и други наоѓалишта, интактни ситуации и наоди во овој регион за да се согледа недоволната заснованост на ваквите теории.

[37] *Гарашанин* М.1975;Garašanin D.1991,86

[38] Гарашанин М. 1971, Garašanin D,1976-a,175

Начинот на погребување и гробните конструкции од Радање денес веќе не можат да се третираат како појави кои битно се разликуваат од некрополата Орлова Чука. Напротив, постојат цврсти показатели дека конструкциите од Радање всушност претставуваат остатоци од гробови кои биле под заеднички могилен насип, меѓутоа, прекопани уште пред половина век од сопственикот на нивата и други нестручни луѓе, со цел да се соберат металните предмети и продадат на музејот во Штип. Какви биле овие конструкции ни покажуваат резултатите од ископувањата на соседните некрополи кај селото Стар Караорман или новооткриените наоди од "Бел Брег" кај Куманово и посебно истовремената некрополата во "Дабици" село Сопот кај Т. Велес.

Во Бел Брег, кај Куманово се откриени остатоци од кружниот ограден ѕид, а во Горно Поле се зборува за тумули блиски до тумулите од Орлови Чуки.[39] И во самата Радањска некропола, ситуацијата со споменатата конструкција на гробот 5 ја поткрепува ваквата можност. На јужниот крај од оваа конструкција евидентен е лачен сегмент на ѕид од покрупни камења кој упатува на кружен ограден ѕид што ги затварал евентуалните гробови во внатрешноста (Сл. 22).

Поради строго ограничениот обем на ископувањата наведените примери претставуваа само индиции за можниот поинаков карактер на конструкциите од нафрлени камења. Дури со откривањето и ископувањата на некрополата Дабици, село Сопот кај Велес, се отвори можност проблемот на овој тип некрополи да се реши на задоволителен начин.[40]

Во Дабици се' работи за голема тумуларна некропола, на која,

---

[39] Георгиев З.1978, 70 ;Микулчик И.1960,98

[40] Прелиминарно е публикуван само првоистражениот тумул од страна на Народниот Музеј, Т. Велес (1985год), како и презентирани основните резултати од ископувањата ископувањата од 1986-1989 година на Првиот Симпозиум за тумаларни погребувања во Југоисточна Европа во Казанлак 1993 год.;Petacki G.1986,71; Mitrevski D.(vo pecat)-c,

според густината на тумулите во истражениот дел и нивното простирање можат да се предвидат над стотина тумули (Фот. 16). Од нив се истражени вкупно 11 тумули, со материјал што се движи во хронолошките рамки на VII и VI век пр. н. ера (Сл. 23).




Сл. 23 План на дел од некрополата во Дабици, с. Сопот

И покрај релативно малиот степен на испитаност, сепак сликата за начинот на погребување, гробните форми и погребните обичаи во Сопот е доста воедначена и доволно јасно документирана. Инхумацијата е единствен ритуал на погребување, а конструкциите градени од аморфен камен - белутак и тенки камени плочи претставуваат основна гробна форма (Фот. 17 ). По неколку гробови (од 2 до 7), ориентирани во ист правец, по линија Север-Југ формирале еден тумулус, кој можел да има пречник од 5 до 10 метри и височина до 1 метар. Тумулите или просторот за погребување бил редовно ограден со прстен од крупни белутрачки камења. Откриени се бројни наоди, остатоци од различни ритуални дејствија за време погребувањето и по него, како и доволно елементи за реконструкција на начинот на погребување и процесот на формирање на тумулот.

Гробовите биле градени на површината на земјата, со формирање на правоаголно - елипсовидни конструкции поточно венец од камења белутраци, кој заградувал гробна комора во која покојниците биле полагани во испружена положба. Дното на комората можело да биде поплочено со бели плочести камења. По извршеното полагање, гробот бил редовно затворан-покриван со тенки камени плочи. Врз сето ова биле нафрлани ситни речни камења, со што се постигнувал еден вид ниска могилка од нафрлени камења, конструкција блиска со гробните форми од Радање.

На некрополата Дабици, Сопот откриени се и бројни други наоди и интактни ситуации, што овозможуваат во голема мерка да го реконструираме процесот на формирање на тумулите. Тие се формирале со низата погребувања во однапред одредениот кружен простор, одбележан со прстен од крупни камења - белутраци. При секое извршено погребување, се изведувале ритуални дејствија со кршење на керамични садови и оставање жртвена храна помеѓу гробовите. Често пати, поради ограничениот простор имало потреба од отварање на стариот гроб и полагање на уште некој покојник во истата конструкција. Со исполнувањето на целиот внатрешен простор на тумулот, поточно, дури по извршеното последно погребување, врз

гробовите бил насипуван заеднички насип и така формиран тумулус. Периферниот кружен ѕид од крупни камења ја чувал сакралноста на внатрешниот простор но и го одржувал насипот, со што го штител тумулот од развлекување. За ова најмногу податоци пружа Тумулот X, во кој погребувањата биле извршени само во неговиот западен и јужен дел. Останатиот простор е празен, без никакви културни остатоци и тумуларен насип, така што веднаш под современиот хумус е откриено нивото на протохумусот (Сл. 24). Очигледно во овој дел никогаш не биле извршени погребувања и покрај предвидениот простор за тоа. Од тука и самиот тумул останал не дооформен во целост.




Сл. 24. Основи на Тумулите X и XI од некрополата Дабици, Сопот

Слична ситуација е откриена и кај Тумулот I од некрополата на Орлова Чука, Стар Караорман, каде со два гробни конструкции е само најавено формирањето на тумул кој никогаш на бил довршен.[41]

Во тумулите од Сопот откриени се бројни наоди на фрагментирани садови на разни места во насипот над гробовите, групирани помеѓу гробовите или меѓу камењата во самиот ограден sид. Најголемиот број се расфрлани делови од керамични садови најповеќе како резултат на одредени ритуални дејствија изведувани над гробовите, при што само во насипот од тумулот VIII се откриени фрагменти од 50-тина различни садови. Целите садови, оставани во слободниот просторот помеѓу гробовите можат да се протолкуваат како жртвена храна во служба на поедини погребувања. Оваа појава веќе ја спомнавме како честа манифестација, која, сепак подобро може да се документира во рамните некрополи.

Посебно внимание заслужува појавата на оставање жртвени садови на одредени места, од надворешната страна на тумулите, како резултат на сваќањето и третманот на тумулите како единствен гробен објект. Оваа појава е регистрирана кај сите истражени тумули во Сопот, а најилустративен е примерот со наодите околу тумулот IV.

Околу целиот овој тумул долж оградниот sид од надвор, откриен е тесен појас, поплочен со тенки камени плочи на кои биле оставани жртвени садови, секако во служба и чест на целиот тумул. Сродни појави откриени се и во некрополата на Орлови Чуки, а како израз на истата идеја и верувања може да се смета и животинската жртва во некрополата Дедели, посветена на групацијата гробови во Мелезник.[42]

Тумулите како единствени гробни објекти биле почитувани и со вкопување големи складишни садови - питоси најчесто во просторот помеѓу два тумула. Готово на сите вакви места во истражениот дел

---

41 Микулчиќ И.1960-61,Пл.3-б

42 Mikulčić I.1960-61. 55 ; Митревски Д. 1991-а, сл.45,42

од некрополата во Сопот е откриен по еден питос (помеѓу Тумилите III и IV, IV и V, X и XI).

Во тумулите од Сопот откриени се и неколку ситуации на повеќекратното погребување во една гробна конструкција. Тоа се изведувало на вообичаениот начин со собирање на остатоците од стариот покојник и ослободување простор за новиот. Меѓутоа, со оглед на типот на гробните конструкции, со секое ново погребување тие ја менувале својата примарна форма и диспозиција, мореле да се прошират и наново да се затворат со нови камени плочи. Најубави примери за ова се гробот 5 во Тумулот V, гробот 5 во Тумулот VIII (Сл. 25) и гробот 2 во Тумулот X. На основа остатоците од черепи и други коски како и според гробните прилози, групирани на различни места во гробот 5 од Тумулот V, може да се претпостават најмалку 3 погребувања. Во ваквите гробови во тумулите VIII и X откриени се остатоци од најмалку по два покојника. Во секој случај, овие конструкции се оддвојуваат од другите - единечни гробови, како по своите поголеми димензии така и по местото и невообичаената положба во рамките на тумулот.




Сл.25 Основа на тумулот VIII во "Дабици", Сопот

Наодите од Сопот во потполност одговараат и знатно ги надополнуваат многу од појавите, фрагментирано откривани во другите некрополи, посебно во некрополата во Радање. Со тоа, во некрополта Дабици, ја имаме најкомплетната слика за начинот на погребување и погребните обичаи во могилните некрополи од полното железно време во овој регион.

## В. П Е Л А Г О Н И Ј А

За гробните форми и обичаи во пелагонискиот регионот во текот на полното железно време, знаеме, во најголема мерка на основа согледуванaта на И. Микулчик.[1] Иако се работи за сознанија од пред триесет години, тие сеуште пртставуваат неопходна основа за натамошно проучување. Во последните децении степенот на истраженост на овој регион, не е битно променет, откриени се само два нови гроба во Прилеп (Касарни и Варош), еден гроб во Најденка, с. Орле и преземени мали археолошки ископувања на локалитетот Сламите, с. Рапеш. Овие наоди во најголема мерка ја потврдуваат постоечката слика, но претставуваат и одредени дополнувања, посебно на сознанијата за могилниот начин на погребување.

Сумурајќи ги сите овие податоци, можеме, во голема мерка, основните констатации што ги направивме за погребувањето во областите источно од Вардар, да ги употребиме и за регионот на Пелагонија, при што секако треба да се смета на нејзините гео-морфолошките, економски особености, па и културни посебности, што произлегуваат од тоа.

И во Пелагонија, погребувањето во текот на полното железно време претставува одржување и натамошно развивање на старите форми и обичаи. Скелетното погребување е единствен погребен ритуал, а во гробните форми доминантни се конструкциите-цисти од камени плочи. И таму се среќаваат, од една страна гробови под тумули-могили, а од друга гробови организирани во рамни некрополи.

Могилниот начин на погребување во Пелагонија документиран е

---

[1] Mikulčić I., 1966, 13-36

само со два целосно истражени тумули, од Висои Беранци и Сламите, Рапеш, кои се чини не обезбедуваат доволно елементи за поцелосно вреднување. Меѓутоа, сосема јасно упатуваат на паралелите со регионот на Средното Повардарје и могилните некрополи по долината на Брегалница.




Сл.26 Тумули во Пелагонија: 1.Висои - Беранци, 2.Сламите - Рапеш

Во познатиот родовски тумул во Висои кај Беранци, покрај централниот гроб од преодниот период, биле откриени и поедини

гробови од раната фаза на железното време, а според повеќето карактеристични прилози мораме да сметаме и на знатен број гробови од полното железно време (Сл. 26). Непознаниците што произлегуваат од нецелосното публикување на овој тумул можеме да ги пополниме со резултатите од ископувањата на тумулот од некрополата Сламите (Возишта), село Рапеш (Сл. 26).[2]

Тумулот од Рапеш, има бројни паралели со беранечкиот тумул, како во архитектурата така и во гробните прилози, со тоа што покрива далеку помал број гробови, датирани во VII и VI век пр. н. ера. Гробните конструкции во двата тумули претставуваат цисти од камени плочи, идентични со ваквите гробови во рамните некрополи. Основната разлика е во внатрешниот распоред на гробовите, при што тумулот од Рапеш нема централен гроб, а секако ни радијална организација на гробовите, како во Беранци.

На останатите могилни некрополи, регистрирани на локалитетите како: Петков Дол, с. Мојно; Убава Глава, с. Чаниште; Стари Лозја, с. Орле; Конопиште, Српци; Плоче, с. Мојно и т. н. не е во целост истражен ниту еден тумул.[3] Сепак, на основа поедини мали археолошки интервенции и површински наоди неспорни се неколку моменти во врска со начинот на погребување, по што, типологијата на овие тумули би морале да се движи меѓу тумулот од Беранци и тумулот од Рапеш. Пречникот на овие тумули е различен и достига до 20-тина метри. Кај повеќето од нив откриени се елементи од беранечкиот тип на тумули, заградени со прстенест ѕид од крупен белутрак и со повеќе гробови радијално распоредени околу евентуалниот централен гроб. Кај помалите тумули би требало да се очекува ситуација блиска на тумулот од Рапеш, со помалку погребувања и без централен гроб.

За жал, од нив не потекнуваат хронолошки поосетливи предмети, така што според наодите на вообичаената железнодопска керамика не

---

[2] Василева М. 1993, 69-80

[3] Mikulčić I. 1966, 14-15

може попрецизно да се датираат. Така, при датирањето мораме да сметаме на пошироки временски рамки, во текот на целото железно време. Во секој случај, можеме да бидеме сигурни дека во текот на полното железно време продолжило покопувањето во старите тумули, на стариот начин, во старите конструкции-цисти од камени плочи, за што најдобра потврда се токму гробовите во Беранечкиот тумул (Фот. 18). Од друга страна, тумулите што почнале да се користат во текот на VII па и VI век пр. н. ера, како што е примерот со тумулот од Сламите, Рапеш веќе немаат централен гроб, а гробовите не зависат од најстарото погребување.

Ваквите карактеристики на тумулите во Пелагонискиот регион во потполност одговаараат на појавите по Среден Вардар и Брегалница. Единствени разлики се приметуваат во гробните конструкции, при што во Пелагонија засега се документирани само гробови - цисти од камени плочи, додека во тумулите од Средното Повардарје и Брегалница доминираат гробовите од обични камења. Меѓутоа, постојат доста елементи кои зборуваат дека и во пелагониските тумули би требало да се очекуваат гробни конструкции од обични камења. Кај селото Мојно, на локалитетот Бел Камен, во еден растурен тумул заграден со прстенест ѕид од крупни камења, откриени се гробови што биле градени, поточно оивичени само со обични камења. Иако не истражувани, слични вакви тумули се регистрирани и во Скандерица кај селото Беранци.[4]

Во врска со гробовите-цисти, во Пелагонија посебно внимание заслужува појавата на масивните конструкциите од монолитни камени плочи. Овие гробови, кои како по димензиите така и по обработеноста на плочите се разликуваат од останатите цисти (знатно помали и од необработени или само делумно заделкани камени плочи), важат за еден од највпечатливите белези на рамните некрополи, од доцната фаза на железното време. Меѓутоа, ваквите конструкции ги наогама поврзани со најмладите погребувања во

[4] Mikulčić I.1966, 15

тумулот од Висои, како и во тумулот од Рапеш.[5] Со тоа стана извесне нивната употреба, не само во рамните туку и во могилните некрополи.

Во својата обемна студија посветана на овие прашања И. Микулчиќ ги има издвоено некрополите со вакви гробови во посебна т.н. Архајска група некрополи во Јужна Пелагонија (Сарај, с. Брод; Марта, с. Зовиќ; Пешта, с. Градешница; Камен, с. Рапеш; Бели Камења, с. Живојно; Прогон, с. Букри и т.д).[6] На основа тогашниот фонд наоди воочени се две хронолошки фази во животот на овие некрополи, јасно изразени преку гробните прилози. Постарата фаза е одбележана со наоди меѓу кои доминира локалната мат сликана керамика и бронзен накит со касногеометриски белези, додека помладата со наодите на грчки форми на садови работени на витло и накит со касноархајски белези.

Димензиите и градбата на гробови-цисти можат во различна мерка да се сметаат за елементи битни во решавањето на поедини хронолошки и културни прашања, но и не мораат. Како што видовме, и кај постарите некрополи, уште во преодниот период ("Димов Гроб", Уланци) се среќаваат цисти со поголеми димензии, формирани од монолитни камени плочи. Градбата на еден гроб многу повеќе зависела од други фактори (моќта на поединецот, природните ресурси на погоден градежен материјал, моменталната мода и сл.). Друго е прашањето на поедини специфичности во градбата, како употребата на глина за спојување на плочите. Оваа појава засега не е позната во некрополи постари од VI век, а е доминантна во градењето на доцноархајските цисти.

Така на пример, во некрополата од Живојно, таков е гробот-гробницата 1, во која сепак бил откриен и еден кантаровиден сад работен на рака со мат боена декорација, што наведува на

---

5 Василева М.1993, Сл.3-6, 75

6 Mikulčić I, 1965, 209-222

постаро време.[7] Од друга страна, во овој гроб е откриено двојно погребување, а до челната плоча од надворешната страна, во висина на отворот на гробот, внимателно биле наредени скелетни остатоци од уште 4 покојници со прилог на еден мат-сликан бокал. Оваа појава е мошне честа во некрополите со поголема густина и интензитет на погребување, а кај нас е најдобро документирана во гевгелиската некропола Милци.

Скелетните остатоци откривани надвор, во близина на некоја конструкција секогаш се толкуваат како остатоци од постари погребувања, така што гробната конструкција и испружениот покојник во неа е всушност најмладото погребување.[8] На овој начин можеме да претпоставиме дека на просторот на откриените гробови во Живојно постоеле постари погребувања, со кои можат да се поврзат, како скелетите положени надвор-до гробот 1 така и убавите сликани садови со геометриска мат боена декорација. Во прилог на ова се и поединечно откриваните наоди во слободниот простор, помеѓу гробовите, од кои за издвојување се деловите од рачно работениот бокал со засечен врат, украсен со врежување на рамото и коленеста рачка.[9] Со овие елементи тој е секако поблисок до бокалите од раната или евентуално полна фаза на железното време, отколку до доцното железно време, поточно доцноархајскиот период, кога гробот бил без сомнение оформен. Тоа што некои, и тоа најубавите мат сликаните садови се најдени во овој гроб, во дадените услови лесно може да се смета за појава на наново користење на прилози од постарите погребувања во ново формираните гробни конструкции.

Сликаните садови неможат да се датираат пониско од крајот на VII век пр. н. ера, бидејќи во гробовите од VI век овој тип на керамика повеќе не се јавува. Неа ја заменуваат формално исти

---

7 Јосифовска Б.1963,Сл.1

8 Георгиев З.1980, 44-45

9 Јосифовска Б.1963, Сл.7 и 8; Radt V.1974,Taf.35

садови, меѓутоа работени на грнчарско коло, а подоцна и целосно новите и хеленизирани форми на садови. Во тумулот од Рапеш, металните форми карактеристични за крајот на VII и главно за VI пр. н. ера, придружувани се од старите форми на мат боената керамика, но, работени на грнчарско коло.[10] На истото укажуваат и наодите од тумулот во Беранци каде се откриени бројни садови со мат сликана геометриска декорација, меѓутоа не и во најмладите гробови до VI век пр. н. ера.

По ова, во врска со некрополата во Живојно ни останува да го заклучиме следново: трите испитани гробови-гробници биле направени некаде во текот на VI век пр. н. ера, а сликаните садови со мат геометриска декорација припаѓале на постари погребувања на овој простор, најмалку од VII век пр. н. ера. Што се однесува до рамните некрополи од железното време во Пелагонија, тие несомнено го продолжуваат своето егзистирање, меѓутоа со знатно намален интензитет на сметка на могилните некрополи. Ова го потврдуваат трите гробовите-цисти од село Трап, гробот од "Најденка" село Орле, гробовите од "Касарни" и "Варош" во Прилеп[11]. Овие се ретки рамни некрополи со цисти, кои можат да се датираат од VIII до VII пр. н. ера. Меѓутоа, со оглед на степенот на истраженост се чинат доволни за да се документира нивната континуираната употреба до конечна доминација, во архајското и почетокот на доцноархајското време, кога во тумулите биле покопани последните покојници.

Во овој правец доста индикативна може да биде и ситуацијата со некрополата Сарај, с. Брод, каде поедини наоди зборуваат дека била употребувана уште во раната фаза на железно време.[12] Во текот на следната етапа, во време на полната доминација на тумулите, готово да била напуштена, за да се реактивира дури во текот на

10 Василева М.1993, Сл 11 и Сл.12

11 Китаноски Б. 1976, 119-135, Праисторија во Цент. Пелагонија (каталог) 1976, 57

12 Kilian K. 1975 ; Mackić i dr. 1961, 199-209

доцното железно време, или доцноархајскиот период.

Во секој случај, местото и улогата на рамните некрополи со гробови цисти во Пелагонија и нивниот однос со могилните некрополи одговара на вакивте појави во Средното Повардарје и по долината на Брегалница, на што посебно ќе се задржиме при анализата на проблемот на могилните и рамни некрополи.

## Г. ОХРИДСКИ РЕГИОН

Далеку најнеистражена ситуација имаме во Охридскиот регион. Наоди на гробови од постарата фаза на полното железно време сеуште не се познати. Единствено се знае за еден железен врв од копје и голема наочареста фибула од локалитетот Шумски Мост, с. Враништа кај Струга, меѓутоа без никакви податоци за околностите на наоѓање или било каква можност за поврзување со некое погребување.[13] Останатите наоди се датираат во помладата фаза , главно кон крајот на VII век и во текот на VI век пр. н. ера. И не само тоа, сите документирани гробови што нудат податоци за начинот на погребување и погребните обичаи се поврзуваат само со една некропола - со најстарите гробови од Требениште. Овие гробови најповеќе се откриени на микролокациите Три Чељусти и Вртулка, каде се смета дека бил базичниот простор на требенишката некропола со најстарите погребувања.[14] Се работи за дваесетина испитани гробови кои можат да се сместат од крајот на VII век и во текот на VI век пр. н. ера.

Скелетниот начин на погребување е единствен, додека податоците за гробните форми и погребни обичаи можат да се сумураат во следново: покојниците биле полагани во пружена положба директно на површината на земјата, понекогаш поплочена со камени плочи или во претходно ископана плитка јама, гробната комора била заградена со правоаголно-елипсовиден венец од поголеми аморфни камења, а биле употребувани и необработени камени плочи. Гробовите

---

[13] Изложени во Постојаната архелошка поставка на Музејот на Македонија, Скопје.

[14] Кузман П. 1985, 94-97

се различно ориентирани и организирани во неколку поголеми или помали групации. Присутно е двојно или дури тројно погребување во една-иста гробна конструкција.[15]

Согледувањата на истражувачите во Требениште, во врска со вредностите на ваквите конструкции и начин на погребувања се движат во рамки на аналогиите со познатите могилни некрополи од истото време по долината на Брегалница. Меѓутоа, и покрај тоа требенишките гробови се третираат како рамна некропола, што, на основа неколку моменти неможе безрезервно да се прифати. Имено, неспорно е формирањето на повеќето гробни конструкции на површина на земјата - на протохумусот, што самото по себе е израз на могилниот или тумуларен начин на погребување.[16] Во прилог на ова одат и бројните ситни наоди откривани во меѓупросторот на гробовите, кои пак несомнено биле покривани со земја, поситен или покрупен камен. Дирекни паралели на ваквата ситуација се наоѓаат во конструкциите на гробовите и тумулите во Криви Дол - Радања и посебно во Дабици - Сопот.

Дека, овие гробови од Требниште можеле да бидат организирани под ниски тумули зборува и откритието на еден тумул со вакви карактеристики во рамките на нешто помладата некропола на Св. Илија, село Делагожда кај Струга.[17] Таму, најстарите гробови - од крајот на VI и почетокот на V век пр. н. ера биле организирани во тумул од типот на Дабици-Сопот. Иако се работи за помлади погребувања од требенишките, сепак тие се доволен доказ за постоењето на тумуларната традиција во погребувањето на овој простор и за нејзино негувањето до самиот крај на железното време.

На ова место можеби треба да се спомне и познатиот, помлад тумул од Кучи Зи кај Корча,[18]. со бројни наоди аналогни на

---

[15] Кузман П.1985,33-35

[16] Кузман П.1985, сл.22

[17] Bitrakova V.1988; Истата,1993,Т-I, 68-69

[18] Andrea Ž.1976-a ;

требенишките, што се заедно зборува дека, во сегашниот степен на испитаност на охридскиот регион сепак мора да се смета на организирање на гробовите од железното време под ниски тумули, сродни со тумулите од некрополата во "Дабици", Сопот кај Т. Велес.

## 4. *ПРОБЛЕМОТ НА МОГИЛНИТЕ И РАМНИ НЕКРОПОЛИ*

Едни од најкрупните прашања на железното време во Македонија е хронолошките и етно-културни вредности на погребувањата под тумули-могили и нивниот однос со рамните некрополи со гробови цисти.

Рамните некрополи со гробови-цисти ги знаеме уште од бронзеното време, поточно преодниот период, кога погребувањето во нив било извршувано во згрчена положба. Нивната употреба, во различна мерка ја следиме и во текот на железното време, посебно во помладите негови фази, со тоа што полагањето на покојниците веќе не е во згрчена туку во пружена положба. Кај овој тип некрополи се судруваме со прашањето на континуитетот на нивната употреба низ железното време, поточно, дали и во која мерка овој начин погребувањето преставувало непрекината практика се до историските времиња.

Од друга страна тумулите на територијата на Република Македонија се јавуваат како нов начин на погребување со востановувањето на културата на железното време, а во сегашниот степен на истраженост сеуште постајат отворени прашања во врска со нивната целосна определба. Меѓу другото, сеуште немаме задоволителен објаснивање за разликите меѓу овој тип некрополи и рамните некрополи со гробови-цисти. На што се должат тие и дали воопшто можат да се прифатат хронолошките или етнички разлики како најчесто изнесувани причини за тоа.

Датирањето на појавата на могилниот начин на погребување во Р. Македонија, посебно во Пелагонија не би требало да создава посебни проблеми со оглед на јасната слика што произлегува од големиот број тумули испитани во непосредно соседство, во грчкиот дел на Македонија. Меѓутоа, години наназад вообичаено е становиштето за хронолошките разлики меѓу рамните некрополи со цисти од раните фази на железно време (Попадин Дол Будур Чифлик и т. д.) и тумулите. Заради ова, сеуште се недоволно согледаните хронолошките, па и културни вредности на тумулите во Република Македонија.

Појавата на тумулите во Р. Македонија М. Гарашанин ја поврзува со т. н. Трет Бран на Преселби кон Егеја, со што ја смета за помлада од појавата на споменатите рамните некрополи со цисти, кои обично се

поврзуваат со т. н. Втор Бран.[1] Меѓутоа, нешто по на југ, во грчкиот дел на Македонија, во поголемите некрополи како Патели или посебно Вергина, почетокот на континуираното погребување под тумули е јасно фиксирано уште во текот на 11 век пр. н. ера.[2] Со подетално споредување на овие две групи на тумули сосема е видливо дека непостојат причини ваквото датирање да не се прифати и за појавата на тумулите во Пелагонија.

Во прилог на ова, најсликовита е ситуацијата со познатиот тумул од Висои, Беранци кај Битола (Сл. 26) (Фот. 18). Таму, најстариот - централен гоб бил оформен како могилно погребување, кое покривало конструкција-шиста со згрчен покојник. Според гробните прилози овој гроб датира од субмикенско време, што значи дека некрополата во Висои, Беранци почнала да се користи за погребување уште во преодниот период.

Во основа, беранечкиот тумул е од типот на т. н. двојни тумули, каде најпрво била насипана могилка врз централниот гроб, а дури потоа, во текот на железното време, со помладите погребувања околу него, се формирал големиот, заеднички тумулус. Овој ексклузивен начин на погребување е всушност добро познат уште од времето на тројанската војна. Од описите на Хомер знаеме за желбата на Ахил да биде погребан со Патрокло, така што морал да подигне двоен тумулус, првиот за Патрокло а вториот за него, при што вториот бил подигнат преку првиот и знатно поголем, во чест на двајцата. Вакви тумули се откриени на неколку локалитети, како: Пазок, Водин, Бурел во Југоисточна Албанија и Арниса на Островското Езеро, што зборува дека ситуацијата со тумулите во Пелагонија одговара на појавите во непосредното соседство на југ.[3]

Потврда на ова се и директните паралели меѓу тумулите од раното железно време во Вергина и Пелагонија. Повеќе тумули од Вергина, како по начинот на погребување, архитектурата, внатрешната структура така

---

[1] Гарашанин М.1955;Истиот 1975.

[2] Rodt W.1974,144

[3] Hammond N.G.L.1982,p.625 и 644;Истиот 1970,Fig.7, Pl.n.IV,61,Истиот,19

и по гробните прилози се аналогни со појавите во Пелагонија, посебно со беранечкиот тумул (Сл. 27).



Сл.27 Некои од раните тумули во Вергина (Според W. Radt)

Според тоа, нема посериозни причини тумулите во Пелагонија да ги сметаме за помлада појава од оние, неколку десетици километри по на југ. Проблемот го создаваат рамните гробови-цисти (Попадин Дол, Ракида, и т.н). Во нив се откриени прилозите на т.н. Либурнски фибули, кои ги нема меѓу материјалот од тумулот во Беранци.

Тргнувајќи од овој момент, рамните некрополи со гробови цисти

од типот т.н. Попадин Дол, досегашните автори ги сметаа за постари од појавата на тумули. Меѓутоа, не смее да се заборави дека беранечкиот тумул сеуште е единствениот истражен тумул од ова време, за разлика од стотината испитани тумули на грчката страна, посебно во некрополите во Пателии Вергина, каде ваквите фибули се добро познати како прилози во најраните тумули. Уште посилен доказ за поврзаноста на т.н либурнски фибули и со погребуваната под тумули во Пелагонија е ситуацијата на локалитетот "Каранка", село Рашеш кај Битола. Имено, во Музејот во Битола се наоѓаат две вакви фибули, што се водат како наоди од еден растурен тумул на оваа некропола.[4]




Сл.28 форми типични за раното железно време во Македонија, откриени во:а.могилни некрополи б.во рамни некрополи

4 Праисторија во Централна Пелагонија 1976 (Каталог),Кат.бр.272,273 Стр.54-55

За да се докаже едновременото егзистирање на рамните гробови и тумулите во Пелагонија, доволно е да се споредат гробни прилози при што лесно ќе се најдат покарактеристични форми за раната фаза на железно време, присутни како во могилните така и во рамните некрополи, како на пример: лачните Либурнски фибули, долги игли со конична глава, прстените со спирално навиткана глава, малите двојни или тројни секири, украсот во форма на двојна спирала и сл. (Сл. 28).

Сите овие наоди се датираат на почетокот на железното време, до VIII век пр. н. ера и воедно претставуваат доминантни форми во "протогеометриските и геометриски" гробови од тумулите во Вергина.[5]

Во врска со можните етно-културни разлики, исто така не постојат доволно елементи. За рамните некрополи веќе видовме дека претставуваат понатамошна етапа во развитокот на гробовите-цисти од претходниот период, додека тумулите се јавуваат како нова културна појава, што сепак наведува на одредени етнокултурни разлики. Меѓутоа, според археолошката слика во Македонија не можат јасно да се издвојат посебни и единствени носители на могилниот начин на погребување. Во суштина, со воведувањето на тумулите, сепак не се менува погребениот ритуал на инхумирање во цисти, така што, нивната појава, повеќе би требало да се сфати како нов начин на организација на гробовите, предизвикан од новите услови на живеење, отколку како туѓ обичај воведен со доселување на ново население од надвор.

Во многу тесни етно-културни и географски целини, едновремено се срекаваат и двата типа на некрополи. При тоа и во двата случаи се работи за ист погребен ритуал, исти гробни форми, и исти прилози, само што едните гробови се организирани во рамни некрополи другите под тумули. Причините за ова се чини треба да се бараат на друга страна, во други, не хронолошки и не етнички фактори.

Со картирање на двата типа некрополи и посебно со следењето на развитокот на тумулите во Македонија јасно се гледа дека поедини области се издвојуваат со посебна концентрација на тумули, што

---

[5] Andronikos M. 1969 ; Rodt W. 1974, Tf. 38. 40

егзистираат низ целото железно време, се до историските времиња

Такви се повисоките и поконзервативните, главно сточарски и посебно рудоносни региони, додека во долините, покрај главните комуникации, појавата и употребата на тумули е сосема ограничена. Така, на пример во Пелагонија, тумули се регистрирани во повисоките партии на периферијата на рамницата или во рударските области, на падините на Мариово, околу селата: Српци, Мојно, Орле, Чаниште, Рапеш и т.н. Секаде околу нив се наоѓаат богати лежишта на железна руда. Наспроти ова долж комуникаците, во рамницата, гробовите се организирани во рамни некрополи.

Истата слика е и во останатите делови на Р. Македонија. Доволно е да ја спомнеме ситуацијата во околината на Т. Велес, каде едновремено егзистираат двата типа некрополи. Во затворениот, пасторален регион северно од Велес, на јужниот крај од Таорската Клисура, во континуирана употреба низ полното железно време била големата тумуларна некропола "Дабици" кај селото Сопот, додека десетина километри на југ , во плодниот и питом слив на реката Тополка во Вардар, се откриени истовремени гробови-цисти од рамната некрополата "Свилара", кај селото Долно Оризари.

Појавата и динамиката во развитокот на могилниот начин на погребување, во различни региони, имале различна вредност, но секогаш во зависност од степенот на општествено - социјалната и економска развиеност на поедините заедници.

Најстарите тумули во Р. Македонија засега се регистрирани во Пелагонија, што може да се објасни на два начина, или како резултат на нискиот степен на истраженост или на нивното постепено ширење преку Пелагонија на исток, кон Вардар. Втората можност изгледа многу поверојатна, за што постојат повеќе причини, меѓу кои најважна е традиционалната поврзаност на Пелагонија со југ, посебно со Југоисточна Албанија, каде вакивте тумули биле основниот начин на погребување во текот на доцното бронзеното време.[6] Низ преодниот период и Раното железно време, културните струења од овој регион во

[6] Hammond N.G.L.1976

Македонија, поточно во Пелагонија биле многу јаки.

На исток од Вардар, најстарите тумули се јавуваат кон крајот на раната фаза на железното време и тоа со истите карактеристики како пелагонските (Орлова Чука", "Горно Поле" и "Бабите" кај село Стар Караорман, Штипско, " Коколов Рид" село Кршла, Виничко и "Дабици", село Сопот, Велешко и. т. д.

Според тоа, тумулите во Македонија, иако иницирани од страна, сепак многу повеќе треба да се сметаат за социјално-економска, отколку за етничка категорија. Преку нив можеме многу јасно да ги согледаме и да ги следиме социјалните и општествено-економски промени во развитокот на протоисториските заедници. Ова е возможно, бидејќи во текот на своето егзистирање, низ целото железно време, тумулите во Македонија покажуваат доста јасен внатрешен развиток, токму како последица на промените на општествените и економски односи.

Во оваа смисла, најстарите тумули, оние од раната фаза на железно време, јасно се издвојуваат во засебен "родовско-клановски" тип. Карактеристични за нив се повеќето погребувања, организирани во круг и строга зависност од најстариот - централн гроб, на таткото на родот (Сл. 20,21,26-а). Сите погребувања се зракасто распоредени, со главите свртени кон централниот гроб, а од надвор заградени со кружен ѕид од крупни камења. Така на пример во организацијата на гробовите од раните тумули во Вергина или во тумулот од Висои, Беранци, всушност ја имаме најубавата слика за општественото уредување и социјалната структура кај заедниците од раната фаза на железното време во Македонија (Сл. 26-а и 27).

Практикувањето на овој тип тумули карактеристични за раната фаза на железното време продолжило и во текот на полното железно време, меѓутоа, следејќи ги сите општествените социјални и економски промени, кои убаво се отсликуваат во нивната архитектура и структура.

Со номиналниот растеж на заедницата, на најстарите фамилии , поточно на старите родовско-клановски тумули им припаѓала посебна чест како основачи и чувари на заедницата. Тие биле оставени на доминантните места - наредени долж истакнатите сртови, како

"Стражари"[7]. Новите-помлади тумули се подигаат во непосредна близина на пониските падини, каде се и шират постепено формирајќи големи могилни некрополи.

Формирањето на овие нови некрополи на пониските и попросторни позиции било секако условено од новите односи кои настапалиле со севкупната стабилизација. Тие се вистински израз на новота етапа на полното железно време. За жал поради самиот надземен карактер на овие објекти, кои покриваат терени погодни за земјоделски активности (најчесто лозови насади) ваквите некрополи се изложени на постојано уништување. Така, иако се регистрирани голем број на вакви некрополи, во сегашниот степен на истраженост, извесни се наодите само од неколку, меѓу кои се издвојуваат: Горно Поле- Стар Караорман, Криви Дол-Радања, Дабици - Сопот, Кршлански Гумења- Кршла, Сламите-Рапеш, Три Чељусти (Вртулка), Горенци и сл.

Ваквите некрополи често бројат и по повеќе стотина ниски тумули-могилки, организирани во поединни густо формирани групи. Според основните елементи ги одржуваат карактеристиките на постарите родовско-клановски тумули, со тоа што се помали и со помал број гробови, така што и оградниот прстен веќе не е ѕид од камења и кршени плочи туку обичен круг од само еден ред камења-белутраци. Основната разлика е во внатрешниот распоред на гробовите, кој веќе не е условен од постоењето на централен гроб. Новите поколенија веќе не се во состојба на таткото - основачот на родот да му го посветат централното место, бидејќи тој се наоѓал во старите тумули-стражари.

Во новите објекти, кои веќе не се родовски тумули туку фамилијарни могилки нема централен гроб и радијален распоред на останатите погребувања. Покојниците се полагаат најчесто во ист правец исполнувајќи го целиот внатрешен простор на могилката. Најубавата илустрација на овој тип могилни некрополи ја имаме во некропола Дабици, село Сопот кај Т. Велес, со погребувања низ VII и цел VI век пр. н. ера (Сл. 23).

---

7 Терминот "Стражари" го има воведено И. Микулчиќ, објаснувајќи ја посебната положба на овие тумули во однос на останатите; Микулчиќ И. 1960-61

Наспроти развитокот на могилниот начин на погребување анализата на рамните некрополи со гробови- цисти покажува една друга, мошне значајна вредност. Во најраните рамни некрополи најдени се мал број, главно поединечни гробови, што претставува доста индикативен момент. Секако не е случајно што сеуште не се откриени поголеми организирани рамни некрополи од ова време, туку само осамени групи на гробови покрај главните комуникации. Веќе долго време во литературата за овие гробови се користи терминот "гробови-крајпуташи" што е најдобра потврда за исправноста на ваквата квалификација. Ваквиот нивен карактерот зборува за последиците од изминатите воени времиња и сеуште присутните несигурни услови на живеење покрај главните патишта. Тие се само ретки остатоци од претходниот начин на живеење, кои како гробна форма успеале да преживеат, но во голема мерка потиснати или инволвирани во новиот могилен начин на погребување кој ќе доминира во следните фази од железното време. Дури подоцна, под импулсите на архајската култура и грчките колонии на југ, поточно, под импулсите на идејата за демократијата и подемот на семејството, а во времето на постепеното попуштање на родовските стеги, постепено ќе го заменат конзервативниот, могилен начин на погребување.

Во поконзервативните региони каде родовските односи подолго се одржале и тумулите имале подолга употреба, додека во регионите со поголема динамика во општествениот, социјален и економски развиток, брзо биле надминати, со што оставиле простор за гробовите-цисти организирани во големи рамни некрополи. Така, напуштането на могилниот начин на погребување и доминацијата на цистите во рамни некрополи, се случувало во различно време за различни региони. Во Долното Повардарје, уште во VII век прекинала практиката на погребување под могилки од нафрлени камења и почнале да се формираат големи рамни некрополи со гробови-цисти . Во Пелагонија, тумулите живееле до VI век, додека на исток, во штипскиот регион овој обичај бил одржуван се до V век. пр. н. ера.

На ова место мора да одбележиме дека самите почетоци на погребување под тумули, како во случајот со тумулот од Беранци достигаат до далечните митски времиња на преодниот период.

Формирањето на најстарите тумули било, во секој случај поврзано со поедини свети места и со старите гробови на митските хероси, околу кои, со помладите погребувања постепено растат и се формираат првите родовско-клановските тумули. Оваа идеја може да се следи во текот на железното време, условена од натамошниот општествено економски и културен развиток на поедините заедници. Меѓутоа самата идеја да се почитува митскиот херос и да се зема како основач на родот е израз на одржување на духовните придобивки уште од егејското бронзено време.

Уште во среднохеладските времиња се среќаваат бројни вакви тумули со доминантен централен гроб во Грција.[8] Доста од нив имаат сличности со многу покасните македонски родовско-клановски тумули, посебно во тумулите од Орлова Чука, каде за централни гробови биле градени големи конструкции со апсидални краишта. На овој начин македонските тумули се јавуваат како чувари на старите уште предмикенски идеи за светиот гробен круг и херoизираниот покојник. Со време, оваа идеја замира и останува само секундарниот елемент-тумулот, да егзистира со нови сили и во духот на новото халштатско време и новонастанатите општествени и економски односи. Како се менувале овие односи, така се менувала и типологијата и внатрешната структура на тумулите. Со распаѓањето на родовскиот систем и со конечно извршената социјална диференцијација и тумулите излегуваат од употреба.

Од друга страна, зачетоците на новиот могилен начин на погребување во Македонија, покрај влијанијата од страна, сепак се должат и на новонастанатите услови за живеење после немирните времиња од преодниот период. Така во текот на раното железно време, неминовно било создавањето на нови, потрајни услови за живот, во рудоносните и во исто време поконзервативни области.

Рударството, посебно експлоатацијата на железото претставувало единствена основа за заокружување на цврсти заедници и формирање на железнодопската култура. Готово да нема региони со рудни потенцијали каде со време не се концентрира поголемо население, секако

---

[8] Muller S.1989,1-40

организирано во родови. Во оваа смисла, најиндикативна штипската група могилни некрополи околу Стар Караорман (Орлова Чука, Горно Поле, Бабите и Криви Дол-Радања), сите оддалечени само по пор километри една од друга.

Од друга страна, Долината на Вардар, како исклучително комуникативни, подолго време ги чувствувале последиците од изминатите бурни историски настани и преселби. Наодите од раното железно време се сосема ограничени, а кај некогаш моќните населби по Долен Вардар евидентна е севкупна стагнација и извесна балканизација. Новите условите за живеење во Повардарјето биле неблагодарни, сè до вистинската стабилизацијата на железнодопските односи, што ќе настапи дури во текот на VIII век п. н. ера и концентрирањето на население, посебно во богатиот со руден потенцијал Валандовско-Гевгелиски регион.

Според ова, појавата на могилните некрополи во Македонија може да се смета како добар индикатор за почетокот на културната стабилизација по немирните времиња од преодниот период. Покрај латентното присуство на гробовите цисти, посебно во пораните фази на железното време, сепак могилните некрополи се тие што ги носат вистинските белези на железнодопската култура во Македонија. Некои од нив, како на пример некрополите околу: Стар Караорман, Беранци, Пателн, Вергина и сл. се истакнуваат како вистински родовско - племенски центри. И не само тоа, благодарение на нивниот јасно изразен културен континуитет, се до историските времиња, можат да се сметаат за зачетоците на идните престолни некрополи на првите етнички, па и политички заедници на овој простор.

## 5 ГРОБНИ ПРИЛОЗИ

Еден дел од прилозите во гробовите од железното време претставуваат форми познати од претходниот период, меѓутоа, во исто време се јавуваат и доста нови предмети. Најзабележителни се новините во накитот, додека во керамиката и оружјето се приметуваат само одредени модификации на старите форми. Така, за прв пат се јавуваат

поедини форми на фибули, приврзоци, прстени, белегзии и слично, додека пак истите форми на мечеви, кои во претходниот период беа лиени во бронза, сега се изработуваат од железо. Керамиката трпи најмалку промени иако сликата на застапеност на поедини форми, декорации и техники битно не се разликува од претходниот период.

Како и во преодниот период, во текот на раната фаза на железното време, среќаваме готово единствени манифестации на целата територија на Македонија. Регионалното издвојување и локалните белези во материјалот доаѓаат до израз дури во текот на полното железно време, посебно во VII и VI век прн. ера. Затоа, накусо и оддвоено ќе ги разгледаме основните појави кај гробните прилози од раното и полно железно време. Анализата на сите објекти што се откриваат во гробовите од железното време значително би не оддалечила од основната тема, така што мораме да се движиме во најопштите рамки на двете основни категории на прилози: а. керамика и б. метал.

## А. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ ОД РАНОТО ЖЕЛЕЗНО ВРЕМЕ

### КЕРАМИКА

Во основа, керамиката од раното железно време го одржува понатамошниот, непрекинат развиток на старите домашни форми уште од бронзеното време, секако надоградени со оние нови елементи прифатени од надвор во текот на претходниот-преоден период. Така, меѓу досега откриените садови не може со сигурност да се издвои некоја керамична форма, што за прв пат се јавува во раното железно време. Напротив, евидентна е редукцијата на репертоарот од претходниот период, при што главно се одржуваат старите домашни облици на садови. Во оваа смисла, доминантни се неколку форми и тоа: бокали со косо засечена задна страна од вратот, длабоки шолји со една вертикална држалка или поголеми и пошироко отворени садови, во кантаровидна верзија со две вертикални држалки, како и различни варијанти на длабоки чинии, најчесто со хоризонтално или косо поставени рачки на рамото (Сл 29).

Од овие, основни форми произлегуваат бројни варијанти, во зависност од профилацијата, изведбата на рачките и декорацијата. Согле-

тие, како дел од бронзенодопското наследство ги преживеале бурните векови од преодниот период. Меѓутоа, после прифаќањето на поедини елементи, што биле инволвирани од надвор во текот на преодниот период излегуваат знатно модифицирани. И не само тоа, вака определени, се здобиваат со посебна популарност, така што претставуваат основни ностители на македонската керамографија на железното време.



Сл.29 Керамика од раното железното време во Р. Македонија

Една од најкарактеристичните керамични форми бил бокалот со косо засечена задна страна од вратот. Тој претставува форма позната во овој дел на Балканот уште од бронзеното време[9].

Во развојниот пат на бокалите значајни биле етапите низ доцното бронзено време и посебно низ преодниот период. Тогаш, се уште не биле честа форма, меѓутоа, ги истрпеле и преживеале готово сите влијанија од страна, така што се срекаваат во различни изданија. Најчесто се користеле во продукцијата на локалната мат боена керамика (Бубушти, Килиндир и др), а под силното микенско влијание се изработувале и на витло (Барч).[10] Биле украсувани со врежување и карактеристична бела инкрустација (Саратце), или само со врежување и плитки канелури (Кастанас, Вардарофца, Седес).[11]

Во секој случај, врз бокалите со косо засечен врат биле манифестирани најзначајните и најактуелни новини во керамичката продукција на доцното бронзено време и преодниот период. Дури после ова, низ раното железно време, продукцијата на бокалите конечно се стабилизира. Се чувствува значајна редукција во репертоарот на варијантите, техниките и декорацијата од претходниот период. Меѓутоа на сметка на квалитетот се зголемува квантитетот, така што овие бокали постепено го заземаат местото на една од водечките и најтипични железнодопски форми кај македонските заедници.

Својата најголема популарност ја остваруваат, главно во текот на полното железно време, кога развиваат бројни варијанти со локални белези, кои ќе се негуваат се до крајот на железното време или до целосната хеленизација на домашната култура.

И останатите керамични садови претставуваат израз на новата етапа во животот на формите од претходниот период. Меѓу нив најчеста е формата на длабока шолја или чинија со две вертикални држалки што го поврзуваат ободот со наширокиот дел од телото, поточно рамото на

---

9 Heurtley W.A.1939, N.174.175,211,394,395 itd

10 Heurtley W.A.1939, 218,227-229;Bodinaku N.1990,Tab.II-2;Hammond N.G 1982,Fig.59-4

11 Heurtley W.A.1939, N.438,453.Fig.84;Hochstetter A. 1984

садот. Оваа е најексплоатиранатa форма уште во текот на целото бронзено доба. Токму затоа, низ железно време, се јавува во најповеќе варијанти, при што највпечатливи се садовите со пластични додатоци на највисокиот дел од рачките.

Овој карактеристичен елемент го среќаваме уште на садовите-капаци на урните од некрополата од преодниот период во Хиподром кај Скопје. Пластичните додатоци над рачките, колку декоративен толку и практичен елемент (за распоредување на тежината на садот и врз палецот од рацете) биле прифатени од надвор, со продорите од север во рамките на миграциите во претходните векови. Тие биле едноставно накалемени на основната, бронзенодопска форма. Со посебна популарност кај македонските заедници се задобиле пластичните додатоци со зарамнет врв, какви се и наодите од Марта-Зовиќ, Висои-Беранци, Сарај-Брод, Милци-Гевгелија (Фот. 29), а најдобар увид во ова овозможуваат бројните наоди на вакви садови во гробовите од раното железно време во големата некропола во Вергина.[12]

Сродни на оваа форма се садовите со поизразена кантаровидност, позатворено устие и со рачки кои во различна мерка го надвисуваат ободот. Притоа во пелагонискиот регион се произведувале карактеристични садови со високи рачки, конусен врат, често пати украсени со мат боена декорирација.[13]

Меѓу ретките керамични наоди на исток од Вардар , што можат да се датираат во текот на раното железно време и тоа повеќе кон неговиот крај се наодите од Судик кај Штип. Во нивните стилско ликовни белези би требало да ги бараме основните вредности на керамиката од раното железно време во овој регион. Поголемиот биконичен сад со извлечен обод во основа ја има формата на садовите-урните од преодниот период (Хиподром, Варош и т. д.), секако надоградена со новата типично железнодопска декорација. Неа ја сочинуваат најразлични комбинации на врежани на геометриски мотиви,

---

12 Andronikos M.1969, Rodt W.1974, Tf.35

13 Kilian K.1975-a, Taf.62,1-3:Праисторија во Централна Пелагонија 19 (Каталог), Кат бр.280,289,290,298

најповеќе висечки шрафирани триаголници или линеарни мотиви направени со втиснување на врпца во свежа глина или со помош на назабено тркало - радло. Овие техники на украсување се нови во домашната култура прифатени од север со продорите на подунавските елементи кон југ во претходните векови. Тие се добро познати уште од доцното бронзено време во подунавската култура на т. н. инкрустирана керамика (Сл. 29).

Уште еден наод, што неспорно се датира во раното железно време, најчесто во IX век п. н. ера е керамичниот сад од познатата група наоди од Војник кај Куманово. Во типолошка смисла тој е сосема осамен случај, поради што е неблагодарен за вреднување. Меѓутоа, евидентно е дека, со истакнатата конусна нога, четирите хоризонтални ушки на наширокиот дел од стомакот и склопот на ободот и вратот, ја одржува концепцијата на садовите, локални копии на касномикенските форми од преодниот период. На таквата основа биле накалемени косите канелури на рамото како елемент прифатени од север. Садот од Војник можеби е најсликовитиот пример за компилацискиот карактерот на керамиката од раното железно време. Тој сведочи за учеството и на касномикенските елементи во нејзината генеза. Потврда на ова се поедини раножелезнодопски садови откриени по Долен Вардар, посебно во некрополата Геникокастро кај Кукуш,[14] блиски до постарите локални копии на микенски вази.

Во секој случај керамиката од раното железно време во Македонија претставува логично продолжение на елементите од претходниот период. Сите тие, во различна мерка учествувале во формирањето на новата керамографија на железното време во Македонија, во зависност од нивната застапеност во поедини региони. Така, уште во текот на раното железно време се приметуваат поедини регионални особености, кои ќе дојдат до најсилен израз во следнит период на полното железно време.

Засебни локални вредности се откриваат меѓу керамиката по долината на Вардар, од една и во Пелагонија и западните делови од Грчка Македонија, од друга страна. Разликите меѓу керамиката во овие

---

[14] Изложени во археолошката поставка на Археолошкиот Музеј во Кукуш, са[м] мал дел публикувани кај Savopoulou T. 1988 и кај истата 1991.

два региони се должат, пред се на различните последици од т. н. Големи Егејски Преселби. Така, заедниците по долината на Вардар, далеку поизложени на долготрајните деструктивни процеси, во текот на раното железно време доживеале сериозна културна стагнација, при што, меѓу другото била прекината продукцијата на квалитетните локални мат боени садови од претходниот период, а биле воведени многу елементи од север.

Од друга страна, на запад, токму во овој период, старата локалната мат боена керамика доживува најголем процут. Наодите на ваква керамика во Пелагонија, по Горен Халиакмон и останатите западни делови на Грчка Македонија веќе формираат единствена т. н. западномакедонска керамичка група на железното време.[15] Во раното железно време таа ги обединува наоѓалиштата западно од Вардар до Југоисточна Албанија.

## МЕТАЛ

Металниот накитот од раното железно време сеуште е изработуван во бронза, а според типолошките карактеристики можат да се поделат на форми познати од преодниот период и нови форми, кои за прв пат се јавуваат со почетокот на железнотот време.

Меѓу формите познати од претходниот-преоден период највпечатливи се минијатурните двојни секири и долгите игли.

Двојните секири се засновани на старата микенска поточно критска традиција, а во Македонија, како и во сите други региони под микенско влијание претставуваат вообичаена појава уште во преодниот период. Меѓутоа, со новата етапа од нивниот живот, во текот на раното железно време, овие објекти добиваат нови белези и со тоа стекнуваат посебна популарност кај македонските заедници.

Во периодот од 10-8 век п. н. ера за територијата на Македонија

---

[15] За вредностите на овој тип керамика пишувано е од повеќе страни, о кои ќе ги спомнеме само поновите и позначајните:со одредени пропусти в врска со наодите од Р. Македонија, и секако без најновите поварадарск наоди, најцелосна анализа наоѓаме кај Hochstetter A. 1982-a, 201-219 за територијата на Епир кај Warlde K.A.1977.153-201; за територијата н Албанија и со изразена тенденција за илирска определба кај Prend F.1982-a,209-231 и Bodinaku N.1990,79-95

карактеристична е групата на двојни секири, наредени по три на едно стебло. Тие се секогаш откривани во добро опремени гробови каде претставувуваат израз на култно-религиски дејности, чии носители биле жените. [16] И покрај сосема слабата истраженост на некрополите од ова време, засега се познати од повеќе некрополи, од: Војник- Куманово на север, преку Трамник - Неготино, Висои - Беранци, Палео Геникокастро - Кукуш, до Спелаион - Гревена или најпознатите наоди од Вергина. [17] Оваа, во секој поглед "македонска" група на двојни култни секирки несомнено сведочи за еднинствените религиозни сваќања и потреби кај македонските заедниците од раното железно време. Со тоа тие претставуваат уште еден сведок за учеството на старомикенските, поточно минојски елементи во формирањето на религиозната основа, кај протоисториските заедници во Македонија.

Слично како и лабрисите и долгите игли својот развиток во Македонија го започнале во преодниот период. Во наодите од Димов Гроб, Уланци се сретнавме со неколку типа на долги игли. Меѓу нив, во посебна група се издвојуваа иглите за текстил со благо задебелен врат.

Раното железно време претставува нова етапа во развитокот на овој вид наоди на територијата на Македонија, меѓу кои најпознати се иглите од Фортуна кај Штип. [18] Две од нив имаат појако задебелен врат и зарамнета глава, додека третата има едноставна форма со биконусна глава. Со комбинирањето на овие елементи, задебелувањето на вратот и конусната глава, се оформени најчестите облици на долги игли од раното железно време во Македонија. Најповеќе варијанти на вакви игли се познати од "протогеометриските" и "раногеометриски" гробови од Вергина, каде се откривани како во женски така и во машки гробови. [19] Со тоа, тие не само што ја продолжуваат функцијата на долгите игли од

---

[16] Andronikos M.1970.170

[17] Savopoulou T.1988, Fot.11; Radt W.1974,Tf.40,Z-6; Kilian-Dirlmeir I 1979, Taf.91-93

[18] Garašanin M.1983,T.CX,1-3,797

[19] Andronikos M.1969, ;Radt W.1974,Taf.38,27-31

претходниот период, туку и се потврдуваат како нивни непосредни следбеници.

Меѓу овие игли, како најчеста форма, карактеристична за раното железно време во Македонија се наметнуваат едноставните игли со конусна глава. Вакви наоди се откриени на повеќе наоѓалишта, како: Висои, Трап, Фортуна, Геникокастро, Чаушица, Вергина, Патели итн.[20] Во основа, тие претставуваат поедноставена варијанта на иглите од претходниот период и како такви се употребувале најповеќе во текот на 9 и 8 век пр. н. ера.

Меѓу наодите што се јавуваат како новина во материјалната култура на раното железно време во Македонија познати се повеќе форми накит, од кои покарактеристични се: лачните фибули од т. н. Либурнски тип, високите спирални белегзии, белегзиите со отворени краишта, прстените со спирални глави, спирално наочарестите приврзоци, наочарестите приврзоции со спирално цилиндрична спојка, наочарести фибули, торквеси, фалери и т. н. Сите овие форми се тесно меѓусебн поврзани и се откриваат заедно, најчесто во женските гробови од повеќе некрополи во Македонија. Најдобро се документирани во раните гробови од големата некропола во Вергина.[21]

Бројниот материјал од оваа некропола, надополнет со наодите од другите железнодопски некрополи во Македонија, дозволува да се согледа процесот на прифаќање и натамошно продуцирање на споменатите нови форми накит.

Евидентно е дека некои од овие форми (т. н. Либурнски фибули, белегзиите со отворени краишта, прстените со спирални глави и спиралните наочарести приврзоци и наочарестите приврзоци со спирално цилиндрична спојка) не долго по појавата, уште во текот на овој период излегле од употреба. Со тоа, овие наоди, иако се познати на многу широко подрачје, некои од нив вообичаени дури за инвентарот на бронзенодопските култури од Средна Европа, сепак во Македонија се јавуваат како хронолошки осетливи објекти, карактеристични за самиот

---

20 Bouzek J.1973,136; Savopoulou T.1988, Fot.9

21 Andronikos M.1969. Rodt W.1974, Taf.38. Taf.39,7-12, Taf.40,15-18,

почеток на железното време.

Најзначајна форма секако е т. н. Либурнска фибула, поточно големите лачни фибули со две дискоидни задебелувања на лакот, украсен со врежани геометриски мотиви, најчесто на рибја коска. Откриени се на повеќе некрополи во Македонија, било во рамни некрополи (Попадин Дол, Тројаци, Прилепец, Д. Капија, Лакавица), било во гробови под тумули (Каранка-Рапеш, Вергина, Патели итд). Оваа фибула ги поврзува готово сите останати, нови форми накит во Македонија. Така, благодарение на нејзината хронолошка осетливост точно е фиксирано времето на појавата на целата оваа група бронзен накит кон крајот на на 11 и 10 век пр. н. ера, како и нивното извориште во регионот на Западен Балкан.[22]

Карактерот, местото и улогата на целата оваа група наоди во Македонија, ногу повеќе оди во прилог на трговските контактите преку трасата на идната Виа Егнатија до Албанскиот брег и на север по морски пат до северен Јадран, од каде во времето на изразената либурнска талесократија лесно можеле да стигнат производи и идеи до Македонија.

По истиот веќе добро разработен пат, најверојатно стигнале и останатите ранохалштатски форми како: спирални белегзии, наочарести фибули, торквеси, фалери, и сл, кои за разлика од претходната група биле безрезервно прифатени, најпрво од заедниците долж и околу Егнацискиот пат, а подоцна, посебно во текот на полното железно време нашироко произведувани и во останатите делови на Македонија.

*

Наодите на оружје во гробовите од раното железно време се сосема ограничени, што се должи најповеќе на малата истраженост но и на немањето посебна потреба за одбрана на сиромашните населби, на новите тешко пристапни позиции. Исто така изразена била слабата економска моќ, исцрпеноста и незаинтересираноста на поконтиненталните заедници за воени активности, после долготрајниот деструктивен период на миграции, освојувања, грабежи и сл.

---

22 Mikulčić I. 1966, 10-11; Čović B. 1971; 314 itn; Drechler-Bižić R. 1976, 145

Најмногу оружје од ова време е откриено во големите тумуларни некрополи на грчка територија, во Вергина и Пателн, од кои ги црпиме и главните податоци за нивното вредновуње. Мечевите сеуште ги одржуваат старите форми од касното бронзено време, поточно преодниот период, со тоа што, наместо од бронза веќе се во целост изработувани од железо.

Во Вергина се откриени вкупно 17 железни и само еден бронзен меч.[23] Меѓутоа, според јасните типолошките белези, овој меч припаѓа на типот II од групата I (според H.V.Catling) и како наод од најстариот тумул "Ц" се датира уште во преодниот период. Останатите железни мечеви, во истата форма, поврзани се со најголемиот број погребувања, главно од X/VIII век пр. н. ера. Готово идентична слика наоѓаме и во тумуларната некрополата во Пателн, на Островското Езеро. И таму, како најстар се издвојува единствениот бронзен меч, сроден на наодот од Вергина но и на познатите мечеви од Раштани, Барч, Водхин Какави и тд, кој може да се датира најкасно во XI век пр. н. ера.[24] Сите останати, вкупно 9 мечеви изработени се од железо. Нивното попрецизно датирање, со оглед на околностите во врска со публикувањето на оваа некропола не е можно. Сепак, на основа останатите наоди нема многу да се згреши ако се сместат од X до VII век пр. н. ера.

Во овие некрополи откриени се и добар број долги и куси ножеви, врвови од копја и стрели(во Вергина: 79 различни ножеви, 25 врвови од копја и 19 стрели, во Пателн: 72 ножа, 25 копја и 4 стрели) сите главно од железо и со форми кои ќе се продуцираат низ целото железно време во Македонија.

За разлика од овие некрополи не можеме да сметаме на сигурен број на оружје на територијата на Република Македонија. Меѓутоа со голема сигурност можеме да ги претпоставиме истите појави. За ова зборуваат неколкуте наоди на железни копја, ножеви и мечеви од тумулот во Висои, Беранци и во Орлова Чука, Стар Караорман, посебно

---

[23] Radt W.1974, Taf.41, Taf.42-1, 137

[24] Hammond, N.G.L. 1982, 648

двата меча (Сл. 30), аналогни на железните мечеви од Парели и Вергина.[25] При ова, треба да се одбележи дека мечот од гробот 2 во тумулот V од Орлова Чука после долгата употреба бил скратен и користен како бодеж, а дури потоа приложен во гробот што се датира, на основа лачната фибула со кружна нога, кон крајот на VIII или во раниот VII век пр. н. ера.

На истото време припаѓаат уште два вакви меча, наоди од најстариот хоризонт на погребување во некрополата Милци, Гевгелија. Едниот претставува вонгробен наод (од постара гробна содржина) откриен до гробот 7, а вториот како прилог во еден од двата најстари гроба во некрополата (гробот-могилка бр. 56), што се датира, на основа бронзената игла кон крајот на VIII век пр. н. ера (Сл. 30).[26] На овој начин може да се заклучи дека старите форми на мечеви, прифатени во Македонија уште кон крајот на бронзеното и во текот на преодниот перид, во раното железно време биле изработувани од железо и се одржале во употреба до самиот крај на VIII век пр. н. ера. Во текот на следната етапа на полното железно време повеќе не се срекаваат.




Сл. 30 Мечеви од раното железно време
а. Висои-Беранци б. Орлова Чука-С. Караорман в, г. Милци-Гевгелија

[25] Kilian K. 1975-a, Taf. 44-1, Taf. 60-8

[26] Митревски Д. 1992, Т. I-2, 148

## Б. ГРОБНИ НАОДИ ОД ПОЛНОТО ЖЕЛЕЗНО ВРЕМЕ

### КЕРАМИКА

Керамиката претставува најјак израз на локалните особености железнодопската култура, со што нуди најповеќе можности за разграничивање на поедините групи, поточно на поедини заедници, во дадените услови на еден, во основа единствен културен простор.

Веќе спомнавме неколку различни елементи кои учествувале во генезата на македонската керамографија на железното време. Така, на пример, евидентно е учеството на: домашното наследство од на бронзеното време, микенските елементи како влијанија од југ во текот на доцното бронзено време и преодниот период, елементите од Подунавјето и Централен Балкан како влијанија од север во време на преодниот период, западно балканските - халштатски елементи од раното железно време и поедините елементи како резултат на непосредните контакти со соседните центарлнобалкански културни групи на железното време. Конечната слика за керамиката од полното железно време во Македонија била условена токму од степенот на учество на овие елементи, кои , несомнено биле различно застапени во различни региони. Така, локалните карактеристики треба да се сметаат, пред се како резултат на доминацијата на поедини елементи врз другите.

Во оваа смисла, на единствената бронзенодопска основа, во Долновардарскиот регион најдлабоко биле инволвирани искуствата од касномикенската керамографија. Меѓутоа и последиците од последните бранови на преселбите од Подунавјето кон југ предизвикале воведување на поедини северни елементи, со што бил отворен патот за непосредни контакти на повардарските со поморавските заеднициа, кои до посебен израз ќе дојдат во периодот на стабилнизирани прилики, во текот на полното железно време. Така, регионот на Среден, Горен Вардар и по Брегалница апсорбирале најповеќе од елементите на керамиката од централнобалканскиот регион.

Од друга страна, во Пелагонискиот и Охридски регион, каде што елементите од касномикенската, подунавска или централнобалканска керамографија не биле во толкава мерка присутни, домашното

бронзенодопско наследство се открива во најчист, најнеоптеретен вид. Единствено се присутни, иако не во толкава мерка како во накитот, извесни халштатски елементи, како производ на културните продори од Северозападен Балкан преку Јадранско Море и Југоисточна Албанија во раното железно време, а посебно како резилтат на тесната поврзаност на заедниците долж трасата на идната Виа Егнација.

И покрај сите овие фактори во формирањето на железнодопската керамика во Македонија, сепак старата продукцијата на садови - гробни прилози и понатаму се одржува и може да се следи преку веќе споменатите основни форми што ги среќаваме кај сите македонски заедници: бокалот со косо засечена задна страна од вратот, длабоки шолји - чаши со една вертикални држалки, кантаровидни садови со две вертикални држалки и длабоки здели - најчесто со вовлечен обод и хоризонтални или јазичести држалки на рамото. Сите тие претставуваат традиционални, домашни форми, со тоа што во различни региони развиваат различни варијанти во зависност од локалниот вкус и можности.

Накратко ќе ги разгледаме основните особености на сите локални продукции на гробна керамика. Велиме гробна керамика бидејки мора да се одвојат формите на населбинска керамика и оние произведувани и употребувани за потребите на погребување. Строго одреденото место и улога на керамичките садови како амбалажа за поедини видови храна оставани во гробовите ја услоловило и појавата на ограничен број на форми во нашите некрополи. Наспроти ова на населбите се јавува далеку поголем репертоар на форми техники, декорации и сл. Некои од нив ги среќаваме и во некрополите, но секогаш како остатоци од ритуалните дејствија изведувани околу и над гробовите, најчесто во тимуларните насипи. Затоа, доколку сакаме целосна слика за керамографијата на железното време во Македонија, мораме пред вид да ја имаме, најнапред населбинската керамика. Во оваа прилика ние немаме такви амбиции, меѓу другото и од причина што сеуште не се вршени посериозни истражувани на некоја населба од железното време на територијта на Р. Македонија.

*

Во Долното Повардарје, во споредба со останатите региони, прилагањето на керамика во гробовите е најповеќе канонизирано. Така, се среќаваме со мошне ограничен број форми на садови и техники, специјално изработувани за да бидат прилагани со секое едно погребување. При тоа, стандардно се употребувала керамична гарнитура од бокал со косо засечена задна страна од вратот, за течна храна, оставан покрај нозете-стопалата на покојникот и длабока шолја со една или две вертикални држалки, за тврда храна оставана или до бокалот или во средината на гробот. Кај детските погребувања наместо големиот бокал било ставано мало бокалче во форма на "олпа", често пати со цевчест изливник на стомакот.




Сл.31 Долновардарска керамика на на грчарско коло Дедели (1-4), Сува Река (5-10), Милци (11-13)

Во постарата фаза (главно во текот на VII век п. н. ера) вакватагробна гарнитура не само што била вообичаена, туку се чини исклучива - обавезна готово кај секое едно погребување. Ова е најдобро документирано кај некрополата во Дедели, Валандово, чија употреба завршила на самиот почеток на VI век пр. н. ера. Меѓу гробните прилози од близу 100-те испитани гробови се срекаваме со крајно редуциран избор на керамични садови, сведен само на наведените форми (Сл. 31-а).[27]

Во помладата фаза, во текот на VI век. пр. н. ера, покрај стандардните се јавуваат и други поразвини облици, најчесто на широко отворени садови со хоризонтални или вертикални држалки (Сл. 34-б). Сите овие садови изработени се грнчарско коло, во единствен манир, од прочистена глина црвено до окер печена и лентесто боена со потемна мат- црвена боја. Паралелно со оваа керамика, во помладата фаза се јавуваат истите облици на садови изработени и во технологијата на сиво печење. Сепак, и покрај големата воедначеност, на основа нијансите на печење и боење како и изведбана на поедини делови од садовите (степенот на засеченост на вратот кај бокалите, висината и држалките, профилот, димензиите и сл.) секој еден сад претставува варијанта за себе, што е можеби најјаката потврда за нивнота локална продукција.

Ваквите садови, работени на грнчарско коло, не само што биле предоминантни ( над 90% од вкупниот керамичен инвентар) туку се чини биле обавазни и достапни дури и за најсиромашните покојници. Сето ова зборува за една вистинска локална керамична индустрија во служба, пред се на погребните потреби на долновардарското население во текот на полното железно време. Во одредени, сосема ретки случаи кога за некое погребување не можеле да се обезбедат вакви садови, биле користени обични кујнски садови, работени на рака и со евидентни траги од претходна употреба во рамките на населбата. Меѓутоа тие со својата форма морале да одговараат на погребните потреби, поточно да можат да ја преземат функцијата на садот што го заменуваат (било

27 Митревски Д. 1991-а, 46-48

бокал или шолја) во ритуалот на погребување. (Сл. 32)




*Сл.32 Рачно работени садови-прилози во гробовите од Долно Повардарје: 1-3 Дедели; 4-14 Сува Река; 15-16 Милци*

Неопходните импулси за локалната продукцијата на окер печените садови на колце во Долното Повардарје може да се претпостави дека стигнале од југ, каде се откриваат извесни сличност со истовремената т. н. источно грчка архајска керамика. Меѓутоа, несмее да се занемарат ни влијанијата уште од касномикенската керамика во Долното Повардарје. Напротив, благодарение на "микенските станици" од касното бронзено време и преодниот период на долновардарските населби како Вардарофца, Вардина и Кастанас, искуствата на доцноомикенската керамика биле широко прифатени во овој регион, а меѓу најпопуларните

форми на микенски садови се издвојувал токму скифосот.[28]

Големи се сличностие меѓу овие - доцномикенски скифоси и подоцнежните скифоси од Чаушица и Милци, како една од превите форма на новата жлезнодопска, окер печена и лентесто боена локална продукција.[29] Затоа, се чини сосема можно старите микенски искуства на одреден начин да не биле заборавени, се до полното железно време кога во овој регион биле создадени потребните услови за појава на една ваква прогресивна и надмоќна керамична продукција. Исто така, начинот на боење со прекривањена отворот и рачките, како и лентестото расчленување на површината на окер печените садови од полното железно време, неодоливо потсетува на некои од основните карактеристики на продукцијата на старата доцномикенска керамика во Повардарјето.

Ваква, Долноврдарска керамика е откриена, и во некои од соседните региони, секако во многу помала количина. Такви се на пример поедини наоди од Халкидик, неколку садови од гробови во Вергина или на север наодите од Дабици-Сопот, Градиште-Кнежје, Криви Дол-Радање и Орлови Чуки-Стар Караорман (Сл. 33).[30]

*

Керамиката од Среден, Горен Вардар и по долината на Брегалница, за разлика од Долното Повардарје, била работена главно на рака. Откриени се само неколкуте садови работени на коло, кои претставуваат примероци на споменатата долновардарска окер керамика (Сл. 33). Нејзината процентуална застапеност е мала и најверојатно биле изработени во некоја од долновардарските керамички работилници. Грнчарите од овој регион, барем што се однесува на постарата фаза, сеуште произведувале само садови работени на рака. Дури во текот на VI век, со општите тенденции во керамопродукцијата во Македонија и усвојувањето на сивата технологија на печење, широко се прифаќа и грнчарското коло.

---

[28] Podzuweit C. 1979-a, Abb 19-23, 206-220; Истиот 1986, 457-464

[29] Bouzek J. 1974, 344 ; Mitrevski D. 1987, Fig 7,15

[30] Radt W. 1974, Tf. 37, 21-25; Микулчик И. 1960-61,




Сл. **33** Долноварадарска окер керамика на коло од : 1-3 Дабици-Сопот, 4 Орлова Чука - стар Караорман ; 5 Кнежје

Во гробовите биле ставани, во основа истите форми како и во Долното Повардарје, пред се бокали со косо засечена задна страна на вратот и длабоки шолји со една или две вертикални држалки. Меѓутоа, во служба на погребните дејствија биле оставани, покрај гробовите, надвор од тумулите или во самиот тумуларен насип и многу други форми на садови, кои се вообичаени за населбинското живеење (разни чинии, претежно со вовлечен но и извлечен обод, со една или две хоризонтални рачки, разни варијанти на поголеми анфороидни или питосоидни садови и т.н.).




*Сл 34 Керамика од некрополата Дабици-Сопот*

Најдобри претставници на керамиката од полното железно време во Скопско-Кумановскиот регион се наодите од некрополата во Дубиче, Вучи Дол кај Скопје,[31] од регионот по средното течение на Вардар наодите од Дабици-Сопот (Сл 34), а по долината на Брегалница керамиката од некрополите во Орлови Чуки, Стар Караорман и Криви Дол, Радање кај Штип.[32] Сите тие имаат единствени белези, по кои се приближуваат до централнобалканските, поточно поморавски тенденции. Од друга страна, формите претставуваат вообичаени појави за железното време во

---

[31] Kilian K.1965-a. Taf. 56

[32] Микулчиќ И, 1960-61, 56-58; Гарашанин М.-Гарашанин Д.1958-59, 27-39

Македонија, но присутни и во соседните региони на север, источно Косово или Поморавјето.[33] Со овие области биле одржувани непосредни контакти и востановени тесни релации евидентни и во единствената, условно кажано, централнобалканска мода на украсување на керамичките садови со врежување, канелирање и жигосување.

Украсувањето се вршело со вертикални или коси канелури на стомакот од садовите или на ободот на длабоките чинии, потоа со врежување, втиснување на "шнур" или со назабена алатка-радло, додека на поголемите садови вообичаени биле пластичните ленти со отисоци од прсти. Мотивите се геометриски, главно хоризонтални или вертикални линии, висечки шрафирани триаголници паралелни низи од месечести или кружни втиснувања (Сл. 34).

Веќе во помладата фаза, во текот на VI пр. н ера керамиката од овој регион, почнува да ги губи ваквите локалните белези, за да во следната етапа на доцното железно време во потполност ги напушти, и воедно, со останатите региони се обединат и создадат керамична продукција со единствени доцноархајски белези на целата територија на Македонија.

*

Во регионот на Пелагонија, керамиката од овој период, најдирекно се надоврзува на формите и техниките од претходната етапа на Раното железно време. За разлика од регионот на Повардарјето и Брегалница, старите форми и декорации, од домашната бронзенодопска традиција сеуште се јавуваат со битно непроменети вредности. Ова секако се должи на различното место и улога на пелагонискиот регион во настаните од т. н. Големи Егејски Преселби и нејзината конзервативна положба во однос на Повардарјето.

Долината на Вардар и културно и географски се наоѓала токму на патот-помеѓу двата света, "цивилизираниот" медитерански и праисторискиот европски свет, со што во изминатите векови имала можности да ги почувствува и во одредена мерка прифати поедини

---

[33] Vasic R.1987, 673-689

влијанија од двете страни. Наспроти ова, керамиката во Пелагонија не била во непосредни контакти, ниту со заедниците од балканскиот север ниту со оние од грчкиот југ. Така, основните форми од "македонската" керамографија на железното време, како: кантаровидните садови со две или длабоките чаши - шолји со една вертикална држалка, длабоките чинии со вовлечен обод и хоризонтални држалки, како и бокалот со косо засечена задна страна од вратот и сл. се јавуваат во далеку по чист вид, неоптеретени во толкава мерка, како повардарските со богатата врежана декорација, канелури и употреба на "шнур" или "радло". Во оваа смисла, а и поради малиот број наоди тешко е со сигурност да се издвојат садови типични за полното железно време, посебно за неговата постара фаза (до крајот на VII век пр. н. ера).

Во постарата фаза на Полното железно време, старата мат боена керамика го продолжува својот живот, главно во јужна Пелагонија. На север и во североисточните делови, кои биле во непосредна врска со Повардарјето и Источна Македонија се чини доминирала декорацијата со врежување. Вакви се двата бокали од гробовите - цисти во "Варош" и "Касарни" во Прилеп, меѓу кои последниот е украсен со врежани висечки, шрафирани триаголници и мотив на свастика.[34]

Најдобри претставници на мат сликаните садови се наодите од Живојно, посебно садот во форма на познатите урни од културата Виланова од гробот 2 и бокалот од гробот број 3.[35] Од истата некропола потекнува уште еден мат боен бокал откриен до гробот 1, кој според кусите шрафирани тиаголници на стомакот и мотивите на шаховско поле на вратот повеќе одговара на керамиката од претходното - рано железно време.

Добар дел од керамините садови откриени во тумулот во Висои, Беранци, на основа поедини типични метални наоди би требало да припаѓаат на оваа фаза. Меѓу нив се среќаваат како мат сликани така и монохромни садови, но секогаш работени на рака. Употребата на

---

[34] Китаноски Б. 1975, сл. 2 и 4

[35] Јосифовска Б. 1963, Сл. 10 и 13

грнчарско коло станува практика во помладата фаза на полното железно време.

Во текот на VI пр. н. ера, останува истиот репертоар на форми, со тоа што, повеќето од нив веќе се изработувале на грнчарско коло. Најдобра илустрација на ова е керамиката од некрополата Сламите, с. Рапеш. Таму ги среќаваме истите форми типични за претходните векови на железно време, изработени на грнчарско колце.[36] Исто така усвоена е и технологијата на сиво печење, во која најпрво се продуцираат старите домашни форми, а потоа, посебно во доцното железно време и поедини популарни грчки форми на садови.

Отвореноста на пелагонската рамница кон југ ги подразбира истите манифестации и на грчката страна. Најдобри паралели на сликаните садови се наоѓат во материјалот од некрополата во Пателли, додека за монохромнати меѓу керамиката од Вергина.[37]

*

Во Охридско немаме ниту еден керамичен наод што може со сигурност да се датира пред крајот на VII век пр. н. ера.

Општо земено, на основа постарите требенишки наоди (Три Чељусти и Вртулка) од VI век пр. н. ера, може да се каже дека керамиката од овој регион е можеби најконзервативната, поточно најцврсто наслонета на бронзенодопските вредности.[38] Нејзини паралели се откриваат во Пелагонија но и во наодите од соседните области во Југоисточна Албанија (Кучи Зи, Корча) , Котили и Козани во Северозападна Грција. Сепак, недостатокот на материјал не дозволува некои посериозни заклучоци. Затоа, до откривањето на повеќе садови од полното железно време ќе мораме да се задоволиме со сликата што ја оставаат наодите од ова време во соседните региони.

## МЕТАЛ

Репертоарот на накит од Полното железно време во Македонија

---

[36] Василева М.1993, Сл.11 и 12

[37] Amandri P.1953.Fig 43;Rodt W.1974. Taf 35- Taf.37

[38] Кузман П.1985,47-52

подразбира објекти што се среќаваат во целото коине на железнодопски култури во Европа и Мала Азија, како: фибули, игли, разни привзоци, култни бронзи, белегзии, гердани копчи и др. Во секоја една култура овие објекти имаат различно место и улога во погребувањето и свои посебни типолошки, па и хронолошки вредности. Така, накитот откриен во гробовите од полното железно претставува еден од најдобрите индикатори на карактерот и особеностите на железнодопската култура кај македонските заедници. Меѓутоа, со оглед на бројноста на формите, за оваа прилика секако не ќе можеме во доволна мерка да се задржиме на секоја една форма , за што впрочем постојат бројни трудови. Затоа ќе ги одбележиме само оние облици со поголема хронолошка и културна вредност, како и објектите со посебно место и улога во погребувањето.

Меѓу формите накит, најчесто изработени во бронза, присутни се три основни категории, и тоа: а. украсен б. утилитарен и в. култен накит.

Разните бронзени орнаменти со претежно украсна функција (гердани, обетки, прстени, торквеси, белегзии, салталеони и сл) готово секогаш се врзуваат за женските гробови. Тие претставуваат израз на општо присутните норми во китењето и на широко прифатените стандарди вообичаени за целиот железнодопски свет. Меѓутоа, во поедини објекти, посебно на белегзиите, како декорација можеле да бидат вградени значајни елементи од уметноста и духовните вредности на локалното население. Такви се на пример раскошните белегзии од типот т. н. "Јањево" или "Прилеп", според првооткриените примероци од Јањево на Косово или по најрепрезентативните наоди од Прилеп, изработени од широка ребреста лента со затапени краишта и раскошна врежана и печатена геометриска декорација (Фот. 19).[39]

Според својата масивност и димензии, белегзиите од Прилеп секако не можеле да служат за секојдневна употреба, туку само како вотивни белегзии кои ги означувале религиозните и уметнички потреби. Иако претставуваат случајни наоди, откриени биле во пар, што зборува за припадноста на едно лице, најверојатно како прилози од некој

---

[39] Kilian K.1975-a, Taf.86-2;

уништен гроб.

Листата на вакви наоди, во последните години е знатно зголемена со повеќе наоди од Македонија, претежно од Повардарјето. Со тоа овој тип белегзии се врзува главно за македонското подрачје и за уметнички и духовни потреби на македонските заедници.[40] Во ваков контекст, познатите вакви наоди од Кучи Зи, кај Корча и оние од Јањево, се јавуваат како периферни манифестации, што не би требало да изненадува си оглед на непосредните контакти и блискости, посебно меѓу заедниците од Југоисточна Албанија и Косово со Македонија.[41]

Утилитарните форми накит биле одредени од намената, но во исто време морале да обезбедат и одредено ликовно ниво, со оглед на тоа што биле носени на видливи делови од облеката или телото. Такви биле лачните и наочарести фибули, игли за коса, брошеви-копчи, токи, фалери-пафти и други. Поради својата практична примена ги откриваме како во женските така и во машки гробови, а поединих форми биле прифатени од различни заедници без можност да им се одреди потесното изворно подрачје.

Полното железно време претставува период на најголема популарност на фибулите, кои биле произведувани во сите региони со развиена металуршка дејност. Во Македонија, посебно во покомуникативните подрачја, се јавувува поголемо разнообразие на форми, главно во двата основни вида, наочарести и лачни фибули. Многу од нив биле инспирирани, било од север или југ, меѓутоа произведувани локално, при што поедини форми биле посебно развивани како израз на домашната култура.

Лачните фибули се јавуваат во две групи, како: фибули со еднопетлеста конструкција и фибули со две петелки на краиштата од лакот.

Еднопетлестите фибули биле инспирирани од грчките геометриски

---

[40] Митревски Д.1991-а,81

[41] Andrea Z.1993, 109-123

форми, но произведени и развивани во Македонија,[42] од каде поедини облици биле дистрибуиран на север во внатрешноста на Балканот, каде во VI и V век се задобиле со посебна популарност.[43]

Втората група на лачни фибули со двопетлеста конструктивна схема исто така претставуваат чести наоди во гробовите од полното железно време во Македонија. Меѓутоа, мора да се каже дека нивниот број е сеуште значително помал од оној во посеверните балкански области, од Источноалпското подрачје преку Гласинац до Северозападна Бугарија, каде, обично се бараат изворишта та за нивниот настанок.

Големата популарност на поедини форми придонела за нивно ширење и прифаќање во Македонија, при што извесни македонски области, како Повардарјето се јавуваат со посебна улога во нивната дистрибуција и типолошка еволуција.[44] Меѓу нив, најголема популарност уживала фибулата со нога во форма на т. н. Беотски штит, карактеристична за последните 3 децении од VII век п. н. ера, како и двопетлестата фибула со мала триаголна, типична за VI век пр. н. ера.

Фибулите во форма на очила, веќе ја спомнавме како една од најпопуларните форми на "халштатски" накит на Балканот, а со тоа и во Македонија. Нивната најрана појава е регистрирана уште во X век пр. н. ера во Вергина, во Патели.[45] Раното железно време било време на нивно ширење во Македонија, при што во останатите, посеверни области биле целосно прифатени и оствариле полна употреба дури во текот на полното железно време, кога биле и локално продуцирани.

По долината на Вардар, на пример, откриени се над 30 наочарести фибули од двата типа, со или без "осмица" меѓу дисковите, меѓутоа за ниту една не може со сигурност да се каже дека е постара од VIII век пр. н. ера. Така, нивната најинтензивна употреба се поврзува со постарата фаза на полното железно време, кога појаките културни и металуршки средини, како Долното Повардарје можеле да продуцираат

---

[42] Mitrevski D. 1987. 30-31;

[43] K. Kilian 1975-a, Taf. 85; Mitrevski D. 1987, br. 12-18, Fig. 3, 33

[44] Mitrevski D. 1987, 34-37

[45] Alexander J. 1965: Rodt W. 1974, Taf. 38. 124

наочаресті фибули со јасни локални особености. Во оваа смисла најдени се неколку наочарести фибули со купасто извлечени дискови кои несомнено претставуваат една специфична, домашна варијанта, засега позната од некрополите како: Дедели, Глос, Прилеп и Куново. [46]

Следна позначајна категорија накит се иглите за коса, кои формираат една група наоди со посебно место во материјалната култура на протоисториските заедниците во Македонија. За полното железно време, а најповеке за помладата фаза карактеристични се двојните игли, кои ги срекаваме најчесто во два основни типа и тоа: игли со двопетлеста глава (т.н. Гласиначки тип или тип III-според Р. Васик) и со проста триаголна глава (Македонски тип или тип IЦ-според Р. Васик). [47] Иглите со двопетлеста глава се срекаваат на широкото балканско подрачје, при што, со оглед на најголемиот степен на истраженост најповеке ги има на Гласинац.

Долго време Гласинац се сметаше за нивно изворно подрачје, а Македонија еден од регионите со посебна концентрација. Меѓутоа, со поновите ископувања во Македонија посебно по долината на Вардар се повеке се истакнува можната хронолошка предност на овој регион над босанскиот. Во оваа смисла значајни се вакните игли од Пателли, Сува Река и од некрополата во Дедели, што се датираат уште во VII век пр. н. ера, а најповеке во времето на животот на лачните фибули со нога во форма на т. н. Беотски штит, што значи во последните децении од VII век и употреба низ раниот VI век пр. н. ера.

Истото време во Македонија биле во употреба и двојните игли со проста триаголна глава или со вдлабнивање во средината на горниот дел на главата. Според листата на вакви наоди и нивната хронологијата, овој тип игли првобитно се развил во Македонија од каде се раширил на север, се до Доња Долина на Сава. [48] Нивната употреба го исполнува главно VI век, а може и покасно, со оглед на најмладите вакви игли од

---

[46] Митревски 1991-а, Сл.44,57; Китаноски Б.1976

[47] Vasic R.1982, 222-228, 232

[48] Vasic R.1975, 84-85

Козани, датирани во V век пр. н. ера.

Во врска со двојните игли интересен е наодот на вкупно 11 двојни игли од спомenатите типови, сите откриени во еден гроб-број 5 од тумулот V од некрополта во Дабици, Сопот, каде припаѓале на различни покојници, но хронолошки секако блиски. Овие и бројните други наоди на двојни игли во Македонија одат во прилог на можноста тие да настанале во Македонија, благодарение на влијанијата од Мала Азија, најповеќе од Фригија, каде се откриени најраните примери на двојни игли. Од Македонија, во следните векови се ширеле на север и северозапад, најповеќе по Вардарско - Моравскиот пат. Во следната етапа, во текот на доцноархајскиот период нивното место во Македонија ќе го превземат иглите од т. н. Требенишки тип.

Категорија "култен накит" претставува најзначајна група на предмети, вообичаени за гробовите од Полното железно време во Македонија. Тоа се најразлични форми на амулети, приврзоци и висулци, поврзани со одредени религиозните сваќања или ритуални дејствија. Овие објекти, познати се во науката под заедничко име "Македонски Бронзи", иако се одликуваат со преголем процент на бакар (над 97% ) во својот хемиски состав.[49]

Биле најповеќе користени за време погребувањето, прикачувани како накит на одредени делови од телото во женските гробови, но прилагани и во детските гробови, каде имале апотропејски значење. Поради нивното важно место и улога во сферата на погребувањето, нивните високи културни, ликовно-естетски и хронолошки вредности овие предмети заслужуваат посебно внимание.

Во хронолошка смисла сите овие објекти можат да се поделат во две групи - постари и помлади форми Македонски Бронзи.

Постарите форми се поврзани со гробовите од постарата фаза на полното железно време.[50] Во оваа група влегуваат: приврзоците - садчиња со капак; приврзоците - минијатурни садчиња, најчесто

---

[49] Bouzek J. 1973; Истиот 1974; Митревски Д. 1988-а

[50] Митревски Д. 1988-а, 83-102

бокалчиња; приврзоците - ажурирани топки; долгнавестите приврзоци со пластични, анимални додатоци; предметите во форма на консекративни рогови и приврзоците-птици, најчесто со кружен отвор на стомакот (Сл. 35)( Фот. 35).




Сл.35 Постари форми на Македонски (Пајонски) Бронзи

Сите тие се меѓусебно тесно поврзани, откривани заедно, често во служба на ист покојник. Во оваа смисла ќе ги спомeнеме само најиндикативните гробни содржини. Во гробот 1 од некрополата

Крњански Гумења, откриени се меѓу другото и привзок - садче со капак, привзок - минијатурно бокалче, ажурирана топка и птица со отвор на стомакот, во гробна конструкција и околности како и кај гробот 5 од некрополата Криви Дол, Радање.[51] Таму, заедно со привзокот - садче со поклопец најдени се и познатите лачни геометриски фибули, по што овој гроб лесно се датира во текот на првата половина од VII век пр. н. ера. Истиот привзок е откриен и во гробот 2 од тумулот V во Дабици, Сопот, заедно со лачна двопетлеста фибула со наребран лак и таканаречен "W" привзок, кои упатуваат на истото време, најкасно до средината на VII век пр. н. ера.

Во долновардарските некрополи најповеќе податоци за постарите форми Македонски Бронзи нуди најстарата некропола во Чаушица кај Кукуш, каде овие објекти се откривани во гробовите од крајот на VIII и во текот на VII век пр. н. ера. Меѓу нив најзначаен е еден од најстарите гробови - гробот 13, во кој се најдени два привзоци-птици што носат минијатурни бокалчиња на грбот, еден привзок - садче со капак и консекративни рогови.[52] Во некрополата Милци кај Гевгелија во гробот 48 заедно се откриени привзок-садче со капак и ажурирана топка.[53]

Не помалку значајни се ваквите наоди собрани како прилози од неколку растурени гробови, од: Оградa - Орешани, Кумановска Бања - Куманово, Свилара - Долно Оризари, Градиште (јужна некропола) - Кнежје, Сува Река - Гевгелија, Глос - Грчиште, Дедели - Валандово и т. д.

Во секој случај овие форми се врзуваат за постариот хоризонт на погребување на полното железно време, така што и покрај развивањето на посебни типови и варијанти кај поедини форми, посебно кај привзоците - садчиња со капак, сепак не се јавуваат со материјал помлад од VII век пр. н. ера. Според листата на наоди, предоминантни се

---

[51] Митревски Д. 1988-а, фот.1 ; Гарашанин М.-Гарашанин Д.1958-59, 19

[52] Bouzek J.1974, 280; Истиот 1973,Fig.1.1-2,Fig.6.4

[53] Митревски Д.1988-а

на територијата на Повардарјето и долината на Брегалница, по што се познати и како Пајонски Бронзи.[54] Примероци откриени во соседните региони се знатно помалубројни и не ретко покажуваат локални особености.

Кон крајот на VII и во поголемиот дел на VI век местото и улогата на постарите Македонски (Пајонски) Бронзи ја преземаат нови, помлади форми (Сл. 36).



Сл. 36 Помлади форми на "Македонски Бронзи"

Во гробовите од ова време, заедно со карактеристичните објекти како: лачните двопетлести фибули со нога во форма на Беотски Штит, лачните еднопетлести фибули со плочеста нога и копче во слободниот

[54] Митревски Д. 1988-а, 40;

агол, двојните игли со двопетлеста или проста триаголна глава и сл, повеќе не се јавуваат овие, туку нови форми на ситна бронзена пластика. Како и постарите и овие имале култна намена и биле носени како приврзоци или висулци прикачени, на одредени делови од облеката околу појасот, најчесто во женските гробови. Се работи за разни варијанти на т.н: гроздовидни привзоци (без вистинска причина познати како затварачи за кани), топчести привзоци-бобци, цвонести привзоци, елипсовидно издолжени висулци и сл. (Сл. 36).

Сите овие форми и варијанти се тесно меѓусебно поврзани, а на основа типолошките особености, кај поедини облици може да се следи нивниот развоен пат. Ова е најевидентно кај т.н. "затварачи за кани".[55] Меѓутоа, се чини поважно тоа што во најголема концентрација се откривани по Долината на Вардар и посебно на Халкидик.[56] Сепак, за разлика од постарите форми, нивното простирање ја покрива поширокатa територијата на Македонија, а бројните наоди од Северна Егеја и Халкидик зборуваат за тесните релации со грчките колонии и занатските центри, кои биле во состојба да работат за потребите на племињата во нивната континентална позадина од каде се снабдувале со суровини, но и каде пласирале свои идеи..

Без разлика дали се работи за постарите или помлади форми на Македонски Бронзи поедини примероци се откривани и во Грција, меѓутоа секогаш како подароци на тамошните светилишта (Додона, Фере, Олимпија, Аргив Хераум, Самос Хераум и сл.). Од друга страна неколкуте наоди на Македонски Бронзи откриени во внатрешноста на Балканот (Доња Долина, Вртиште-Ниш и сл) се толкуваат како резултат на трговските односи со Македонија.

Во секој случај употребата на Македонските Бронзи можеме да ја следиме до последните децении на VI век пр.н.ера. Во следната етапа повеќе не се јавуваат.

---

[55] Vikers M.1977, 21-22

[56] Kilian-Dirlmeir I.1979.Taf.62-72, на што треба да се додадат наодите од Р. Македонија: Митревски Д.1988-а, 55-56; Истиот 1986, 66-66

## 6 ОДНОСОТ НА МАКЕДОНИЈА СО СОСЕДНИТЕ РЕГИОНИ

Релациите што беа востановени во претходната рана фаза на железното време меѓу заедниците од Македонија и нивните соседи, со оглед на зголемената економска моќ, во текот на полното железно време значително се унапредуваат и стануваат уште потесни и поефикасни. Во оваа смисла евидентни се блиските релации на населението од Горниот, Среден ток на Вардар и по долината на Брегалница со посеверните заедници во Источни Косово и по Јужна Морава. Во гробовите во овие подрачја се откриени доста исти или сродни прилози што има предизвикано одредени размислувања во правец на единствена етно-културна квалификација.[57] Меѓутоа, доколку се компарираат сите елементи релевантни за донесување на вакви квалификации, лесно ќе се види дека сличностите се ограничени само на сферата на материјалната култура и тоа само на оние предмети кои се израз на економско-трговските односи или на спецификите на трансхиманото стопанисување кај поединни заедници, посебно кај населението од источна Србија и Северозападна Бугарија. Сето ова има направено на мошне широк простор да се јават слични манифестации во материјалната култура како израз на воедначената централно балканска мода.

Наспроти ова, во духовната сфера, начинот на погребување, погребните обичаи и уметничките и религиозни сфаќања, (најдобро илустрирани преку култната бронзена пластика од групата на Македонските Бронзи) северните области на Македонија јасно се издвојуваат од соседите на север и покажуваат органска поврзаност со заедниците на југ. Ова е убаво илустрирано преку еден гроб од Вртиште кај Ниш, кој очигледно припаѓа на локалната средина, меѓутоа, по својата содржина, во него била погребана жена најверојатно дојдена од Повардарјето или уште поточно од регионот на Долен Вардар.[58]

Останатите заедници од територијата на Р. Македонија покажуваат нешто поинаков карактер на поврзаност со соседите.

---

[57] Vasić R.1987,673

[58] Ђурић Н.1985,Т.II и III,18-20

Населението од Валандовско-Гевгелискиот регион во ништо не се разликува она на југ по долината на Вардар. Напротив, наоѓалиштата јужно од Демир Капија до мочварните терени на Вардарија, триесетина километри нај југ од денешната Македонско-Грчка граница претставуваат единствена и мошне цврста геоморфолошка но и културна целина.

Во врска со културните односи меѓу населението во меѓуречјето на Вардар-Струма, неодамна е изнесено мислењето дека културата на полното железно време меѓу долните текови на двете реки е доста хомогена и во одредена мерка се разликува од културата во регионите северно од Демиркапијската, поточно Кресненската Клисура, но само како разлики меѓу две зони што претставуваат локални варијанти на една иста култура.[59] Сепак, со оглед на слабата испитаност на Долината на Струма во однос на Повардарјето ќе мораме доста да причекаме за да ги утврдиме вистинските релации меѓу овие два региони во текот на железното време.

На ова место важно е да се спомнат односите на македонските заедници со грчките колонии на северниот егејски брег. Таму, во Солунскиот Залив и посебно на Халкидик, првите грчки колонии биле основани во текот на втората половина на VIII век пр.н.ера. Сите групи на староседелци и колонисти биле во мешани контакти и влијанија едни на други. За протоисториските заедници од Македонија тоа значело прв и непосреден контакт со грчката култура и занатство. Во вакви констелации занатските и уметнички продукти морале да содржат различни искуства. Така, во поедини форми на тн. Македонски Бронзи (најповеќе кај гроздовидните приврзоци) евидентно е влијанието од грчката геометриска пластика.

Во одредени бронзени форми, Ј. Боузек наоѓа, елементи пренесени во Македонија преку алијанстата на Едините со Кимерците, дури од кафкаската бронзена продукција.[60] Ова не би требало да не изненади, посебно кога се во прашање регионите со развиена металуршка дејност и јака економска моќ. Така, во поедини гробови од

---

[59] Georgieva R.1991.169-177

[60] Bouzek J. 1986,128

Валандовско-гевгелиските некрополи (најповеќе Дедели) во функција на женски накит со изразени локални белези, наоѓаме објекти кои во посеверните балкански области ги среќаваме во друга намена, најчесто како делови од коњска опрема ( крстасти копчиња, разводници за ремени, челни коњски украси и сл).[81]

Во секој случај, во текот на полното железно време, во услови на економска и политичка стабилизација на јаки племенски групи, до полн израз доаѓаат развиените трговски односи, посебно врските на Македонија и Грчките колонии на северниот Егејски брег со внатрешноста на Балканот. Клучно место, при тоа заземала Вардарско-Моравската комуникација. Со трасирање на одредени типови на наоди (најевидентни се фибулите со правоаголна нога или двојните игли), очигледно е ширењето на бројни форми од југ - од Македонија кон север до Дунав, Олтенија и Северозападна Бугарија.[82] Во исто време од таму на југ по истиот пат продирале поедини северни и централно балкански облици, меѓу кои најилустративно е ширењето на т.н. пробиени Појаси или двопетлести фибули со нога во форма на Беотски штит.[83] За разлика од претходното рано железно време во овој период, овој долг каравански пат се истакнува како главна македонска и балканска артерија.

Што се однесува до релациите на пелагониското население со своите соседи на југ, слободно можеме да ги употребиме истите квалификации како и во случајот со Долното Повардарје. Единствени манифестации на материјална и духовна култура се откриваат, како во делот од Пелагонија во Р. Македонија, така и во областите на југ, на грчка територија.

Од друга страна, Пелагониската и Охридската група, тесно се поврзани со Југоисточна Албанија, посебно со Корчанскиот регион. Тоа се традиционалните врски, што ги следиме уште од подлабоките

---

[81] Митревски Д.1986-а,57

[82] Vasic R.1975,90-91

[83] Vasic R.1971; Истиот 1975-а

праисториски времиња. Во текот на полното железно време тие биле најповеќе изразени преку заедничките форми на материјалната култура. Во оваа смисла, Ж. Андреја, на мошне сликовит начин, со компарирање на водечките форми, ги има прикажани релациите меѓу Југоисточна Албанија и Македонија во текот на целото железно време.[64] За жал, авторот, како впрочем и останатите албански археолози ваквото совпаѓање на материјалот го ставаат во служба на докажување на наводниот илирски карактер на железнодопската културата во Македонија, секако, тргнувајки од старите претпоставки, актуелни во времето на панилирските сваќања во археологијата, дека т.н. Деволска култура во Југоисточна Албанија претставува "чиста илирска култура".

До пред 15-тина години, можеби и се наоѓаше место за размислувања во овој правец, со оглед на недостатокот на археолошки наоди од територијата на Р. Македонија, наспроти бројните истражувања во Албанија и на Гласинац. Меѓутоа, во сегашниот момент, најблаго речено, методолошки е неисптравно на овие појави да се гледа низ "илирска" призмата и од позиција на наодите од Југоисточна Албанија. Ова затоа бидејќи овој регион, веќе сосема јасно се појавува како западна периферија во простирањето на готово сите културни појави што ја поврзуваат Албанија со Македонија. Во оваа смисла, корчанските или "деволски" наоди од полното железно време, меѓу кои посебно место имаат формите на Македонски Бронзи или раскошните белегзии од т.н. тип Прилеп се јавуваат како составен дел *или поточно периферија на* македонскиот културен круг, а не како средиште околу кое гравитираат македонските области. Тесната поврзаност на Југоисточните области во Албанија со Македонија е најизразена, и се должи пред се на традиционалната и непосредна поврзаност на заедниците долж "егнацискиот" пат.

---

64 Andrea Ž. 1993, 109-123

# Г Л А В А 4

## ПОГРЕБУВАЊЕ ВО ДОЦНОАРХАЈСКИОТ ПЕРИОД
## ПАЈОНСКО-МАКЕДОНСКА КУЛТУРА СО ДОЦНОАРХАЈСКИ БЕЛЕЗИ

### *1. ХРОНОЛОШКИ И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ РАМКИ*

Севкупниот развиток во стабилните услови на полното железно време неминовно довеле до потреби за квалитативни промени во карактерот и структурата на протоисториските заедници во Македонија. Новата економика со промените во начинот на стопанисување, подемот на металургијата со многу поголема употреба на железото, новите населби со многу поголеми можности за земјоделие занаетчиство и трговија, како и сите други промени создале услови за крупни чекори напред, со кои заедниците од Македонија, во текот на VI век пр. н. ера веќе можеле да ги надминат дотогашните модели и дефинитивно да отстапат од доминантните културни содржини на железното време, а со тоа сосема да се доближат до историските народи на Источниот Медитеран.

Првите манифестации на новото време се приметуваат уште во текот на втората половина на VI век прн. ера, а можеби најјасно се отсликовуваат токму во сферата на погребувањето, преку новините во: ритуалот на погребување, гробните форми и карактерот и репертоарот на гробните прилози. Тоа е време на нараснати економски можности и на потреби за подобро организирање во покрупни општествени заедници, време на потреби од покрупни воени организации подготвени за изведување на одбранбени воени акции но и посериозни походи со тенденција за освојување на нови територии и богатства.

Старите родовски односи се веќе минато, а раслојувањето на заедниците, започнато уште со промените во претходниот период довело до јасна општествена и социјално диференцијација, која целосно го афирмира новиот слој на племенската аристократија, идните владетели - базилеи.

Оваа последна етапа од протоисторискиот развиток на заедниците во Македонија е определена со хронолошките рамки од

втората половина на VI век до последните децении на V век пр. н. ера.

Гледано пошироко, тоа е период на воведување на нови културни односи и нови културни форми на еден знатно поширок простор, од Црното Море на исток до западниот брег на Франција. Тоа е време на големи движења и различни етнокултурни, економски и трговски контакти, кои својот најјак израз го имаат во појавата на луксузни предмети од Грција, Етрурија и Јужна Италија во т. н. кнежевски гробови нашироко во Европа. Раскошните и монументални "кнежевски" гробови какви се откриени во ова време на многу места во Средна Европа и Централен Балкан, претставуваат најјак израз на успехот на племенската аристократија и наглиот подем на праисториските заедници на "[illegible]" Европа во сенката на цивилизираниот медитерански свет.

Наоѓајќи се токму меѓу овие два света, Македонија во ова време открива нови и единствени вредности, кои не можат да се подведат ниту под праисториските критериуми на Европа ниту под критериумите на раноантичката цивилизација. Така на пример, не можеме вообичаениот термин "кнез" безрезервно да го користиме и за племенските старешини кај заедниците од Македонија. Овој назив одговара за поглавиците на племенските заедници на север, за оние што не оствариле одредено политичко единство, но не и за Македонија.

Иако не знаеме точно колкава и каква била општествената и политичка организираност на заедниците во Македонија, сепак сите податоци укажуваат на нивна јака организираност.

Во текот на втората половина на VI и низ V век, на територијата на Македонија се среќаваме со јаки заедници, кои се јавуваат како значајни фактори во креирањето на познатите историски настани, при што долго време одржувале висок степен на независност во осетливото политичко милје на поширокиот регион на Македонија и Северна Егеја. Нивните локални "водачи", по начинот на живеење се угледувале, на тогашните моќни и богати предноазиски

владетели. Некои од нив ковале и свои монети или на разни други начини веќе заслужиле нивните имиња да бидат забележани во античките пишани извори, како на пример : Литас на Ихњаните, Бастареос на Лаиаите, Докимос и Еургетес на Дероните, Гетас и Питакос на Едоните, Мозес на Бисалтите, Дардас I од Елимеја, Архибаос од Линкестида, Полес од Одоментија и т. н. Така, позицијата на поедини старешини на племенските заедниците во овој дел на Балканот се чини била поблиску до улогата на еден "владетел", отколку до "кнез".

Во културна смисла, овој период во Македонија претставува време на симбиоза на зрелите автохтони вредности со бројните и различни елементи од страна. Резултат на таквото поврзување е појавата на поедини нови манифестации во сферата на материјалната или духовна култура, кои го одбележуваат и обединуваат поширокиот македонски простор во единствена, препознатлива културна целина, за која често пати се употребува квалификацијата "култура". Така, иако крајно условно долго време можеа да се сретнат, денес веќе застарените термини како: грчко-македонска култура, грчко-илирска култура, илиро-архајска култура, илиро-македонска култура и сл.

Во поново време, во околности кога веќе не е неопходно, поради недостаток на археолошки наоди од Македонија, оваа територија да се посматра главно низ призмата на "илирските" или "грчки" аналогии, поточно во сенка на наодите од најистражуваните балкански подрачја, сосема е непотребно да се истакнува несоодветноста на ваквте називи. Напротив, доколку веќе се инсистира на појавите од ова време како доволни за употреба на терминот култура, тогаш далеку поадекватен би бил изразот "Пајонско - македонска култура со доцноархајски белези".

Во натамошниот текст и анализата на културните манифестации од ова време, посебно во сферата на погребувањето повеќе ќе се задржиме на оправданоста на ваквата квалификација. Засега само ќе ја извлечеме нејзината суштина - традиционалната,

условно кажано пајонско- пелагонска културна основа на која со надоградувањето и ширењето на касноархајските културни елементи, од страна на долномакедонските заедници се добива вака детерминираната култура. Таа е всушност најдобар израз на процесот на внатрешно јакнење окрупнување и политичко обединување на сродните заедници во услови на доволен степен на културна, економска и политичка развиеност.

Во историска смисла тоа е период на најголема моќ и независност на локалните заедници и племенски владетели. Некои од нив биле толку добро организирани во единствени воени организации доволно силни да преземат такви освојувачки походи како што бил продорот на Пајонците во Тракија дури до Перинт (околу 513 г. пне).

Тоа било време одбележано со персиските освојувања на северно-егејскиот брег и со длабоката економска криза по нивното повлекување, време на замирање на дејноста на грчките занатско трговски центри на Халкидик, но и нивно повторно враќање на старите позиции, после персиското повлекување од Македонија.

Втората половина на петтиот век веќе е одбележана со нови настани , време на уште појако ширење на хеленската култура во Македонија, посебно со конечното востановување на Атина како голема културна и политичка сила во овој дел на Балканот, најповеќе по основањето на Амфиполис во 437 година - нејзината најголема колонија. Економски исцрпена од Пелопонеските војни, Атина по секоја цена настојувала и ги вложила сите свои потенцијали во изнаоѓање на нови пазари и безбедни територии, па така голем број атински занаетчии и трговци ја напуштиле Атина и се преселиле во новите колонии и емпории, меѓу кои и во Амфиполис, Олинт, Демир Капија и тн. После ова, но и други, не помалку важни настани (Ситалковиот поход на Македонија-429 год, основањето на еден металуршки и занатско-трговски центар на хеленски колонисти како Дамастион, длабоко во внатрешноста на Балканот-423 год.) веќе било извршено целосно хеленизирање на домашната македонско - пајонска култура.

Од друга страна, тоа е време на владеење со Долномакедонското кралство на Аминта I (540-498) и на неговиот син Александар I (498-454), на двајца владетели со спротивни политички концепции, со што битно влијаеле врз креирањето на културно-историските прилики во Македонија. Додека првиот се сојузил со Персијанците против Грците, меѓу другото мажејќи ја својата керка Гигаја за Бубарес, вториот бил спротивно-антиперсиски определен, наклонет на Хелените. Меѓутоа, со него и под власта на Пердика II (454-413) расте моќта и амбициите на Македонија, која постепено ги проширува своите граници на север и исток, абсорбирајќи ги дотогаш независните племенски заедници.

Со владеењето и бројните реформи на следниот крал Архелај I (414-399 г. п. н. е.), а после сите претходни, бурни настани во текот на V век, се чини бил направен последниот и решавачки чекор во конечното инволвирање на античката цивилизација во овој дел на Балканот. Новата македонска престолнина Пела конечно заличува на вистински културен но и политички центар во овој дел на Балканот. Својата политика Архелај I ја насочува кон подигање на културното ниво на Македонија, се разбира преку нејзино приближување кон хеленскиот свет и усвојување на хеленските културни вредности. Така, неговиот двор станува средиште на богат културно-духовен живот, каде своите услуги ги нудат некои од најголемите имиња на античката култура и уметност.

Натамошниот ток на историски збиднувања на овој простор ќе се одвива во знакот на политичките интереси и судири меѓу заинтересирани страни на овој простор, главно Македонското кралство, Халкидичкиот сојуз и Атина, до преземањето на ситуацијата во свои раце од моќниот Филип II.

Усвојувањето на хеленските придобивки ќе кулминира во времето на Александар III и посебно во пост-александрово време кога токму на овие простори ќе бидат изградени цврсти културни критериуми, кои ќе го обединат целиот Источен Медитеран во една голема и единствена културна заедница.

## 2. ГРОБОВИ И НЕКРОПОЛИ

Истраженоста на доцното архајско време во Р. Македонија, исто како и претходните периоди не е синхронизирана, меѓутоа и покрај релативно малиот број испитани гробови и некрополи сепак е доволно широка територијалната распространетост на наодите. Така, мал е бројот на подрачја од каде немаме испитан гроб или одредени податоци во врска со погребувањето во текот на овој период.

Благодарение на постарите некрополи, кои ја продолжиле својата употреба и низ ова време, најголемиот број информации и понатаму потекнуваат од регионите на Повардарјето, Долината на Брегалница, Пелагонија и Охридско, со тоа што повеќе не може да се зборува за локални туку за единствени културни вредности на целата територија на Македонија.

Меѓу досега откриените погребувања од доцноархајското време во Р. Македонија среќаваме гробови, кои претставуваат или најмлади погребувања во постарите железнодопски некрополи или најстари, во некрополите кои полн интензитет на употреба ќе остварат во следните векови.

Куриозитет на овој период е појавата на богатите т.н. кнежевски погребувања. По многу сегменти на погребувањето тие се издвојуваат од останатите гробови со што претставуваат исклучително значајни манифестации за согледувањето на новите културни, социјални и општествено економски односи и воедно бараат посебен третман.

Континуираната употреба на некрополите од полното железно време и низ оваа етапа најдобро е документирана во долновардарскиот регион. За тамошните некрополи веќе рековме дека остваруваат најинтензивна употреба, главно во текот на VII и VI век пр. н. ера, меѓутоа најстарите и најмлади погребувања ги надминуваат овие рамки. На ова место за нас е важно да утврдиме во која мерка се присутни погребувања помлади од втората половина на VI век пр. н. ера, поточно гробови со доцноархајски белези.

Ова прашање веќе е разгледувано во стручната литература и утврдено, на основа наодите на поедини импортирани грчки предмети, нивни локални копии и други хронолошки осетливи појави, дека последните погребувања во долновардарските некрополи биле извршени во текот на втората половина или последните децении на V век пр. н. ера.[1]

Целосниот увид во наодите од Долното Повардарје овозможува мошне јасно да се издвојат доцноархајските погребување од постарите гробови од полното железно време. Хронолошките разлики се огледуваат во појавата на бројните нови форми и готово потполното губење на најголемиот број стари облици на накит керамика и оружје. Наместо постарите, чисто железнодопски форми накит, во текот последните децении од VI се јавуваат нови предмети со доцноархајски обележја. Во керамиката се јавуваат првите увезени грчки садови, а домашните мајстори веќе не ги моделираат старите домашни форми туку развиваат нивни хеленизирани варијанти или копии на доцноархајските форми. Тоа што не се јавуваат битни промени во начинот на погребување, гробните форми, обичаи, како и понатамошната употреба на поедини долготраечки објекти е само потврда за континуитетот на погребување на истата заедница и индикатор за процесот на постепената хеленизација на нејзината култура. Преку гробовите од долновардарската група некрополи можеме на најубав начин да го документираме постоењето на културен континуитет од VII до некаде во текот на V век пр. н. ера. До кога точно и колкав бил бројот на погребувањата од доцното архајското време, сепак се прашања на кои неможе веднаш да се одговори.

---

[1] Георгиев З.1984,51-85 Во овој труд З. Георгиев зборува за нешто поинаков карактер и хронологија на долновардарските некрополи; вадејќи ги од контекст само најмладите наоди и грешно презентирајќи поедини гробни целини, ја спушта нивната хронологија за готово еден век.

Освен некрополата во Дедели, чија употреба била строго условена од експлоатацијата на рудните лежишта во нејзината планинска околина и со тоа ограничена до првите децении на VI век, останатите некрополи концентрирани долж самата долина на Вардар, продолжуваат со интензивна употреба во текот на VI век и егзистираат низ следната етапа на доцното архајско време.

Во овој период се среќаваме со една нова некропола, која можеби ја означува токму новата поадекватна локација на деделската заедница, десетина километри на север во плодната и комуникативна валандовска равница, на локалитетот Зелениште во самиот град Валандово.

На оваа некропола испитани се само 9 гробови, меѓутоа со единствени карактеристики, по кои јасно се издвојуваат како помлади од најголемиот број гробови во останатите долновардарски некрополи. Во Зелениште не се откриени вообичаените керамични садови и накит што ги следат погребувањата од VII и VI век пр. н. ера. Напротив, бројни се новите типови на гробни прилози, главно со касноархајски белези (сиви - хеленизирани верзии на старата домашна керамика, локални изведби на поедини популарни форми на касноархајски садови и накит, како и карактеристичните крстасти мечеви - ксифоси). Од друга страна, погребувањата во Зелениште се издвојуваат и по градбата на гробните конструкции. Тие се далеку помасивни, од убаво обработени монолитни камени плочи (блокови од бигор) спојувани во аглите со глина, во духот на новите касноархајски придобивки. Отсуството на постариот материјал старите конструкции (поедноставни цисти), оди во прилог на можноста во Зелениште, за разлика од останатите долновардарски некрополи, да се отпочнало со погребување знатно покасно. Затоа, оваа некропола најчисто ги отсликува основните карактеристики на погребувањето во Долното Повардарје, во последните децении на VI до првите на V век пр. н. ера.

Вакви гробови се откриени и во некрополата во Сува Река, Гевгелија, каде од вкупно 79-те испитани гробови, како погребувања

од доцноархајското време можат да се издвојат само десетина, главно на локацијата околу улицата Илија Мијов (најдобри примери се гробовите од бр.70 до 74).[2] Меѓутоа, за согледување на вистинскиот однос мора да се има пред вид дека ископувањата во Сува Река биле фрагментарно изведувани, на повеќе различни локации кои покриваат сосема мал дел од некрополата. Исто така доста гробови се откриени без гробни прилози-претходно испразнети или само со по некој недоволно хронолошки осетлив наод. Така, постојат реални можности за знатно повеќе гробови од овој период, уште повеќе ако се смета и на оние погребувања кои неретко биле извршувани во постари гробни конструкции со постари покојници. Од друга страна на различни локации, случајно се откривани, како прилози од растурени гробови, различни предмети типични за ова време.

Единствениот гроб што се издвојува од останатите погребувања во Сува Река, како по гробната конструкција оформена од големи тегули, сложени на две води така и по наодот на мала чинија на ниска прстенеста нога е гробот број 40. Меѓутоа, ова погребување не мора хронолошки битно да се разликува, со оглед на тоа дека ваквите гробни конструкции во поширокиот регион на Северна Егеја се доста чести токму во периодот на последните децении на VI и во текот на првата половина на V век пр.н.ера. Меѓу другото и во соседната некропола Милци откриена е гроб со иста конструкција (гроб 40), за жал без гробни прилози.[3]

Ситуацијата со доцноархајските погребувања во соседната некрополата Милци е слична на Сува Река. Меѓутоа, во ова некропола, испитаните делови покажуваат голема густина и недостаток на слободен простор во рамки на поедини групации, така

[2] Ристов К.1993,Т-I и II. 97-106

[3] Георгиев З.1984, сл.9

што помладите погребувања излезот го наоѓале, повеќе во празнењето и повеќекратната употреба на постарите гробни конструкции, отколку во градење на нови гробови. Од овие причини тешко е со сигурност да се издвојат гробовите од ова време. Неколку типични, главно вонгробни наоди, локални копии на касноархајски форми на садови и накит ја потврдува употребата на оваа некропола низ овој период. На истото упатуваат и поедини гробни содржини, како на пример гробот 38 или гробот 10, кој е всушност плитка јама во која е положена - дислоцирана постарата содржината на гробот-циста 12.[4]

Од друга страна, токму овој гроб (12) и гробот 45 претставуваат исклучителни појави, не само за некрополата Милци туку и за целата долновардарска група некрополи. Иако користат постари гробни конструкции, тоа се еднистевените гробови со спалени покојници, кои и според прилозите јасно се издвојуваат како најмлади, одбележувајќи го самиот крај на животот на долновардарските некрополи или уште повеќе почетокот на новото античко време.[5] Со новиот ритуал на спалување и новите веќе антички прилози, а во непосредна комуникација со останатите постари погребувања овие гробови се датираат секако веќе длабоко во текот на V век пр. н. ера.

Во некрополите на населбата на Исарот, с. Марвинци (Курчиевица, Лисичин Дол) поради сосема малиот обем на испитаност, засега не е откриен сигурен гроб од доцноархајско време, меѓутоа поедини наоди на самата населба како и случајно откриени предмети од растурени гробови недвосмислено зборуваат за нејзин живот и погребување во текот и на овој период.

Слична на Марвинци е ситуацијата на соседната некропола "Глос", кај селото Грчиште. И таму не се вршени позначајни

---

[4] Пашиќ Р. и др.1981, , Георгиев З.1984, Сл.7-г

[5] Георгиев З.1984, Сл.11

археолошки ископувања, па така најголемиот број наоди потекнуваат од растурени гробови - цисти. Меѓутоа, наспроти собраните бројни гробни прилози - карактеристични форми за полното железно време, единствените два испитани гроба можат со сигурност да се датираат во текот на доцното архајско време. Двата гроба претставуваат масивни цисти од обработени камени плочи, ориентирани И-З, со прилози меѓу кои и бронзени игли типични за крајот на VI и почетокот на V век пр. н. ера.

Северно по долината на Вардар околу познатите антички населби кај Демир Капија (антички Стенае), Градиште, Неготино (античка Антигонеа) и во Стоби, од каде што веќе спомнавме поедини гробни наоди од полното железно време, откриени се и објекти од доцното железно време, исто така прилози од растурени гробови. Се работи најверијатно за истите постари некрополи кои го продолжиле животот и низ крајот на VI и V век пр. н. ера. Меѓутоа бидејќи истите локации ќе остварат полна употреба во текот на следните векови од антиката, овие наоди се откриваат инцидентно, под бројните градби од помладите епохи, како остатоци од најстарите хоризонти на погребување. Сепак и во вакви околности тие се доволни сведоци за постоење на континуирано погребување на протоисториското население до нивното целосно прифаќање на новата античка култура и вклучување во рамките на античкиот свет.

Во Демир Капија тоа е одбележано во населувањето на атинските колонисти и појавата на новите гробови со спалување и луксузна атичка роба.[8] Во Неготино, во рамките на постарата некропола, се градат печки за печење керамика, а во во Стоби се документирани карактеристичните раноантички јами во кои се откриени меѓу другото бројни фрагменти од грчка сликана керамика. За жал, во овие случаи досега не е откриен гроб од доцноархајскиот период, така што ќе мораме да се задоволиме само со ретките и најчесто случајно

[8] Вучковиќ-Тодоровиќ Д.1959; Микулчиќ И.1972

откривани гробни прилози (бронзени игли, малоазиски фибули и локална, груба или квалитетна сива керамика) типични за ова време.

Археолошки ископувања не се вршени ниту на некрополата на античка Билазора - Градиште, с. Кнежје, кај Свети Николе. Меѓутоа во повеќе наврати, од страна на мештаните откривани се гробови - цисти од камени плочи, со инхумирани покојници. Поедини гробни прилози од вакви те гробови се откупени за Музејот на Македонија, а меѓу нив покрај наодите од Полното железно време се наоѓаат и поедини предмети од крајот на VI и V век пр. н. ера (рани варијанти на малоазиски фибули, керамика, железно оружје и тд.).

Погребувањата од доцното архајско време во Скопската котлина би требало да се очекуваат во евентуалните некрополи на познатите раноантички градчиња, чии што зачетоци се наоѓаат уште во текот на полното железно време. Како е неспорен нивниот континуиран растеж до постигането на полн економски и културен зенит во текот на V и IV век пр. н. ера логично е да се очекува живот и погребувања од доцното архајско време. Ова го поткрепуваат и бројните наоди карактеристични за крајот на VI и V век откривани во подлабоките слоеви на Кале - Скопје, Градиште - Бразда, Градиште Средно Нерези, меѓу кои и импортирани касноархајски садови од Халкидик и Јонија, домашни копии на касноархајски садови и сл.[7] За жал погребување од ова време сеуште не е откриено иако еден случајно откриен гроб-масивнациста со инхумиран покојник во Горче Петров, според, керамичниот прилог (рана локална верзија на кантарос) може да се датира во V век пр. н. ера.

Посебно место меѓу погребните манифестации во Скопско, поврзани на одреден начин со појавите од доцното железно време им припаѓа монументалната гробница во селото Бразда , на што посебно ќе се задржиме при разгледувањето на проблемот на т. н. кнежевски погребувања. Во истата прилика ќе ја опфатиме и познатата ѕидана

---

[7] Микулчиќ И. 1982, 21-35

касноархајска гробница од Тетово.

Во источните делови на Р. Македонија, на неколку, главно веќе познатите постари некрополи, како најмлади погребувања се откриени гробови од ова време или само гробни наоди од растурени гробови.

Последните покојници на некрополата Криви Дол, кај село Радање биле покопани кон крајот на VI и во раниот V век пр. н. ера. Со оглед на познатите околностите во врска со ископувањата на ова некропола, овие гробови не се откриени, меѓутоа за нивното постоење доволно јасно зборуваат поедини гробни наоди типични за доцноархајското време (железен крстаст меч, сива-хеленизирана керамика, мониста од разнобојна стаклена паста и сл)[8]

Дека старите могилни некрополи од типот на Радање биле употребувани и низ доцноархајското железно време најдобро зборуваат наодите од сродните некрополи во Горно Поле, с. Стар Караорман кај Штипи Кршлански Гумења, с. Кршла кај Виница.

Најмладите погребувања во Горно Поле, на основа карактеристичните касноархајски наоди, а најповеќе според наодот на една од раните племенски монети (на Акант или Бастареј) во гробот 1, биле извршени токму во текот на ова време.[9]

Во основа овие погребувања сеуште ги одржуваат старите гробни форми и обичаи (ниски могилки од нафрлени камења врз еден или повеќе покојници погребани во конструкции заградени со венец од покрупни камења), со тоа што новите општествено-економски и културни законитости условиле и нови манифестации, пред се воведот на спалување на покојниците. Покрај овие, вкупно 6 испитани гробови со спалување, од истото време се спомнува и еден растурен гроб - циста од камени плочи, најверојатно со инхумиран покојник.

Меѓу испитаните гробови -цисти на локалитетот Тикешински Лозја, Кочани, главно погребувања од VI век пр. н. ера, според

---

[8] Vasić R. 1982-a, Sl. 3

[9] Mikulčić I. 1962-3

поедини карактеристични наоди, најмладите гробови можат со сигурност да се датираат во доцноархајско време.

На некрополата Кршлански Гумења, кај Виница веќе одбележавме дека се откриени вкупно 10 гробови од кои 3 ниски могилки од полното железно време додека останатите 7 гробови, го одбележуваат помладиот хоризонт на погребување во масивни цисти од обработени камени плочи. За жал, во најголем дел гробовите - цисти веќе биле отварани, воглавно празни. Така, на основа поедини сеуште сочувани фрагменти сива керамика работена на коло, меѓу која се најдени и копии на касноархајски форми (котони) како и според наодот на една рана малоазиска фибула можеме да ги датираме кон крајот на VI и првата половина на V век пр. н. ера.

Според идентичните гробни прилози (фина сива керамика и касноархајски накит), истовремени на спалените гробови од Горно Поле или на цистите од Кршлански Гумења биле и гробовите откриени на локалитетите Ила (Школо) во Виница и Марков Камен кај штипско Ново Село.

Во дворот на Основното училиште во Виница случајно се откопани две убаво градени цисти, во кои според собраните наоди (делови од сив котон и две бронзени фибули) биле инхумирани покојници од доцноархајско време. Истата ситуација се повторува и во Марков Камен, каде се испитани вкупно 5 гробови со инхумирани покојници во масивни конструкции градени од убаво обработени камени плочи од зелен пешчар и со прилози како во претходните наоѓалишта.

Во селото Ораовица кај Радовиш е откриен гроб - масивна циста од обработени камени плочи спојувани на аглите со глина, по што е близок на гробовите од Марков Камен или уште повеќе на конструкциите од Зелениште, Валандово. За жал, од гробни прилози сочувани се само неколку ситни аморфни фрагменти од рачно работени садови како и делови од фина сива керамика на колце заедно со еден поголем камен оштрач - точило.

Новата и последна етапа во развитокот на протоисториските

заедници, изразена преку јасно препознатливата нова "култура" со касноархајски белези и во Пелагонија ја илустрираат повеќе некрополи со неколку различни типови на гробови и ритуали на погребување. Најголемиот број погребувања се извршени во конструкции цисти од масивни монолитни камени плочи, со што се надоврзуваат на веќе старата гробна форма и обичаи од претходните етапи. Многу од нив претставуваат всушност најмлади погребувања во постарите железнодопски некрополи. Така, во тумулот од Висои кај Беранци, последно вкопаните 9 цисти се издвојуваат, како според позицијата во тумулот, така и според подобрата градба и нешто поголемите димензии, од останатите погребувања. Според карактеристичните касноархајски наоди несомнено се датираат кон крајот на VI век пр. н. ера.

Аналогна е ситуацијата и со некрополата во Сарај, с. Брод. Таму најголемиот број гробови, исто така цисти од обработени монолитни камени плочи, според наодите лесно се датираат кон крајот на VI и во раниот V век пр. н. ера.

На некои од веќе споменуваните некрополи во претходниот период, како онаа во Живојно или Градешница, откривани се поедини карактеристични касноархајски наоди (златна левкаста наушница во Живојно или мала фибула на шарнир во Градешница). Уште повеќе во градбата на поедини гробови од овие некрополи се откриваат карактеристични елементи токму за овој период (масивни цисти од правилно обработени монолитни камени плочи лепени во аглите со глина).

Други гробови, исто така цисти со инхумирани покојници и наоди карактеристични за доцното железно време се откриени кај селото Бабино - Демир Хисар, на Прогон - село Букри, Бела Црква - село Брод и Ластоица - село Драгош.

За некрополата во село Бабино се знае само дека содржи скелетни гробови во конструкции од камени плочи, во кои биле откриени наоди како: бронзен т. н. грчко-илирски шлем, двојни т. н требенишки игли, мониста од стаклена паста со разнобојни окца,

сребрена наушница и врвови од железни копја, што све упатува на време од крајот на VI и раниот V век пр. н. ера.

Готово идентична е ситуацијата со некроплата на Прогон, село Букри. Откриена е и воедно уништена од длабоко орање со механизација, при што е само констатирано дека се работи за скелетни погребувања во конструкции цисти од камени плочи, од кои потекнуваат повеќе квалитетни сиво печени садови со касноархајски форми, бронзен шлем од т. н. грчко-илирски тип, двојни игли, белезици, крстаст меч од железо и друго предмети исто така типични за овој период.

Уште понеизвесни се околностите на наоѓање на карактеристичните црнофигурални и црнофирнизирани садови од Бела Црква кај селото Брод. Се смета дека овие садови (оинохоја, скифос и амфора), карактеристични за ова време - како халкидички верзии на атичките форми, припаѓале на еден од повеќето уништени скелетни гробови, градени од камени плочи.

На истиот начин, со обработка на земјиштето случајно е откриен гроб -циста градена од монолитни плочи од сиво зелен шкрилец на локалитетот Ластоица кај селото Драгош. Од овој гроб потекнува сад - бокал со карактеристично засечен и клунасто извлечен обод работен на коло во манирот на локалната керамографија на ова време.

Покрај овие, скелетни погребувања во конструкции цисти познати се и поедини спалени гробови со типични касноархајски прилози. Таков е најстариот гроб 44 во некрополата од IV век пр. н. ера во Црквиште, село Беранци. На правоаголна основа од тенки камени плочи бил расфрлан слој од пепел и другите остатоци од кремацијата заедно со бројните прилози (фирнизиран киликс, сребрена конична и бронзани левкасти наушници, бронзени игли со плочести и купести глави, разнобојни стаклени мониста и мониста од килибар и т. н.). Сето тоа било насипано со земја и слој од нафрлен камен.

Од локалитетот Црквиште, село Трап потекнуваат две бронзени

фигури на јарец, случајни-можеби гробни наоди, кои на основа аналогиите во Требениште најверојатно биле налепени на некој касноархајски бронзен кратер, сличен на кратерот од Петилеп, с. Беранци.

Познатиот гроб од Петилеп, с. Беранци заслужува посебно внимание во рамките на т.н. Кнежевски гробови.

Доцноархајското време во охридскиот регион е познато најповеќе преку погребувањата во рамките на познатата требеничка некропола. Од првите ископувања 1918 година, кога овој локалитет е регистриран под името Требениште иако денеска се наоѓа во реонот на селото Горенци, до последните 1972 година откриени се вкупно 56 гробови, во 4 групации, на три различни микролокации (Сува Чешма , Три Челусти и Вртулка).

Покривајќи временски распон од крајот на VII/ран VI век до IV век пр.н.ера сите гробови се грубо поделени во богати т.н. кнежевски погребувања (групи А и Б, нумерирани со римски броеви од бр. I до XIII) и сиромашни - гробови на обичното население (гробови од број 14 до 33 и 1 до 26). Богатите 13 т.н. кнежевски гробови претставуваа посебен израз на вредностите и особеностите на ова време - посебна целина на која подетално ќе се задржиме во поглавјето за проблемот на т.н. кнежевски погребувања.

Во сенка на богатите "кнежевски" наоди доста елементи од погребувањето во т.н. сиромашни гробови не можат во целост да се согледаат, така што не треба да се инсистира на нивна попрецизна хронологија. Поедини прилози во овие гробови како: двојни игли, игли со купаста глава, малоазиски фибули, лачни фибули со правоаголно издолжена нога и керамика, било домашна-груба или импортирана, без сомнение зборуваат за нивна употреба низ целото доцноархајско време, до средината на IV век пр.н.ера.

Драгоцени информации кои значајно ја надополнуваат сликата за погребувањето во доцното архајско време во охридско, наоѓаме во некропола Св. Илија, село Делагожда кај Струга. Најстарите погребувања во оваа значително помлада некропола (гробови бр. 82, 83 и

84) прецизно се датирани ( според неколкуте осетливи наодите - бронзен шлем, бронзена олпа и посебно според импортираната купа и црнофигурален скифос) кон самиот крај на VI век пр. н. ера.

Далеку понеизвесна е ситуацијата со некрополата во селото Радолишта, каде уште во 1933 година биле откриени 21 гроб. За жал, целокупната документација од ископувањата е загубена така што се сочувани само гробните прилози од кои можат да се оформат неколку гробни содржини. Според наодите, оваа некропола и временски и културно влегува во најтесниот "требенишки" круг на некрополи, така што може да се претпостави блискоста на нејзините погребувања со гробовите од т. н. сиромашни или група II на гробови од Требениште.

Во селото Речица, во месноста Лозишта, која што веќе ја познаваме по спомената "остава" на бронзен накит од VI век пр. н. ера, се среќаваме со уште попознатиот т. н. војнички гроб со наоди (меѓу другото и бронзен тн. грчко илирски шлем), секако од крајот на VI и почетокот на V век пр. н. ера. Според постоечките податоци гробот бил во форма на правоаголна јама, ограден од страните со камења и покриен исто така со маса од камења, слично на поедини конструкции од Требениште. Близината на наодите од т. н. остава и војничкиот гроб не тера на помисла дека можеби се работи за остатоци од единствена некропола со живот во текот на VI и V век пр. н. ера, сосема слична по карактерот и белезите на некрополата од Требениште.

## 3. ГРОБНИ ФОРМИ И ОБИЧАИ

Првичниот впечаток по општиот преглед на гробовите и некрополите од доцноархајско време ни асоцира на сликата за погребувањето во текот на преодниот период од бронзено во железно време. После повеќе од пола милениум, кога за последен пат во Македонија беше регистрирана биритуалност во погребувањето, повторно среќаваме, покрај скелетни гробови, нови погребувања со

спалени покојници. Во овој случај, меѓутоа, скелетното погребување сеуште е доминантно и претставува израз на натамошно одржување и развивање на старите вредности додека спалувањето е тоа што ги најавува крупните општествени, економски и културни промени и новото античко време.

## *Скелетното погребување*

И во оваа етапа инхумирањето останува основен и на широко практикуван ритуал на погребување. Меѓу гробните форми сеуште е доминантна старата циста од камени плочи, посебно во регионите како долината на Вардар и Пелагонија, каде овој тип гробови претставува традиционална вредност уште од вековите на преод од бронзеното во железно време. Од друга страна, скелетното погребување во цисти го срекаваме и во оние поконзервативни области, кои во својот развиток, го надминале тумуларното погребување и веќе го замениле со рамни некрополи и гробови - цисти од камени плочи.

Новите белези, пред се на гробните прилози, но и во самиот начин на градење, јасно ги издвојуваат овие конструкции од постарите гробови - цисти. Така, очигледна е општата тенденцијата за поголеми димензии, монолитност и пофина обработка на камените плочи во однос на постарите цисти. Овие белезите се единствени за сите некрополи, иако мора да се да се каже дека степенот на обработеност и масивност на камените плочи во формирањето на гробната конструкција не бил секаде ист, што впрочем и несмее да се очекува со оглед на различната економска моќ на поединците.

Готово секаде овие цисти го означуваат последениот - најмлад хоризонт на погребување, така што со нив практично, завршува употребата на матичните некрополи на стариот железнодопски сепулкрален простор (Сува Река и Милци - Гевгелија, Глос - Грчиште, Тикешински Лозја - Кочани, Кршлански Гумења - Виница, Висои - Беранци, Сарај - Брод, Бели Камења - Живојно,

Пешта - Градешница и т. д).

Една од најдобрите илустрации на особеностите на погребувањето во гробовите - цисти од овој период имаме во некрополата Зелениште во Валандово. Иако се таму испитани само 9 гробови, сите тие се датираат кон крајот на VI и раниот V век, без индиции за постоење на постари или помлади погребувања, така што во нив можеме да го најдеме начистиот вид на манифестациите од доцното архајско време, поврзани со погребувањето во цисти (Сл. 37).




Сл. 37. Дел од некрополата Зелениште, Валандово

За разлика од мноштвото, главно постари гробови - цисти (испитани над 200 гробови од VII/VI век) во соседните долновардарски некрополи, конструкциите од Зелениште се помасивни, градени од убаво обработени камени плочи - монолитни блокови од бигор. Спојувањето на плочите, во аглите на конструкцијата било изведено со глина, така што оставаат впечаток на вистински саркофази. Ориентацијата им била единствена, во правец Запад - Исток.

Сето останато претставува израз на старите погребни обичаи (повеќекратен покоп во иста конструкција, начинот на полагање на покојникот, местото и улогата на прилозите, ритуалните дејствија за време и после погребот и т.д.), со исклучок секако на новите форми на гробни прилози. Старите доминантни облици на керамика и накит се помалку или воопшто не се јавуваат, а домашните мајстори изработуваат нови форми во духот на новиот касноархајски тренд. Важен момент претставува и пообемното и зачестено присуство на оружје во гробовите.

Готово истата слика, ја откриваме и во останатите истовремени некрополи со гробови цисти на целата територија на Македонија, барем во оние случаи каде се вршени стручни археолошки интервенции.

Источно од Вардар такви се гробовите од некрополите во Марков Камен - Штипско Ново Село, Тикешински Лозја - Кочани, Крвлански Гумења - Виница, Ила - Виница и гробот од Ораовица кај Радовиш (Сл. 38).

Во Марков Камен не се вршени пообемни археолошки ископувања така што не се извесни хронолошките оквири на некрополата. Меѓутоа, испитаните цисти претставуваат конструкцииградени од обработени монолитни плочи за кои се врзуваат типични касноархајски наоди, исто како и во случајот со седумте цисти во Крвлански Гумења, Крвла или двата гроба во дворот на основното училиште во Виница (Сл. 38 ). Вакви наоди се откриени и во поедини гробови од нешто постарата некропола на Тикешински Лозја, Кочани.

Тоа се секако, најмладите гробни содржини ( гробот со трите мали лачни фибули и оној со железната двојна секира и споените бронзените алки) чии конструкции се издвојуваат по големите димензии и по солидно оформената комора од четири добро обработени и убаво споени камени плочи и монолитен капак.[10]




*Сл.36 Гробни конструкции од: а Марков Камен, Ново село, Штип; б и в Крилански Гумена, Виница*

[10] Георгиев З, 1981, 67

Нема причина да не се верува дека слични биле вредностите и на останатите, случајно откриени цисти од ова време, од кои постојат само гробни прилози и евентуални усмени информации добиени од страна наоѓачите. Такви се на пример еден гроб од некрополата на Градиште - Кнежје или гробот - циста од некрополата Горно Поле, Стар Караорман. [11]

Тенденцијата на пособршено градење на цистите од овој период е најевидентна во Пелагонија. Таму, традицијата на погребувањето во цисти била подлабока, а со тоа и побрза динамиката на усовршувањето на оваа гробна форма. Поголеми и помасивни цисти се среќаваат уште во текот на претходната етапа, а со крајот на VI и во V ја одбележуваат својата последна фаза, доближувајќи се, во поедини случаи (Живојно, Градешница, Сарај) до особеностите на вистински гробници. [12]

Во оваа смисла, најмладите погребувања во тумулот од Висои, јасно се издвојуваат, меѓу другото и по својата помасивна и пособршена градба од останатите постари цисти. Исто така и во некрополата Сарај - Брод, поедини гробови, главно периферните (број 1, 13, 15, 16, 18 и 19), покрај инвентарот на типични касноархајски прилози, се издвојуваат и по поголемите димензии, пособршената градба и по системот на спојување на плочите со глина. Овој манир најверојатно бил присутен и во градењето на останатите цисти од ова време, меѓутоа сосема мал е бројот на оние стручно ископувани, каде е тоа и документирано.

Таков е примерот со трите цисти - гробници од Бел Камен (Гробот), Живојно, кои од повеќе причини заслужуваат посебно внимание. [13] Во суштина овие гробови претставуваат најдобра

---

11 Mikulčić I. 1962-63, 200

12 Mikulčić I, 1965, 216-217

13 [illegible] В. 1968, 287-310

илустрација на новите доцноархајски белези на гробовите цисти, меѓутоа повеќето прилози врзани за нив упатуваат на постаро време. Ова има предизвикано различни толкувања и впечаток дека сеуште се нема вистинско објаснување за нивните пред се хронолошки вредности. Ослонувајќи се токму на особеностите во градбата на овие конструкции како новини во начинот на погребување во Пелагонија, што биле очигледно запоставени од страна на останатите проучувачи, И. Микулчиќ стигнал најдалеку во определбата овие гробови, датирајќи ги во текот на VI век пр. н. ера.

Скелетното погребување во доцноархајското време не било манифестирано само преку гробовите-цисти како единствена гробна форма, меѓутоа сепак било израз на длабоко вкоренетите конзервативни сваќања и потреби за чување и негување на традиционалните вредности. Во таа смисла, во охридскиот регион, каде на постоела традицијата на погребување во цисти, гробовите од ова време ги користат старите гробни форми од обични камења.

Накратко ќе се задржиме на овие гробови со оглед на нивната недореченост во литературата и значењето што го имаат за поцелосно согледување на општиот карактер на погребувањата од овој период.

Во претходната етапа на раното железно време веќе ги споменавме најстарите погребувања од Требениште, главно оние на локацијата Три Челусти и Вртулка, од крајот на VII и во текот на VI век пр. н. ера, како скелетни погребувања во конструкции блиски со гробовите во останатите тумуларни некрополи во Македонија. На база на тоа, претпоставивме дека би можело да се работи за развлечени ниски тумули-могилки од нафрлени камења.

Погребувањето на овој начин веројатно продолжило и во текот на доцноархајското време и тоа како "сиромашни" гробови, паралелно со појавата на богатите "кнежевски" погребувања. Ова е најдобро документирано преку скелетните гробови од број 24 до 29, кои биле на истиот, веќе стар начин погребани и положени еден покрај друг во правец Запад - Исток, заградени со кружна камена ограда, што несомнено упатува на нивна организација под ниски тумули (Сл. 39).


Граница на ископувањето - 1954
KERAMIKA
GROB 30
GROB 25
GROB 24
GROB 26-27
-28
GROB 29
GROB 23
GROB 31

Сл.39 Положба на гробовите од бр.28-30 (Според Лахтов-Кастелиц)

Ваквата можност ја имаат согледано и самите истражувачи (В. Лахтов и Ј. Кастелиц) нако, ваквите гробни објекти во тоа време сеуште не можеле во целост да си ги објаснат и на задоволителен начин да ги вреднуваат, па така наместо могили или тумули ги именуваат едноставно како "оградени системи".[14]

Од денешна гледна точка сосема се доволни постоечките податоци и документација, за да во нив ги препознаеме ниските тумули од помладиот тип, како оние во некрополата Дабици - Сопот. Така, од

---

[14] Лахтов В.-Кастелиц Ј. 1957, 19-39

првиот тумул биле испитани вкупно 5 гробови (гробовите на Н. Вулик од бр. 17-21), додека во вториот 7 гроба (гробовите на Лахтов-Кастелиц, од бр. 24-30). Нема причина и останатите т. н. сиромашни гробови (можеби со исклучок на спалените гробови бр. 23, 31-33) да не биле исто така под тумули. Во услови на тогашните археолошки ископувања, во потрага по богати - кнежевски погребувања, лесно можело да се случи да се превиди тумуларната архитектура. Уште повеќе ако се има пред вид дека архитектурата и структурата, како на тумулите така и на самите гробни конструкции била од нафрлени аморфни камења, што претставувало дополнителна тешкотија во издвојувањето и идентификацијата на гробните форми.

На ваквата можност наведува презентираната основа на "оградениот систем" на В. Лахгтов и Ј. Кастелиц (Сл. 39). На неа се гледаат камењата од оградниот прстен, меѓутоа, гробните конструкции во внатрешноста (гробовите од бр. 24-29), се прикажани само со испрекинати линии, што би можело да значи дека биле идентификувани дури по кревањето на сите камења и откривањето на скелетните остатоци и гробните прилози.

Архитектурата на овие гробови била всушност правоаголна ограда од еден ред крупни камења во чија внатрешност бил положен покојникот во испружена положба заедно со гробните прилози. Гробовите, како и меѓупросторот до оградата бил засипан со поситни бели камења специјално ностени за таа прилика. Според стратиграфските податоци насипот бил сочуван во височина до околу 0,60 метри.

На ова место значајно е да се одбележат и забелешките на истражувачите во врска со начинот на полагање на покојниците. Слично на веќе споменатите нешто постари тумули (посебно оние од Дабици - Сопот) покојниците биле полагани во ист правец (Запад-Исток), при што се истакнува дека ориентацијата била условена од половата припадност. Мажите биле со главата на запад,

а жените со главата на Исток. [15]

Овој обичај е добро познат од повеќе некрополи во Македонија во текот на целото железно време, уште од гробовите од преодниот шпериод (Димов Гроб - Уланци, Водовратски Пат - Водоврати), преку долновардарските некрополи (Дедели - Валандово, Сува Река - Гевгелија) се до крајот на железното време.

До пред 5-6 години ова објаснување на т.н. сиромашни гробови од Требеништe, како ниски тумули можеби ќе изгледаше не доволно аргументирано, меѓутоа после откривањето на тумулот во Делагожда веќе нема место за сомненија во одржувањето на стариот могилен начин на погребување во охридско и во текот на доцноархајското време.

На помалку од 10 километри северозападно од требенишката некрополата, во рамките на некрополата Св. Илија кај селото Делагожда откриен е тумул со истите карактеристики на т.н. оградени простори од некрополата во Требеништe, сигурно датиран во самиот крај на VI век пр.н.ера. [16] Во прашање се три скелетни гроба во конструкции оградени и покриени од аморфни камења, вклопени во единствен низок тумулус со кружен прстенест ѕид во пречник од 11 метри. Иако се работи за тумулус во добра мерка оштетен со подоцнежни интервенции, сепак постојат доволно елементи за сосема јасно согледување на неговата сродност со споменатите "сиромашни" гробови од соседно Требеништe. Без сомнение во прашање е последната етапа на употреба на помладата варијанта на тумули од типот, кој најцелосно го познаваме преку некрополата Дабици - Сопот.

Употребата на ваквите тумули и во текот на доцното архајско време не треба да не изненади, посебно не во регионите со појака

---

[15] Лахтов В.-Кастелиц Ј.1957,19

[16] Bitrakova V.1988; Истата 1993

могилна традиција. Поедини типични манифестации за ова време се откриени како најмлади наоди и во други, постари могилни некрополи, како Криви Дол - Радање или Горно Поле, Стар Караорман.

Слично на ситуацијата во Требениште, и во Горно Поле, се срекаваме со најзначајната новини во погребувањето во овој период - ритуалот на спалување на покојниците. Токму во ваквата спротиставеноста на гробните ритуали, околу Стар Караорман, Требениште или Беранци можат да се кријат старите племенски центри, поточно престолните некрополи на идните историски заедници. Само во таков случај станува јасно зошто е присутен, од една страна таков конзерватизам, изразен преку скелетните гробови, како обврска токму овие места најревносно да ги чуваат старите обичаи, а во исто време и нови богати гробови со спалување, како доказ за спобеноста да со следат и идобивките на новото време.

*Гробови со спалување*

Во сегашниот, низок степен на истраженост, не е можно со сигурност да се утврди точното време на појавата на спалувањето, иако е сосема сигурно дека тоа се случило некаде кон крајот на VI и посебно во текот на V век пр. н. ера. Доколку не сметаме на т. н. кнежевски погребувања, каде спалувањето треба да се третира како ексклузивна појава со посебни културни вредности, тогаш бројот на спалени гробови во некрополите од доцноархајско време е прилично ограничен. Меѓутоа и постоечките примери се доволно илустративни за донесување барем на основните заклучоци во врска со карактерот на спалувањето и нејзиното место и улога кај протоисториските заедници од ова време во Македонија.

Најмногу спалени гробови, засега се откриени во рамките на споменатата могилна некропола во Горно Поле, С. Караорман, Штип.[17]

---

[17] [illegible] 1, 1962-63, [illegible]




Сл.40 План на некрополата Горно Поле, Стар Кароорно (Според И. Микулчиќ)

На оваа некропола со сигурност еконстатиран континуитет во погребувањето, најмалку од VII па се до V пр. н. ера. Меѓу најмладите погребувања се издвојуваат гробните форми со спалени покојници, датирани, најповеќе на основа наодот на сребрена монета на Акант или Доким во гробот 1, во раниот V век пр. н. ера. Тие во голема мерка се разликуваат од постарите тумули. Така, наместо стариот тумуларен кружен ѕид од крупни камења новите гробни објекти однадвор биле заградени со правилно тесани блокови во квардатна основа, а погребувањата во внатрешноста, иако биле спалени сепак биле положени во конструкции од обичен камен, односно цисти од камени плочи (Сл. 41).




Сл. 41 Горно Поле, Стар Караорман. Основа на испитаните гробни објекти (Според И. Микулчиќ)

Новиот ритуал на спалување барал и копање на јама во која биле положени спалените остатоци и гробните прилози. Ваквите гробови - јами, со димензии околу 4,5 м. X 4,5 м. биле длабоки нешто повеќе од 1 м. и обѕидани со сувоѕид широк околу еден метар, а дури потоа сето затрупано со маса од камења, во вид на низок тумул, кој од надвор бил заграден со квадратниот венец од делкани блокови.

Суштинската разлика меѓу овие објекти и постарите железнодопски тумули би можела да биде во тоа што старите тумули претставувале колективни, фамилијарни гробници додека новите објекти биле посветени пред се, само на еден покојник, само на една, централната гробна конструкција-јама. Меѓутоа, колку и да биле условени од централната конструкција и во служба на покојникот во неа, во рамките на вака формираните објекти биле закопувани и помлади покојници (гробот 5 во првиот објект и гробовите 3 и 4 во вториот), на кои очигледно им било важно да бидат во одредена врска со основното централно погребување (гробовите 1 и 2) (Сл. 41). На овој начин повторно се среќаваме со стариот могилен обичај на фамилијарна поврзаност во рамките на заеднички гробен објект.

Од друга страна, остатоците од погребните ритуали, вршени како во внатрешноста, во меѓупросторот така и надвор од квадратната ограда од блокови, за време или после извршените погребувања, готово се идентични со ваквите појави во постарите тумули. Ова посебно се однесува на појавата на убаво градениот појас од ситни кршени камења (банкина), во подножјето, долж оградниот ѕид од блокови, од надворешната страна, кој служел како површина за жртвување.[18] Ваквата појава на оставање жртвени садови, храна и слично, од надворешната страна на оградниот ѕид е добро позната кај постарите тумуларни погребувања, како на пример во

---

18 [illegible] Н. 19[illegible], 19[illegible]

соседните тумули на Орлови Чуки - Стар Караорман или во Дабици - Сопот.

Во Сопот се откриени готово идентични манифестации на поплочен појас (во случајот со кршени камени плочи) во подножјето, од надворешната страна околу оградниот прстенест ѕид, најдобро документиран кај тумулот IV. . На овој простор (банкина) најдени се бројни керамични садови и други остатоци од ритуални дејствија со оставање на жртвена храна.

На ова место треба посебно да се спомне гробот 6 од Горно Поле, кој по својата конструкција се издвојува од останатите спалени гробови. Претставува убаво оформена мала циста од обработени камени плочи, во форма скоро на правилна коцка (со димензии 0,72 X 0,68 X 0,65), поплочена и покриена исто така со монолитни плочи. Во неа биле положени остатоците од спалена возрасна особа.

Спалени гробови се откриени и меѓу т.н. сиромашни гробови во требенишката некропола. Меѓу поголемиот број скелетни погребувања вршени од крајот на VII до IV век, во текот на доцното архајско време, поточни во V век се датираат и поедини гробови со спалени покојници (гр. 23, 30, 31, 32 и 33).[19] Според постоечката документација, очигледно е дека овие гробови на некој начин комуницирале со скелетните гробови во т.н. оградени системи (тумули). меѓутоа не е сосема јасна нивната архитектура и услови на наоѓање (Сл. 39). Истражувачите сметаат на слични кружни системи без периферна ограда од крупни камења. Во секој случај биле оформени и покриени со камења и содржеле јасни остатоци - калцинирани коски од спалени покојници. Точните вредности на овие гробни форми ќе останат загатка, без доволно податоци за поврзување ниту со најблиските скелетни погребувања во истата некропола ниту со современите на нив конструкции со спалени

---

[19] Лахтов В.-Кастелиц Ј.1957,49

покојници во другите некрополи као на пример гробовите во Горно Поле или уште поблиску гробот 44 од големата некропола "Црквиште", Беранци кај Битола.

Во оваа последната, иако помлада некропола, со погребувања главно, кремации од IV и III век пр. н. ера, гробот 44 претставува најстаро погребување (покрај скелетниот гроб 33) кое се датира кон крајот на VI век или во раниот V век пр. н. ера.[20] Неговата конструкција, можеби е најблиска до особеностите на спалените гробови во Требениште. На приближно правоаголна основа - поплочени дно од ред тенки кршени камени плочи (2,30 X 1,15 м.), биле положени остатоците од кремираниот покојник (пепел и калцинирани коски) и гробните прилози. Сето тоа било насипано со слој на земја до 0,70 см. дебелина, додека врз неа бил нафрлан слој од ситни камења.

Колку да е неочекувана и нова појавата на спалување во овој период во Македонија, извесно е дека не била продукт на некои крупни промени во составот на населението. Овој феномен, во голема мерка може да се протолкува на начинот на кој Д. Срејовик ја овјаснува појавата на спалување и воопшто промените во ритуалот на погребување.[21] Според него, појавата на спалување е редовно поврзана со преодните етапи во развитокот на една култура или со времињата на крупни потреси и културни промени, поточно со епохите на општествена, економска и културна револуција, какво што без сомнение било Доцноархајското време во Македонија. Меѓутоа и покрај се, останува недореченост во поточното лоцирање на извориштето и конкретните причини на ваквите појави во Македонија.

Според начинот на манифестирање, спалувањето во Македонија се чини било, ако не предизвикано тогаш секако иницирано и од

---

[20] Mikulcić I.1966, 37

[21] Срејовић Д.1959,

одредени надворешни фактори, оние истите кои ги предизвикале и останатите промени во материјалната и духовна култура.

Со ова прашање се има соочено и И. Микулчик, при објаснувањето на појавата на спалување во Пелагонија.[22] И тој го истакнува големото значење на крупните општествени, економски и социјални промени во ова време, подвлекувајки ја при тоа оспособеноста на веќе јасно диференцираниот слој на племенска аристократија за контактирање и широко прифаќање на современите придобивки од културно појаките средини на југ, од Егеја и на исток од М. Азија. Тоа секако ги предизвикало промените во културна смисла, евидентни во новите форми во материјалната култура, но влијаело и на промените во сферата на погребување, поточно на процесот на воведување на спалувањето. Во вакавите релации, се чинат посебно значајни влијанијата од исток, доминантни во ова време не само во Македонија туку и во целиот Егејски Базен. Токму тие го даваат оној неопходен надворешен инпулс за создавање на карактеристичната доцноархајска култура на територијата на македонско - пајонските заедници, а во таа смисла и на појавата на спалување. Значајна улага во сето ова одиграле секако историските настани од ова време, посебно персиското присуство на ови простори.

Наместо заклучок во врска со ова ќе се задржиме на уште две појави од сферата на погребување, кои како новини од страна, меѓу другото значајно ја дополнуваат слика за културните движења во текот на доцното архајско време во Македонија и нејзината свртеност кон Исток. Се работи за појавата на камени стели - надгробни маркери и погребувања во посебни конструкции од тегули.

Надгробните стели не биле познати во претходните периоди во Македонија или можеби биле изработувани од материјал подложен на распаѓање. Некаде кон почетокот на овој период, на поедини

[22] Mikulčić I. 1966, 38-39

локалитети се јавуваат едноставни тесни камени плочи на кои грубо е претставена човечка фигура, било со врежување или со клесање на глава и рамења (Висои - Беранци, Пешта Градешница, Бели Камења - Живојно Сламите - Рапеш, Горно Поле - Стар Караорман) Стелите од Висои, Градешница и Рапеш, биле поврзани со конкретни гробови - цисти поставени вертикално во функција на маркери, крај главата на покојникот. Сите овие гробови имаат очигледни касноархајски карактеристики и припаѓаат на најмладиот хоризонт на погребувања во своите некрополи.

Барањето аналоги на оваа појава не води во Мала Азија од каде што И. Микулчиќ ги издвојува едноставните антропоморфни стели од Неандрија, како типолошки најблиски на нашите.

И втората појава на посебни конструкции од големи т. н. лаконски тегули поставени на две води (гроб 40 во Сува Река и гроб 40 во Милци кај Гевгелија) претставува резултат на влијанијата од Исток.[23] Овие конструкции се јавуваат, најрано кон крајот на VI век, и тоа на касноархајските некрополи долж северно егејскиот брег и на Халкидик, а биле во употреба во следните неколку века, кога веќе се среќаваат и на знатно поширока територија. На нивната појава во Македонија се смета дека влијаеле малоазиските саркофази од теракота, кои на оваа територија се јавуваат во истото време и на истиот начин. Од тоа произлегува и сваќањето дека гробовите со тегули на две води биле поевтина замена за луксузните сликани саркофази, од кои, всушност бил имитиран само двосливниот капак.

Гевгелискиот регион, бил отворен за источните влијанија, кои доаѓале преку трако-македонскиот брег, така што не е за изненадување појавата на ваквите гробови толку рано уште во текот на V пр. н. ера.

* * *

---

[23] Георгиев З.1984, Сл.9,77

После сето ова, можеме на кусо да заклучиме дека погребувањето во текот на доцноархајското време во Македонија покажува одредена тенденција за понатамошно одржување на старите гробни форми и обичаи. И покрај поедини мошне значајни новини, како што е појавата на новиот ритуал со спалување или на бројниот материјал со нови културни обележја, сепак најголемиот број погребувања и понатаму се извршуваат во рамките на старите железнодопски некрополи и се врзуваат за старите населби. И не само тоа, тие во основа сеуште одржуваат одредени старите погребни обичаи, што значи ги негуваат духовните вредности од постарите етапи на железното време.

Од друга страна, тоа е секако квалитетно нова страница во културниот развиток на протоисториските заедници, која ќе им отвори простор за вклучување во цивилизираниот медитерански свет, при што локалните културни карактеристике се веќе целосно изнивелирани во единствена, пајонско-македонска основа за понатамошен заеднички развиток.

## 4. ПРОБЛЕМОТ НА Т.Н. КНЕЖЕВСКИ ПОГРЕБУВАЊА ВО МАКЕДОНИЈА

Богатите т.н.кнежевските гробови, претставуваат еден од најинтересните културни појави, не само на Балканот туку и на широко во Европа. Тие се врзуваат за погребувањата на локалните племенски старешини, на периферијата или во "варварската" позадината на развиената хеленска - медитеранска цивилизација.

Гледани од европска позиција, претставуваат еден вид на мавзолеи на тукушто создадената племенска аристократија. Меѓутоа, оваа појава во Македонија, со оглед на нејзината специфична географска и културна положба, помеѓу развиениот југ и праисторискиот север, едноставно не можеме во целосна мерка да ја подведеме под средноевропските критериуми. Навистина, во текот на ова време во Македонија се откриени поедини гробови, кои на основа богатите прилози вообичаено се издвојуваат како кнежевски погребувања. Меѓутоа, во антрополошка и културна смисла покажуваат посебни особености, по кои се разликуваат од европските кнежевски погребувања. Поради ова бараат поширок и нешто поинаков пристап во нивното вреднување.

Во текот на VI и V век пр. н. ера на многу широка територија, од Северното Причерноморие на исток, преку Тракија, Централен Балкан, Средна Италија до Северна Франција (Бургундија) на запад, се јавуваат поединечни, исклучително богати погребувања, кои, по готово сите сегменти на погребувањето се издвојуваат од останатите, современи на нив гробови на обичното население.

Иако, меѓу себе можат да будат знатно оддалечени откриваат висок степен на сличности, со што одбележуваат единствен хоризонт на т. н. кнежевски гробови.[24] Нив ги карактеризира монументалноста во погребувањето, некаде под големи тумули (могили, кургани), а некаде во рамнината на теренот. Имаат најчесто четириаголна гробна комора со дрвена или камена конструкција, мноштво раскошни гробни

---

[24] Папазовска А.1984,8-13

прилози од скапоцена изработка и племенити метали, доста грчки или италски импорт (најчесто бронзени или керамични садови), а не ретко се јавуваат и погреби со кола, коњска спрема па и цела коњска запрега.

Најдобра илустрација на ваквите погребувања претставуваат деталните описи на Херодот за погребувањето на скитските владетели. Таму се наоѓаат многу податоци кои археологијата ги има веќе потврдено на разни локалитети, како манифестации на еден општ културен тип на кнежевски погребувања, било да е тоа кај скитските, тракијските, илирски, келтски и други племенски заедници. Ќе потсетиме само на монументалните погребувања во халштатската средина, богатите гробници во Баден - Виртенберг, во Хохдорф кај Штутгард или во Вих во Франција или истовремените богати кургани на Алтај или Кубан, како и поблиските до нас централно балкански кнежевски тумули (Нови Пазар, Атеница, Пилатовиќи, Арарева Громила).

Во ваквите релации неопходно е да се прашаме каде е местото на богатите погребувања од ова време во Р. Македонија, пред се на гробовите од т.н. група А и Б од Требениште кај Охрид и гробот од Петилеп кај Беранци, Битолско.

## 1. ЗА КНЕЖЕВСКИТЕ ГРОБОВИ ОД ТРЕБЕНИШТЕ КАЈ ОХРИД

Во рамките на големата требенишка некропола, по исклучително богатите прилози се издвојуваат 13 погребувања, познати како кнежевски гробови (Сл. 42). Првите пет меѓу нив биле откриени случајно 1918 година, од страна на бугарската војска и работниците што работеле патот Охрид Кичево. Документацијата за овие гробови е формирана подоцна, на основа кажувањата на работниците, кои собирајќи камен за потребите на патот стигнале до богатите предмети. Следните гробови (VI и VII) се откопани во присуство на тогашниот гимназиски професор од Варна К. Шкорпил и за нив веќе постојат скици работени на терен, со поголема документарна вредност.




Сл.42 План на "Кнежевските гробови" во Требениште кај Охрид

Во неколку наврати од 1930 до 1934 година, археолошки ископувања врши Н. Вулик и ги открива преостанатите 6 кнежевски гробови (од број VIII до XIII).

Првите седум гробови со сите наоди и располажвата документација се публикувани од Б. Филов и К. Шкорпил во 1927 година во капиталното дело "DIE ARCHAISCHE NECROPOLE VON TREBENISCHTE AM OCHRIDA - SEE". Резултатите од ископувањата од 1930-4 година и откривањето на преостанатите 6 гробови, Н. Вулик ги има публикувано во неколку наврати меѓу двете војни, главно во списанијата "Гласник СНД и Споменик САН".

После ова, многу проучувачи се имаат занимавано со проблемите на требенишката некропола, при што, општ е впечатокот за недостаток на подетална теренска документација. Ова е најевидентно токму кај податоците, неопходни за утврдување на начинот на погребување и погребните обичаи.

Според тоа што го имаат кажано истражувачите, најчесто се заклучува дека во прашање биле рамни гробови - големи јами без некоја посебна конструкција. пространи јами со големи димензии. Така на пример, гробовите од бр. I до VIII биле долги 4,80-5,20 м. а широки од 2-3 метри. гробот X со димензии 3,10 X 4,20 метри, а гробот XIII, 3,75 X 1,60 метри. Длабочината била различна и се движела до 2 метри, а во случајот на гробот XIII дното било поплочено со камења (Сл. 43).



Сл.43 Требеништа, Охрид. Основи на т.н Кнежевски гробови II,VI,VIII
(Според Филов и Булиќ)

Гробните јами биле откриени исполнети со камења, така што се има претстава дека остатоците од погребувањата едноставно биле затрупани со голема количина камења. Меѓутоа, неколку податоци, главно од ископувањата на Н. Вулиќ. кој далеку повеќе обрнал внимание на начинот на погребување, сепак откриваат додатни елементи во врска со гробните конструкции. Ѕидовите на правоаголната јама можеле да бидат изѕидани, делумно или во целата височина. На основа остатоците од јагленисано дрво, во поголема или помала мерка присутни во сите гробови, се смета на дрвен покрив, кој ја затварал дрвената комора во јамата.[25] Меѓутоа, бидејќи требало богатата гробна содржина да биде убаво затворена и заштитена, а во исто време кровот да го издржи јакиот притисок на 2 метри високиот каменен насип, најверојатно се работело за покрив од режана или обла граѓа, честа пракса кај повеќе, главно побогати погребувања од истото време.

Од извештаите на Н. Вулиќ се открива дека над гробните јами се кревале правоаголни камени конструкции во височина од 2 метри и со површина иста со површината на гробната јама. По распаѓањето на кровната конструкција, камениот насип секако пропаднал и ја исполнил целата гробна комора, непосредно покривајќи ги остатоците од погребувањето и гробните прилози во неа.

На овој начин посматрани, гробните конструкции на богатите гробови од Требениште во добра мерка се разликуваат од конструкциите на останатите сиромашни гробови.

Покрај гробните конструкции, прашањето на погребниот ритуал кај "кнежевските" гробови во Требениште е уште понеизвесно. Се чини не возможно, на основа постоечките податоци со сигурност да се одговори дали се во прашање спалени или скелетни покојници. Имено, повеќето научници што се занимавале со проблемите на требенишката некропола сметаат дека се работи за инхумација, најповеќе на основа големите димензии на јамите и распоредот на

[25] Вулиќ Н.1932,3

предметите. Меѓутоа, токму овие елементи, во недостаток на скелетни остатоци можат уште повеќе да се користат во прилог на спалувањето.

Најголемиот број скици на гробовите од Б. Филов - К. Шкорпил претставуваат можни реконструкции, а на единствените автентични терenски ситуации (скиците на гроб VI и VII) распоредот на наодите не е во потребната мерка зависен од претпоставеното тело на покојникот (Сл. 42). Од друга страна Н. Вулиќ има откриено несомнени остатоци од спалени покојници во гробовите X и XII.[28] Со оглед на ваквата ситуација и постоечките аналогии на овие погребувања, се чини спалувањето далеку по возможно. Сепак еден момент навистина не ни дозволува сите "кнежевски" гробови да ги сметаме за спалени. Тоа се познатите наоди на златните погребни маски, сандали, ракавици и сл. кои во таков случај би го изгубиле своето култно и ритуално значење кое така детално и уверливо го има објаснето В. Поповиќ. Засега сепак се чини мораме да сметаме на биритуалност кај кнежевските погребувања во Требениште, што впрочем е потврдена како појава и меѓу "сиромашни" погребување во истата некропола.

Третото крупно прашање во врска со кнежевските гробови од Требениште е проблемот на нивниот карактер, од што произлегува и прашањето на носителите. Ова последното е на различни начини решавано, а сеуште немаме задоволитетлен одговор. На него ќе се задржиме во заклучните согледби, поточно во поглавјето за историската и етничка интерпретација на погребувањето кај протоисториските заедници во Македонија.

За карактерот на овие гробови значајни се нивните особености, кои дозволуваат две солуции. Или се работи за гробови на локалните владетели од населението што се погребувало во останатите сиромашни гробови или за посебна владетелска група дојдена од страна во локалната требенишка средина. Првата можност

[28] Вулиќ Н. 1948

е почесто ползувана, меѓутоа не смее да се потцени ни втората.

Доколку ја прифатиме првата можност остануваат нејасни неколку моменти, посебно хронологијата на кнежевските гробови и нивниот однос со останатиот дел на некрополата. Имено, во требенишката некропола документирана е континуирана употреба, од крајот на VII до IV век пр. н ера, а на основа наодите на 3 монети од Октавијан Август и многу подолго. Во ваквите рамки, делот со богатите гробови е премногу ограничен, како просторно уште повеќе хронолошки. Едноставно доколку се работи за династичка некропола би требало да имаме далеку поизразена хронолошка разлика меѓу најстарото и најмладото погребување. Меѓутоа, ситуацијата на теренот е знатно поинаква. Прилозите од кнежевските гробови во толкава мерка се повторуваат што е готово невозможно да се најдат предмети со различна хронолошка вредност. Сите 13 погребувања како да биле извршени во исто време, некаде во последните децении од VI век пр. н. ера. Од друга страна, сите тие се организирани на начин да формираат засебна група гробови, кои меѓусебна тесно комуницираат.

Според ова, лесно може да се забележи дека кнежевските гробови јасно се оддвојуваат од останатите погребувања на обичното население, а се невообичаено слични меѓу себе. Така, не треба да се отфрли можноста дека се работело за владетелска група од страна, умрени и погребани во исто време. Повеќето од нив секако биле мажи меѓутоа, два гроба се издвојуваат и имаат различна-спротивана ориентација во однос на останатите. Во нив биле погребани жени, на истиот начин и со истите прилози како и останатите машки покојници, со тоа што ја немаат типичната војничка спрема, посебно бронзени шлемови.

## 2. ЗА КНЕЖЕВСКИОТ ГРОБ ОД ПЕТИЛЕП, БЕРАНЦИ КАЈ БИТОЛА

Покрај богатите гробови од Требениште, како "кнежевско" погребување е познат и гробот на локалитетот Петилеп, с. Беранци

кај Битола.[27] Таму, на стотина метри северно од могилната некропола со познатиот родовски тумул во месноста Висои, случајно се откриени богати наоди аналогни на прилозите во "кнежевските" гробови од Требениште: бронзен кратер, голема бронзена амфора, фрагменти од други бронзени садиви, керамичен скифос црнофирнисиран, делови од златна маска, три златни приврзоци, две златни купасти наушници, потоа две долги игли со плочеста глава, две малоазиски фибули, две белегзии со змијски глави, два прстена - сите од сребро, како и бронзени пинцети и голем гердан од вкупно 75 крупни мониста од аморфен килибар.

Конструкцијата на овој гроб не е во целост ископана така што голем дел од неа сеуште е неистражен и со тоа недефиниран. Извесно е дека се работи за еден вид пространа јама и некаква конструкција од камења, секако блиска до гробовите од Требениште. Од друга страна документирано е погребувања извршени со спалување. Неспорни кремирани остатоци од женска особа биле откриени во големиот бронзениот кратер, кој бил затворен со кружна камена плоча, како и меѓу деловите од другите бронзени садови (најверојатно исто така урни).

Голема штета е нецелосната испитаност на овој гроб како и на самата некропола на локалитетот Петилеп, така што секој обид за поцелосно вреднување е осудено на спекулации.

*

После ова можеме да кажеме неколку заклучни збора во врска со гробовите кои го носат епитетот кнежевски, во Македонија. За разлика од монументални кнежеевски погребувања на север, богатите гробови од истото време во Македонија (втората половина на VI и првата на V век. п. н. ера) не претставуваат во толкава мерка сложени архитектонски и религиозно-култни системи. Тие не се откриени како останатите случаи поединечно и во готово сите елементи издвоени и различни од останатите вообичаени гробови, туку напротив секогаш

[27] Микулчиќ И.1965,218-220

во рамките на старите матични некрополи со подолга и континуирана употреба.

Ќе ги спомнеме најблиските примери на големите кнежевски тумули во Нови Пазар, Атеница, Пилатовиќи и Арарева Громила, кои од обичните гробови во своите области се издвојуваат како физички така и по својата монументалност, богати прилози, но и со ритуалот на спалување, спротивен на широко практикуваната инхумација во тоа време.[28] Посебно е илустративен примерот со погребувањето во големиот тумул од Пилатовиќи на лок. Трнаци. Тој претставува невообичаено компилициран архитектонски и култен објект во чиј центар бил погребан локалниот кнез а околу членовите на неговата потесна фамилија. И додека "народната" некропола во соседниот "Рамен Луг" познавала само скелетни погребувања гробовите во овој тумул покажуваат поинаква слика. И во него било практикувано скелетното погребување, меѓутоа не и за централниот гроб - главното кнежевско погребување, кој бил единствениот спален покојник.[29]

Гробовите од Требениште и Петилеп претставуваат атипична појава во однос на ваквите кнежевски погребувања, кои се сепак израз на општествените и културни особености на сеуште длабоко праисториските средини во позадината на тогашните развиени медитерански култури. Културата на ова време во Македонија е нешто поинаку моделирана и во неа готово да нема место за кнежевски погребувања од таков вид како на север.

Поблиски до карактерот на богатите гробови од Македонија се т.н. тракиски кнежевски гробници во Дуванли кај Пловдив.[30] И таму во големиот број могили е јасно изразена тенденцијата за натамошно одржување на традиционалните духовни вредности. Од друга страна

---

[28] Mano Zisi D.1969; Duknic M. Jovanovic B. 1966; Jovanovic B. 1979; Čović B.1979; Zotović M. 1985;

[29] Zotović M.1985

[30] Филов Б.1934

поголемиот број истовремени владетелски гробници, како и во Требениште ја покажуваат несомнено владеачката и материјална моќ на цела една класа - на тракиската аристократија, како водечка и добро организирана политичка сила. Нејзиниот брз и сигурен подем, е изразен преку мноштво луксузни предмети за лична употреба, слично на ситуацијата во Македонија.

Во оваа смисла предметите во Требениште го немаат ексклузивниот карактерот на истите наоди во Европа. Тоа не се во толкава мерка привилегија само на моќниот племенски старешина, и не претставуваат мистични предмети од далечните богати земји како на пример оргиналната кинеската свила откриена во кнежевскиот гроб под тумулот од Хохдорф, кај Штутгард, грчкиот бронзен кратер од Викс или египетскиот скарабеј од Пилатовиќи, туку познати производи, главно од занатските и трговски центри од соседниот Халкидик, со кој Требениште било директно поврзано преку главната македонска комуникација, по трасата на идната Виа Егнатиа. Така поедини наоди, кои на север, без сомнение претставуваат индикатори за кнежевски погребувања (килибар, грчки импортирани садови, поедини типови оружје и накит) во Македонија ги среќаваме како инвентар во гробови кои битно не се издвојуваат од останатите вообичаени погребувања (гробовите од Прогон - Букри, Бабино, Радолишта, Речица, Зелениште-Валандово и тд.). Така на пример уште во рамките на т.н. Долновардарска група на полното железно време, готово и да нема женски гроб без наоди на мониста од килибар.

Откритијата на богатата некропола во Синдос кај Солун и на касноархајскиот богат гроб до т.н. Романов гроб во Вергина дадоа многу податоци во врска со карактерот на богатите погребувања од доцноархајското време во Македонија.

На почетокот на осумдесетите години, дваесетина километри западно од Солун, во Синдос, на една природно возвишение беше откриена голема и исклучително богата некропола.[31] Испитани беа

[31] ΣΙΝΔΟΣ (Каталог) 1985

вкупно 121 гроб, главно од втората половина на VI и од V век пр. н. ера. Гробовите биле скелетни, во конструкции - цисти од камени плочи, камени или глинени саркофази. Содржеле прилози готово идентични со наодите од богатите гробови во Требениште: бронзени шлемови, златни погребни маски, разни апликации од злато и други скапоцени украси за облека, мноштво златен и бронзен накит, бронзени садови, железно оружје, атичка и коринтска сликана керамика но и локални садови и т. н.

Некрополата од Синдос, покрај тоа што непосредно се поврзува со Требениште, уште посилно ги изразува истите хронолошки и културни вредности со гробовите од доцното железно време во Повардарјето, посебно со наодите од долновардарските некрополи. Во 1985 година објавен е луксузен каталог - избор на најексклузивните наоди од Синдос, откриени во вкупно 36 гробови. Најголемиот број гробови, оние помалку богатите сеуште не се публикувани. Сепак, готово сите наоди и други културни манифестациите од истовремените погребувања во Зелениките, Глос, Сува Река и Милци, откриени се и во Синдос, со тоа што, за разлика од Долното Повардарје, доминантно место во богатите гробови од Синдос имаат бројните луксузни производите од соседните грчки колонии.

Од друга страна, во старата некропола во Вергина, покрај монументалната ѕидана гробница од IV век, позната како Романов гроб откриено е богато погребување од крајот на VI век пр. н. ера, готово идентично на гробот од Петилеп - Беранци кај Битола.[32]

После сето ова се чини сосема јасно се издвојува еденствен "македонски" хоризонт на богати гробови од доцното архајско време, на кој несомнено припаѓаат гробовите од Требениште и Петилеп. За разлика од нив, богатите гробови од централнобалканскиот регион, се вклучуваат во единствениот европски типолошки модел на монументални кнежевски погребувања.

---

[32] Andronikos M.1988, Fig.1-7, Sumary p.510

## 3. ЗА ПРОБЛЕМОТ НА ЅИДАНИТЕ ГРОБНИЦИ

Ѕиданите гробници во Македонија обично претставуваат проблем на класичната археологија, со што излегуваат од хронолшките рамки на оваа работа. Нивното актуелизирање веднаш се доведува во врска со една од најкомплексните појави во овој дел на Балканот, со т.н Македонски или Трачки ѕидани гробници од хеленистичкиот период. Меѓутоа, објектите како познатата Тетовска гробница, од последните децении на VI век или Монументалната Владетелска гробница од Бразда, кај Скопје од V век пр.н.ера, не обврзуваат, на појавата на ѕиданите гробници во Македонија да погледнеме и од друг агол, од позицијата на протоисториските заедници и нивните погребни обичаи и потреби.





*Сл.44 Ѕиданата гробница од Тетово (Според С.Радојчиќ)*

Уште на почетокот на триесетите години од овој век, во Тетово е случајно откриена, ограбена и делумно оштетена ѕидана гробница со правоаголна основа со димензии (5,13 X 3,51 X 1,85 метри)(Сл. 44).[33] Гробницата била градена од убаво делкани

---

[33] Радојчиќ С.1933,243-253

травертински блокови, имала засводен кров, поплочен патос и плитка ниша на подолгата страна. Најверојатно криела богато војничко погребување, на основа откриените фрагменти на бронзени кнемиди. Со овие кнемиди, или во секој случај делови од војничка опрема била најдена и познатата бронзена фигура на Менада, по која погребувањето неспорно се датира во третата четвртина на VI век пр. н. ера.

Не е исклучено од оваа гробница да потекнувал и повеќе пати спомнуваниот во литературата бронзен "илирски" шлем од Тетово, на кого денес му е изгубена трагата, како и на другите несомнено богати прилози од гробницата.[34]

Од 1986 година, во северното подножје на раноантичката утврдена населба на Градиште, село Бразда кај Скопје се испитува Монументалната Владетелска гробницата, објект по своите хронолошки и културни вредности засега единствен од тој вид.[35] Таа сеуште не е истражена во целост, а со оглед на комплексноста на целиот простор и ограничените ископувања ќе треба доста време да се добие комплетна слика и да се даде конечен суд. Во овој момент познати се само основни карактеристики на ова наоѓалиште и што е уште поважно, степенот на истраженост на основната градба овозможува во голема мерка нејзино вреднување. Нашиот интерес е насочен т. н. прва градежна фаза, која ја претставува примарната монументална ѕиданата гробница (Сл. 46)(фот.20)

Гробницата претставува голем и сложен архитектонски зафат што подразбирал оформување на пространа гробна комора, пристапен ходник и цел систем на нивна заштита и сигурност, а сето тоа всечено во карпестата северна падина на Градиштето и во добра мерка вкопано под површината, во шкрилестата здравица. Комората има правоаголна основа, ориентирана Запад-Исток, покриена со рамен

---

34 Vasić R.1982-a,12-13

35 Микулчиќ И.-Соколовска В.1990,80-92

таван од дрвени греди, дебели 25 - 30 см. На средината на јужниот ѕид се наоѓа врата, од која се влегувало во внатрешноста на комората преку 6 степеници. Влезот во комората водел од Југ, слегувајки низ падината преку долг дромос, еден вид стрмна рампа длабоко всечена, како корито во шкрилестиот терен, до пред самиот влез. Таму, пред самата врата дромосот формира подзидана рамна површина делумно поплочена, еден вид мало предворје заштитено од страните со сувоѕид од крупни камења.




Сл.45 План на гробницата во Бразда, Скопје

Од западната надворешна страна на гробницата, по должината на дромосот бил изграден долг заштитен бедем. Ѕидовите на комората и бедемот биле градени од големи, прецизно делкани блокови од травертин, беспрекорно составувани без сврзно сретство или метални спојки. Видливите страни на блоковите, од внатрешната страна на комората и кај другите видливи делови од архитектурата биле украсени со врамена барботина (Фот. 20)

По завршената употреба на комората, целиот простор бил затрупан со насип од камења и земја во височина на покривот. На ова ниво насипот бил заравнет со слој од светложолта лапореста глина, дебел 30-тина сантиметри, како основа за втората фаза на употреба на овој простор. Оваа фаза подразбира нови архитектонски зафати на истиот габарит, простори со остатоци од спалувања, разни ритуални дејствија и поедини погребувања. Досега се откриени купно 4 гробови, главно од крајот на V раниот IV век пр. н. ера во насипот над гробницата и околу неа.

Целиот коммплекс го покривал насип од земја и камен, во форма на тумулус со височина од 7-8 метра над гробната комора. Во него се откриени бројни културни остатоци меѓу кои над 10.000 фрагменти керамични садови од крајот на V и раниот IV век. п. н. ера (Сл. 45; Фот. 20) . Покојникот на кого припаѓала гробницата сеуште не е откриен, а истражувачите убедливо докажуваат дека гробницата била, набрзо по затварањето отворена од пљачкаши, кои во потрага по богати гробни прилози копале под подот на комората.

Во секој случај и без главното погребување, на основа планот, архитектурата и другите придружни археолошки манифестации несомнено се работи за исклучителен сакрален објект од V век пр. н. ера, именуван како Владетелска Гробница. Колку и да е ова неочекувано, карактерот на локалната култура, високата економска моќ на населбата на Градиштето и секако паралелите со потврдената уште постара гробница од Тетово, градена на ист начин и од ист материјал, не само што го дозволуваат тоа туку осветлуваат и многу досега непознати моменти во врска со појавата на античките ѕидани

гробници во овој дел на Балканот. Во оваа смисла доколку сакаме да го откриеме вистинското значење на гробниците од Тетово и Бразда ќе мораме да се вратиме на проблемот на т.н Македонски и Трачки ѕидани гробници.

Во литературата за античките ѕидани гробници, провејува едно убедување дека овие објекти припаѓаат исклучиво на хеленистичкото време, како епоха на силно изразена индивидуализација. Така, се мисли, дека тоа е времето кога за прв пат се среќаваме со бројни податоци за индивидуалните верувања во сопствената бесмртност, што се има најјако изразено кај Александар и неговите следбеници, преку нивните јасни тежненија да станат божества. Меѓутоа, ништо помалу не биле овие тежненија и кај постарите владетели и племенска аристократија. Ова е јасно видливо во погребните обичаи и поедини прилози во богатите гробови, посебно во практиката на облагање на телото со златни погребни маски, сандали, ракавици и сл, за кои се верувало дека имаат моќ да го сочуваат телото и ликот на покојникот и после неговата смрт.

На основа оваа практика и обичај, уште В. Поповиќ ја има истакнато можноста во Требениште да се работи за некоја врста на дивинизација на покојникот, која подоцна ќе го отвори патот кон апотеозата на македонските династи.[36] Притоа, се истакнува дека овој, во основа не - грчки туку египетски обичај спаѓа во истиот идејно религиозен круг како пирамидите и мумуфикацијата, од што произлегува и принципот на античкиот мавзолеј. Само на овој начин може да се објасни, потребата за појава на македонските гробници, а таа да не биде така изненадна и загадочна. Напротив, во овој случај овие објекти се откриваат како производ на логичниот развиток на погребните форми и обичаи кај заедниците од овој дел на Балканот, секако во дадените културни и историски околности на раната антика, при што свое место си наоѓаат и гробниците од Тетово и Бразда.

---

36 Поповиќ В.1956, 25

Исто така, станува јасно зошто се тие ограничени главно на територијата на македонските заедници, како и појавата на истовремените тракиски ѕидани гробници.

За подетално да го образложиме ваквиот став неопходно е барем накратко да се потсетиме на основните карактеристики на Македонските гробници. Школската дефиниција би ги опишала како ѕидани засводени комори, погребни соби со посебен приод (дромос), преку кој, иако најчесто кус во форма на предворје, се влегувало во комората. Сето ова било градено под површината на теренот, вкопани во земја или во карпест терен и покриени со земјен насип во форма на тумулус. Постојат различни варијанти во изведбата на поедини елементи меѓутоа секогаш се настојува да се одржи ваквата шема.[37]

Овие елементи за нас се посебно значајни бидејки ги среќаваме кај гробницата во Бразда и Тетово. Така, дромосите можеле да бидат рамни, коси или да се спуштаат со скали. Блиски на дромосот во Бразда, коси приоди наоѓаме во т.н. Хезејев Гроб во Пидна додека степенасти дромоси во Драма, во Солун или во засведената гробница во стена - т.н. Зета Гроб во Амфиполис.[38] Во зависност од теренот дел од архитектурата можела да биде изделкана во жива карпа, меѓутоа видливите делови (влезот и внатрешноста на комората биле грижливо работени, често малтерисани и боени).

Посебно е интересен планот на раскошната Македонска Гробница под големиот тумул во Еритреја, која иако знатно помлада (се датира во средината на III век), покажува доста сличности со планот на гробницата во Бразда.[39] На широка квадратна основа била изѕидана комората во висина до 5 метри. Таванот не бил засводен туку рамен, додека дромосот, убаво ѕидан од камења (Сл. 46).

---

[37] Kurtz D.C.-Boardman J.1971, 273-283; Miller S.1992,1-19

[38] Miller S.1992,F.N,19 и во пописот на македонските гробниците

[39] Kurtz D.C.- Boardman J.1971, Fig.64,280




Сл. 46 Ѕиданата гробница од Еритреа (Според Kurtz-Boardman)

Тумуларниот насип врз овие Македонските Гробници заслужува посебно внимание. Во оваа смисла, најпознат е Големиот Тумулус од Вергина кој имал пречник од 110 метри. Покрај т. н. Гроб на Филип тој покривал уште 3 други објекти т. н Гроб на Персефона, Принцевиот Гроб и основата на еден Хероон. Пресекот на тумулот ја покажува оригиналната конфигурација на тумулот која потсетува на тумулите од соседната тумулатана некропола.[40] Големиот тумул бил последно подигнат за да ги покрие сите објекти, што е мошне слично со ситуацијата во Бразда. Насипот содржел разни слоеви од земја, песок, чакал и камења.

Во врска со насипувањето на тумулите, интересни податоци наоѓаме во тумулите од некрополата на античката Аенеа во Термајскиот Залив. Таму, во стратиграфијата на Тумулот А се гледа дека покривал три гробови датирани во третата четвртина на IV век пр. н. ера. Сите биле вкопани под земја. Најстариот гробот 3 лежел

40 Andronikos M. 1977, 1-72, Figs. 1-31

под сопствен мал тумул, гробот 2 лежел во центарот под поголем тумул кој го покривал и претходниот гроб додека најмладиот, гроб 1 имал насип што ги покривал сите три гроба во висина од 6 и пол метра.

Посебна особеност на насипот биле слоевите од земја, неизменично насипувани од црвена до браон земја, со посебни слоеви од глинеста бела земја.[41] Истражувачите истакнуваат дека оваа техника, со слоеви на глина служела делумно за консолидирање на насипот, делумно за заштита од влага и делумно за да се одржи оригиналната конична форма на тумулот. Истиот систем на насипување е документиран и во насипот над Владетелската Гробница во Бразда.

Во секој случај, проблемот на тумуларното насипување треба да се посматра во контекст на добро познатата стара македонска традиција на погребување под тумули, која е најдобро илустрирана со континуитетот на ваквите погребувања во некрополата во Вергина.

Некропола во Вергина била во употреба од раното железно до хеленистичко време, а уште најстарите тумули претставуваа фамилијарни или клановски објекти, со што секако бил востановен моделот на групно погребување под еден тумул, кој продолжил и меѓу монументалните антички тумули.

Сепак, прашањето за потеклото на Македонските ѕидани гробници се чини оставено по страна, во сенката на богатиот инвентар и раскошната архитектура. Постарите погребни форми и нивните релации со македонските ѕидани гробници, не се доволно земани во предвид така што овие градби обично се посматраат во нивната крајна развојна фаза на конечно формирани типови со засводени тавани, јонски или дорски фасади, сликана внатрешност и карактеристичен погребен мебел и прилози. Во оваа смисла, за најрана македонска гробница се смета т.н. гроб на Евридика во Вергина, датиран во 336

---

[41] Miller S.1992, 4.F.n.12: Истата 1993,

год. пр. н. ера.[42]

Од друга страна, најповеќе дискусии има предизвикано прашањето за потеклото на засводениот таван, во смисла, дали е во прашање донесено искуство од Исток, со Александровите походи или е дело на домашни градители. Така, и покрај бројните постари паралели во Мала Азија сепак претежнува мнението дека засводениот таван се развил во Македонија и тоа во текот на IV век п. н. е., кога почнал широко да се практикува за гробници. Меѓутоа, еден вид засводување среќаваме уште во текот на втората половина на VI век пр. н. ера, кај гробницата во Тетово.

Од друга страна, неоправдано малку се смета на постарите гробници са рамен таван, кои се чини играат водечка улога во решавањето на проблемот на генезата на Македонските ѕидани гробници. Во овој правец, С. Милер го истакнува значењето на еден гроб од Катерини со широк-равен таван, датиран во втората четвртина на IV век. Овој гроб по сите елементи претставува типична Македонска Гробница, освен по таванот.[43]




Сл.47 Ѕиданиот гроб под тумулус од Олинт (Според Kurtz-Boardman)

[42] Andronikos M.1984.221-224

[43] Miller S.1992,101

На исто мнение се и Куртц и Боердман, кои како предвесници на Монументалните ѕидани гробници од Македонски тип ги сметаат гробните комори, гробови-соби со рамен кров, вкопани под тумули, при што го истакнуваат примерот со ваквиот гроб од Олинт што се датира пред 348 година пр. н. ера (Сл. 47).[44] Овој гроб, и покрај знатно помалите димензии неодоливо потсетува на архитектонската схема на Владетелската гробница од Бразда.

Преминот од хоризонтален во засводен таван, според Хамонд се случил во 360 година, на основа податокот сочуван кај Платон (Закони, 974, д-е).[45]

Според ова, појавата на Македонските Гробници би требало да се посматра како производ на домашното културно наследство, поточно како резултат на развитокот на старите гробни форми, од родовско-клановските тумули на раното железно време, како оние во Вергина, Патели, Висои или Орлови Чуки, преку првите ѕидани гробници, меѓу кои посебно место им припаѓа на засводената гробница од Тетово и Владетелската гробница во Бразда. При ова, мора да се има има пред вид големата, ако не решавачка улогата на старите културни искуства и придобивки од егејското бронзено време.

Во неколку прилики веќе истакнавме дека по пропаста на микенската цивилизација во континетална Грција, многу од нејзините придобивки во голема мерка продолжиле, додуша латентно, во далеку понеповолни услови да живеат на самата периферија на некогашниот микенскиот свет, на територијата на Пајонско - Македонските и Тракиски заедници низ железното време. Ова е видливо во многу елементи од нивната материјална и духовна култура, при што секака биле запазени, во одредена мерка и традициите на микенското градежно искуство. Во текот на железното време тоа се манифестира

---

[44] Kurtz D.C.-Boardman J.1971,194, Fig 40

[45] Hammond N.G.L. 1991. The Royal Tombs at Vergina: Evolution and Identities, BSA 86, 69-82

на различен начин во Македонија и во Тракија, во зависност од локалните особености.

Во Македонија е евидентно во тумуларната архитектура (гробни кругови), додека во Тракија во железнодиопската мегалитна архитектура, која содржи редица елементи од микенските куполни гробници (комора, дромос и т. н.).

Во ваква ситуација се чини логично раѓањето на монументалните ѕидани гробници на овој простор, а блискоста меѓу истовремените македонските и трачките гробници само е потврда на сличните фактори во нивната генеза. Токму затоа, во својата крајна форма, гробниците од Тракија, неоптоварени во толкава мера со хеленистичките придобивките како македонските, се јавуваат во почист вид и по многу нешта повеќе потсетуваат на микенската архитектура. Таму можат да се видат дури и вистински толос гробници, а значајно место добиваат долгите дромоси и т. н. лажен свод - основни карактеристики на погребната монументална архитектура во бронзено време во Егеја.

После ова, повеќе не можеме да го заобиколуваме големото значење и улога на гробниците во Тетово и Бразда. Како најстари објекти од тој вид, тие се јавуваат во улога на вистински претходници на подоцнежните македонски ѕидани гробници. Иако немаат многу заеднички елементи со крајната форма на Македонските гробници, сепак ја илустрираат засега најраната етапа во нивниот развиток, од што можеме многу да научиме за почетоците на Македонската серија. Тие почетоци, во историските и културни услови на VI и V век во Македонија, многу му должат на домашното културно наследство, во кое биле инволвирани и долго време негувани вредностите на касномикенското искуство, но и на силните културни влијанија од Исток и Мала Азија. Така, не случајно најблиски аналогии за гробницата во Тетово се наоѓаат во легендарниот т. н. Танталов Гроб од Смирна, во Фригија или во поедини гробници од Карија и Лидија (Сл. 48).




Сл.48 Гробот на Тантал во Смирна и гробницата во Герези, Карија (според А. Русева)

## 5. ГРОБНИ НАОДИ

Генерално гледано на материјалот приложен во гробовите од доцното архајско време се воочуваат значајни промени. Евидентен е порастот во бројноста, разновидноста и богатството на гробните наоди.

Ова време претставува етапа на дефинитивно напуштање на старите типични железнодопски форми или нивно евентуално адаптирање според новите критериуми. Било да се работи за керамиката, накитот или оружјето, сите категории наоди се јавуваат во единствено издание, ослободени од дотогашните локални особености. Така, се среќаваме со доста воедначена слика за целата територија на протоисториските заедници во Македонија. Единствено богатите погребувања се издвојуваат со луксузниот карактер на своите прилози, што е секако резултат на зголемените потреби и можности на новата класа на племенска аристократија.

## а. К е р а м и к а

Керамичниот фонд е најиндикативен за особеностите и промените во материјалната култура на новото Доцноархајско време во Македонија.

Старите типично железнодопски форми на садови во голема мерка се редуцирани. Животот го продолжуваат единствено поголемите, груби садови работени на рака, кои благодарение на својата утилитарност (складишни садови или големи кујнски линци) едноставно се покажуваат како незаменливи. Нивната улога секако е поголема во кругот на населбинското живеење отколку во некрополите, меѓутоа свое место наоѓаат и при погребувањето. Фрагменти од груби садови готово редовно се откриваат во насипот над гробовите или во меѓупросторот, како остатоци од различни ритуални дејствија за време погребувањето.[46]

Старата домашна керамика, било да се тоа традиционалнате мат боени садови од Пелагонија или Повардарската окер керамиката лентесто боена, веќе излегуваат од употреба и биваат во потполност заменети од сиво печените садови работени исклучиво на витло.

---

[46] Микулчиќ И. 1962-63,206. Оваа појава најевидентна е во некрополата Дабици-Сопот

Навистина, поедини, во секој случај последните окер печени и лентесто боени садови од Долното Повардарје, сеуште се произведуваат, но веќе со евидентни нови, како формални така и декоративни белези. Најилустративен пример во оваа смисла имаме во керамичниот инвентар од гробот 74 во Сува Река во Гевгелија.[47]

Покрај традиционалната погребна керамична гарнитура на бокал и длабока кантаровидна шолја во него ја среќаваме и една од најкарактеристичнате форма за ова време - касноархајскиот котон, работен во чисто локален манир. Бокалот веќе нема косо засечен заден дел на вратот а шолјата се одликува со поострa профилација и ниско прстенесто дно со што се доближува до најраните антички кантароси. Истите наоди како локални производи ги среќавама и во богатите гробови во Синдос поврзани со грчки сликани садови и други хронолошки осетливи наоди, датирани од 530 - 480 год. пр. н. ера.[48]

Да се вратиме на сивата керамика, која очигледно во текот на доцното архајско време го презема приматот во локалната керамична продукција во Македонија и долго време во следните векови ќе го одржува, давајќи му ги најкарактеристичните нејзини обележја.

Појавата на сиво печените садови ја регистриравме во претходниот период, со почетокот на VI век пр. н. ера., како нова технолошко достигање, во кое главно беа повторувани старите домашни форми на садови. (Висои - Беранци, Сламите - Рапеш, Дабици - Сопот, Криви Дол - Радање, Сува Река - Гевгелија, Милци - Гевгелија и др). Во таа смисла, најчесто продуцирани форми сеуште беа бокалите со косо отсечена задна страна од вратот и длабоките кантаровидни шољи.

Во текот на втората половина на VI век и понатаму низ новото време сивата керамика претставува доминантен тип и секако

---

[47] Ристов К.1993,Т.I.Т.II.Сл.4

[48] Sindos (katalog), Grob 49 -kat.br.403 i 404; grob 101 - br.475

најголема керамичка група. Во неа сеуште се изработуваат старите форми на садови, но веќе адаптирани на новиот доцноархајски вкус. Бокалите веќе немаат засечени грла, или се со зарамнети отвори или едноставно ја копираат формата на оинохои со тролисно устие. Кантаровидните садови добиваат карактеристична доцноархајска профилација со прстенесто дно и различно подигнати држалки, а чиниите со вовлечени или извлечени отвори во потполност ги губат старите железнодопски белези, било во изработката или декорацијата. Се јавуваат без исклучок во сиво печената верзија, од убово прочистена глина и секао моделирани на грнчарско коло. (Сл. 49-а)




Сл.49 Сива керамика од доцното архајско време во Македонија
а.локални форми б.локални копии на хеленски форми

со мрка превлака, по што е слична со истовремената сива-bicсеro керамика од малоазиските градови и источното средоземноморие.[49] Меѓу овие наоди се среќаваат касноархајски форми на котони, хидрии, калпиди, кантароси, и сл, кои се рашириле долж игнациският пат (во исто време и на ист начин се наоѓаат и во Југоисточна Албанија) секако од хеленските упоришта на трако-македонскиот брег, од коринтската Потидаја или бројните халкидски и други јонски колонии.

Сивата керамика, во следните векови на антиката ќе се развива во Македонија како едно од најзначајните обележја на локалната керамична продукција, со тоа што ќе бидат во знатно поголема мерка прифатени и копирани хеленските керамични форми. Само ќе се потсетиме на наодот на бројни вакви наоди од Градиште, Неготино, откриени во реонот на некрополата на античка Антигонеа. Во големиот репертоар на садови се среќаваат како стари домашни форми

---

[49] Паровиќ-Пешикан М. 1985, 37-40

Покрај новото продуцирање на старите домашни форми, не помалку значајно место во репертоарот на сивата керамика им припаѓа на локалните копии на поедини грчки форми на садови, како резултат, без сомнение на зајакнатите културни и трговски контакти со керамичките работилници во грчките колонии на северниот брег на Егејското Море, посебно на полуостровот Халкидик (Сл. 49-б). Во оваа смисла, заедниците долж главните комуникации, од Југ на Север по долината на Вардар или од Исток на Запад (подоцнежната Виа Егнација) биле секако по изложени на овие влијание.

Во Долното Повардарје, главно во некрополата Милци, најдени се неколку фрагменти од локални, пред се сиво печени копии на касноархајски-најповеќе јонски форми на садови. Од друга страна, локалната сива имитација на грчки форми на садови уште поприсутна е во Пелагонија или Охридско (Радолишта, Требеништа, Прогон, Сарај и т. д.). И не само тоа, кај наодите од ови наоѓалиште се приметува посебен квалитет на сивата керамика, темно сиво печени

така и копии на грчки вази, по што овој наод се издвојува како вистински посредник меѓу сивата продукција од доцното архајско време и сивата раноантичака керамика .[50]

Со исключок на богатите гробни содржини од Требениште, бројот на грчки импортирани предмети, во вистинската смисла на зборот е прилично мал. Во Долновардарските некрополи може да се смета, со сигурност само на познатиот случајно откриен коринтски арибалос во Сува Река, Гевгелија, кој заедно со фрагментот од коринтски котон откриен на лок. Извор кај Валандово претставуваат единствените и засега најсеверни грчки импортирани предмети, најверојатно изработени во коринтската Потидаја, на Халкидик.[51]

Наспроти ова, во Пелагонија и Охридско се познати повеќе импортирани садови (Радолишта, Требениште, Петилеп и Црквиште-Беранци, Бела Црква и Сарај -Брод).[52] Се работи главно за атички садови (црнофирнизирани скифоси или црнофигурална оинохоја и киликс), кои сепак на основа слабиот фирниз, квалитетот на глината и стилските белези на боењето упатуваат на керамичните работилници на приобалските работилници на Халкидик. Стилски се издвојува единствено, јонскиот анфориск од Сарај-Брод, меѓутоа и тој веројатно пристигнал од ист правец. Во секој случај овие наоди претставуваат убави хронолошки репери на доцното архајско време во Македонија.

## 6. Н а к и т

Накитот во гробовите од доцното архајско време во Македонија е значително обогатен со нови форми и изразни сретства во однос на претходната етапа. Затоа во оваа прилика нема да претендираме на

---

[50] Соколовска В.1993,141-149

[51] Георгиев З.1984,Сл.3-а,г

[52] Микулчиќ И.1985,220

целосен преглед. Тоа би не одвело далеку од проблемите на погребувањето и би ги отворило многу од старите, а и нови прашања во врска со потеклото, хронолошките, културни, стилско ликовни и други вредности на поедини форми накит, кои едноставно не ќе можат да се заобиколат. Од друга страна, многу од овие прашања повеќе пати се разгледувани во стручната литература, најповеќе во врска со наодите од Требениште, каде всушност се среќаваат готово сите манифестации на накитот од овој период во Македонија. Од овие причини, ќе се задржиме, во општи црти само на најкарактеристичните форми накит, на оние кои претставуваат посебно културно обележје или кои имаат посебно место и улога во сферата на погребувањето.

Меѓу сите прилози накит, се издвојува една значајна група наоди чие потекло се бара на исток, во Мала Азија, Анадолија или општо во источното средоземноморие. Се работи, пред се за: двојните игли за коса, т. н. Малоазиски фибули, конични наушници и ниниста од паста со вметнати боени окца. Порано или покасно, во секој случај во текот на VI век, овие предмети стигнуваат во Македонија, каде биле нашироко прифатени. Тука добиваат одредени локални белези, развиваат повеќе варијанти и како македонска роба, во следните векови се шират на север и северозападните делови на Балканот.[53]

Без разлика дали е нивната појава резултат на непосредните и традиционални контакти на македонските заедници со Исток или со посредство на Малоазиските Грци и нивните колонии на северниот брег на Егејското Море, тие во Македонија остваруваат целосна афирмација одбележувајќи го на најдобар начин карактерот на доцното архајско време.

Двојните игли се јавуваат уште кон крајот на VII век пр. н,. ера, така што најраните варијанти, со проста триаголна или

---

[53] Микулчиќ И.1966,32-33; Vasić R.1985,121-155; Иштиот 1962,241-252; Иштиот 1975,81-91

двопетлеста глава врзани се токму за територијата на Македонија. Во текот на VI век оваа форма е веќе нашироко прифатена на Балканот а за доцноархајското време типична е двојната игла со глава во форма на буквата "М" - т. н. Омега игла (тип IV според Р. Васиќ). Голема е нејзината распространетост на Балканот од крајот на VI, па се до крајот на IV или почетокот на III. Притоа најрани и воедно најпознати се иглите од Требениште, по кои овој тип е познат и како Требенишки тип на игли. Како прилози кон извесни погребувања од доцното архајско време во Македонија ги наоѓаме во: Беранци, Бабино, Делагожда, Горно Поле, Градиште - Неготино, Радање, Радолишта, Речица, Требениште, Стоби, Кршлански Гумења-Виница.[54]

Потеклото на стаклените мониста со вметнати боени окца се бара исто така на Исток, повеќе кон Сириско-Египетското подрачје. Меѓутоа и тие, во текот на VI век се одомаќинуваат во Македонија и стануваат типични за ова време. Ги среќаваме во гробовите во: Требеништe, Висои-Беранци, Радање, Бабино, Црквиште-Беранци, Горно Поле-С. Караорман и т. н. Од тука следи нивниот продор кон север, при истекот на VI век и главно во текот на V век пр. н. ера.

Во истиот комплекс на појави влегуваат и науушниците со долга жица и коничен-купаст завршеток. Во Македонија развиваат две варијанти кои би можеле и хронолошки да се разликуваат. Постарата варијанта подразбира поедноставна изведба со полно лиена глава, додека помладата има празно лиена глава во форма на инка. Познати се повеќе вакви наоди во гробовите од : Живојно, Црквиште-Беранци, Требеништа, Радолишта, Сарај-Брод, Висои-Беранци, Милци и т. н.[55]

Меѓу фибулите доминантно место зазема новиот тип на т. н. Малоазиски фибули. Најстари вакви филбули, поточно нивни прототипови се најдени уште во текот на VIII век пр. н. ера во

---

[54] Васиќ Р. 1982, 244-247

[55] Микулчиќ И. 1966, 33

Анадолија и Фригија од каде се шират на запад. Во Македонија се јавуваат во последните децении на VI век, а во следните векови се прават најразлични нејзини варијанти во изведбата на лакот, ѕвездастите задебелувања, ногата и главата. Со прифаќањето во Македонија ја доградуваат својата форма со додавање на карактеристичната стилизирана претстава на змијска глава на ногата. Тука го достигаат својот полн развиток, а во следните векови, до III век пр. н. ера ќе се здобијат со голема популарност нашироко на Балканот.

На ова место значајно е да ја потенцираме претставата на змија на ногата на малоазиските фибули, бидејки осем тука, змијата ја среќаваме и на други форми накит (белегзии, украсни гајтани, обетки и сл.). Овој елемент му дава во толкава мерка посебен белег на накитот од ова време во Македонија што сосема оправдано се има востановен терминот "змијски стил". Бројни, повеќе или помалку луксузни форми накит украсени биле со претстава на змија уште во текот на VI век пр. н. ера а нивната распространетост јасно зборува за локално потекло и негово посебно негување кај протоисториски заедници во Македонија.

Змијата ја среќаваме уште во текот на полното железно време, кај поедини култни предмети, од фамилијата на т. н. Македонски Бронзи (издолжениот привезок од Сува Река со пластична претстава на змија долж задната страна), што претставува израз на единствената духовна основа од која ќе се роди потребата за змијски претстави на краиштата на белегзиите, обетките и другите украси во текот на следните векови во Македонија. Така, веќе во VI век змијата се поврзува со чистите форми накит, како што се белегзиите со расчукани краишта од Лозишта или оние со кружен пресек и задебелени краишта во форма на стилизирана змијска глава од Три Чељусти - Требениште.[56] Овие наоди. датирани уште на почетокот на VI век, укажуваат на мошне рана појава на змискиот

---

[56] Кузман П.1985, Т.III-Гроб ?,1,2,4;Истиот 1985

мотив во Охридско, како најава на т.н. змијски стил, карактеристичен за следниот период на доцното архајско време и раната антика во Македонија.

Меѓу останатите гробни прилози, по својата форма и потекло се издвојуваат долгите игли со плочиста глава и низа задебелувања на вратот. Ваквите игли се една од најтипични форми за архајскиот период на Пелопонез, каде се јавуваат во десетина различни варијанти и голем број на примероци.[57] Нивната појава во Македонија не претставува никакво изненадување со оглед на местото и улогата на коринтската колонија Потидаја во трговско економските односи во овој дел на Балканот. Познати се луксузните верзии на овој тип игли, изработени од злато или сребро, од богатите гробови во Требениште и Петилеп-Беранци, кои заедно со ваквите наоди од архајскиот гроб од Вергина или од некрополата Синдос, по своите високи технички вредности веројатно потекнуваат од Потидаја на Халкидик, но секако направени за потребите на пајонско - македонската племенска аристократија.[58]

Од друга страна, поедноставната верзија-на бронзени игли, од гробот 44 во Црквиште-Беранци како и на бронзените игли од Радолишта, Глос, Олинт и сл. укажуваат на можноста оваа форма да ја прифалите и локалните занаетчии. Можеби најдобра потврда на ова се железните примероци во гробоот 72 од Сува Река кај Гевгелија.[59] Истата определба важи и за иглите со конусна глава, повторно познати од истите наоѓалишта, главно од Требениште, Радолишта, Црквиште-Беранци и еден железен примерок од гробот 73 во Сува Река, Гевгелија.

Наведените форми накит, во поголема или помала мерка претставуваат новини во материјалната култура на протоисториските

---

57 Kilian-Dirlmeier I, 1984

58 Микулчиќ И.1965, Сл.7, Andronikos M.1988. Fot.5: Sindos (Kat). 202,515 i dr

59 К.Ристов,1993,Т.Ј,8-10

заедници во Македонија, што е секако од големо хронолошко значење. Меѓутоа, нивниот допринос во решавањето на проблемите од сферата на погребувањето е сосема ограничен. Тие, а посебно луксузните претмети го одразуваат пред се уметничкиот дух на епохата и сведочат за економскиот просперитет на локалните заедници, локалните владетели и нивните трговските врски со надворешниот свет.

Сосема поинаква е ситуацијата со оној тип наоди, што се поврзани со определени верувања и ритуални дејствија во рамките на погребување. Тука пред се мислиме на златните погребни маски, сандали и нараквици, од Требениште, и Петилеп, во кои се содржани многу од духовните вредности на локалното население. Со тоа, тие излегуваат од кругот на обичните трговски врски и бараат посебен третман, од аспект на погребните обичаи и верувања.

Во барањето на објаснување за нивната, на прв поглед, неочекувана појава во Македонија мораме најпрво да се потсетиме на формалните сличности со Микенските златни и електронски погребни маски, на кои многу пати досега е укажувано. Тие се толку евидентни да најголемиот број научници постојано инсистираат на микенската традиција во Требениште. Меѓутоа, требенишките од микенските маски ги дели временска разлика од околу еден милениум, што се покажа како непремостива пречка во изнаоѓањето на задоволително решение. Уште повеќе, не постојат никакви посредници или сродни наоди меѓу микенските маски од XVI до требенишките маски од втората половина на VI век пр. н. ера. После откривањето на "кралските" гробови во Микена, вакви наоди повеќе не се имаат појавено, ниту во текот на бронзеното ниту во железното време, посебно не на територијата на континентална Грција, каде најчесто се вперени погледите на археолозите кога бараат објаснување за најголемиот број луксузни производи откриени во внатрешноста на Балканот и воопшто во Европа.

Меѓу бројните научници што се занимавале со наодите од Требениште и посебно со феноменот на златните маски, се издвојува

В. Поповиќ со својата позната студија посветена токму на овој проблем.[60] Сумирајки ги дотогашните гледишта тој изнесе одредени доволно аргументирани теории во врска со појавата и значењето на погребните маски во Македонија. Резултатите од поновите теренски истражувања се повеќе ги потврдуваат ваквите заклучоци како исправни и мошне погодни за натамошна научна доградба. Поради тоа, ќе мораме на нив посебно да се задржиме.

Тргнувајќи од фактот дека делимичното покривање на телото со злато во основа претставува египетски обичај, кој бил прифатен на Крит, а преку него стигнал до Микена, во времето на изразената критска таласократија, В. Поповиќ го истакнува странското - не микенско потекло на микенските златни маски. Во сето тоа примарна била улогата на Крит.

Критската компонента во Микена не само што е неспорна туку изгледа никогаш во целост не била заборавена. На ова место само ќе се потсетиме на три, можеби најславните микенски споменици во кои доминираат критските елементи. На фасадата, над влезот во "Атреевата" гробница претставена е типична критска сцена со бикови и низа од консекратиени рогови над неа, додека на познатиот долг нож, од Гробниот Круг А, во златна и сребрена инкрустација претставени се ловците на лавови, облечени и претставени на типично критски начин. Третиот, но не и последен критски мотив е содржан во композицијата од т.н. Лавовска Врата, каде лавовите поставени во хералдичка поза со предните шепи се наслонети на жртвеници од традиционалниот критски тип, на кои стои светиот столб.[61]

Доколку во овој контекс ги сместиме и погребните маски и ги третираме како странски продукт во Микена - резултат на Критската, пред се културна доминација во раната микенска фаза, тогаш станува

---

60 Поповиќ 1956, 23-29

61 Hood P.S.F 1965. Fot. 47, 53, 61

јасно зошто тие во Грција се јавуваат така одеднаш, без никаков претходник, ниту следбеник. Овој туѓ обичај, како што заклучува В. Поповиќ бил очигледно напуштен во моментот кога микенската власт во свои раце ја зеле правите микенци.

Златните маски, сандали и наракавици од Требениште очигледно припаѓале на истата духовна инспирација, и не само тие. Постојат бројни други паралели меѓу Требениште и рана Микена, како што е на пример сребрениот кантарос од гробот I во Требениште и сличниот златен сад од гробот IV во Кругот "А" во Микена. Интересна, и секако не случајна е претставата на лавови во средината на познатиот златен надградник и на уште едно златно ливче од Требениште, во готово идентична сцена како на споменатата Лавовска Врата во Микена (Сл. 50).











*Сл. 50 Требениште, Охрид. Дел од наодите во кнежевските гробови, инспирирани од егејската културата на бронзено време*

Во секој случај, да се вратиме на објаснувањата на В. Поповиќ кој во натамошниот текст ја отфрла "микенската" традиција во Требениште и го истакнува негрчкото, поточно предхеленско потекло на обичајот на покривање на лицето на покојникот со злато. Овој обичај го доведува во врска со египетската и посебно критска практика на дивинизација и делумично мумифицирање на значајните покојници.

Остатоци од слични верувања наоѓаме и во Македонија, во привилегираната и херонизирана позиција на централните гробови во Македонските тумули, во симболичното значење на сребрените пехари во Требенишките гробови, но и во споменатиот т.н. Змијски стил и честите претстави на змија како симбол на бесмртноста и дивинизацијата на покојникот.

Од сето ова се извлекува заклучок дека во Требениште се работи всушност за предхеленски елементи, туѓи на грчките верувања. Останува единствено прашањето за носителите на овие елемнти во Македонија, кои очигледно биле блиски на духовните потреби на домашното населени, затоа и лесно прифатени, инволвирани во нивната култура и одржувани се до крајот на железното време. Меѓутоа, кога и како се случило сето ова ?

В. Поповиќ ги истакнува Етеокриќаните (афтохтоните криќани) како чувари и носители на минојските културни придобивки се до историските времиња. Тие одиграле значајна улога во ширењето на предхеленските елементи на широко, а најмногу во Италија, Македонија и Тракија. Во историските прикази на легендите за Кадмо и посебно за доселувањето на групата Криќани од Ј. Италија во Македонија под вотството на Ботон, Поповиќ ја наоѓа литературната потврда на овие настани и на ширењето на обичајот на покривање на телото со злато, кај македонските заедници. Меѓутоа, сепак останува недоволно јасно во кое време се случиле овие настани и на кој начин овој обичај во Македонија успел да се одржи за повторно да се појави после многу векови во својата некогашна микенска светлина.

Повеќе пати досега го спомнувавме искуството на егејското бронзено доба како инспирација за одредени културни појави во Македонија, во текот на железното време. Почнувајќи од преодниот период за прв пат се регистрирани потесни релации на Македонија и доцномикенскиот свет, изразени како во материјалната култура така и во сферата на погребувањето.

Меѓу новиот материјал, во текот на преодниот период, за прв пат се сретнавме со керамика работена по Егејски - доцномикенски или субмикенски критериуми. Оваа керамиката ќе остави длабока трага во железнодопската керамографијата на Македонија, посебно во повардарската продукција, се до почетокот на историските времиња. Сродни керамички садови кои неодоливо потсетуваат на првите сликани вази во егејски манир од преодниот период (Димов Гроб - Уланци, Водовратски Пат - Водоврати и сл) среќаваме меѓу наодите од т.н. предперсиски град на Олинт, значи во населбата на ботиајците кои легенадарните извори ги поврзуваат со доселувањето на "Ботонските" критјани во Македонија.[82] И не само тоа, потеклото на оваа олинтска керамика обично се бара на Крит или Кипар, значи во регионот каде што, како истакнува В. Поповиќ, пред-хеленските елементи никогаш не исчезнале.

Во исти рамки се движат и размислувањата во врска со поедини главно култни форми на накит, типични за железното време во Македонија, а кои најверојатно претставуваат критска инспирација. Доволно е да ги спомнеме само двојните секири-лабриси или консекративните рогови, двата најсветли критски симболи, кои во форма на култни бронзи - приврзоци биле омилени кај заедниците од Макеодонија во железното време. Исто така и водечката форма меѓу македонски култни бронзи - приврзоците во форма на макови чушки, можат многу лесно да се поврзат со истиот круг на предхеленски верувања и со критската инспирација. Во рамките на тие верувања, афионот со неговата способност да опива и успива имал улога на

---

82 Mylonas G.1933, T.29, T.32-33, T.37-38, p.45,52

значаен погребен мотив на Крит, каде го среќаваме уште во субмикенско време на дијадемата на познатата богиња од Гази.[63] Неговата популарност како култен симбол во Македонија нема потреба посебно да се истакнува.

После сето ова неминовно е да се запрашаме, нели е можно најраните егејски-касномикенски елементи во Македонија, да се должат токму на доселување на Крикани (Етеокрикани), во несигурните времиња за Егеја, пред престојниот и веќе неминовен крај на Критско-Микенската цивилизација. Ова, временски одговара на нашиот преоден период, кога впрочем во Македонија се појавува споменатиот нов тип керамика и првите лабриси. Ваквите настани секако биле доволно значајни за да најдат одраз во најстарите записи и легенди, како онаа за Кадмо и Хармонија или, во овој случај уште поинтересната легенда за доселувањето на криканите под водство на Ботон, од Јужна Италија во Ботиаја (Ематија), старото име за Македонија.

Во секој случај, после пропаста и постепеното замирање на критско-микенската цивилизаци, во Грција се гради новата култура на хеленските полиси. Меѓутоа многу од придобивките и искуствата на бронзеното време продолжиле да живеат надвор, поточно на самата периферија на некогашниот касномикенскиот свет, на територијата на Македонија и Тракија. Тука, во следните векови на железното време, тие биле инволвирани во културата на локалните заедници. Меѓутоа ги немале потребните услови да се манифестираат на вообичаениот начин. Затоа, само се одржувале во различни, попримитивни форми се додека не бил достигнат потребниот степен на општествено-економски и културен развиток, во текот на доцноархајското време. Тогаш, во услови слични на времето на Гробните кругови во Микена, се појавуваат особено јако и тоа во форми фрапантно блиски до манифестациите од веќе заборавената Микена.

---

63 Поповиќ Б.1966,Сл.16

Во оваа смисла, идејата и значењето на погребните маски била одржувана низ целото железно време во Македонија, секако на некој поедноставен или барем симболичен начин. Нивната улога најверојатно ја имале едноставните златни ливчиња, какви ги знаеме, почнувајќи од раножелезнодопскиот гроб во Будур Чифлик кај Демир Капија, преку погребувањата во Чаушица, кај Кукуш, до најкасните наоди од Халкидик, Ајвасил и сл. Тие воглавно ја покривале само устата на покојникот, до времето на подемот на новосоздадената класа на племенска аристократија, која веќе можела да си дозволи многу повеќе. Така, во Требениште, Петилеп, Западен Халкидик и Синдос, наоѓаме цели погребни маски од злато и многу други златни елементи за покривање на одредени делови на телото, во согласност со старите погребни верувања. Од овие причини, повеќе не може да стане збор за микенски реминисценции туку за појави кои убаво се вклопуваат во културниот развиток на протоисториските заедници во Македонија.

Истите проблеми се присутни и во толкувањето на бројните елементи од егејското бронзено време во тракијската култура. Меѓу поновата бугарска литература ќе ја издвоиме обемната студија посветена на Тракија и Егејскиот свет, во која А. Бонев веќе не зборува за Критска, Микенска или Тракијска култура туку за Единствена Егејска Цивилизација со три основни развојни етапи, при што секоја етапа имала свој главен центар и носечка популација.[64] Така, на првата етапа главен центар бил минојскиот Крит, а во втората, водечка улога имала Микена и ахејските Грци. Третата етапа е во знакот на централнобалканските и источнобалкански заедници на железното време. Од тоа произлегуваат, според Бонев, трите варијанти на, во основа единствената егејска цивилизација - минојска (критска), микенска (ахејска) и тракијската варијанта.

Ваквите, во секој случај интересни размислувања се повеќе заслужуваат внимание, со тоа што, доколку ги прифатиме ќе мора

---

64 Бонев А. 1988, 88-89

третата варијанта, од разбирливи причини да се прошири и на македонските заедници, така што далеку поадекватен би бил терминот "трако-македонска варијанта на единствената егејска цивилизација".

в. О р у ж ј е

Во однос на претходниот период, појавата на оружје во гробовите од доцноархајското време во Македонија е доста почеста, а покрај вообичаените стари форми на железни копја и ножеви среќаваме поедини нови форми, типични за втората половина на VI и за V век пр. н. ера.

Една од најзначајните новини во воената спрема е појавата на бронзени шлемови. Како прилози ви типични војнички гробови, во нашите некрополи откриени се засега вкупно 15 шлемови. По еден шлем е најден во Букри, Бабино, Речица, Делагожда и Тетово додека само во Требениште (во богатите гробови) се откриени 10 шлемови, од кои еден "коринтски", еден "халкидски" и 8 т. н. "илирски" - "грчко-илирски" шлемови. Овие последните, всушност претставуваат доминантен тип на шлемови во Македонија, бидејќи и останатите наоди припаѓаат на истиот тип. Нивниот назив, меѓутоа, мора да се сфати крајно условно.

Најстарите вакви шлемови се познати исклучиво во Грција, уште од крајот на VIII и во текот на VII век пр. н. ера, поради што се смета дека потекнуваат од Пелопонез, посебно од Коринт, кој ги произведувал за потребите на "варварските" нарачатели. Помладите варијанти се доминантни на сеевер и северозапад од Грција, најповеќе долж Јадранскиот брег, во Босна и Херцеговина, Црна Гора и во Македонија.[65] Меѓу нив најстари се шлемовите од Македонија, главно од втората половина на VI и првата половина на V век пр. н. ера, после што овој тип шлемови, барем во Грција излегува од употреба. Така, центарот на нивната изработка во ова време не

65 Vasić R. 1982-a, 5-10

треба да се бара, на вообичаениот начин, во коринтските работилници на Југ, туку поблиску, во занатските центри на Халкидик. Овие центри, како и во случајот на останатите луксузни производи често работеле како за потребите на аристократијата на пајонско-македонските заедници, така и за останатите богати купци на север и северозапад.

На поедини примероци, на вакви шлемови, во согласност со погребните обичаи кај македонските заедници биле прицврстени златни погребни маски, како кај наодот од од Западен Халкидик или уште повеќе во гробовите Синдос, кај Солун. Во еден од гробовите во Синдос откриен е шлем заедно со златна маска, во изворна положба, на главата на покојникот, а истото може да се претпостави и за гробовите со вакви наоди од Требениште. Дека овој тип шлемови имал посебно место и улога кај тукашната воена аристократија, најдобро зборува приказите на вакви шлемиви на монетите на поедини македонски династи.

Заедно со шлемовите и златните маски, во гробовите во богатите гробови од Требениште се откривани остатоци од кружни бронзени штитови и бронзени доколеници-кнемиди. Кнемиди се откриени и во ѕиданата гробница од Тетово, заедно со познатата бронзена фигура на Менада и најверојатно со веќе споменатиот шлем. На овој начин имаме неколку комплетни воени гарнитури на дефанзивно оружје со што биле опремени и така погребани припадниците на воениот врв кај заедниците во Македонија од последните децении на VI век пр. н. ера.

Сепак, доминантно место во наоружувањето во текот на доцноархајското време имале железните копја ножеви и мечеви. Готово да нема машки гроб во кој не се најдени некој од овие наоди, при што ножевите и копјата сеуште ги одржуваат старите железнодопски форми. Кај копјата се приметува тенденција за издолжување и истенчување на листот, меѓутоа сеуште не како кај познатите т. н. "сариси" од вооружувањето на филиповата војска и по него.

Најкарактеритична форма на оружје во Македонија, но и за пошироката територија на Балканот бил крстастиот железен меч т.н. "ксифос". Мечот е обично долг 50-60 см и има двосеко сечило, кое пламенасто сешири према врвот. Рачката е одвоена од сечилото со хоризонтално поставен белчик во форма на крст. Овие мечеви за пре пат се се јавуваат во Грција во текот на VI век пр.н.ера. во Македонија се во употреба во втората половина на VI првата на V век пр.н ера, при што се откриени во: Букри (2), Радање (1), Требениште (4) и Зеленишге (2).[88]

Наведените типови оружје, посебно дефанзивното, најверојатно било посебно нарачувано и изработувано во занатските работилнина северниот Егејски брег, за што сведочи нивното картирање, долж главните комуникации за транспорт на ваквото оружје на север и северозапад во внатрешноста на Балканот. Најголемиот број вакви наоди се откриени во западна Македонија, Црна Гора, Јужна Далмација и Босна и Херцеговина, што значи декаа продорот се одеивал долж трасата на идната Виа Егнација на запад и преку Пелагонија, Полог, Метохија и Западна Србија на север. Во однос на претходниот и следниот период, потребите на балканските племињаа за ефикасно и модерно оружје во текот на доцното архајско време биле очигледно поголеми.

## 6. ОДНОСОТ СО СОСЕДНИТЕ ОБЛАСТИ

За разлика од претходните етапи на железното време, доцноархајскиот период во Македнија експонира единствени вредности на материјалната и духовна култура, кои можат да се определат како Македонско-Пајонска култура. Притоа, во нејзиното креирање важен фактор биле влијанијата и непосредните контакти со Егеја и посебно Мала Азија.

Грчките влијанија претставуваат израз на активноста на

88 Vasic R. 1982-a, 15-17

грчките колонии на Халкидик и долж брегот на Егејското Море, додека источните елементи производ на историските околности и персиското присуство на овие простори.

Грчките колонии ги користат локалните рудни богатства и го одржуваат занатското и трговско ниво, со што кај локалните племиња се шират и прифаќаат критериумите на доцноархајстата култура и уметност. Меѓутоа, специфичните историски околности, одбележани со чести војувања и економска несигурност, повеќе недозволуваат стабилна трговска активност и проток на роба и идеи во внатрешноста на Балканот преку дотогаш најпрометната артерија, Вардарско-Моравскиот пат.

Во текот на втората половина на VI век, се приметува знатно смалување на бројот на предмети што продираат од Македонија, кон Северен Балкан.[67] Знатно опаѓа моќта или потполно замираат јаките локални групи од предходниот период. Во постарите некрополи долж оваа комуникација, се погребуваат последните гробови, во кои евидентно е зачестеното присуство на оружје. Во овие услови до полн израз доаѓа војнички слој и новата племенска аристократија.

Паралелно со замирането на Вардарскиот пат се јавуваат богатите грчки наоди во кнежевските гробови на север во Печка Бања, Нови Пазар, Атеница и т н. Тие се одраз на новата етапа во развитокот на општествените и економски односи кај балканските племиња, која се огледа во раѓането на потребата за странска, најчесто грчка роба и драгоцености на владеачкиот слој. Меѓутоа тие повеќе не го земаат тоа што им го нудат вообичените трговци со своите каравани, туку сами нарачуваат специјални производи. Робата директно се испорачува на дворовите на моќните владетели, така што трговците немале потреба да бараат неизвесни пазари по несигурните патишта. Така, контактите на Македонија со заедниците на север биле значително редуцирани, со што бил направен решавачкиот чекор во издвојуване "Пајонско-Македонскиот" културен круг од сеуште

---

[67] Vasić R.1975.85-86

праисторискаta култура на Централнобалканските племиња.

Најголем дел од грчкиот материјал (најдобри примери се бронзените садови-оинохои, фиали, хидрии, кратери, амфори и др), откриен во ова време во внатрешноста на Балканот биле внесени преку Егнацискиот пат и Дирахион до Гласинац и Централен Балкан, што е сосема разбирливо.[68]

Во дадените културно-историски околности на персиска закана, за грчките трговски планови, актуелен станува балканскиот пазар, а безбеден излез на него нудела само трасата на идната Виа Егнација. Со тоа, овој пат ја презема целосната доминација како главна трговска артерија во текот на доцното архајско време. Од крајот на VI век, тој се поврзувал со Спина и Адрија на устието на реката По во Италија и одговара на зачестените грчки наоди на Источниот Јадрански брег.[69] Од тука, најрани и најјки хеленски влијанија и грчка роба среќаваме токму кај заедниците долж Егнациskiот пат (Сарај-Брод, Прогон-Букри, Трап, Петилеп-Беранци, Требениште, Радолиште, Делагожда и сл).

*

На крајот може да се заклучи дека заедниците од Македонија во текот на овој период биле широко отворени кон развиениот југ, со што обезбедиле постепен но сигурен приклучок кон историските антички народи. Така, не само што го одбележуваат крајот на својот протоисториски развиток, туку веќе јасно ја истакнуваат неопходноста и спремноста за усвојување на античките цивилизациски придобивки. Со тоа всушност, веќе почнале, уште во ова време да ја испишуваат првата историска страница во вистинската смисла на зборот.

Бурните историски и културни настани, кон крајот на VI и во текот на V век пр. н. ера во непосредното јужно соседство, секако не

68 Babić S.1990.166-172; Vasić R.1983,188-190;

69 Vasić R.1975.91

можеле да ги остават по страна. Напротив, условиле нивно побрзо и целосно созревање, не само како културни туку и како политичко-економски целини, нивно обединување и појавување како значајни фактори во одредувањето на натамошниот ток на историските збиднувања на Балканот.

# Г Л А В А   5

## ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ НА НОСИТЕЛИТЕ НА ПРОТОИСТОРИСКИТЕ ОСТАТОЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

Во пишаните документи забележани се имиња на повеќе заедници од територијата на Македонија, со чии гробови и некрополи се сретнавме во претходните глави. Во поедини случаи каде имаме јасен континуитет до времето на пишаната историја, не е тешко да ги идентификуваме нивните ностители и нивната територија. Меѓутоа, во случаите каде изворите не се доволно одредени, а во следењето на материјалната и духовна култура постојат евидентни празнини, било од причини на недоволна истраженост или културен дисконтинуитет, етничките квалификации остануваат во границите на спекулативното. Сепак, доста од постоечките празнини во одредена мерка можат да се надоместат со користење на податоците за начинот на погребување и погребните обичаи. Ако ништо друго со сигурност можат да се согледаат културните релациите, духовната сродност и припадноста кон одреден етнокултурен круг.

Во периодот од XIII до V век пр. н. ера, на територијата на Македонија или на северната периферија, било на доцномикенскиот или подоцна на античкиот свет, во литературните извори се срекаваме со имињата на: Агриани, Лајаи, Дерони, Добери, Мигдони, Сиропајони,Пајони, Пајопли, Ботиаи, Еордаи, Алмопи, Пиерии, ,Орести, Елимеи, Парахеи, Девриопи, Пелагони, Линкести, Енхелеи Бриги и други. Меѓутоа, изворите за овие заедници, ниту се единствени ниту хронолошки синхронизирани. Така, се поставуваат повеќе прашања за нивниот карактер територијални хронолошки и етнички вредности. Прво, се наметнува дилемата дали во овие рани времиња, главно пред нивнито поцврсто политичко организирање се работело за етнички заедници, племенски групи или племенски сојузи и дали и кога некои од нив можат да се подведат под поимот народ.

По се изгледа, во овој момент, не е возможен потполн одговор на овие прашања. Меѓутоа, доколку пишаните извори се потврдат со резултатите од археолошките истражувања, посебно од

сферата на погребувањето, во голема мерка можат да ги решат основните прашања во врска со нивното територијалното и хронолошко разграничување како и нивната етнокултурна поврзаност и идентификација.

На основа сегашниот степен на археолошка, лингвистичка и историска истраженост на етничките прашања кај протоисториското население во Македонија, неопходно е дефинирањето на неколку основни проблеми: проблемот на Пајонија, проблемот на Македонија и Македонците, проблемот на Енхелејците, проблемот на Бригите и прашањето на Илирите , Дарданци и Трибали во Македонија. Меѓутоа, со анализата на проблемот на Пајоните, Македонците, Енхелејците и Бригите, прашањето на Илирите, Дарданците и Трибалите ќе се покаже како излишно, со оглед на непостоењето доволно елементи за нивно присуство во текот на протоисторискиот период во Македонија.

## 1. П А Ј О Н И Ј А

По прашањето на Пајонија веќе постои обемна литература, која, на основа пишаните извори и лингвистички истражувања, во различна мерка ја реконструира протоисторијата и посебно историјата на пајонската популација. Меѓутоа, недостатокот на археолошки наоди токму од посведочената пајонска територијата долго време дозволуваше различни толкувања на античките извори и различни интерпретации, најчесто на етничките вредности на Пајоните. Така, готово со еднаква (не) аргументираност, познатите пајонски племиња се третираа како илирски, трачки или хеленски заедници, во зависност од литературната комбинаторика. Ова беше возможно со оглед на старите сваќања за трите основни етнички јадра на Балканот (илирско, трачко и хеленско) и најповеќе со немањето на остатоци од духовната и материјална кутура на Пајоните од протоисторискиот период.

До пред само дваесетина години се сметаше дека меѓу археолошките наоди од железното време непостои готово ништо

пајонско. За секоја археолошка појава се бараа анологии во далеку поистражените илирски, трачки, или хеленски културни вредности, токму поради неможноста во целост да се поврзат со било која од наведените три етно културни средини. Денес, посебно по интензивните археолошки ископувања на наоѓалиштата по долината на Вардар, не само што се веќе сосема јасно дефинирани бројни материјални и духовни остатоци од пајонски заедници туку е документиран несомнен културен континуитет, од првите историски записи кај Хомер низ целото железно време до Херодотовите описи и другите антички извори. Така, веќе е значително скусен просторот за претпоставки во врска со културното и етничко вреднување на Пајоните, со што старите пишани документи сѐ повеќе наоѓаат вистински материјални потврди.

## А. ПИШАНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПАЈОНИТЕ

### *1. Пајоните во современата наука*

Почетоците на проучување на пајонската историја датираат уште од крајот на минатиот век, меѓутоа дури во последните десетина години, постигнат е вистински активен однос кон оваа материја. Нараснатиот интерес за пајонската историја и култура кај повеќе истражувачи: палеолингвисти, епиграфичари, историчари, нумизматичари, археолози и т. н. беше иницирано најповеќе од се поголемиот број нови наоди, посебно од археолошките ископувања по долината на Вардар. Така, старите, иако капитални дела, како оние на: Своронос, Кацаров, Хертли, Мак, Меркер и други, веќе почнаа да се користат само како убава основа за натамошно доградување на сликата за Пајонија и Пајоните.

Во оваа смисла, осумдесеттите години донесоа вистинска афирмација на пајонската проблематика во делата на повеќе автори.

Еден од последните, кој безрезервно се држеше до старите сфаќања, изведени единствено на основа селектирањето и комбинирањето на античките пишани извори во врска со Пајонија беше експонираниот бугарски историчар и лингвист Александар Фол.

Неговата претстава за Пајонија и Пајоните, однапред одредени како трачка популација е сумирана во делото за "Историската географија на тракиските племиња", напишано заедно со Т. Спиридонов и публикувано 1983 година.[1] Во ова издание, проследено со атлас за простирањето на племињата во овие делови на Балканот од 13 до 3 век пр. н. ера, големо внимание и простор е издвоен за Пајонија и пајонските племиња.

Најголемиот дел од оваа книга е посветен на проблемите на локализирањето и границите на племињата токму во периодот од микенското до класично време, а притоа централно место му е дадено на простирањето и движењата на пајонските племиња, како "ослонец" за одредување на останатите племенските граници. Меѓутоа, во времето кога е пишувано ова дело не постоеа ни минимум археолошки податоци и други материјални потврди од неспорната пајонска територија (долината на Вардар и Брегалница), а во услови на непочитување и на тие малку наоди со кои се располагаше, направени се низа пропусти. Така во картите од атласот, областите по горното и средно течение на Брегалница, поточно од Овче Поле и Штипско на запад, до Струма на исток и Дојран на југ, за кои постојат сигурни историски сведочења како територија на пајонски племиња, на несватлив начин се оставени целосно празни.[2] Од друга страна, извесните јужнопајонски заедници по Долен Вардар се третираат на начин кој со ништо не ги издвојува, туку ги изедначува со трачките племиња на исток, долж трачкиот брег на Егејското море.

Веќе во следните години, со резултатите од ископувањата на повеќе наоѓалишта, главно некрополи од железното време и раната антика по Вардар и Брегалница, овие пропусти дојдоа до полн израз.

---

[1] Фол А.- Спиридонов Т. 1983, 62-106, Карти 2-12

[2] Фол А. - Спиридонов Т. 1983, Карта 8 до Карта 12

Беа откриени доста индикативни пајонски објекти и воедначени културни вредности, различни од истовремените манифестации на исток од Струма и Јужна Тракија.

Имајќи го сето ова во вид, се појавија повеќе научни трудови, главно од домашни автори, кои, во светлоста на новите откритија, придонесоа да бидат отворени, а со тоа и постигнати поедини задоволителни решенија за низа прашања во врска со Пајонија, Пајоните и нивната култура.[3] Меѓу нив, по својата сеопфатност се издвојуваат: монографијата за "Спомениците од хеленистичкиот период во С. Р. Македонија" од Вера Битракова Грозданова, трудовите на В. Соколовска, посебно монографијата за "Исар-Марвинци и Повардарјето во античко време" и студијата за "Пајонското племе Агријани и врските со Дамастион", како и студијата на Е. Петрова за "Пајонските племиња и пајонското кралство во II и I милениум пр. н. ера".

## 2. *Пајоните во античките пишани извори*

Античките пишани извори веќе се третирани од претходно споментатите современи автори. Нашата работа нема за цел да ги повторува бидејќи е посветена на археолошките докази за Пајонија и Пајоните. Така, на ова место ќе бидат опфатени само поедини записи, оние најречитите и оние што на некој начин можат да се поврзат, поточно поткрепат со археолошката ситуација во Македонија.

Сите историски прикази за Пајоните вообичаено започнуваат со записите на Хомер во Илијадата за учеството на "Пајоните од широкиот Аксиј" во Тројанската војна како сојузници на Пријам во одбраната на градот од здружените Грци (Ил. II, 848-850). Ако ова

---

[3] Микулчиќ И. 1982; Sokolovska V. 1982; Истата 1986; Истата 1990; Истата 1991; Истата 1993; Георгиев З. 1981, Истиот 1984; Истиот 1987; Битракова Грозданова В. 1987; Пашиќ Р. и други, 1987; Mitrevski D. 1987; Истиот 1988-а; Истиот 1991; Истиот 1991-а; Микулчиќ И. 1990,; Истата 1991; Микулчиќ И. - Соколовска В. 1990; Истите 1990-а; Петрова Е. 1991; Истата 1993; Кољановска Ф. 1991 и т.н.

го прифатиме како историска вистина, во што никој не се сомнева, тогаш е јасно дека Пајонците своето име и етничка афирмација ја имале добиено уште во времето пред Тројанската војна. Сепак, во проучувањето на Хомеровите епови, посебно на Илијадата, никогаш со сигурност не се знае дали авторот ни ги отсликува ситуациите од Доцното Бронзено време или од времето во кое тој живеел (X-IX век пр. н. ера). Во секој случај, Хомер добро ги познавал Пајоните, најверојатно оние од Долен Вардар, кои од Амидон испратиле воен одред, под водството на Пирајхмес, во одбрана на Троја. Меѓутоа, Хомер знаел дека земјата на Пајоните била несомнено поголема, а со неа владеел Астеропај, синот на Пелагон, кој пак бил син на Аксиј и Перибоа, керка на Акесамен, митскиот владетел на Пиерија.

Астеропај бил само еден од многуте Ахилови жртви, меѓутоа сепак од божанско потекло, владетел на Пајоните, чиј род бил поврзан со реката Вардар но и со Пелагонија и Пиерија (Ил. XXI, 139-187).

Овие Хомерови податоци за Пајоните во така раните времиња и за нивното доминантно место во овој дел на Балканот, пред тука да се рашири античка Македонија, можеби би останале само легенди доколку и следните, знатно помлади автори директно или индиректно не ги повторуваат ваквите наводи. Така, не само што постојат пишани документи за широките граници на пајонската земја, бројните пајонски племиња и долината на Вардар како нивно средиште, туку сето тоа археологијата веќе може да го потврди со материјални докази.

Поврзаноста на Пајоните со Пелагоните не е само легенда кај Хомер. Многу подоцна и Страбон забележал дека Пајоните се нарекувале и Пелагони (VII, 38). И Тит Ливие (39, 53) ги изедначува Пелагоните и Пајоните. Опишувајќи го текот на Црна Река (Еригон) тој кажува како Еригон течејќи низ Пајонија се вливал во Аксиј (39, 53). Од тоа произлегува дека и областите кои според Страбон ги населувале Девриопи Линкести и Пелагонци (VII, 7, 8), за Ливие се пајонски. Исто така според Птоломеј Стоби бил во Пелагонија а

според Ливиј е во Пајонија.

Не помалку индикативно е и Хомеровото поврзување на Пајонија со Пиерија, преку бракот на Пелагон и Перибоја. Иако се овие врски пред се митолошки, извесно е дека во овие рани времиња, на територијата од Пиерија (егејското крајбрежје, меѓу реките Халијакмон-Бистрица и Пенеј) на југ, преку Пелагонија, до на север долж Повардарјето, треба да се смета на извесно, пајонско културно и етничко единство. Ова го потврдуваат и единствените археолошки манифестации, посебно начинот на погребување, на што подолу посебно ќе се задржиме.

За време на Тројанската војна, на овие простори Хомер познавал само пајонски заедници. Неговата област Ематија (меѓу Долен Халиакмон и устието на Вардар) според Полибие во старо време се нарекувала Пајонија. Подоцна истата област е позната како Ботиаја, што пак според Јустин го означува старото име за Македонија. Исто така и едниот од двата македонски историчари, Марсијас, вели дека Пиерос и Аматос, епонимите на Пиерија и Ематија (Ботиаја) биле двата сина на Македон. Овие две области биле првоосвоените од страна на Аргеадите, а во Ботиаја (Хомерова Ематија, а Полибиј ева Пајонија) секако треба да се бара јадрото на идната македонска држава.

Во овој правец на вреднување на најстарите информации за Пајоните од посебно значење е верзијата на Јустин, во врска со основањето на Македонското кралство. Во неа Каран ја има улогата на основач, исто како Пердика кај Херодот, кој ги опишува истите настани. Меѓутоа, тука е важно тоа што Јустин (VII,2)вели дека "пред Каран со овој дел на светот владеел Астеропај, синот на Пелогон".

Во текот на железното време веќе постојат директни потврди за припадноста на најголемиот број племиња од Македонија кон пајонскиот род, што претставува натамошна потврда на Хомеровата слика за Пајоните. Ќе ги спомнеме само најзначајните од нив.

Меѓу пајонските племиња Плиние ги спомнува: Парахеите,

Бордаите, Алмопите, Мигдоните, Пелагоните, Деуриопите (Nat. Hist. IV,10,35). Истите ги набројува и Страбон (VII,31,38). Стефан Византиски го спомнува племето Скирти, како пајонско племе. Макар што овој автор пишувал во VI век н.е., ова е единствената врска со егнациският пат.

Во долнострумската област, Херодот ги знаел пајонските племиња: Пајопли, Сиропајони и Пајони од езерото Прасијада (V.15,16)(VII,113). Ако на нив ги додадеме посеверните пајонски племиња: Добери, Дерони, Лајаи и Агријани, станува јасен податокот на Страбон дека "некогаш Пајонците заземале голем дел од Македонија" (VII,38,41). Всушност, името Македонија се јавува знатно подоцна, по обединувањето на повеќето од овие племиња и создавањето на новата нација.

Според ова, тешко може во раните протоисториски времиња да се повлекуваат етнички граница меѓу племињата во овој дел на Балканот. Сите тие негувале заеднички или сродни духовни вредности, меѓутоа, имале свои посебни племенски обележја. Всушност и неможе да се зборува за Пајони како засебно племенско име, туку за единствено етничко обележје на најголемиот број протоисториски заедници во Македонија.

Ова го увидел уште Своронос на почетокот на овој век, во времето кога не постоеле готово никакви податоци за карактерот на железното време во Македонија. Користејќи ги споменатите извори и најраниот нумизматички материјал од Македонија, тој истакнува дека целата Македонија пред да биде заземена од Македонците била пајонска, а пак пајонците биле Пелазги (според него Грци). За жал неговата работа била водена од нескриените политички тенденции и идејата дека преку пајонската културна основа полесно ќе може Македонија да ја приклучи кон Хелените. Така неговото мислење за етничките односи во овој дел на Балканот никој во целост го прифати. Меѓутоа, денес се повеќе се покажува дека носителите на железнодопската култура во Македонија биле навистина Пајонските групи, со тоа што карактерот на таа култура неможе да се смета

како грчки.

Во текот на железното време, Пајоните биле составени од повеќе помали племиња, кои покривале релативно голема територија. Ќе ги спомнеме најзначајните податоци за границите на територијата со пајонски племиња, кои иако од различни извори и време сепак не оставаат голем простор за претпоставки.

## Б. ГРАНИЦИТЕ НА ПАЈОНИЈА

### 1. Северна граница

Долго време, во недостаток на археолошки материјал, северната граница на Пајонија се одредуваше на основа северната јазична граница на грчката говорна сфера во римско време.[4] Оваа римска, јазична и културна граница е точно маркирана по линијата што ја прави планинскиот венец Осогово - Црн Врв - Јакупица - Шара, а постарите автори (Н. Булиќ, Ф. Папазоглу, Б. Јосифовска) го подржувале сфаќањата за софпаѓање на оваа граница со северната граница на пајонскиот простор. Меѓутоа, во поновите трудови (И. Микулчиќ, В. Соколовска, Е. Петрова) веќе имаме сериозни прилози кон надминувањето на ваквото традиционално мислење и померување на границата на пајонските племиња подалеку на север. Сето ова повторно произлезе, во најголема мерка од интензивирањето на археолошки ископувања во скопско - кумановскиот регион и наодите од источно - косовската и јужноморавска област, што воедно наложи повторно актуелизирање на античките пишани извори по ова прашање.

Накусо ќе се потсетиме на најзначајните пишани извори за северната пајонска граница и ќе ги разгледаме можностите за нивното археолошко потврдување.

Според Страбон (VII,5,7) и Плиније (Nat. Hist., IV,10,33), на север Пајонија граничела со Дарданците. Исто така Страбон

---

[4] Josifovska B. 1982

одбележува дека реката Аксиј извира од Пајонска област (VII,36), како и тоа дека планините на границата со Дарданците се нарекувале Пајонски планини (VII,5,12). На основа Страбоновата претстава, како што самиот кажува, Балканот бил поделен на два дела (VII,5,1). Северниот - негрчки дел на полуостровот тој го дели на уште два дела, одвоени со "ланецот од илирски, пајонски и трачки планини, кои како некоја права линија, скоро паралелна со Дунав се протегале од Јадран до Црно Море. Према Црното Море највисока, во таа низа планини била планината Хемус (Балкан), према Јадран се дигала Адрија, додека меѓу нив се наоѓала Пајонија. Од една страна, нејзината граница према Тракија ја чинеле Родопите, која е највисоката планина после Хемус, а од друга страна, према север, илирските земји, земјата на Аутаријатите и Дарданија" .

После ова, се чини јасна северната граница на простирање на пајонските заедници. Присуството на Дарданците или Трибали во денешните северни делови на Р. Македонија, (Скопје-Куманово) не може да се однесува на времето пред III век пр. н. ера. На тоа не само што се противат литературните извори туку и археологијата мошне речито покажува дека овие области до III век биле пајонски, поточно органски врзани за регионите на југ долж повардарјето. Извориштето на Вардар како пајонска земја, недвосмислено обврзува, северните пајонски соседи да се бараат, во најмала рака северно од Шар Планина. Така, Страбоновите "илирски земји, земјата на Аутаријатите и Дарданците" секако се наоѓале на север од денешната Р. Македонија, што со помош на археологијата може попрецизно да се определи.

Илирските земји не е тешко да се препознаат во регионот на Метохија и северна Албанија каде во текот на железното време цути културата Гласинац- Мати, најјакиот израз на илирската култура во текот на железното време. Јужно од Шар Планина вакви наоди не се откриени. Од друга страна, Аутаријатите можеле да граничат единствено со најсеверното пајонско племе - Агријаните и тоа во времето кога ги покориле и истиснале Трибалите од т. н. Трибалска

Равница кон североисток. Тоа се случило во доцниот IV век пр. н. ера, на што се однесува записот на Страбон (VII,5,11), за завладувањето на Аутаријатите врз Трибалите, кои пак се простирале од Агријаните на југ, до Истар (Дунав) на север, во должина од 15 дена одење .

На овој начин, во врска сò северната граница на пајонските племиња останува единствено несигурна територијата на Источно Косово и Јужна Морава, која според едни автори (М. Гарашанин, Р. Васиќ, А. Бенац) била населена со дардански племиња а според други биле раширени Агријаните, се до Горна Струма на исток (В. Соколовска, Е. Петрова). Во сегашниот степен на истраженост, и за едната и другата варијанта може да се најде одредена историска па и археолошка подршка.

Доколку ја прифатиме првата можност доаѓа до израз истакнувањето на Дарданците како северни соседи на Пајоните и нивната подоцнежна улога на големи непријатели и прва и непосредна опасност на македонската држава од север. Исто така добиваат смисла разликите во начинот на погребување меѓу заедниците од оваа територија, кои, воглавно се спалувале и пајонските племиња по Вардар, кои се инхумирале. Меѓутоа, не помалку аргументирани се и претпоставките за присуството на Агријаните во регионот на Источно Косово и Јужна Морава.[5] Доколку ја прифатиме оваа можност, во тојслучај Дарданците би требало да ги бараме по на запад во регионот на Југозападна Србија и околу Копаоник. Тамошната културата на железното време многу повеќе одговара на местото и улогата, што според литературните извори ја имале Дарданците, како изразито конзервативни групи, познати по своите примитивни обичаи. И во овој случај, одговаараат историските записи за Дарданците како северни соседи на Пајоните (Агријаните), кои би ги заземале деловите од Источно Косово и Јужна Морава.

[5] Соколовска В.1990,9-35

На ова место треба да се спомне дека поедини автори ги одредуваат Агријаните, не како севернопајонско туку јужнопајонско племе, лоцирајќи ги некаде околу влувот на Струма. Така, во споменатата "Политичка географија на тракиските племиња" од А. Фол и Т. Спиридонов, Агријаните се сместени над Стримонскиот Залив во регионот на Драма.[6] Меѓутоа, ваквото нивно лоцирање е изведено на основа грешната интерпретација на познатиот поход на Александар III Македонски на север во Тракија. Наместо по долината на Струма, авторите го реконструирале овој поход по на исток, преку Неста и Марица, со што Агријаните се нашле, место на запад од Горна Струма на Југ, во околината на Драма.[7]

Во секој случај, кај протоисториските заедници не можеме да инсистираме на граници во денешната смисла на зборот. Секако постоеле одредени региони каде две или повеќе различни популации меѓусебно се мешале, создавајќи и оставајќи специфични културни манифестации. Според карактерот на железнодопската култура, областа на Источно Косово и Јужна Морава одговара токму на ваква една преодна зона во која лесно можат да се препознаат од една страна пајонски (агријански), а од друга централнобалкански (трибалски и дардански) културни елементи. Можеби токму тоа ги разликувало најсеверните Пајони (Агријаните) од своите јужни сродници. Сепак, до потполното решавање на ова прашање ни останува да очекуваме евентуалните нови археолошки наоди да фрлат повеќе светлина врз железнодопските заедници од овој дел на Балканот.

## *2. Источна граница*

Во информациите кај античките автори за простирањето на пајонските племиња на исток обично се трга од познатите податоци за походот на Александар III Македонски против Трибалите. Како што

[6] Фол А. - Спиридонов Т. 1983, Карта 8-12

[7] Фол А.- Спиридонов Т.,1983, Карта 39

веќе истакнавме, на својот пат, по долината на Струма тој поминал низ земјата на пајонското племе Агријани, од кои дел повел со себе на север.

Втората појдовна точка се белешките на Тукидид (II,98-100,3) за пајонскиот град Добер (кај Струмица), од каде кралот на тракиските Одризи Ситалк со својата војска, се спуштил во Македонија. По истиот извор, пајонските племиња, по горното течение на Струма, Лаијаи и Граји , биле најзападните племиња под политичко влијаније на Ситалк, во време кога овој го презел споменатиот поход против Македонија 429 година п. н. е..

На овие податоци лесно се надоврзуваат неколкуте останати извори, со што, во доволна мерка се расветлува источната граница на простирањето на Пајоните. Така, Херодот (IV,49) пишува дека реката Киос (Искар) извирала од пајонска територија, а не помалку значајни, се и забелешките на Страбон и Тукидид. Првиот вели дека големото трачко племе Беси заземале голем дел од планинскиот масив Хемус и граничеле со Родопите и Пајоните (VII.5,12), додека вториот зборува за планината Керкине како граница меѓу Пајоните и тракијските Синти (II,98). Во секој случај нема сомнение дека пајонски племиња на исток се простирале најмалку до планината Месапион (Малешевски Планини).

### 3. *Јужна и западна граница*

На југ, во долностримската област, според Херодот V,15,16;VII,113) се срекаваме со пајонски племиња: Пајопли, Сиропајони и Пајони од езерото Прасијада.

Напред веќе ја спомнавме поврзаноста на Пиерија со пајонскиот род што ја индицира јужната граница.

Што се однесува до западните племења веќе ги одбележавме Скиргите, Деуропите и Пелагонците како Пајони. Ова е надополнето со податокот кај Ливие (39,53) дека реката Еригон (Црна Река) течела низ пајонска територија, а во тој правец се и описите на Страбон (VII,7,8). Тој вели дека Еригон примал многу притоки од кај Илирските планини, после што течел низ земјите на Бригите,

Девриопите, Пелагонците и Линкестите, пред да се влие во Аксиј. На ова место мора да додадеме дека под "Илирски планини" не се подразбира конкретен простор туку неодредена и слабо населена територија некаде зад планинскиот масив Кораб-Шара.

Околу Охридското езеро се срекаваме со Енхелејците, кои, според Страбон се викале Сесарети (VII,7). И покрај различните мислења, се чини најоправдана нивната определба како хаонско (северно епиротско) племе, што значи сродно со македонската популација или блиско до пајонскиот производ, на што подолу посебно ќе се задржиме.

Според ова, Пајоните заземале територија од извориштето до устието на Вардар, потоа по сливовите на Црна Река и Брегалница како и по долината на Струма. Меѓутоа, во текот на нивниот протоисториски развиток до политичкото организирање и целосното претопување во новата македонска формација, биле подложни на разни продори од страна, движења и миграции, кои се манифестирале и во сферата на погребување. Затоа ќе мораме накусо да се осврнеме на историјата на Пајоните, поточно на нивниот протоистириски развиток.

## В. ОСВРТ НА ПРОТОИСТОРИЈАТА НА ПАЈОНИТЕ

Доселувањето на индоевропските племиња на територијата на Македонија претставувал веројатно долг процес, кој се одвивал во повеќе фази. И покрај малиот број испитувани наоѓалишта во присутни се, од една страна мноштво елементи од старата прединдоевропска популација до длабоко во бронзеното време, додека од друга, културен континуитет на новите индоевропски манифестации, од раното или средно бронзено време па се до историските времиња.

Првата ситуација е најевидентна во Пелагонија, каде стариот начин на живот на неолитските тумби и на погребување во рамките на населбата, под објектите за живеење може да се следи до длабоко во бронзеното време. Остатоците од ова население се наоѓаат и многу

подошна, од каде и честото поврзување на Пелагонците со Пелазгите (заедничкото име за прединдоевропското население на Балканот) и присуството на доста елементи од предгрчката култура во Македонија. Меѓутоа, кон крајот на Бронзеното време, посебно со големите немири и преселби дефинитивно завршува животот на овие населби и во Пелагонија.

Врз оваа базична прединдоевропска популација се наслоиле индоевропските племиња меѓу кои доминантно место имале индоевропските Пајони. Тие, најверојатно го дале и своето име на новонастанатата и во различна мерка смешана популација.

Производот на протоисториските заедници во Македонија , чие погребување го следевме од Микенско до класично време без сомнение се должи на нивниот натамошен историски развиток.

Доаѓањето на Пајоните, се чини било меѓу последните во низата индоевропски бранови. Во потрага по почетоците на пајонската култура, најповеќе преку повеќеслојните праисториски населби по Долен Вардар (Чаушица, Вардарофца, Вардино, Кастанас), можеме континуирано да се вратиме од историските времиња до периодот на Средното бронзено време. Добра илустрација на ова претставува камената стела од некрополата во Уланци, вградена секундарно во гробот 32, кој неможе да биде помлад од 13-12 век пр. н. ера. На стелата е врежана претстава на маж - воин во парадна опрема; има торквес, дијагонални ремени со обесена боева секира, кама и параден појас. Сето ова укажува на личност од висок воен или општествен ранг, водач или родоначалник. Најблиски аналогии на оваа стела наоѓаме во во областите на Северното Причерноморие, најповеќе во ранобронзенодопските стели од т. н. Јамска култура.[8]

Така, на дефинитивното населување на Пајоните треба да се смета некаде во текот на Средното Бронзено време. Дали тие се

---

[8] Панајотов И. 1989, ; Раевский Д.С. 1983, ; Тончева Г. 1972, ; Тончева Г.1984

доселиле најпрво во регионот на Горното и Средно Повардарје, од каде можеле да се рашират во Пелагонија и на југ до Егејското Море или обратно, од југ преку северното егејско крајбрежје па се рашириле по долината на Вардар, Пелагонија и т. д. се прашања кои допрва чекаат задоволителен одговор. Во секој случај овие процеси биле завршени уште во текот на Средното Бронзено време, за да во Тројанските легенди, Вардар можел да се афирмира како централна пајонско подрачје, а територија на југ до морето како пајонска земја.

На ова место свесно ќе ги одбегнеме бројните верзии за потеклото на Пајоните, извлечени од комбинациите меѓу пишаните и легендарни податоци, како и наводните врски со Малоазиските народи: Фригите, Мизите и Дардарнците, од историското време или идентификацијата со легендарните Тевкри и Хомеровите Меонци. Истото важи и за претпоставените преселби на Пајоните од Европа во Мала Азија или во спротивниот смер, бидејќи археолошките докази за тоа сепак не се доволни. Пишаните извори, во овој правец дозволуваат подеднакви можности за различни хипотези, дури и контрадикторни сваќања.

Од сето ова, секако поткрепено со археолошките наоди и начинот на погребување, за што подолу ќе стане збор, може да се заклучи дека конечното населување на Пајоните било реализирано веројатно во еден од последните бранови на индоевропските доселувања во Македонија.

Движења во рамките на т. н. Големи Егејски Преселби предизвикале слабеење на пајонската моќ, најповеќе по долината на Вардар, посебно во Горното и Средно Повардарје. Според ситуацијата во некрополите од Преодниот период, понесени од движењата во Големите Егејски Преселби поедини пајонски заедници се концентрирале во Долен Вардар.

Постепено, во текот на Полното железно време пајонските заедници се концентрираат, зајакнуваат и во другите региони со металуршка основа и предиспозиции за брз економски развиток. Овој

процес бил најсилен во текот на VII и VI, во времето на стабилнизација и подемот на локалните групи. На ова време се однесува и податокот кај Страбон (VII,11) дека Амфакситида и Долен Вардар, до морето биле пајонски. По македонската експанзија, овој регион прв ќе се асимилира и стопи во новата, најпрво културна а подоцна и политичка пајонско-македонска симбиоза.

* * *

Раното македонско присуство на споменатиот простор во доцноархајското време (времето на Пердика I и Александар I) секако било ограничено само на воена и административна контрола. Пајонските земји источно од Вардар сеуште не биле освоени од Македонците. Како осамен податок е кажувањето на Херодот (V,17,18,94), дека Антемунт на Халкидик бил освоен од Аминта. Доколку е точно, несомнено се работи само за еден од освојувачките походи на исток, кои набрзо биле прекинати со Персиското завладување во овој регион, до Вардар на Запад. Сепак, тоа било време на голема моќ на пајоните и подем на локалните пајонски владетели. Тоа било, време кога Пајоните биле доволно силни и според Херодот (V,1) продреле во Тракија дури до Перинт.

По персиското повлекување (по 492 година), Александар I, од нив и во нивно име добил право да ги контролира пајонските земји источно од Вардар до Струма и да ги користи сребрените рудници на Дисорон.

Нешто подоцна, според Херодот (VII,124), кога Ксеркс патувал од Акант кон Терме тој минувал низ пајонските земји кон реката Ехејдор (Галикос) на запад. Македонската власт во тие краишта едвај да се чувствувала, а македонското население никаде не се споменува.

Позначајни промени и движења на Пајоните, предизвикани биле главно од македонските политички интереси и експаинзија на исток во V и IV век пр. н. ера. Тоа било одразено и во настаните врзани за походот на одриските крал Ситалк кон Македонија (429 год). Од Тукидид дознаваме (II.95,96,98) дека Амфакситида и Ематија, во тоа

време веќе биле македонски земји. Ситалк, наметнал хегемонија на најисточните пајонски племиња, Агријаните и Лаијаите, до каде се ширела неговата супремација на запад. Од нив кон запад почнувала земјата на независните Пајони. Натамошниот пат на Ситалк до Македонија добро ни е познат: Поттикнат од Атина и со помош на потчинетите Пајони Ситалк, преку планината Керкине стигнал во пајонскиот град Добер, при што независните Пајоните му останале од десна страна и му бил отворен патот на југозапад, кон македонската Амфакситида. Амфакситидските градови: Идомене, Гортинија и Аталанта биле првите македонски градови освоени од Ситалк на влезот во Македонија. Градот Еуроп не успеал да го освои, а по опустошувањето на Ематија се вратил назад.

Поради новите околности, во текот на V век дел од Пајоните се повлекле на север со што се преместува и центарот на Пајонија, од Долен Вардар во Средното и Горно Повардарје. Брегалница. Таму се создаваат услови за меѓуплеменско обединување во една пајонска политичка заедница.

Ваквиот ток на пајонската прото и рана историја се повеќе се потврдуваат со резултатите од археолошките истражувања, посебно преку манифестациите во сферата на погребувањето.

Натамошната историја на Пајонија како обединета држава е многу подобро позната. Во Средното и Горно Повардарје со Пајонија владеел Агид (до 358 г.п.н.е.). По него доаѓа Ликпеј, како современик на Филип II, потоа Патрај, како современик на Александар III Македонски, па Аудилеон, како современик на Касандар, а со сето ова ние веќе излеговме од временските рамки на нашата тема.

## Г. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПАЈОНСКАТА КУЛТУРА И ПОГРЕБУВАЊЕ

До најново време се сметаше дека во материјалната култура на палеобалканските народи тешко може нешто да се идентификува како пајонско, пред се поради неистраженоста на Повардарјето, како

историски посведочена централна пајонска територија. Меѓутоа, по истражувањата на низа некрополи (настанати од VII – V век пр. н. ера) во Долното и Средно Повардарје, тие лесно се идентификуваат како пајонски. со оглед на пишаните извори за нивното присуство на оваа територија во тоа време. Така, меѓу археолошките наоди јасно се издвојуваат форми со регионални - значи пајонски карактеристики (пајонски култни бронзи, пајонска керамика).

На истиот начин, и гробовите од крајот на бронзеното време, односно преодниот период ("Водовратски Пат", с. Водоврати и "Димов Гроб" с. Уланци) можат да се поврзат со Хомеровите податоци за Повардарјето како пајонска земја во времето на Тројанската војна. Со ова, инхумацијата во камени цисти, се јавува како основен начин на погребување кај пајонските протоисториски заедници. Низ целиот свој развиток, до историските времиња тие се погребувале на тој начин; во почетокот во згрчена положба, а подоцна (во железното време) во пружена.

Евидентна е сродноста меѓу повардарските некрополи од преодниот период и оние од железното време. Тие се манифестираат не само преку истите гробни форми туку и преку истите: обичаите на повеќекратно користење на една циста, начинот на различното полагање на машките во однос на женските покојници, карактерот и начинот на прилагање на гробните дарови и улогата на вонгробните наоди.

Литературните податоци за историјата и територијата на пајонските заедници во потполност одговара на распространетоста и времето на овој тип некрополи.

Почетоците на овие некрополи се наоѓаат уште во Средното бронзено време. Најстарата засега откриена некропола што може да се поврзе со ваквиот начин на погребување, иако од неа е истражен само еден гроб е откриена на локалитетот Горенци во селото Ракотинци кај Скопје. Според наодите на керамичните садови и камениот калап за леење бронзени копчиња се датира најдоцна до

Средното бронзено време. Во правоаголно ископаната јама, со страници оформени од редени плочести камења извршено било погребување во згрчена положба на идентичен начин како и во нешто помладите гробови од Доцното бронзено време или преодниот период на соседната некропола "Кошур", с. Долно Солње или во споменатите некрополи во селата Водоврати и Уланци, кај Градско.

Преку оваа низа на неколку горно и средновардарски некрополи се следи процесот на востановување на новиот начин на погребување во гробови цисти од камени плочи и постепеното канонизирање на пајонските погребни обичаи. Убава слика за овие рани или прото пајонски некрополи имаме во скелетните погребувања од преодниот период, не само во Повардарјето туку и во Пелагонија, во идентичните некрополи со камени цисти (пр. "Болница" Прилеп или "Сивец" близу Прилеп).

Простирањето на Пајоните на југ може да се согледа и во наодите од Пиерија, посебно во некрополта "Аг. Деметреос, на северните падини на планината Олимп.[9] Таму се работи за некрополи со идентични гробови-цисти од камени плочи, начин на погребување и прилози како во повардарските и пелагонски некрополи од преодниот период. Појавата на овој тип некрополи со материјал под силно доцномикенско влијание во регионот северно од Олимп, грчките археолози го објаснуваат како најраното присуство на Македонците во Македонија и нивното наводно микенско потекло[10]

Доколку овие наоди ги посматраме од тој аспект, тогаш истите квалификации би морале да се однесуваат и на заедниците во Пелагонија и целото Повардарје. Меѓутоа, литературно тие тука не се потврдени, посебно не во текот на преодниот период. Напротив посведочени се Пајоните-Пелагони. . Од друга страна,

[9] Poulaki-Pantermalie E.1988, Fig.1-5, 201-208; Истата 1991,173-180

[10] Pandermali-Poulaki E.1986, 84-95; Marinatos S. 1970, 45-52

доцномикенските влијанија и импорт во Македонија, концентрирани се главно по долината на Вардар и врзани се за пајонските заедници.[11]

Останува уште прашањето за континуитетот на погребување во гробови - камени цисти низ железното време. Во одредени региони, во времето на доминацијата на културата на тумулите во добра мерка се губи интензитетот на претходното погребување во рамни некрополи со гробови-цисти, кои се повлекуваат на југ.

Расцутот на железното време се манифестирал и во културна и духовна сфера, посебно со востановувањето на погребување под могили. Во голем број могили од железното време и поматаму има погребувања во гробовите-цисти, така што на нив мора да се гледа како на еден сложен и повеќеслоен културен феномен. Сепак, појавата на могилите несомнено се должи и на одреден етнички прилив од страна, додека натамошното користење на цистите укажува на етничкиот континуитет и интерните движења, настанати при тоа.

Според ова можеме да заклучиме дека првата појава на цистите од камени плочи паѓа кон крајот на бронзеното време (13-12 век п. н. ера), најпрво, во Горното и Средно Повардарје. Од таму веројатно се рашириле во Пелагонија, на југ до под Олимп и на исток по Долна Струма. Ова е несомнено порврда за процесот на ширењето на пајонските заедници, во текот на доцното бронзено време, до и после Тројанската војна.

После сите настани во текот на преодниот период, во раните фази од железното време, со продорот на могилните некрополи, равните некрополи со гробови - цисти, во голема мерка биваат потиснати на југ, во областите не зафатени со тумули. Таму, во текот на Полното железно време се формираат и концентрираат големи оганизирани рамни некрополи со гробови цисти од камени плочи. Нешто подоцна, во текот на VI и V век пр. н. ера евидентно е

---

[11] Podzuweit Ch. 1986, Abb. 7-10, со напомена дека овие истражувањата се ограничени само на грчкиот дел на Македонија.

враќањето-ширењето на гробовите цисти и рамните некрополи на север, каде често се мешаат со могилните некрополи. Во одредени регион, големиот конзерватизам е изразен преку долгото одржување на могилните обичаи, се до длабоко во V век пр. н. ера. Таков бил регионот по долината на Брегалница, додека во другите области преовладуваат рамните некрополи со цисти. Ова доаѓа до полн израз во текот на доцноархајскиот период, со создавањето на единствениот пајонско-македонски круг, чиј најсилен израз се токму гробовите цисти од масивни камени плочи.

Заради склопот на историски збиднувања и пред се заради политичките интереси на македонското кралство, во текот на V век пр. н. ера се случува пајонско повлекување на север, со што се преместува и центарот на Пајонците од Долен Вардар по Брегалница. Таму, набрзо поедини пајонски заедници, меѓу кои водечка улога имале Дероните ќе се обединат во единствена пајонската држава. Нејзината историја можеме лесно да ја следиме во следните векови, како помалку или повеќе независно кралство, меѓутоа секако во сенката и според интересите на моќната античка Македонија. Овие настани се манифестираат и во погребувањето со замирањето на големите долновардарски некрополи, од една страна и со целосната доминација на гробовите-цисти на север, по Брeгалница и Горен Вардар.

## 2. М А К Е Д О Н И Ј А И М А К Е Д О Н Ц И

### А. П И Ш А Н И П О Д А Т О Ц И

Пишаните податоци за Македонците и Македонија јасно се издвојуваат во два хронолошки слоја: податоци за легендарниот и податоци за историскиот период.

Легендите што се поврзани за оснивањето на македонското кралство и најраните кралеви на Македонија не се бројни, но во суштина и не многу контрадикторни.

Појавата на првата македонска кралска династија на

Темонидите коинцидира со приказните за Каран од една страна и Пердика од друга. Според Јустин (VII,1-2) Каран е херојот од легенда за влегување и освојување, со помош на маглата и козите, на тврдината која ја нарекол Аиган и каде го поставил својот престол. Така, тој всушност го оснивал македонското кралство и тоа на начин ист како Пердика кај Херодот.

Настаните поврзани со Каран кај Јустин, Херодот ги поврзува со Пердика. Меѓутоа, кај Јустин Каран владеел пред Пердика, што всушност претставува вистинска појдовна точка, основа за идното кралство.

Веќе го спомнавме, податокот на Јустин дека пред - пред доаѓањето на Каран со овој дел на светот владеел Астеропај, синот на Пелагон, еден од водачите на Пајонците во Тројанската војна.

Дали меѓу времето на Астеропај и Каранос може да се претпостави подолг интервал или други пајонски владетели, наследници на Астеропај и не е така битно. Побитен е фактот дека на пајонската земја и секако во најголем процент од пајонско население започнало создавањето на идната македонска нација, уште во т. н. легендарни времиња.

Во секој случај тоа се првите забележани настани врзани за Македонија. Кога точно сето ова се случило не е лесно да се одреди. Сепак на основа археолошките наоди од овој регион, можеме да ги сместиме во текот на раната фаза на железното време.

По Каранос, според Јустин на власт дошол Пердика, со тоа што не е сосема сигурно дали меѓу нив имало и други владетели; по Страбон (VII,31,38-39) тоа биле Коин и Турима. Што се однесува до Пердика, Херодот вели дека тој бил првиот крал на Македонија, а Јустин забележал дека тој е првиот што ја востановил кралската династичка некропола во Аигаи. Со тоа се чини дека Пердика веќе не бил легенда иако неговиот син - наследник Аргеос се смета за уште еден, и последен легендарен крал. По Аргеос, дошол неговиот син Филип I, но умрел млад, а круната му ја оставил на неговиот син

Аеропос.

Аминта I го наследил Аеропос - според Јустин, а според Херодот еден друг крал Алкетас бил меѓу Аеропос и Аминта (V. 17, 18, 94).

Аминта I бил првиот македонски крал веќе поврзан со конкретни историски настани - приемот на амбасадата на Дарие и женењето на неговата ќерка Гигаја за Бубарес, со што доаѓаме до цврст хронолошки репер. Така, владеењето на Аминта I е точно одредено во периодот од 540-480 г. п. н. ера. Меѓутоа, од ниеден крал до Аминта I, вклучувајќи го и него нема материјални податоци, епиграфски или нумизматички материјал. Првиот македонски крал кој кова свои монети е Александар I, наследникот на Аминта I.

Александар I го укинува дотогашното племенско монетоковање, преземајќи ги нивните типови, а најповеќе угледувајќи се на монетите на пајонските племенски владетели. Со тоа веќе покажува насока на монетоковање на крал на обединето кралство, кој имал едно единствено издание. По него веќе бил отворен патот низ историјата, кон постепен но постојан подем на неговото кралство.

Од Каран до Александар I поминале вкупно 6 македонски владетели, што може да покрие најмногу 200 години, а тоа не носи до оснивањето на кралството или до почетоците на аргеадската династија, некаде околу 700 година пр. н. ера.

Што се однесува до прашањето за потеклото и етничките вредности на Македонците, тие често пати, на основа легендите се поистоветуваат со првата династија на Аргеадите, кои пак својот род го влечеле од Херакло, поточно од неговиот син Теменус. Така, во антиката се истакнувала нивната поврзаност со славните Темениди од Аргос на Пелопонез, легендарната фамилија уште од далечните херојски времиња на бронзеното доба.

Од друга страна, на овој начин сфатени, како потомоци на Херакло - Хераклиди, современите главно грчки археолози безрезервно ги поврзуваат со легендите за "Дорската Преселба" и "Враќањето на Хераклидите". Имено, на различни начини се истакнува

нивното микенско потекло - од истото јадро на микенската моќ од северен Пелопонез и се третираат како како еден вид нова микенска династија која била еднаш истерана надвор од границите на микенската власт, во областите на денешна Северозападна Грција за да подоцна, дел од нив го поведат од таму Дорскиот народ кон југ, како израз на грчката традиција за "Враќањето на Хераклидите". Меѓутоа, сето ова е во сферата на легендите, кои не само што не наоѓаат археолошки потврди туку и античките извори се премногу контрадикторни, осудувајќи ги овие настани да останат засекогаш во границите на спекулативното.

Во оваа смисла, долго време се сметаше дека Дорците биле народ кој, кон почетокот на 12 век пр. н. ера се спуштил во Грција од север (според В. Милојчик - од илирските или централноевропски области). Навистина во областите на Македонија, каде се претпоставува присуството на Дорците, од каде наводно тргнала дорската инвазија на југ откриен е материјал што припаѓа на традицијата на европскиот ареал. Меѓутоа доколку тоа биле дорците логично е истиот материјал да биде откриен и во Јужна Грција, окупирана од нив. Но, археолошката слика воопшто не го подржува тоа, ниту теоријата за дорската инвазија која ја преплавила Грција и ја растурила Микенската цивилизација.

Денес е готово неспорно дека големите движења на народите од север во рамките на првите бранови од т. н Големи Егејски Преселби, кон крајот на 13 век биле тие што реперкуирале во Егеја со деструкцијата на микенските центри. Притоа, повторно поедини истражувачи сметаат дека создадениот метеж во комбинација со ослабениот микенски свет предизвикало движења на извесни народи од С-З Грција на југ, се со цел да ги идентификуваат како Дорци или легендарните Македонци како Прото-Дорци и така да ги поврзат со литературната традиција за т. н. Враќање на Хераклидите. Во таков случај "Дорската преселба" добива ендохеленски карактер, со што претставува еден од најзначајните настани во грчката рана историја. Меѓутоа, и за оваа интерпретација не можат да се најдат

археолошки и задоволителни историски потврди. Напротив, тоа што се јавува како новина врз урушевините на микенските градови, не е материјал од Македонија туку наоди и појави кои многу повеќе се врзуваат за посеверните области, најповеќе за јужнокарпатскиот и долноподунавски регион. Дојденците во Континентална Грција, после пропаста на микенската цивилизација донеле нов начин на погребување со спалување во урни, што не бил ритуал и обичај на заедниците од С-З Грција, туку на оние долж Поморавјато до Дунав и Карпатите на север, од каде несомнено потекнуваат и карактеристичните врежани и инкрустрирани садови откриени врз рушевините на микенските градови.

Од друга страна, неспорно и мошне јако било микенското присуство во јужнокарпатските и долнодунавски области, како региони исклучително богати со рудни ресурси, пред се злато и бакар. Тоа присуство е изразено најповеќе преку наодите во рамките на локалната доцнобронзенодопска култура на т. н. инкрустирана керамика и наоѓалиштата како: Жуто Брдо, Дубовац, Кирна, Гирла Маре, Орсоја и најповеќе преку ексклузивниот Волчитрнски наод.

Некаде во текот на 12 век пр. н. ера документиран е ненадеен прекин токму во зенитот на оваа култура и селење на нивните ностели во неколку гранки кон богатиот, а веќе знатно ослабен југ. Една од тие гранки несомнено завршила врз некогашните микенски центри.

Според ова, приказната за т. н. Враќање на Хераклидите се чини би била далеку подокументирана доколку се поврзи со овие настани а не со преселба на заедниците од С-З Грција. Затоа да се вратиме на потеклото на македонската држава и создавањето на новата нација без оптеретувањата во врска со нејзиното микенско потекло.

Феноменот да се бара хеленско-херојско потекло не е ни најмалку својствен само за македонската династија. Тој произлегува од веќе споменуваните микенски влијанија нашироко во Македонија и целата микенска периферија уште во Ахејското време и создавањето

критериуми на општи вредности извлечени од тие легендарни времиња. Така, стремежите кон еленофилство на македонските кралеви по V век пр. н. ера не би требало да изненадува. Тие се изјаснувале како потомци на Херакло и својот род го сврзувале за славните во легендите Темениди од Аргос. Таквото родословие било признаено од Грците, за да може на основа тоа, на Александар I (498-454) да му се дозволи да учествува на олимписките игри. Ваквите тенденции биле уште појаки кај Архелај (413-399), кој му посветил големо значење на врските со Елада, трудејќи се својот двор да го направи средиште на грчката култура. Меѓутоа, истите тенденции, во тоа време ги пројавувале и другите, соседни кнежевства на Македонија, кои секако не биле грчки. Така на пример кралот на Молосите во Епир - Тарипс, за време пелопонеската војна почнал да ја воведува грчката култура во Епир и го сврзал својот род со Ахил. И кнезовите на малите кнежевства во Горна Македонија не останале поназад. Кнезот на Линките - Арабеј се врзувал за родот на Бакхиадите од Коринт и со тоа веројатно го сметал Херакло за свој родоначалник. Династијата на Орестите, за свој родоначалник го земала Орест, синот на Агамемнон, кој го оснивал градот Аргос во Орестида. Слична тенденција секако покажувале и пајонците, врзувајќи се за меонската династија на Хераклидите и за потомството на Херакло. Вреди да се потсетиме дека на монетите на Ликеј се среќава Херакло во борбата со лавот.

Што се однесува до македонскиот народ неспорен е неговиот хетероген состав. Македонија била најповеќе заедничко име, општествено-економска и пред се политичка формација составена од повеќе различни заедници. Меѓутоа, доколку инсистираме на оригинални македонски заедници, треба да ги бараме во т. н. Горна Македонија во областа на Орестида (во базенот на Костурското Езеро), како и во соседните области на Пелагонија и Елимеја, за

кои се верува дека биле изворната македонска земја.[12]

За овие заедници на исток или запад од Пиндскиот венец, старите автори зборуваат како за Македонски и Епиротски племиња. Секое имало свое сопствено племенско име и своја сопствена кралска кука. Племињата биле блиски меѓу себе, посебно во очите на античките автори, чии податоци често знаат да се мешаат. Затоа Херодот зборува за Пиндски народи и ги определува како Македонски (I,56,3), а Стефан Византиски го смета Атинтан, епонимот на епиротските Атинтани за син на Македон. Исто така, Страбон на едно место ги издвојува областите на Орестида, Елимеа, Линкестида и Пелагонија како Гопрномакедонски (VII,7,8), а на друго Орестите, Пелагонците и Елимиотите ги смета за епиротски племиња (IX,5,11). Во секој случај оние племиња на источните падини на Пинд биле вклопени во кралството на Македонија додека оние на запад станале членови на епиротската федерација, под доминација на најмоќното од тие племиња - Молосијанците.

Повеќето автори сметаат дека околу 700 година, еден благороднички клан именуван како Аргеади го напуштиле својот првобитен дом во Орестида, во базенот на Костурското Езеро и мигрирале на исток во потрага по земја за населување. Името можеле да го добијат по синот на Македон - Аргеј или уште повеќе, како што верува Апијан (Syr. 62), според Аргос Орестикон од каде што тргнале на исток за да станат македонски кралеви.

Аргеадите прво ја освоиле Пиерија, плодната крајбрежна равница на север од Олимп, а потоа се упатиле на север во реонот на Ботиаја - Хомеровата Ематија (III. 14.226). Тукидид ја одбележува Ботиаја како прв регион освоен од Аргеадите после Пиерија (II,99.3). И Херодот (VII,26) ги носи основачите на Аргеадското кралство, исто така од Горна т.е. Западна Македонија до "Градините на Мидас"- богатата ареа со водени токови долж

[12] Edson Ch.1970.20

источното подножје на Бермиумскиот Венец, при што востановиваки контрола над овој регион, постепено ги освоиле и останатите делови на Македонија.

Успесите на овие освојување се одбележани со, веке споменатиот прв настан во македонската историјата, поврзан со Караноs. Градините на Мидас секако се наоѓале во границите на Ботиаја, каде бил основан и главниот град на Аргеадите и востановена династичката некропола во Аигаи.

Еден од двата македонски историчари, Марсијас вели дека Пиерос и Аматос, епонимите на Пиерија и Ематија (еквивалент за Ботиаја) биле двата сина на Македон, при што верува дека овие два региони биле оригинална територија на новото македонско кралство. Затоа не е чудно што Ботиаја важи како стар назив на Македонија и што според Хомер, а подоцна и Полибие се изедначува со Ематија, која во старо време се нарекувала Пајонија.

За разлика од другите македонски заедници, кои си имале свое сопствено етничко име, Аргеадите немале посебно племенско одбележување. Тие едноставно биле викани "оние (Македонци) под власта на Аргеадите", како што вообичаено ги ословува Тукидид (II,99,6).

Натамошните етапи на експанзија на Аргејадите се одвивале во насока кон исток, со што се ширела македонската власт и држава преку Вардар кон Струма. При тоа, биле апсорбирани јужнопајонските заедници, во текот на V век пр. н. ера.

## Б. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА И ПОГРЕБУВАЊЕ

За македонска култура на протоисториските заедници е тешко да се зборува со оглед на мноштвото различни племиња и групи кои живееле во мешани контакти, испреплетувајки се токму на "македонската територија". Сепак, од микенско па се до доцноархајско време на просторот од Пелагонија на запад, Горен и среден Халиакмон на југозапад до Вардар и Струма на исток,

доминирал пајонскиот елемент со, некаде помалку, некаде повеќе културни влијанија и придобивки, најпрво од касномикенската култура а потоа и од халштатската (западнобалканска) средина. При тоа не смеат да се заборават ни елементите од Северниот и Централен Балкан како и влијанијата од грчката протогеометриска, геометриска и посебно архајска култура.

Како што покажува археологијата, кон крајот на бронзеното време и во текот на железното време заедниците од овој дел на Балканот негувале одредени заеднички и сродни културни и духовни вредности. Во основата на тие вредности се наоѓале елементите од т.н. Арменохори (Пелагониска ) културна група или со други зборови вредностите на бронзеното време во Пелагонија. Меѓутоа во склопот на општите движења на племињата кон југ (кон морето и Пиерија), некаде во текот на средното до доцно бронзено време, се случиле одредени прегрупирања кои ќе одиграат значајна улога во формирањето на новата етнокултурна карта на Балканот. Овие движења, кои веќе ги спомнавме во врска со местото и улогата на Пајоните во нив, во добра мерка наоѓаат археолошки потврди и можат да се поврзат со востановувањето на одредени "македонски" манифестации. Кои се тие манифестации што би можеле да значат израз на македонска култура?

Најцврстата точка, како појдовна основа во идентификацијата на одредени македонски културни вредности, секако треба да ја бараме во некрополата во Вергина. Таа е некрополата на македонски кралеви, поврзана со раната македонска претстолнина Аигаи. На широката падина под утврдената населба се простира голема могилна некропола, од која се документирани над 300 тумули. Најмладите и најмонументалните од нив веќе ги покриваат големите ѕидани гробници на македонските кралеви и нивните најблиски. Најголемиот број тумули се постари, од железното време и во секој случај претставуваат нивни претходници. Со други зборови, под некои од железнодопските тумули би требало да се криjат и најраните - легендарни гробови на првите Аргејади.

Целата некропола има јасен континуитет на погребување од преодниот период (12-11 век) до хеленистичко време. Наспроти настојувањата на поедини автори да се најдат елементи за дисконтинуитет во културна и етничка смисла меѓу античките и праисториските (протоисториски) манифестации во Вергина, тие не само што немаат доволно оправдувања туку е евидентен постапниот развој на железнодопската култура до формирањето на архајските обележја и усвојувањето на хеленските културни вредности.

Во оваа смисла најмалку основ имаат претпоставките на Хамонд, кој во најраните гробови од Вергина ги гледа Бригите (Фригијци), носители на симптоматичната т. н. Лужичка култура во Македонија.[13] Така периодот од 1150 - 800 година го смета за време на фригиска моќ и доминација во овој дел на Балканот, а со тоа и Бригите за владетели во Вергина. На основа одредени новини во материјалот, меѓу кои, мора да се каже дека непостои остра граница, Хамонд понатаму смета дека околу 800 година дошло до смена на власта во Вергина, при што на сметка на Бригите дошле Илири, кои пак нешто подоцна ја препуштаат Вргина на Аргеадите.

Меѓутоа, присуството на западнобалканските - халштатски елементи во Македонија не може во никој случај да се третира како илирска инвазија и нивна власт во Вергина. Таму не можат да се забележат никакви значајни промени во материјалната и духовна култура, а материјалот кој долго време беше третиран за илирски денес е општо прифатен како израз на општобалканските железнодопски (халштатски) критериуми. Објекти и појави типични за илирската култура (предмети со чисто гласиначки карактеристики) во Македонија не се откриени. Од друга страна, могилниот начин на погребување во Вергина, како и во останатите вакви некрополи во Македонија покажува изразит континуитет без промени во погребниот ритуал и обичаи, но со евидентен внатрешен развиток, во зависност

---

[13] Hammond N.G.L 1982, 642-656

од развитокот на социјалните и општествено-економски односи. Така, самото инсистирање можноста, по која толку различни народи се сменувале и сите ја користеле истата-за нив туѓа некропола и истиот-туѓ начин на погребување, при што последните ја одбрале дури за своја кралска некропола, останува како тешко прифатлива хипотеза.

На овој начин, тргнувајќи од ситуацијата во Вергина могилниот начин на погребување и самото значење на тумулите, можеме повеќе од сите други појави да ги сметаме како израз на македонската културна и духовна вредност.

Ширењето на тумулите во јужните делови на Балканот влегуваат во општиот процес на индоевропеизација, меѓутоа најраните тумули во Македонија се карактеризираат со одредени заеднички карактеристики. Најраните погребувања во нив се поврзани со централните гробови во форма на т. н. двојни тумули и се датираат во Преодниот период (Вергина, Патели, Арниса, Беранци и др). Оградени се со прстенест ѕид од камења и содржат бројни секундарни погребувања во конструкции од камења, цисти или питоси. Доминантен во ова е надворешниот прстен - светиот гробен круг, кој како традицијата од микенските гробни кругови наоѓа реминисценција во ова време во Македонија. Во центарот на кругот лежи гробот на племенскиот родоначалник - херос, поради кој и се посипува могилата, идентично како на паднатите јунаци - херои во Тројанската војна.

Според овие особености, изворштето на оние што ги погребувале своите мртви во Вергина и во другите сродни некрополи било на територијата на денешната Јужна Албанија и Северен Епир. Таму се откриени најстарите вакви тумули и сродни манифестации, уште во текот на 13-12 век пр. н. ера. Во оваа смисла, познати се на пример двојниите тумули од Пажок, со кружна погребна комора-соба, и тумулот во Водхин, во долината на Ксерија, со средноxеладски материјал. И меѓу останатите појави се откриваат големи сличности меѓу овие - бронзенодопски тумули во денешна

Албанија и подоцнежните тумули, главно од железното време во Македонија. Сето тоа укажува дека "могилниот" народ во Вергина дошол од запад, од каде најверојатно пристигнувале во индивидуални групи и во различни времиња, во периодот меѓу 1050 до околу 700 год. пр. н. ера. Последни од нив можеби биле Аргеадите и нивната кралска кука, Темениди.

Што се однесува до територија на Северен Епир или денешна Јужна Албанија, по околу 1200 год пр. н. ера на сметка на овој народ се шират, на север т. н. гласиначки манифестации, додека на југ, во домашната средина се инволвираат вредностите на една друга култура, со пракса на спалување во погребувањето и карактеристична мат-сликана керамика. По 1000 година, таму дефинитивно исчезнуваат старите културни вредности врзани за "македонскиот" тип на тумули, кои во текот на железното време ќе се рашират низ Македонија.

Во прилог на ова одат и последните откритија (1994 година) во познатата могилна некропола со клановски тумули на Орлова Чука, село Стар Караорман кај Штип, каде е ископуван најголемиот од десетте тумули (бр. IV). Се покажа дека се работи за најстариот-иницијален тумул. Најстариот - централен гроб има форма на гробна одаја од водоравно редени камења и апсидални краишта. Врз него била подигната првобитна могила во која, подоцна, во текот на развиеното железно време радијално биле вкопани десетина помлади погребувања. Сето тоа било оградено со кружен ѕид од кршени камења и плочи, како голем посветен гробен круг.

Такви се и т. н. двојни тумули од во Пазок, Јужна Албанија или Висои, Беранци кај Битола. И тука лежат примарните - централни погребувања под помали могили, како гробови на родоначалниците и митските хероси. Со следните погребувања околу нив растат и се создаваат големи клановски тумули. Тоа се веќе посветени места каде постепено, во текот на железното време, се формираат големи могилни некрополи. Идејата за негување на секавањата на заедничкиот предок претставува еден вид дивинизација, која со време ќе доведе до апотеозата на македонските кралеви (Хераклиди).

Во текот на железното време, оваа стара, во основа доцномикенска идеја, постепено се надминува. Останува само секундарниот елемент - тумулот да се шири со нов подем, во железнодопското - халштатско милје на Македонија.

Со доцноархајското време, а под инпулсите на хеленската култура и колониите на брегот се создаваат услови за единсвена пајонско-македонска симбиоза. Продорот од југ, преку Халкидик на идеите за демократија на семејството и надминување на родовските односи го следиме уште од доцниот VII век пн. ера со постепеното ширене на рамните некрополи со гробови- цисти на север каде постепено ги заменуваат старите могилни ритуали. Во Пелагонија тумулите ќе егзистираат до средината на VI век, а по средна Брегалница (Горно Поле, Стар Караорман кај Штип) се до V век пр. н. ера.

Според ова можеме да заклучиме дека почетоците тумулите во Вергина или пошироко во Македонија припаѓаат уште на митските времиња. Притоа, можеме да ги сметаме за традиционална форма на погребување кај македонските протоисториски заедници, од што во историско време произлегуваат и монументалните македонски ѕидани гробници засипани во високи тумули.

Ширењето на првите могили од запад - Северен Епир на исток кон Ематија, Еордаја, Пелагонија и Повардарјето одговара на забелешката на Херодот (VII,137-9), кој ги носи првите македонски кралеви од областите "кон Илирија", преку Линк и Пелагонија до Лабаја во Пиерија и Градините на Мидас - Ематија (Ботиаја).

На ова место го допираме и прашањето за Ботиајите. Во извесна мерка тие треба да се сметаат за синоним на најстарите Македонци. Порано Ботиајите се земаа за митски народ, поврзан со легендата кај Страбон за доселување на групата Критјани од Сицилија, а под водството на Ботон. Навистина постојат низа критски елементи во културата на железното време во Македонија, како и низа топоними кои водат потекло несомнено од Крит, на пример градовите: Идоменаи, Гортинија, Аталанта, Европ, Стоби и

др. Меѓутоа, зад овие легенди, во денешниот степен на истраженосттешко се назира историската вистина. Сеуште е загадочно времето и насоката на ширењето на Ботиајите кон Македонија. Многу е веројатно нивното доаѓање во Ематија од запад (Северен Епир), што е во согласност со историските потврди за ширењето на Македонците од Орестида кон исток.

Несомнено е дека легендата за Критјаните во Македонија е само израз на археолошки документираните контакти со Ахајците од доцното микенско време - Македонците во тоа време уште не се познати, но во Повардарјето и Ематија живеат Пајоните. По уништувањето на микенската цивилизација останале сеќавањата за големината и богатството на микенските центри. Така, веројатно настанала и легендата за Ботон и врските со егејскиот свет во бронзеното време. Од таму и споменатите имињата на градовите по Вардар, имињата на Аксиос, Ематија (Ботиаја) и сл. Поцврстото востановување на името Македонија паѓа дури во Тукидидово време и тоа главно како политичка одредница. Со тоа воедно станува и име на новата македонска нација, како хетерогена формација во која најзастапени биле пајонските етнички групации.

## 3. *ПРОБЛЕМОТ НА ЕНХЕЛЕЈЦИТЕ И НИВНАТА КУЛТУРА ВО МАКЕДОНИЈА*

Литературните податоци за Енхелејците, во најголема мерка произлегуваат од информациите што ги наоѓаме кај оние автори што ја пренесуваат старата легенда за Кадмо и Хармонија.[14] Поради тоа се третираат и како легеднарен народ или на основа легендарното родословие на илирските племиња кај Апијан, како Илири. Меѓутоа, денес се чини извесно дека Енхелејците биле реален народ со јасно одредена територија, историја , културни и етнички обележја, кои не можат глобално да се прифатат за илирски. Во оваа смисла,

14 Lisičar P.1953, 245-248; Katičić R.1977. 5-83;

укажуваат и повеќето верзии на легендата за Кадмо и Хармонија и нивната поврзаност со Енхелејците. Доколку го извлечеме најраниот - најчист вид, без доцните додатоци и митолошки украси, се согледаат неколку факти.

Првобитната верзија на митот според Херодот IX,42-43, Еврипид (Bakhe, 1330-9) и Аполодор од Дамаск (III,5,4) се сведува на заминувањето на Кадмо и Хармонија од нивната Теба и одењето кај варварските Енхелејци, кои во тоа време војувале со Илирите. Кадмо застанал на нивно чело и откако ги победиле Илирите, станал нивен крал. Натаму, се зборува за обединетата војска на Енхелејците и Илирите, под водството на Кадмо и за нејзините воени успеси. Меѓутоа, при нападот на Делфи претрпеле пораз и биле потполно уништени. Со помош на боговите Кадмо и Хармонија биле спасени, а по нивната смрт претворени претворени во големи змии и пренесени на островите на блажените.

Ова е всушност јадрото на легендата за Кадмо и Хармонија од кое се гледа дека Енхелејците не биле Илири и не треба да се поистоветат со нив, туку треба да ги третираме како посебен народ, одвоено од Илирите. Тоа што Апијан (Hist. Rom. IV,2) во својата илирска генеологија, уште во првиот ред, меѓу Илирите ги става и Енхелејците, не би требало да изненадува. Како грчки историчар од вториот век на новата ера, неговите родословија биле составувани на начин да ги опфатат сите сродни и блиски варварски племиња, вклучувајќи ги тука и мешајќи ги не само илирските тука и келтските, тракиските, епиротските и други племиња. Така, воден од "илирскиот простор", како географска рамка и римска провинција, меѓу Илирите ги вклучил не само Енхелејците туку и Медите (кои всушност биле Трачани), Скордиските (кои биле Келти), тесалските Пераиби, а и Пајоните и Трибалите, кои секако не биле Илири.

Што се однесува до територијата на Енхелејците, од разни извори (од Хекатеј до Стефан Византиски) се извлекуваат доста воедначени податоци: живееле во Северен Епир, надоврзувајќи се на епиротските Хаонци. во позадината на Керауниските планини, околу

Охридското Езеро.

Најточно фиксирање на Ехјелејците ни дава Полибие (III век пр.н.ера) кој ги поставува на бреговите на Охридското Езеро (V,105,8). Со тоа и податокот на Страбон за племињата позади Епидамнос (Дирахион)и Аполонија, меѓу кои ги набројува и Енхелејците, како и информацијата на Диодор Сикулус за Енхелејците што живеат "накај илирите" добиваат вистинско значење.

Според ова, Енхелејците кај сите антички автори претставуваат реален историски народ, а нивната територија се наоѓала околу Охридското Езеро, по што можеме со голема сигурност да ги сметаме за носители на протоисториските остатоци од овој регион.

Дека тие не биле Илири зборуваат и евидентните разлики во материјалната култура меѓу археолошките наоѓалишта, во северниот и оние во јужниот дел на денешна Албанија. Таму, на север се срекаваат изразито илирски елементи, во рамки на т.н. култура Гласинац-Мати. Напротив, во јужните делови на Албанија доминира т.н култура Девол или Бубушти-Трен, со елементи кои го поврзуваат регионот на Југоисточнан Албанија со Северен Епир, а уште повеќе со езерската област (Охрид-Преспа), Пелагонија и Горномакедонските котлини. Така, се чинат најисправни оние мислења кои Енхелејците ги сметаат за Хаонско (северноепиротско) племе, од што произлегува и нивната сродност со македонските заедници, и нивниот мешан пајонски производ. На ова наведува и еден податок на Стефан Византиски кој спомнува дека племето Скирти било пајонско племе.[15] Во Итинераријот Вурдигаленски забележана е Скиртијана, како станица на Виа Егнација, меѓу Охрид и Битола, некаде кај денешен Ресен. Очигледно пајонските Скирти живееле во Преспа.

За поврзаноста на Енхелејците со Пајонците можеме уште повеќе да зборуваме на основа археолошките наоди од Охридскиот

15 Кацаров Г.,1921,35

регион.[16] Тие се во најтесна врска, од една страна со Пелагонија и Повардарјето, а од друга со наоѓалиштата од западните делови на грчка Македонија. Ќе потсетиме само на сродноста во начинот на погребување меѓу гробовите-могилки од Требениште (т.н. сиромашни гробови) и Делагожда, од енхелејска страна и могилните некрополи како Сопот, Радање и Горно Поле - Стар Караорман, во повардарско - брегалничката (пајонска) регија. Останува единствено отворено прашањето за носителите на т.н. кнежевски гробови од Требеништe.

Додека големата требенишка некропола и на неа сродните во охридскиот крај, можеме без голема резерва да ги прифатиме како енхелејски, мораме да се запрашаме дали истото треба да се однесува и за "кнежевските" погребувања во Требеништe. Позицијата на овие гробови во однос на мноштвото обични ("сироамашни") гробови не ни дозволува таков, еднострaн пристап. Тие на повеќе начини се издвојуваат од сиромашните. Наспроти целата некропола која била во употреба од VII век п.н.ера до III (а можеби и до I век (поради најдените 3 монети од од Октавијан Август), кнежевските гробови се речиси без хронолошки разлики. Сите тие се тесно поврзани меѓу себе на начин да формираат посебна група на "аристократи", кои умреле или во исто време или во сосема кус временски период. Значи не е во прашање династија која би ја следела хронологијата на локалната требенишка заедница.

Се ова и повеќе други детали наложуваат различни размислувања во врска со идентификацијата на "кнежевските" гробови од Требеништe. На ова место немаме намера да ги повторуваме сите досега изнесувани претпоставки во тој правец. Ќе се задржиме само на две можности, што произлегуваат најповеќе од археолошката слика на теренот и појавите поврзани со погребувањето. Имено, може да сметаме дека богатите гробови од Требеништe им припаѓаат или на "туѓинци" дојдени од страна за да бидат владетели во енхелејската

16 Битракова В. 1988, 129

средина или се тоа гробови на локални владетели, но многу напредни, кои брзо ја изгубиле својата позиција и моќ.

Во прилог на првата солуција зборува распоредот на гробовите; во строга правилна линија Север - Југ. На исто растојание вкопани се 6 гробни јами, најверојатно на воини - придружници со готово иста опрема (оружје, т. н грчко-илирски шлем, бронзени садови, златни аплики од парадната облека и др.). Пред нив, во првиот ред лежат 2 гроба, најверојатно на водачи, кои покрај истите предмети како и останатите имаат уште по еден коринтски шлем. Хронолошки сите 8 гробови се истовремени.

На 80-100 метри западно од овие гробови ископани се уште 3 гроба на богати жени, придружени од еден воин (гробот 12). Двете "кнегињи" имале златни маски на лицето. Овие гробови, нивната позиција, ориентација и прилози сугерираат две момента: постоење на полова диференцијација и женски владетели. И двата моменти можат да се поврзат со пајонските културни и духовни вредности.

Диференцијацијата на женските од машки погребувања во повеќе наврати ја документиравме како една од битните карактеристики меѓу погребните обичаи кај пајонските заедници, од некрополите од преодниот период (Водоврати и Уланци кај Градско на Вардар) до долновардарските некрополи од железното време. Од друга страна, појавата на жени на високи општествено-политички позиции, не така честа и својствена за другите, патријархални народи, ја срекаваме и во Петилеп -Беранци, како погребување на една деуриопска (пајонска) кнегината, од истото време, и исто така со златна маска. И во некрополата во Синдос кај Солун откриени се два гроба (бр. 27 и 34) на кнегинки со златни маски.[17]

Ова неодамна го забележа В. Соколовска, така што по неа, во Требеништe е можно да биле погребани пајонски

---

[17] ΣΙΝΔΟΣ-ΚΑΤΑΛΟΓΟΣ 1985, Кат. бр. 282, 322

владетели.[18]

Со тоа, станува разбирлива едновремената појава на златните погребни маски во Требениште, Петилеп и Синдос, како израз на пајонските духовни вредности и пајонскиот хоризонт во т.н. пајонско-македонска симбиоза на доцното архајско време. На примерот со некрополата во Синдос, тој пајонски хоризонт е поврзан со поранишите гробови, додека дури некаде по 450 година може да се смета на присуство на македонците и воведување на новиот општ начин на погребување со кремација.

Во прилог на појавата на жени на високи позиции кај Пајоните ќе го спомнеме уште и делото на грчкиот скулптор - леар во бронза Деиноменес, ученик на Поликлет од доцниот V век пр. н. ера. Тој изработил статуа на извесна пајонска кралица по име Бесантис со нејзиното дете-црнчеи, бил забележан токму по ова необично, но за нас доста документарно дело.[19]

Втората можност, дека во Требениште би можеле да бидат закопани локални-енхелејски владетели ја истакнува веројатноста во кнежевските гробови да ги препознаеме наследниците на легендарниот родоначалник Кадмо. Како Кадмови потомци, овие енхелејски владетели можат да се поврзат или надоврзат на втората легенда за "Седморицата против Теба". Според Херодот (V,61) и Диодор (IV,67,1), во неа се раскажува за одењето на кадмовите потомци (Кадмејци) од Теба, исто како и нивниот славен предок во земјата на Енхелејците, откако биле протерани по борбата со Аргос.

На овој начин и енхелејските владетели, како и останатите, пред се македонски кралеви го засновувале својот легитимитет на генеалошката поврзаност со легендарните грчки-микенски херои од митските времиња. Ако богатите гробови од Требениште биле

---

[18] Сиколовска Е.1993, 7-15,Карта 2

[19] PW RE IV,2,1901, s.v Deinomenes,7.2394-2395

цавистина гробови на доцноархајските Кадмиви потомци, тогаш нивната власт секако не траела долго. Всушност тие немаат нити претходници нити следбеници. Се е ограничено на времето најмногу од 520-480 год. п. н. ера.

Под доминација на новите македонски држави, Енхелејците брзо го изгубиле првичното значење и моќ. Во секој случај, се чини уште долго време нема да најдеме задоволителен одговор на ова прашање.

## 4. ПРОБЛЕМОТ НА БРИГИ И НИВНАТА КУЛТУРА ВО МАКЕДОНИЈА

Прашањето на Бригите во Македонија е едно од најнеизвесните прашања на палеобалканската историја, географија и археологија. На основа постоечките пишани извори за Бригите и нивните историски и лингвистички проучувања не може да се даде задоволителен одговор. Заради тоа, наместо литературните комбинаторики неопходно е поактивно да се вклучат резултатите од археолошките истражувања.

Во текот на раната антика потврдено е присуството на Бригите во Македонија. Херодот и Страбон ги имаат одбележано на различни начини. Меѓутоа, остануваат отворени прашања околу: нивното доселување и населувањето во Македонија, нивните миграции и поврзаноста со малоазиските Фригијци и Фригијската држава, нивниот однос со Пајоните и другите популации во Македонија, како и идентификувањето на нивните културни остатоци. На овие прашања не може да се одговори без помошта на археологијата. Тука несомнено се најбитни, појавите врзани за погребувањето во овој дел на Балканот. Затоа, мораме да се запрашаме што може да се извлече за Бригите на основа изнесената слика за погребувањето кај протисториските заедници во Македонија, а притоа истите да се поврзат со пишаните извори за нив.

Информациите за Бригите започнуваат со расказите на Херодот VII,73) за Фригите кои живееле во Европа заедно со Македонците, каде се викале Бриги, додека не се преселиле на малоазискиот брег, каде си го промениле името во Фриги и формирале фригијска држава.

Ваквите податоци предизвикуваат различни размислувања и интерпретации кои се движат од едната до друга крајност. Едни автори им даваат големо значење на Бригите во Македонија, пред нивното наводно отселување во Мала Азија и основањето на Фригиското кралство. Други пак го минимизираат нивното место меѓу протоисториските заедници во Македонија а на релациите Македонија-Фригија гледаат како на митолошко-политички слој и тоа доста асинхронизиран, без можности да биде археолошки доволно документиран. За нив тоа е израз на релациите Мала Азија -Балкан, кои произлегуваат уште од старата, заедничка Балканско-Анадолска културна основа или сродство, како и во примерите со миграциите на Мигдоните, Мизите, Дарданците, Пајоните итн.

Сепак неколку моменти мора да се прифатат како неспорни историски факти. Во Македонија постоеле Бриги, кои се одбележани од неколку антички автори. Во описот и пописот на племињата позади Епидамнос до Кераунските Планини Страбон ги става и Бригите (VII,7,8). На ова се надоврзува Псеудо Скимнос (437-438), кој ги лоцира Бригите во истиот регион и притоа кажува дека над нив живееле Енхелејците, со кои некогаш владеел Кадмо. Калистен го истакнува богатството на фрижанецот Мидас кое се засновало на рудниците околу планината Бермион, а истото го повторуваат и од Херодот и Страбон кои кажуваат дека Бригите живееле под планината Бермион, во ареата на денешна Науса (Негуши). Таму биле градините на Мидас, син на Гордиас и со тоа биле соседи на Македонците. Исто така, во описот на походот на Персијанецот Мардониј од островот Тасос во Тракија и Македонија (492-1 г.п.н.е.), Херодот одбележува дека бил нападнат од племето Бриги (VI,45). Зборувајќи за следниот персиски поход, под Ксеркс, Херодот (VII,185) вели дека во неговата војска имало и Бриги.

Сведоштвата за Бригите во овој дел на Балканот се неспорни но сепак останува отворено прашањето за времето, начинот и карактерот на нивното населување. Пак'а во очи дека посочените бригиски локации не формираат еден целовит регион туку само поедини

енклави. Ова станува уште поевидентно ако на сето тоа се додадат и сведоштвата за Бриги во местото Бригизес кај езерото Болбе, Бриги по долината на Вардар, по горното течение на Црна Река во Пелагонија, на Јадранското крајбрежје и т. н. [20] Сето тоа им дава посебно место и улога, се чини различно од останатите протоисториски заедници во Македонија.

На овие простори тие се присутни во историските времиња но не како во Мала Азија, каде се гледаат паралелите на македонските Бриги. Таму, на сметка на Хетитите, некаде на почетокот на железното време се рашириле Фригијците и го формирале моќното фригиско кралство со престолнина во Гордион и династија која владеела со голем дел од Анадолија, се до наездата на Кимеријците во 680 г. п. н. ера.

Во оваа смисла, непостои задоволителен одговор на прашаето за релациите мегу балканските Бриги и малоазиските Фригијци и за наводните миграции на Бригите во железното време од Македонија во Мала Азија или обратно.

Во секој случај нашиот интерес се групите на Бриги во Македонија и идентификацијата на нивните културни остатоци. Доселувањето на Бригите во Македонија се смета дека се случило уште во митските времиња и најверојатно во рамките на мешаните движења на разните популации, некаде околу и после Тројанската војна. Поедини автори ги поврзуваат со освојувањата и рушењата на Долновардарските населби кон крајот на Бронзеното време и Преодниот период и ги сметаат за носители на т. н. лужичка култура во Македонија.

Елементите на оваа, во секој случај недоволно разјаснета култура, наводно по моравско- вардарската долина (преку Медијана), во 12 век п. н. ера продреле во деловите на Јужен Балкан, се рашириле во Албанија, Северен Епир и Македонија, како израз на

---

[20] Mikulčić I. 1966,11; Кацаров Г.1922,9

населувањето на европските фригијци или Бриги. Најдалеку во ваквите претпоставки, а без доволна археолошка, материјална поткрепа, има отидено историчарот Хамонд.[21]

Тргнувајќи од податоците на Херодот и Страбон, а на основа богатството и карактерот (според него "лужички") на раните наоди од некрополата во Вергина, Хамонд ги препознава европските Бриги - Фриги. На истиот начин Фригијците ги поврзува и со останатите македонски наоѓалишта од 12 до 8 век п. н. ера, од Јадран на запад до Солунскиот Залив на исток. И не само тоа. Истиот автор издвојува два периоди на фригиска доминација во овој дел на Балканот. Како ранонофригиски период го одбележува времето од 1150-950 година п. н. ера - време на полна фригијска моќ изразена преку повеќе независни кнежевства и некрополите како: Вергина во Ботиаја, Патели во Еордаја, Висои-Беранци во Пелагонија, Барч во Десаретија, Пазок кај Елбасан и Водхин кај Ѓирокастро.

Времето од 950-800 год. го определува како втор фригиски период во кој фригите ја губат територијата северно од Охрид и реката Шкумба на сметка на продорот на Илирите од север, за да помеѓу 800 и 700 година ја напуштат Македонија и се преселат во Мала Азија. Со тоа, смета Хамонд, Македонија била отворена за инвазија на Илирите (меѓу нив Дарданците веќе ја контролирале езерската област), а нови илирски центри на моќ наводно биле Вергина и Гевгелија.[22]

Ваквите интерпретации, базирани главно на античките извори и очигледно поткрепени со недоволното познавање на географијата, топографијата и археолошката ситуација (посебно бројните нови наоди) во Македонија само ги потврдува неограничените можности за спекулации по прашањето на Бригите.

---

[21] Hammond N. G. L 1982, 642-656

[22] Ibidem, 651-655

Од друга страна, во последно време се интензивираат лингвистичките проучувања кои нудат се повеќе материјал за идентификација на остатоците од фригискиот јазик. Со овие проучувања доаѓа до израз блискоста и сродноста меѓу Бригите како протофригиска популација и Пајоните. Во исто време многу посериозно се гледа и на поедини антички податоците. Така, уште Хомер забележал дека Мигдон бил фригиски херој, а Страбон дека Мигдоните биле фригиско племе кое ја напуштило Европа (Мигдонија е областа меѓу Долен Вардар и Струма). Ако на ова се надоврзат познатиот податок кај Плиние Nat. Hist. IV, 10, 35) дека Мигдоните биле од пајонски род или генаологијата на Аполодор по која Мигдон бил син на Пајон (II, 5, 9) како и податокот на Страбон (VII, 38) дека Пајоните биле поврзани со Фригијците и блиски до Пелагонците тогаш станува јасна позицијата на Бригите во однос на Пајонците, што палеолингвистиката успешно ја докажува.

Извесни лингвисти инсистираат на блискоста меѓу пајонскиот и фригискиот јазик, чии што корени се во заедничкиот т. н. дакомизијски или протофригијски слој.[23] Остатоци од тој јазик, најповеќе во форма на лични имиња се откриени главно на просторот на Југоисточна Албанија, Северозападна Грција, Пелагонија, Пајонија , Дарданија и Мала Азија.[24] Ако на ваквите лингвистички проучувања, се надоградат резултатите од археолошки истражувања, посебно анализата на погребувањето кај протоисториските заедници, се чини возможно заокружувањето на сликата за Бригите во Македонија и нивната археолошка идентификацијата.

Во текот на преодниот период, како нова појава се сретнавме со некрополи со спалени покојници во урни од типот на Клучка-Хиподром, кои едно време биле во паралелна употреба со

---

[23] Papazoglu F. 1974, 59-73

[24] Петрова Е. 1991, 71

скелетните некрополи како онаа во Димов Гроб-Уланци. Археолошките вредности ги врзуваат овие некрополи со спалување, со сродните на нив наоѓалиштата на север од Македонија долж Поморавјето до Карпатско-долнодунавскиот регион. Тие се израз на продорот на одредени северни елементи на југ или кажано со јазикот на палеолингвистите на мигрирањето на дел од дакомизијската или протофригиска популација по моравско-вардарскиот пат како западна гранка во нивните миграции. Во исто време археолошки е документирана и источната гранка која ги поврзува наоѓалиштата од т.н трансбалкански хоризонт (Пловдив, Зимниче, Черковина), и која завршува во Мала Азија, од каде и сродните манифестации во погребувањето на така широк простор и востановените релации Балкан-Мала Азија.

Во овој случај нас не интересира продорот на овие протофригиски заедници - носители на спалувањето во преодниот период, бидејќи токму во нив можат, по сите археолошки критериуми да се препознаат Бригите во Македонија. Спалувањето е стандардниот ритуал на погребување кај т.н. дакомизијски заедници, а во Македонија буквално се наслојува на пајонскиот начин на скелетно погребување во цисти, меѓутоа никогаш не се јавуваат во иста некропола и со ист материјал. Носителите секако биле странци дојдени од север кои покрај спалувањето носат и нов севернобалкански материјал во кој доминира т.н. канелирана керамика. Последиците од нивниот продор биле почувствувани долж Повардарјето, каде кон почетокот на 11 век п.н.е. ги палат и конечно уриваат старите бронзенодопски населби.

Обичаите и материјалот што го донеле освојувачите, покрај во некрополите со урни најдобро се документиран во спалените слоеви во долновардарските населби (Вардино, Вардарофца, Кастанас и тд.), каде животот сепак бил обновен, за разлика од населбата во Уланци, но по новите балкански критериуми.

Овие протофригијци, кои веќе можеме да ги именуваме како Бриги, го предизвикале падот на културното ниво и длабоката

балканизација на претходната, ранапајонска култура во која биле на широко ползувани придобивките од егејското (доцномикенско) време.

Освојувачите, чие извориште било некаде во рудоносните карпатско долноподувки регион и во чија економика најзначајно место заземала металургијата, од Повардарјето се рашириле во регионите со рудни лежишта. Веројатно затоа се среќаваат на мошне широка територија, на различни места како енклави, а не како организирана заедница со поцврсто одредена територија.

Во правец на ваквите размислувања, а во склад со пишаните извори, на различни места долж Повардарјето можат да се идентификуваат බригиски остатоци во преодниот период. На север, тоа е некрополата Клучка-Хиподром кај Скопје, потоа наодите под Југозападната римска некропола во Стоби, се до Долното Повардарје, поточно во регионот на старата Мигдонска област. Таму ја знаеме сродната некропола со спалени покојници во Палео Геникокастро кај Кукуш, со нешто подлабока хронологија, до некаде околу 10-9 век пр. н. ера. Сепак, како туѓински елементи без корен во домашната култура, спалувањето на пајонската територија брзо исчезнува.

Слично се случувало и со останатите бригиски некрополи со спалени покојници во Пелагонија (Варош-Прилеп, Меѓитлија, Кравари), додека нивна најјака концентрација се открива во Корчанскиот регионот. Истите манифестации во врска со спалените гробови и типови на урни, кои на пајонско-пелагонска територија уште во текот на преодниот период излегле од употреба, таму, во локалната средина на "племињата позади Епидамнос до Кераунските Планини, непосредно до Енхелејците" (според Страбон) продолжиле да живеат и низ железното време. Присуството на Бриги во овој регион бил секако најјако и најдолготрајно, а со тоа и нивните траги најдлабоки. Така, гробовите со спалување во Барч, од преодниот период, а потоа и урните од тумулите во Кучи Зи од железното време можат да се сметаат за бригиски културни манифестации. И не само тоа, готово извесно и пресудното било учеството на бригиските елементи во создавањето на карактеристичната мат боена керамика од

т. н. Деволски или Бубушти-Трен тип.

Со најновите истражувања во Албанија веќе се коригира хронологијата на оваа керамика за која сепак нема доволно потврди дека би била постара од 12 век пр. н. ера. Оваа керамика, иако блиска до повардарската (пајонска) мат боена керамика од доцното бронзено време и преодниот период, сепак има посебни особености, а по својата декорација и синтакса битно се разликува и од протогеометриската и геометриска грчка керамика. Далеку е поблиска до Јужноиталската керамика и фригискиот геометриски стил, каде е всушност и неспорно на некој начин бригиското присуството.[1] Само ќе потсетиме дека оваа керамика во текот на Железното време се шири меѓу другото и во Јужна Пелагонија, преку Еордаја (Патели) до Термајскиот залив, што претставува всушност ширење на бригиските влијанија и уметност долж главната македонска комуникација, трасата на идната Виа Егнација. Со време таа бива прифатена како бригиска придобивка во општата железнодопска култура на западномакедонските заедници.

* * *

На крајот, после етничката и историска интерпретсција, како заклучок ќе ги заокружиме изнесените согледби во форма на две генерални карти.

На првата карта (Карта 1) е претставена распространетоста на протоисториските некрополи. Нумерацијата го следи, поточно е произлезена од Каталогот на некрополи, кој е подреден по азбучен ред

На втората карта (Карта 2) е претставено простирањето на протоисториски заедници во Македонија, кои на основа сите манифестациите и разликите во сферата на погребувањто, а во согласност со пишаните извори можеа да се препознаат. Картата се однесува на времето до околу 500 година пр. н. ера или до владеењето на македонскиот крал Александар I.

---

[1] Bouzek J.1986,127

СПИСОК НА ФОТОГРАФИИ

1. Дел од некрополат Клучка, Хиподром кај Скопје
2. Дел од некрополата Водовратски Пат, село Водоврати кај Градско
3. Дел од некрополата Димов Гроб, село Уланци кај Градско
4. Просторот за спалување на некрополата во Хиподром кај Скопје
5. Гробот 3 од Хиподром кај Скопје; а)теренска ситуација б) после конзервацијата на урната и капакот
6. Гробни конструкции од некрополата во Водоврати кај Градско
7. Гробот 15 од Водоврати кај Градско
8. Гробот 17 од Димов Гроб-Уланци кај Градско
9. Дел од некрополата во Уланци кај Градско
10. Гроб-могилка од некрополата Милци кај Гевгелија
11. Дел од некрополата во Дедели кај Валандово
12. Гробови-питоси од: а)Дедели, Валандово б)Сува Река, Гевгелија
13. Гробови од некрополата Дубиче, Волково кај Скопје
14. Дел од некрополата Дубиче, Волково кај Скопје
15. Остатоци од железнодопскиот тимул во основата на Могила III од Куново Чуки, Оризари кај Кочани
16. Дел од некрополата Дабици, село Сопот кај Т. Велес
17. Тумулот III од некрополата во Сопот кај Т. Велес
18. Макета на тумулот во Висои, село Беранци кај Битола
19. Неколку карактеристични форми накит од железното време
20. Влезот во комората од монументалната гровница во Вразда кај Скопје




1




2

населба



3



4




а



б

5




6




7




8






10




11




а




б

12



а



б



в

13



14



15



16




17



18



19



20

# Б И Б Л И О Г Р А Ф И Ј А


Alexander J. 1965 - The spectacle fibulae of Southern Europe, AJA 69, 1965

Алексова Б. 1954 - Археолошки наоѓалишта по долниот тек на река Тополка, ГМКДТ, Скопје 1954

Aliu S. 1985 - Aspects de la culture illyrinne des VII-V siecles av. n. ere dans la regione Kolonje, Iliria XV-2, Tirana 1985

Amandri P. 1953 - Collection Hellene Stathatos. Les bijoux antiques, Strasbourg 1953

Anderson S. 1973 - Early Burials from The Agora Cemeteries, ASCS Athens - Princeton, New Jersey 1973

Andrea Ž. 1976-a - La civilisation des tumuli de bassin de Korce, Iliria IV-1, Tirana 1976

Andrea Ž. 1976-b - Tumat e Kucit te Zi, Iliria VI, Tirana 1976

Andrea Ž. 1981 - La necropole de Germenj (Lushnje), Iliria 1, Tirana 1981, 219-227

Andrea Ž. 1988 - Tombes des periodes antique et medievale a Germenj, Iliria 1, Tirana 1988

Andrea Ž. 1993 - Aspects des relations entre L,Albanie et la Macedoine durant l,age de fer, Ancient Macedonia V-1, Thessaloniki 1993

Andronikos M. 1961 - An Earli Iron Age cemeteri at Vergina near Beroea, Balk. Stud. 2, 1961

Andronikos M. 1969 - Vergina I. To nekrotefeion ton timvon, Atina 1969

Andronikos M 1970 - Excavations at Vergina-Presentation of the final report, Ancient Macedonia I, Thessaloniki 1970

Andronikos M. 1982 - Vergina. The royal tombs and Ancient City, Athens 1982

Andronikos M. 1988 - Vergina - The excavation of 1987, To Apxaiologiko epgo etn Makedonia kai Qrakn 1, Qessaloniki, 1988

Aslanis I. 1992 - Die Kulturelle stellung Zentralmakedoniens in der Vorgeschichte unter dem einfluss seinernaturgrenzen, Balcanica XXIII, Beograd 1992

Babić S. 1990 - Graeco - barbarian contacts in the Early Iron Age in the Central Balkans, Balcanica XXI, Beograd 1990

Berciu D.,Comsa E. 1956 - Sapaturile de la Balta-Verde si Gogosu, Mat. Cerc Arh. 2, Bucarest 1956

Bernard P. 1964 - Ceramique de la premiere moitie du VII s. a Thasos, BCH 88, 1964-1

Битракова В. 1985 - Споменици од праисторискиот и антички период. Охрид и Охридско низ историјата, Кн. 1, Скопје 1985

Битракова Гроздaнова В. 1987 - Споменици од хеленистичкиот период во С. Р. Македонија, Скопје 1987

Bitrakova Grozdanova V. 1988 - Antička i srednovekovna nekropola "Delagožda", Arheološki pregled 28, Ljubljana 1988

Bitrakova-Grozdanova V. 1993 - La necropole antique de Delagožda et sa chronologie, Ancient Macedonia V-1, Thessaloniki 1993

Boardman J. 1952 - Pottery from Eritria, BSA XLVII, 1952

Boardman J. 1974 - Greeks Overseas, London 1974

Boardman J. 1982 - The islands (Euboea, The Cyclades, Crete), CAH Vol. III-1

Boardman J. 1982 - The Geometric culture of Greece, CAH Vol.III/1,779

Bodinaku N. 1982 - Varreza tumulare e Pazhokut, Iliria 1, Tirana 1982

Bodinaku N. 1990 - Sur origin et de porteurs de la ceramique peinte mate de l,age du bronze recent et du fer, Iliria 2, Tirana 1990

Бонев А. 1988 - Тракија и егеискијат свјат през втората половина на II хилјадолетие пр. н. е, Раскопки и проучванија Кн. XX, БАН София 1988

Bouzek J. 1967 - Balkanische elemente in spatmykenischen und geometrischen Griechenland, Acta Antiqua Academiae Scientorum Hungaricae, Budapest 1967

Bouzek J. 1969 - Homerisches Griechenland, Universita Karlova, Praha 1969

Bouzek J. 1973 - Graeco-Macedonian Bronzes, Acta univ. Caroline phil. et hist. Monogr. 49, Praha 1973

Bouzek J. 1973-a - Bronze Age Greece and the Balkans. In R. A. Crossland u. A. Birchall, Bronze Age Migrations in the Aegean, London 1973

Bouzek J. 1974- Macedonian Bronzes. Thier origins, distributions and relation to other cultural groups of the Earli

Iron Age, Pamet. archeol. LXV, Praha 1974

Bouzek J 1974-a - Bronze Age Greece and the Balkans - problems of migrations. First International Colloquium on Aegean Prehistory, Sheffield, London 1974,

Bouzek J. 1985 - The Aegean, Anatolia and Europe: ciltural interrelations in the second millenium, Praha 1985

Bouzek J. 1986 - Macedonia and Thrace in the Early Iron Age, Ancient Macedonia IV, Thessaloniki 1986,

Branigam K. 1974 - Aegean Metalwork of the Early and Middle Bronze Age, Oxford 1974

Vasileva D. 1980 - L,unite de mesure de longueur dans les constructions Thraces. Thracia V, Sofia 1980,

Василева М. 1993 - Некрополата од железното време во с. Рапеш, Maced. Acta Arhaeol. 13, Скопје 1993

Васић Р. 1971-а - Нека питања хронологије старијег гвозденог доба Северног Балкана, Старинар XXII, Београд 1971

Vasić R. 1971-b - The openwork Belts and the Earli Iron Age chronologi in the Northern Balkans. Archaeol. Iugosl. XX, Beograd 1971

Vasić R. 1974 - Bronze iz Titovog Velesa u muzeju Benaki, Ž. A. 24, Skopje 1974

Vasić R. 1974-75 - Eisenzeitlische Funde von Udovo in Macedonien, Acta. praehist. et arch. 5-6, Berlin 1975

Vasić R. 1975 - Donja Dolina i Makedonija, GCBI XIV Sarajevo 1975

Васић Р. 1976 - Нови елементи за проучаване гвозденог доба вардарске долине, Старинар XXVII, Београд 1976

Vasić R. 1982 - Ein Beitrag zu den Dopelnadeln im Balkanraum, Pr. Z. 57-2, Berlin 1982

Vasić R. 1982-a - Prilog proućavanja grčkog oružja, CBI XX, Sarajevo 1982

Васић Р. 1986 - Уметничке тежње на тлу Југославије у гвозденом добу, Старинар Н. С. XXXVII, Београд 1986,

Vasić R. 1987 - Gevgeliska grupa starijeg gvozdenog doba, PJZ V, Sarajevo 1987

Vasić R. 1992 - Pages from the History of the Autariatae and Tribballoi, Balcanica XXIII, Beograd 1992

Venedikov I. 1976 - Larchitecture sepulerale an Thrace, Pulpudeva I,

Sofia 1976

Vickers M. 1977 - Somme earli iron age Bronzes from Makedonia, Arx. Maked. II, Tesaloniki 1977

Vinčić Ž. Ivanovski M. 1981 - Vardarski Rid i Milci kod Gevgelije, Arheološki pregled 22, Beograd 1981

Винчик Ж. 1982 - Археолошка подлога на Кочани, РЗЗСК Скопје 1982

Vokotopulu J. 1982 - L,Epire ou 8 et 7 siecle av JC, Annuario della scuola arch. di Atene e dello mission italique in oriente, Vol. LX, n. s. XLIV, (1982)

Vokotopulu J. 1986 - Vitsa - The cemeteries of a Molossian settlement, Athena 1986

Вулић Н. 1932 - Један нов гроб код Требеништа, ГСНД XI, Скопје 1932

Вулић Н. 1949 - Антички споменици наше земље, Споменик САН 98, 1941-48, Београд 1949

Вучковић-Тодоровић Д. 1959 - Грчки гроб из Демир Капије, Старинар IX-X, Београд 1958-1959

Gabrovec S. 1970 - Dvozankaste ločne fibule, GCBI VIII-6, Sarajevo 1970

Gabrovec S. - Čović B. 1987 - Periodizacija i hronologija, PJZ IV, Sarajevo 1987

Гавела Б. 1978 - Предања и знања о старом Балкану, Београд 1978

Гарашанин Д. 1952 - Из бронзаног доба Македоније, Музеји 7, Београд 1952

Garašanin D. 1954 - Katalog metala, Narodni muzej Beograd, Praistorija I, Beograd 1954

Гарашанин Д. 1957 - Прилог археолошкој документацији велике егејске сеобе, ЗНМ VI, Београд 1957

Garašanin D. 1976 - Razmišljanja o ilirskoj etničkoj interpretacii nalaza iz gvozdenog doba, GCBI XIII, Sarajevo 1976

Garašanin D. 1991 - Origines et mecanisme d,expansion du rite funeraire des la Partie occidentale de la Paninsule Balkanique, Starinar XL-XLI 1989-90, Beograd 1991

Garašanin D. 1991-a - Zum problem der Paioner, I simpozium Illyro-Thrace, Sarajevo-Beograd 1991

Гарашанин М. 1953 - Банат - Српско Подунавље - Керамеикос, Рад Војвођанских музеја 2, Нови Сад 1953

Garašanin M. 1958 - Praistoriski ratnički grobovi iz Prilepa, Vesnik muzeja JNA 5-II, Beograd 1958

Garašanin M. 1960 - Contrabution de l,age de fer macedonian, Ž. A. 10, Skopje 1960

Гарашанин М. 1971 - Ка бронзанодопским основама културе гвозденог доба у Србији и Македонији, Материјали VII, Београд 1971

Гарашанин М. 1954 - Разматрања о македонском халштату, Старинар V-VI, Београд 1955

Гарашанин М., Гарашанин Д. 1958-59 - Археолошка ископавања у селу Радању на локалитету Криви Дол, Зборник на НМШ 1, Штип 1959

Garašanin M. 1962 - Arheološki prilozi problemu Velikih Egejskih Seoba Diadora 2, Zadar 1962

Гарашанин М. 1973 - Праисторијана тлу Србије, Београд 1973

Garašanin M. 1982 - The Early Iron Age in the Central Balkan Area, CAH Vol. III-1

Garašanin M. 1983 - Razvijeno bronzano doba i prelazni period Makedonije, PJZ IV, Sarajevo 1983

Георгиев З. 1978 - Нов халштатски наод од околината на Куманово, Maced. Acta Archaeol. 4, Прилеп 1978

Георгиев З. 1980 - Карактерот и значењето на вонгробните наоди во јужноповардарските некрополи од железното време, Maced. acta. archaeol. 6, Скопје 1980

Георгиев З. 1981 - Праисториски наоди од Кочани и прашање на рамните некрополи по Брегалница, Г. З. на Фил. Фак. 7, Скопје 1981

Георгиев З. 1982 - Архајски тоалетни реквизити од Долното Повардарје, Г. З. на Фил. Фак 8, Скопје 1982

Георгиев З. 1984 - Елементи на раната антика во Долното Повардарје, Г. З. на Фил. Фак. 2, Скопје 1984

Георгиев З. 1987 - Необјавени и нови наоди од Повардарјето, Г. З на Фил. Фак. 14, Скопје 1987

Георгиев З. 1988 - Рачно изработуваната керамика од долноповардарските некрополи, Maced. acta archaeol. 9, Скопје 1988

Georgieva R. 1991 - Les relations citurelles dans l,interfluve du Vardar et de la Struma au premier age du Fer, I Symposium Illyro-Thrace, Sarajevo-Beograd 1991

Gergova D. 1987-a - Fruh und alteneisenzeitlische Fubeln in Bulgarien PBF XIV-7, Munchen 1987

Gimbutas M. 1965 - Bronze Age Cultures in Central and Eastern Europe, Paris, Den Haag, London, 1965

GhaliċKahil L. 1960 - La ceramique grecque (Fouilles 1911-1956). Etudes thasiennes, Ecole francaise D, Athenes, Paris 1969

Господари сребра - Гвоздено доба на тлу Србије, (Каталог), Народни Музеј Београд, Београд 1990

Grammenos D.1979 - Late Bronze Age tombs and other antiquities in the Region of Nevrokopi (Nome of Drama), Arch.Epfemeris 1979

Grammenos D.1982 - Bronzezeitliche Forschungen in Ostmakedonien, Sudosteuropa zwischen 1600 - 1000 v.Chr, PAS Band 1, Berlin 1982

Delev P. 1984 - The cult of dead in Thrace and Mycenaean Greece, Contrabution au IV Congres International de Thracologie, Sofia 1984

Delev P. 1984 - La culture megalithique Thrace, Dritter Internationaler Thracologischer kongress II, Sofia 1984

Делев Неделчев П. 1986 - Ранотракииски погребални обичаи вјарванија, Автореферат на дисертацийа, Софија 1986

Das Mykenische Hellas heimatder helden Homers - Katalog, Athen 1988

Desborough A. V. R 1952 - Protogeometric Pottery, Oxford 1952

Desborough A. V. R. 1964 - The Last Mycenaeans and their Successors, Oxford 1964

Desborough A. V. R. 1972 - The Greek Dark Ages, London 1972

Drechler-Bižić R. 1976 - Porijeklo lučnih ednopetljastih fibula u Japoda, GCBI XIII, Sarajevo 1976

Георѓиевски Б. 1993 - Праисториски градишта од Куманово, Maced. acta Archaeol. 13, Скопје 1993

Đuknić M., Jovanović B. 1965 - Illirian Princely Nekropolis at Atenica, Archeol. Iugosl. VI, Beogad 1965

Ђукнић М., Јовановић Б. 1966 - Илирска кнежевска некропола у Атеници, Чачак 1966

Ђурић Н. 1985 - Налази гвозденог доба из околине Ниша, ЗНМН 1, Ниш 1985

Edson F. Ch. 1970 - Early Macedonia, Ancient Macedonia I, Thessaloniki 1970

Zotović M. 1985 - Arheološki i etnički problemi Bronzanog i Gvozdenog doba Zapadne Srbije, Dissert. et monogr. Tome XXVI,

Beograd 1985

Jacobsthal P.1953 - Greek Pins, Oxford 1953

Jantzen U. 1953 - Geometrische Kannenverschlusse, AA Berlin 1953

Jevtić M.1983 - Keramika starijeg gvozdenog doba u centralnom balkanskom području, Beograd 1983

Јевтић М.1990 - Праисториска некропола у Пироту - прилог познавању брњичке групе, Гласник САД 6, Београд 1990

Јовановић Б.1972 - Подунавска индустрија бронзе и остава из Тополнице, Старинар XXI, Беоггрaд 1972

Jovanović B. 1979 - Atenica i kneževski grobovi na Glasincu, Sahranjivanje kod Ilira, SANU Beograd 1979

Јосифовска Б. 1963 - Извештај за заштитното ископуване на една халштатска гробница од село Живојно, ГЗФФ 15, Скопје 1963

Јурукова Ј.1992 - Монетите на тракииските племена, Софија 1993

Katincarov R. 1980 - Les Rites funeraires pendant l,age du Bronze en Bulgarie, Thracia V, Sofia 1980

Katincarov R.1982 - Sur la synhronisation des civilisations de l,age du bronze ancien en Thrace et dans la region d,Egee et Anatolie, Pulpudeva 3, Sofia 1982

Katičić R. 1977 - Enhelejci, GCBI 13, Sarajevo 1977

Кацаров Г.1921 - Пеонија-Принос км старата етнографија и историја на Македонија, Софија 1921

Керамидчиев А. 1990 - Једно грандиозно дело старе рударске експлоатације у долини Конске Реке,Зборник радова музеја рударства иметалургије Бор, Кн. V-VI, Бор

Kilian-Dirlmeir I.1979 - Anhanger in Griechenland von der mykenischen bis zur spatgeometrischen Zeit, PBF XI-2, Munchen 1979

Kilian-Dirlmeir I.1984 - Die nadeln der einsenzeit in Albanie, Iliria 1, Tirane 1984

Kilian-Dirlmeir I.1984-a - Nadeln der fruhhelladischen bis archaischen Zeit von der Peloponnes, P.B. XIII-8, Munchen 1984

Kilian K.1975-a - Trachzubehor der Eisenzeit zvischen Agais und Adria, Pr.Z 50, Berlin 1975

Kilian K.1975-b - Fibeln in Thessalien von der mykenischen bis zur

archaischen Zeit, PBF XIV-2, Munchen 1975

Kilian K. 1976-a - Zur Fruheinseizeit in Albanien, Iliria IV-1, Tirana 1976

Kilian K. 1976-b - Bosnische-Hersegovinische Bronzen Der Eisenzeit II Aus Greichenland, CBI XIII-11, Sarajevo 1976

Kilitanova-Komitova J. 1985 - Burial customs and rituals as evidenced in thracian nekropolises in the regions of the greek colonies of thewestern black sea coast, Thracia VII, Sofia 1985

Китаноски Б. 1961 - Два гроба из старијег гвозденог доба код Прилепа, Старинар н. с. XI, Београд 1961

Китаноски Б. 1976 - Неколку праисториски наоди од Прилеп, Maced. acta archeol. 2, Прилеп 1976

Китановски Б. 1978 - Ранобронзенодопски гробови од Варош кај Прилеп, Maced. acta archaeol. 4, Прилеп 1978

Kitanoski B. 1980 - Eden del od sodrzinata na keramickoto depo od Varos kaj Prilep, Situla 20-21, Ljubljana 1980

Китаноски Б. 1983 - Праисториско керамичко депо од Варош кај Прилеп, Maced. acta archaeol. 6, Skopje 1983

Кокик К. 1926 - Праисториски гробови код Прилепа, ГСНД I/2, Скопје 1926

Korkuti M. 1981 - Le tumulus de Patos, Iliria 1, Tirana 1981

Корошец Ј. 1956 - Заштитна истраживања у Демир Капији 1948 године, Зборник на Арх. Муз. 1, Скопје 1956

Koukouli Chaido Ch. 1982-a - Late Bronze Age in Eistern Macedonia, Thracia Praehistorica Pulpudeva 3, Sofia 1982

Koukouli Chaido Ch. 1982-b - Die Fruhe Eisenzeit auf Thasos, Sudosteuropa zwischen 1600-1000 v. Chr, PAS Band 1, Berlin 1982

Koukouli Chaido Ch. 1993 - Η Πρωιμη Εποξη τοθ Σιδηρου στην Ανατολικη Μακεδονια, Αρχαια Μακεδονια V - 1, Θεσσαλονικι 1993,

Kroll J. H. 1983 -Die Pflanznfunde, Kastanas Band 2, Berlin 1983

Крстић Д. 1992 - Праисториске некрополе у Доњој Стражави, Зборник НМБ XIV-1, Београд 1992

Кузман П. 1983 - Збирниот наод од Лозишта кај Речица, Лихнид 5, Охрид 1983

Кузман П. 1985 - Три челусти и Вртулка, Охрид 1985

Кузман П. 1988 - Прилог кон проучувањето на некрополата од железното време кај Радолишта близу Струга, Maced. acta archaeol. 9, Skopje 1988

Kurtz D. C., Boardman J. 1971 - Greec Burial Customs, London 1971

Лахтов В., Кастелиц Ј. 1957 - Нови истражувања на некрополата "Требениште" 1953-1954, Лихнид 1, Охрид 1957

Lahtov V. 1965 - Problem trebeniške kulture, Ohrid 1965

Lahtov V. 1965-a - Ilirskiot borečki grob od selo Rečica i problemot na grčko-ilirskiot šlem, Situla 8, Ljubljana 1965

Les civilisations prehistoriques de la Morava et de la Serbie Orientale (Garašanin M.) - Katalog, Niš 1971

Летица З. 1981 - Пештер у бронзано и гвоздено доба, Старинар XXXII, Београд 1981

Lisičar P. 1953 - Legenda o Kadmu, Ž. A. III, Skopje 1953

Luci K. 1984 - Nova grupa grobova na praistoriskoj nekropoli u Donjoj Brnjici, GMK XIII-VIV, Priština 1984

Maier F. 1956. - Zu einigen Bosnisch-hercegovinischen Bronzen in Griechenland, Germanija 34, Berlin 1956

Манавска В. 1982 - Историческа географија на тракиските племена по Горна Струма в предримско време, Expeditio thracica 2, БАН, Софија 1982

Mano Zisi Đ. 1969 - Novi Pazar. Iliro - grčki nalaz, Beograd 1969

Marinatos S. 1970 - Mycenaean Elements within the Royal Houses of Macedonia, Ancient Macedonia I, Thessaloniki 1970

Marić Z. 1964 - Donja Dolina, GZM 19, Sarajevo 1964

Мачкик П. Симоска Д. Трбуховик В. 1961 - Ранохалштатска некропола на локалитету Сарај у Броду, Старинар н. с. XI, Београд 1961

Микулчик И. 1959 - Извештај са пробног ископавања халштатске некрополе код села Стар Караорман, Зборник Н. М. Штип 1, Штип 1959

Микулчик И. 1960-61 - Могили од Орлова Чука кај село Стар Караорман, Зборник на Н. М. Ш. 2, Штип 1960

Микулчик И. 1962-63 - Илиро-архајски гробови из околине Штипа,

Старинар XIII-XIV, Beograd 1963

Микулчик И. 1964-5 - Једна хеленистичка некропола из околине Битоља, Старинар н. с. XV/XVI, Београд 1965

Микулчик И. 1965 - Архајске некрополе Јужне Пелагоније, Старинар н. с. XV\XVI, Београд 1965

Mikulčić I. 1966 - Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza, Skopje-Beograd 1966

Микулчик И. 1971 - Кон проблемот на предримското население во Скопско, Историја VII-2, Скопје 1971

Микулчик И. 1971-а - Територија Скупа, Ж. А. XXI-2, Skopje 1971

Микулчик И. 1972 - Једна античка некропола из околине Битоља, Старинар XXI, Београд 1972

Микулчик И. 1979 - Неилирски налази међу скупским налазима на прелазу из предримског у римско доба, Сахрањивање код Илира, САНУ кн. 8, Београд 1979

Mikulčić I. 1981 - Nekoi novi momenti od istorijata na Stobi, SAS III, Titov Veles 1981

Микулчик И. 1982 - Скопје со околните тврдини, Скопје 1982

Микулчик И., Соколовска В., 1990 - Гробница во Бразда кај Скопје, Maced. acta archaeol. 11, Скопје 199o

Микулчик Г. 1990 - Кантароси и скифоси од Гробницата во Бразда, Maced acta archaeol. 11, Скопје 1990

Miller S. 1989 - Les tumuli helladiques: Ou? Quand? Comment?, BCH CXIII, Athenes 1989

Miller S. 1992 - The Tomb of Lyson and Kallikles: A Painted Macedonian Tomb, Mainz 1992

Miller S. 1994 - Helenistic Burial Mounds in Macedonia, Problems and questions, I Simpozium for Burial Mounds, Kazanlak 1994

Milojčić V. 1949 - Dorische Wanderung im Lichte der vorgeschchlichen funde, A. Anz. 63-64, Berlin 1948-49

Mirdita Z. 1979 - Korčanska kotlina u kontekstu ilirske kulture, Sahranjivanje kod Ilira, SANU, Beograd 1979

Mitrevski D. 1986 - Kunovo Čuki-nekropola starijeg gvozdenog doba i kasne antike, AP 27, Ljubljana 1986

Mitrevski D. 1987 - Bow fibulae from Iron Age sites in the Vardar Valley, Archaeol. Iugosl. 24, Ljubljana 1987

Митревски Д. 1988-а - Карактеристични форми на Македонски бронзи од наогалиштата по долината на Вардар, Maced. acta archaeol. 9, Скопје 1988

Митревски Д. 1988-б -Железнодопскинаоди од Виница, Култ. Наслед. 12-13, Скопје 1988

Митревски Д. 1990 - Куново Чуки кај Оризари - Могила II, Maced.acta archaeol.11, Скопје 1980

Митревски Д. 1991 - Дедели-некропола од железното време во Долно Повардарје, Скопје 1991

Митревски Д 1992 - Прилог кон познавањето на Долновардарската - пајонска група на железното време, Maced.acta archaeol 12, Skopje 1992

Митревски Д. 1993 - Железно време во Македонија, Водич на ММ, Скопје 93

Mitrevski D. 1994 - Tumulus Burial in Macedonia, I Simpozium for Burial Mounds, Kazanlak 1994

Muller-Karpe H. 1962 - Zur Spatbronzezeitlichen Bewaffnung in Mitteleuropa und Griechenland, Germania 40

Mylonos G. 1933 - Pre-persianpottery from Olintus, Vol. V, Baltimore 1933

Палавестра А. 1984 - Кнежевски гробови старијег гвозденог доба на Централном Балкану, САНУ кн. 19, Београд 1984

Palavestra A. 1992 - Amber beads of Tiryns type, Balkanica XXIII, Beograd 1992

Panayotov I. 1980 - Bronze Rapiers, Swords and Double axes from Bilgaria, Tracia V, Sofia 1980

Pantermali - Poulaki E. 1986 - Olimpus 3: An old story, Archaeologists speak about Pieria, Athene 1986

Pantermalie - Poulakie E. 1991 - Excavations on mount Olympus, TO ΑΡΗΧΑΙΟΛΟΓΙΚΟ ΕΡΓΟ ΣΤΕ ΜΑΚΕΔΟΝΙΑ ΚΑΙ ΘΡΑΚΗ, 2, Thessaloniki 1991

Панов М. 1976 - Географија на С. Р. Македонија, Скопје 1976

Papazoglu F. 1974 - Sur quelques noms "Thraces" en Illyrie, GCBI 12, Sarajevo 1974

Papazoglu F. 1969 - Srednjebalkanska plemena u predrimsko doba Dijela CBI XXX, Sarajevo 1969

Паровић-Пешикан М. 1961 - О карактеру грчког материјала на Гласинцу, Старинар н. с. XI, Београд 1961

Parović-Pešikan M. 1982 - Grčka mahaira i problem krivih mačeva GCBI

22-18, Sarajevo 1982

Паровић-Пешикан М. 1985 - Неки нови аспекти продора грчке културе на Централни Балкан, Старинар XXXVI, Београд 1985

Паровић-Пешикан М. 1986 - Одраз грчких керамичких облика у керамици старијег гвозденог доба централног Балкана, Старинар XXXVII, Београд 1985

Parović-Pešikan M. 1981 - Finds of Mycenaean pottery imported into Macedonia, Archeol. Iugosl. XX-XXI, Beograd 1981

Паровић-Пешикан М. 1991 - Печка Бања и импортирана грчка керамика из кнежевских гробница, Старинар XL-XLI, Београд 1991

Паровић-Пешикан М. 1992 - Једна мање позната група импортоване грчке керамике код нас, Зборник НМБ XIV-1, Београд 1992

Пашик-Винчик Р. 1972 - Археолошка испитивања на локалитету Орлова Чука код села Стар Караорман, Старинар XXI, Beograd 1972

Пашик Р. 1977 - Археолошки истражувања на локалитетот Сува Река во Гевгелија, Maced. acta archaeol. 3, Прилеп 1977

Пашик Р. 1978 - Археолошки испитувања на локалитетот Сува Река во Гевгелија, Зборник на Арх. Муз. Скопје 8-9, Скопје 1978

Пашик Р. 1978-а - Бронзени предмети од околината на Скопје, Maced. acta archaeol. 4, Прилеп 1978

Pašić R., Mitrevski D. 1986 - Dedeli - nekropola starijeg gvozdenog doba, AP 26-1985, Ljubljana 1986

Pašić R., Vinčić Ž., Ivanovski M. 1981 - Milci-Gevgelija železnodopska nekropola, AP 22, Beograd 1981

Пашик Р. и други 1987 - Некрополата Милци кај Гевгелија, Култ. Наслед. 10-11, Скопје 1987

Петачки Ѓ. 1986 - Дабици - некропола од постаро железно време, Арх. Преглед 26, Љубљана 1986

Петрова Е. 1991 - Пајонските племиња и пајонското кралство во II и I милениум пред н.е., Maced. acta archaeol. 12, Skopje 1991

Петрова Е. 1993 - Култовите и симболизмот кај пајонските племиња компарирани со илирските и тракиските, Maced. acta archaeol. 13, Скопје 1993

Pingel V. 1970 - Eisenzeitlische Graber von Dedeli und Mravincain Jugoslavisch-Makedonien. Marburger Winckelmanns

Programm, Berlin 1970

Podzuweit C.1979-a- Spatmykenische keramik von Kastanas, Jahr.der RGZM 26. Mainz 1982

Podzuweit C.1979-b - Neuere Fruhtrojanische funde in Nortwestanatolien und Griechenland, Jahr.der RGZM 26, Mainz 1982

Podzuweit C.1982 - Die Mykenische welt und Troja, Sudosteuropa zwischen 1600-1000 v.Chr, PAS Band 1, Berlin 1982

Podzuweit C.1986 - Der Spatmykenische einfluss in Makedonien, Ancient Macedonia IV, Thessaloniki 1986

Popov R. 1917-b - Hallstattzeitlische Graberfunde aus Gewgeli, Pr.Z. 9, Berlin 1917

Попов Р. 1918 - Гробни нахотки од халштатската епоха.СБАН 16, Софија 1917

Поповић Љ. 1958 - Радолишта (Прилог проучавању илирско - грчке културе у Македонији),Зборник радоба Народног Музеја Београд 1,Београд 1958

Поповић В. 1966 - О пореклу грчких архајских предмета из некрополе Требеништа са посебним осбртом на проблем златних маски, Старинар XV-XVI , Београд 1966

Праисторија во Македонија (Санев и др.) 1976 - Каталог, Скопје 1976

Праисторија во Централна Пелагонија (Симоска Д.,Санев В.) 1976 - Каталог, Битола 1976

Prendi F - Budina D.1970 - La culture illyrienne de la vallee du Drino, Studia Albanica 2 (ili vo Studime historike 1971-2), Tirana 1970

Prendi F.1978 - L,age du bronze en Albanie, Iliria 7-8, Tirana 1978

Prendi F.1982 - Die Bronzezeit und der beginn der Eisenzeit in Albanien, Sudosteuropa zwischen 1600-1000 v.Chr, PAS Band 1, Berlin 1982

Prendi F.1982-a - The Prehistory of Albania, CAH Vol. III-1

PW RE IV, 1901 - s.v. Deinomenes,7,2394-2395

Radt W.1974 - Die fruheisenzeitlische Hugelnekropole bei Vergina in Macedonien, PBF XX-1, Munchen 1974

Радојчић С.1933-Менада из Тетова, ГСНД XII, Скопје 1933

Ray L.1932 - Bohemitsa, Albanija IV, Pariz 1932

Ристов К. 1993 - Сува Река - Гевгелија, Maced. acta archaeol. 13,

Скопје 1993

Robinson M. 1941 - Excavation at Olintus, Part X, Metal and Minor Miscellaneous finds, Baltimor 1941

Rutter J. 1977 - Pottery and some Historical Implikations, Symposium on the Dark Ages in Greece, New York 1977

Savopoulu Th. 1988 - An early Iron Age cemetery at Palio Gynaikokastro Of Kilkis, To Apxaioлoгiko epго eтн Македонiа k Θрakn 1, Θεssaлoniki 1988

Savopoulu Th. 1991 - New evidence from the cemetery of Palio Gynaikokastro, To Apxaioлoгiko epгo eтн Македонiа kai Θрakn 2, Θεssaлoniki 1991

Sakkellarakis J. A. -Marić Z. 1975 - Zwei Fragmente mykenischer Keramik von Debelo Brdo in Sarajevo, Germania 53, 1975

Sakellarakis S. 1978 - Die Fibeln der griechischen Inseln, PBF XIV-4, Munchen 1978

Sandars N. K. 1963 - Later Egaean Bronze Swords, AJA 67-2

Sanders N. K. 1978 - The Sea Peoples, Warriors of the ancient Mediterranean 1250-1150, London 1978

Санев В. 1978 - Могилите од Куново Чуки кај село Оризари, Кочанско, Зборник на Арх. Музеј IX, Skopje 1978

ΣΙΝΔΟΣ - ΚΑΤΑΛΟΓΟΣ ΤΗΣ ΕΚΘΕΣΗΣ, ΑΡΗ. ΜΟΥΣΕΙΟ ΘΕΣΣΑΛΟΝΙΚΗΣ 1985

Slavković-Đurić N. 1964 - Ilirski tumuli kod Suve Reke, GMKM 9, Priština 1964

Smit D. W. 1989 - Mycenaean Penetration into Northern Greece, Thracians and Mycenaeans, Leiden - Sofia 1989

Snodgrass A. M. 1971 - The Dark Age of Greece, Edinburgh University Press, Edinburgh 1971

Snodgrass A. M. 1982 - Central Greece and Thessaly, CAH Vol. III-1

Соколовска В. 1986 - Исар-Марвинци и Повардарјето во античко време, Скопје 1986

Соколовска В. 1990 - Пајонското племе Агријани и врските со Дамастион, Maced. acta archaeol. 11, Skopje 1990

Sokolovska V. 1992 - Die materielle Kultur der Agrianer in der Fruhen Antike, Balcanica XXIII, Beograd 1992

Соколовска В. 1993 - Раноантичка сива керамика во Македонија, Maced. acta Archaeol. 13, Скопје 1993

Соколовска В. 1993-а - Прилог кон проучувањето на Западна Македонија во раната антика, Култ. Наследство XVI, Скопје 1993

Срејовик Д. 1959 - Праисториска некропола у Доњој Брњици, Гласник МКМ IV-V, Приштина 1959

Srejović D. 1973 - Karagač and the Problem of the etnogenesis of the Dardanians, Balkanika IV, Beograd 1973

Срејовиќ Д. 1979 - Покушај етничког и територијалног разграничења старобалканских племена на основу начина сахрањивања, Сахрањивање код Илира, САНУ VIII, Beograd 1979

Срејовић Д. 1991 - Трибалски гробови у Лућацима, Старинар XL-XLI, Beograd 1991

Srejović D. - Marković Č. 1981 - A Find from Lisijevo Polje near Ivangrad, Arch. Iugoslavica XX-XXI, Beograd

Stefanovich M. 1973 - Some Balkan Elements in the Aegean Migrations, Actes du VIII congres UISPP-Actes III, Beograd 1973

Stojić M. 1986 - Gvozdeno doba u bazenu Velike Morave, Beograd 1986

Svoronos J.N. 1979 - L,Hellenisme primitif de la Macedonie, Prouve par la numismatique, Chikago 1979

Taylour W. 1983 - The Mycenaeans, Thames and Hudson, London 1983

Tončeva G. 1980 - Chronologie du Hallstatt ancien dans la Bulgarie du Nord-Est, Stud. Thrac. 5, Sofija 1980

Trakosopoulou H.1988 - Ancient Akanthos: The city and cemetery, Apxaiологiko epгo етн Македоніа kai Θpakn 1, Θεssaлоniki, 1988

Трухелка К. 1929 - Археолошке белешке из Јужне Србије. Гробнице из микенског доба у Прилепу, ГСНД V, Скопје 1929

Фармаковски В. В. 1899 - Отчет о дејателности Русского Археол. Института в Константинополе в 1898, Известија РАИ IV,3, Софија 1899

Фармаковски В. В. 1901 - Отчет о дејателности Русского Археол. Института в Константинополе в 1898, Известија РАИ VI, 2/3, Софија 1901

Filov B. - Šchkorpil K. 1927 - Die Archaische nekropole von Trebenischte am Ochrida-See, Berlin und Leipzig 1927

Филов Б. 1934 - Надгробните могили при Дуванли в Пловдивско, София 1934

Фол А., Спиридонов Т. 1983 - Историческа географија на тракиските племена до III век пр. н. е, Софија 1983

French E. 1966 - A group of LHIIIB1 Pottery from Mycenae, Annu. Brit. School 61, Athens 1966

French E. 1969 - A group of LHIIIB2 Pottery from Mycenae, Annu. Brit. School 64, Athens 1969

Hammond N. G. L. 1970 - The Archaeological Backgrounnd to the Macedonian Kingdom, Ancient Macedonia I, Thessaloniki 1970,

Hammond N. G. L. 1972 - History of Macedonia I, Oxford 1972

Hammond N. G. L. 1976 - Tumulus burial in Albania and problems of ethnogenesis, Iliria IV, Tirana 1976

Hammond N. G. L. 1982 - Illiris, Epirus and Macedonia in the Early Iron Age, CAH Vol. III-1

Hammond N. G. L. 1991 - The Royal Tombs at Vergina: Evolution and identityes, BSA 86, Athene 1991

Hansel B. 1979 - Ergebnisse der grabungen bei Kastanas in Zentralmakedonien 1975-1978, Jahr. der RGZM 26, Mainz 1982

Hansel B. 1982-a - Siedlungskontinuitatim spatbronzezeitlischen undfriheisenzeitlische Nordgriechenland, Thrac. Prah. Pulpudeva 3, Sofija 1982

Hansel B. 1982-b - Sudosteuropa zwischen 1600-1000 v. Chr, PAS Band 1, Berlin 1982

Harding A. 1973 - Amber in Bronze Age Greece, Actes du VIII Congres UISSP-Actes III, Beograd 1973

Harding A. 1988 - Mycenaean relations with Central and Western Europes, 113 Congres national des Societes savantes, Strasbourg 1988

Heurtley W. A. 1939 - Prehistoric Macedonija, Cambridge 1939

Hochstetter A. 1982-a - Die matbemalte Keramik in Nordgrichenland ihre Herkunft und lokale Auspragung, Pr. Z. 57-2, Berlin 1982

Hochstetter A. 1982-b - Spatbronzezeitliches und fruheisenzeitliches formengut in Makedonien und in Balkanraum, Sudosteuropa zwischen 1600-1000 v. Chr, PAS Band 1, Berlin 1982

Hochstetter A.1984 - Kastanas-Die handgemachte keramik, PAS Band 3, Berlin 1984

Hochstetter A.1987 - Kastanas-Die kleinfunde, PAS Band 6, Berlin 1987

Hood P.S.F. 1965 - Postojbina heroja, Osvit Civilizacije, Beograd 1965

Casson S.1919-21 - Exavations in Macedonia I, BSA XXIV, London 1921

Casson S.1923-25 - Excavations in Macedonia II, BSA XXVI, London 1925

Casson S. 1926 - Macedonia, Thrace and Ilyria, Oxford 1926

Catling H.W. 1963 - Late Minoian vases and bronzes in Oxford, BSA 1963

Ceka N.1975 - In tumulus a Dukat, Iliria III, Tirana 1975

Goldstream J. 1968 - Greek Geometric Pottery. A Survey of the ten local Styles and thier Chronology, London 1968

Coles J.M. and Harding A. F.1979 - The Bronze Age in Europe, London 1979

Цвијиħ Ј.1911 - Основи географије и геологије Македоније и старе Србије, Кн.3, Београд 1911

Церовић И.1991 - Налази из праисториског тумула у Доњој Битани код Урошевца, Гласник САД 7, Београд 1991

Черних Е.Н.1978 - Горное дело и металлургиа в древнеишеи Болгарии, София 1978

Čičikova M. 1972 - Nouvelles donnees sur la culture thrace de lepoque de Hallstatt an Bulgarie du Sud, Thracia 1, Sofia 1972

Čović B.1963 - Pogrebni običaji praistorijskog stanovništva glasinačkog područja, GZM (A) XVII, Sarajevo 1963

Čović B. 1979 - Kneževski grobovi glasinačkog područja, Sahranjivanje kod Ilira, SANU, Beograd 1979

Čović B. 1987 - Glasinačka kultura, PJZ V, Sarajevo 1987

Wardle K.A. 1977 - Cultural groups of the Late Bronze and Early Iron Age in North West Greece, Godišnjak XV, CBI kn.13, Sarajevo 1977

Wardle K.1980 - Excavations at Assiros 1975-1979, Annu. Brit. School Athens 75, 1980

Warlde K.1985 - Exavation at Assirios Tumba in Macedonia, Iliria 2, Tirana 1985




Карта 1 Протоисториските зедници во Македонија
—до околу 500 гп.н.е

*Со курзивни слова–македонски политички заедници*

*Со крупни слова–пајонски протоисториски заедници*

*Бриги* – *заедници на Бриги*




та 2 Протоисториски некрополи во Македонија

# К А Т А Л О Г Н А Н Е К Р О П О Л И

*

Каталогот е подреден по азбушен ред, според имињата на населените места каде се откриени наоѓалиштата. Редните броеви се воедно и броеви на наоѓалиштата во генералната карта.

*

## 1. Бојано Лозје–Лавци, БАБИНО, ДЕМИР ХИСАР
Некропола

I. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа непосредно до автомобилскиот пат Битола-Кичево, пред селото Бабино

II. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Гробови ископани од селаните во периодот од 1948-50 година. Извршен стручен увид на теренот во 1952 година.

III. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола со гробови-цисти од камени плочи и погребување со инхумација

IV. ГРОБОВИ: Регистрирани само остатоци од гробни конструкции градени од поголеми-монолитни камени плочи, скелетни остатоци и поедини гробни прилози.



V. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.

VI. ДАТИРАЊЕ: VI век пр. н. ера

VII. ЛИТЕРАТУРА: Mikilčić I. 1966, 37
Документацијата и наодите во Музејот на Македонија

## 2. Бабин Рид, БАБИТЕ, ШТИП
Некропола

I. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наога во североисточната периферија на Штип, на излезот од населбата Бабите, на патот за с. Стар Караорман, на блага падина која се спушта кон левиот брег на Брегалница. Неколку километри на исток, во атарот на соседното село Стар Караорман се наогаат сродните некрополи на локалитетите Орлови Чуки и Горно Поле.

II. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Мали археолошки интервенции во 1987 год.

III. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Тумуларна некропола со инхумирано погребување. Обемот на некрополата не може да се одреди заради големите оштетувања на теренот со изградба на локалниот пат, стамбени објекти и други земјени работи. Сочувана една земјена могила со димензии 12 X 1,2 метри, од која е испитан само мал дел во центарот на могилата. Откриени само остатоци од гробни конструкции и поединечни гробни наоди.

IV. ГРОБОВИ: Конструкции-цисти од камени плочи. Нејасен распоред во рамките на могилата. Погребувањето скелетно во испружена положба.



V. ГРОБНИ ЦЕЛИНИ И НАОДИ : Сл.
Наоди од растурени гробови



VI. ДАТИРАЊЕ: VII век пред н. ера

VII. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано
Документацијата и наодите во Народниот Музеј, Штип и Музејот на Македонија, Скопје

## 3. Висои, БЕРАНЦИ, БИТОЛА
Некропола

I. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на околу 12 км северно од Битола на западната страна од магистралниот па Битола-Прилеп, околу 3 км. јужно од селото Беранци, поточно помеѓу селат Црниобуки и Беранци. Расположен е на самата западна периферија н пелагонската рамница, на блага падина што се спушта кон коритото на Црн Река.

II. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриена со длабоко орање. Археолошко ископување вршено во текот на 1954 година од страна н Народниот музеј, Битола.

III. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Тумуларна некропола на која биле регистрирани неколку тумули (3-9), поставени во еден правец, на растојание од 300 - 500 метри. Тумулите земјени и ниски, заради јаките земјени наноси, готово порамнати со околниот терен. Ископуван е само најголемиот тумул, со пречник од 23 метри, во кој се откриени 44 гроба.



IV. ГРОБОВИ: Конструкции-цисти оградени и покриени со кршени камени плочи. Погребувањето скелетно, во централниот гроб згрчено, а во останатите пружено. Ориентација на централниот гроб З-И, додека другите радијално организирани во 2 груга околу него.

V. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.
Избор на карактеристичните прилози

VI. ДАТИРАЊЕ: XI-VI век пр. н. ера

VII. ЛИТЕРАТУРА: Mačkić P. -Simoska D. 1954; Mikulčić I. 1966; Тумулот не е публикуван во целост. Документацијата и наодите во Музејот и Завод, Битола

## 4. Петилеп, БЕРАНЦИ, БИТОЛА
Гроб

I. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Гробот е откриен на 2,5 км. јужно од селото Беранци, на блага падина, 120 метри северно од железнодопската некропола и познатиот тумул во "Висои"

II. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриен при орање во 1954 година. Ископан само дел (средишните партии) од гробната конструкција собрани најголем дел од гробните прилози.

III. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Не постојат доволно податоци во овој правец иако овој гроб лесно може да се доведе во врска со могилната некрополта во месноста Висои.

IV. ГРОБОВИ: Поголема гробна конструкција од камења, која највероатно покривала пространа јама, во која било извршено погребување со кремација. Гробот не е ископана во целост така што не постојат подетални податоци.

V. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. Дел од наодите

VI. ДАТИРАЊЕ: Крај на VI век пр. н. ера

VII. ЛИТЕРАТУРА: Мачкик П. -Симоска Д., 1955, 75-78; Mikulčić I. 1966, 37-38
Документацијата и наодите во заводот и Музеј Битола



## 5. Градиште, БРАЗДА, СКОПЈЕ
Гробница

I. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): На јужната периферија на селото Бразда с здига ридот "Градиште" во форма на заоблена купа со зарамнет врв, кад е откриени остатоци од јака раноантичка утврдена населба. Гробницата с лоѓа во северното подножје на Градиштето.

II. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Археолошки истражувања од 1986-1993 с прекини. Работите се во тек.

III. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Комплексен објект граден и користен во неколк етапи. Во првата градежна фаза како монументална ѕидана гробница. В втората фаза сакрален објект. Во тумуларниот насип над објектот вршен разни ритуални дејствија и поедини погребувања.

IV. ДАТИРАЊЕ: V век пр. н. ера

V. ЛИТЕРАТУРА: Микулчик И. - Соколовска В., 1990, 80 - 92; Микулчик Г. 1990, 93
Документацијата и наодите во Музејот на Македонија, Скопје

## 6. Бела Црква, Брод, Битола
Гроб

I. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): На 2 км. западно од селото Брод, на благо возвишение, наспроти вливот на Елешка Река во Црна Река. Во непосредна близина, под самото село Брод, исто така на левиот брег на Црна се наога некрополата "Сарај". На спротивниот, десен брег, 2-3км. на запад, кај соседното село Букри се наоѓаат сродните локалитети "Прогон" и "Дупен Камен", додека на околу 5 километри јужно наоѓалиштата во атарот на село Живојно .

II. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случаен наод со стручна проверка на теренот, откриен во шеесеттите години со копување на канали. Не се вршени археолошки ископувања сем интервенциајата на Народниот Музеј, Битола.

III. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Според остатоците од повеќе растурени гробови, најверојатно се работи за организирана некропола со скелетни погребувања во гробови-цисти. Обемот неможе да се одреди. сочуван е инвентарот само на еден гроб.



IV. ГРОБОВИ: Конструкции - цисти од камени плочи, нејасна организација и ориентација. Скелетни погребувања во испружена положба

V. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. Избор

VI. ДАТИРАЊЕ: VI-V век пред н. ера

VII. ЛИТЕРАТУРА: Mikulčić I. 1966 Документацијата и наодите во Народниот Музеј, Битола

## 7. Сарај, Брод, Битола
Некропола

I. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа веднаш под селот Брод, на самиот лев брег на Црна Река, на блага падина што се спушта о селото према реката. Во непосредна близина, околу големиот "свијок" н Црна Река, пред да навлезе во Мариовската висорамнина, се наоѓаат уш неколку сродни некрополи помеѓу селата Живојно, Букри и Сарај.

II. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Со земјените работи на регулацијата н речението на Црна Река во 1954 година, кога се вршени и археолошк ископувања од страна на Народниот Музеј, Битола

III. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола, согусто организирани гробови в редови. Испитани вкупно 20 гробови на релативно ограничен простор, н кој не може да се очекува знатно поголем обем на некрополата.

IV. ГРОБОВИ: Конструкции-цисти, оградени со монолитни, а покриени с повеќеделни обработени камени плочи. Погребување скелетно. Ориентација најчесто С-Ј

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.
Избор на карактеристични
наоди



. ДАТИРАЊЕ: XI-VI век п. н. е.

II. ЛИТЕРАТУРА: Мачкиħ П. -
имоска Д. - Трбуховиħ В.
960
окументацијата и наодите
о Музејот и Завод, Битола

## 8. Букрички Вис, БУКРИ, БИТОЛА
Некропола

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на 2 км. јужно од екогашното село Букри или околу 4 км. западно од селото Брод. Теренот реставува ниско нерамно плато издолжено во правец З-И, над коритото и есниот брег на Црна Река.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Гробови и гробни наоди откриени со копање ровови од бугарската војска 1917 година.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола со гробови-цисти, од која остојат доволно податоци само за еден гроб и за еден наод на ерамичен сад во кој биле откриени бронзени предмети.

V. ГРОБОВИ: Конструкции - цисти цисти од амени плочи со инхумирани покојници во ружена шположба.



. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. Избор

I. ДАТИРАЊЕ: VII-VI век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Попов Р. 1919, 110-112
окументацијата и Наодите во Националниот
узеј во Софија

## 9. Прогон, БУКРИ, БИТОЛА
Некропола

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на десниот брег на рна Река, кај некогашното село Букри, а денес близу до рибарското опанство "Букри", на издолженото возвишение во правец СИ-ЈЗ, познато ако "Прогон".

. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Некрополата случајно откриена и во голема ерка уништена со длабоко орање во 1954 година.

I. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола со густо збиени гробови - цисти. ез други податоци.

. ГРОБОВИ: Конструкции-цисти од монилитни камени плочи со инхумирани окојници.

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. Избор



I. ДАТИРАЊЕ: VI век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Mikulčić I. 966, 28, T. VIII, 16a-f, T. X a юкументацијата и наодите во узејот и Завод, Битола

## 10. Подградие, БУЧИНЦИ, СКОПЈЕ

Некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на 17 м. североисточно од Скопје во самото село Бучинци, во подножјето на идот "Градиште" каде се наоѓаат остатоците од матичната населба на робовите од оваа некропоа.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Поедини бронзени предмети-прилози од астурени гробови откупени за Музејот на град Скопје. Археолошки скопувања не се вршени.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Без податоци

V. ГРОБОВИ: Без доволно податоци. На основа површинските статоци на еренот можни се конструкции-цисти од камени плочи и погребувања со нхумирање.

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. Избор



I. ДАТИРАЊЕ: VII-VI век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Георгиев З., 987, 125 окументацијата и наодите во узејот на град Скопје

## 11. Зелениште, ВАЛАНДОВО

Некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Некрополата се наоѓа во северозападната ерферија на Валандово, на блага падина, денес во рамките на дворот на равственеиот дом.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриена со копање на теренот при зградба на Здравствениот дом. Мали археолошки ископувања изведени во 982 година.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Организирана амна некропола, од која е откриен амо мал дел, вкупно 9 гробови, оста од нив оштетени. Ориентација а откриените гробови З-И



V. ГРОБОВИ: Конструкции - масивни исти од обработени плочи-блокови од

ѝигор спојувани во аглите со глина.

'. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. Избор



I. ДАТИРАЊЕ: Крај на VI век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано во целост, само поедини наоди кај: 'еоргиев З. 1984 Юкументацијата и наодите во Музејот а Македонија, Скопје

## 12. Ила (Школо), ВИНИЦА
Некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалтетот се наоѓа во самиот центар на иница во дворот на основното училиште "Славчо Стојменски"

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Со изградба на основното училиште, ткриени се неколку гробови, од кои се сочувани конструкциите на два роба, денес видливи во рамките на училишниот двор. Археолошки скопувања не се вршени

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола со гробови цисти од камени лочи, без можности за утврдување на обемот и организацијата на робовите.

V. ГРОБОВИ: Конструкции- масивни цисти од обработени камени плочи, со нхумирани покојници во пружена положба. Ориентација З-И

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.



I. ДАТИРАЊЕ: VI век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано
бјавен само наодот (фибула) - прилог во еден од гробовите, опственост на Р. Попов од Виница; Митревски Д. 1988, 65, Т. I-4

## 13. Водовратски Пат, ВОДОВРАТИ, ГРАДСКО
Некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа помеѓу Градско и Водоврати, 4,5 км. од Градско и 2,5 км. од с. Водоврати, или на околу 2 м. на запад од коритото на Вардар. На блага падина, активна змјоделска површина, пресечен по средината со локалниот пат за село одоврати. Во непосредна близина, на спротивниот, лев брег на Вардар се аоѓа едновремената и сродна некрополата "Димов Гроб", село Уланци.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Археолошки ископувања во 1954 година на ародниот Музеј, Т. Велес и 1992 година на Музејот на Македонија, копје.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ : Рамна некропола со инхумирани покојници. во робови густо организирана на простор, приближно 150 Х 100 м. Според осторните параметри треба да се смета на повеќе стотини гробови. Дел

од некрополата уништен со пробивањето на локалниот пат за село Водоврати, што го сече локалитетот по цела широчина и со копањето на неколку канали за цевки од системот за наводнување. Испитан е мал дел од некрополата, на кој се откриени вкупно 24 гробови.

V. ГРОБОВИ: Конструкции - цисти од необработени камени плочи и правоаголни до елипсовидни јами вкопани во здравица, само покриени или оградени со камени плочи. Гробовите се ориентирани запад-исток и организирани во паралелни редови во правец север-југ. Погребувањето скелетно, во згрчена положба со главата на запад. Повеќекратно погребување во иста конструкција, најчесто по два покојници во еден гроб.



. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. Избор

II. ДАТИРАЊЕ: XIII-XII век пред н. ера

III. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано
Документацијата и наодите од ископувањата во 1954 во Народниот Музеј Т. Велес, а од ископувањата 1992, во Музејот на Македонија, Скопје.

## 14. Гробле, Војник, Куманово
Гроб

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Наоѓалиштето се наоѓа во атарот на се ојник, Куманово, без податоци подетална локација

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случаен наод на група гробни прилози ткриени од мештаните. Извршена стручна интервенција на теренот о трана на Археолошкиот Музеј, Скопје.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Земјен тумулус со пречник околу 12 метри исочина до 1 метар, во голема мерка уништен, како со подоцнежн огребувања, така и со современи земјени работи. Без податоци за обемо а евентуалната тумуларна некропола

V. ГРОБОВИ: Кон средината на тумулот, лучајно откриени гробни прилози, без одатоци за евентуална гробна онструкција



. ГРОБНИ ЦЕЛИНИ И НАОДИ: Сл. Избор

I. ДАТИРАЊЕ: X-VIII век п. н. е.

II. ЛИТЕРАТУРА: Предисториски ултури.... 1971 (Каталог); Праисторија о Македонија.... 1976 (Каталог)

## 15. Дубиче, Волково, Скопје
### Некропола

.ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на северозападната ıериферија на селото Волково (Вучидол), 1 км. од центарот на селото, ıа широка падина, лево од патот за село Орман. Теренот е интензивно )бработуван за лозови насати и оштетуван со градежни работи, така што ıенес некрополата е во целост уништена.



I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: ıрхеолошки ископувања вршени во ıеколку наврати (1952, 1954, 1962 и 985). Во врска со оваа некропола ıоже да се доведе и еден гроб ıткриен во дваесеттите години од ıвој век а публикуван 1929 година.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Поголема рамна ıекропола со гробови - цисти од ıамени плочи, организирани во групи. ıткриени вкупно 16 гробови и бројни ıаоди од растурени гробни ıонструкции.

V. ГРОБОВИ: Конструкции - цисти ıормирани од камени плочи од ıеленикав гнајс, со инхумации во ıружена положба. Ориентација ıазлична

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. ıзбор на позначајните наоди

I. ДАТИРАЊЕ: VII-VI век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано, само ıтариот гробот објавен од Трухелка ., 1929 и дел од останатите наодите, ıај Kilian K. 1975, Taf. 52,56. ıокументацијата и наодите во Музејот ıа град Скопје и Музејот на ıакедонија, Скопје

## 16. Милци, Гевгелија
### Некропола

.ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се простира долж западното ıодножје на ридот Кофилак (Богородички Рид), на левиот брег на Вардар и ıевата страна на локалниот пат од Гевгелија за село Богородица. На ıидот Кофилак откриени се населбински остатоци истовремени со ıекрополата.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Археолошки истражувања во 1979 и 11983 ıодина.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола

:о различни типови на гробови, рганизирана во неколку густи рупации. Вкупно истражени 59 робови

V. ГРОБОВИ: Доминантна гробна форма цисти од камени плочи; две конструкции- могилки од нафрлени аморфни камења, еден гроб-питос, една конструкција од тегули и еден гроб-овална плитка јама. Доминантен ритуал-пружена инхумација но присутни и 4 гробови со остатоци од спалени покојници.

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.
Избор на позначајните наоди.



I. ДАТИРАЊЕ: VIII/VII-V век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано во целост
. Пашик и др. 1987, 75-102
Документацијата и наодите во Музејот на Македонија, Скопје

## 17. Раул, ГЕВГЕЛИЈА
Некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Без доволно податоци за точно лоцирање а локалитетот. Под името Раул е познат поширокиот потез на еверозападната периферија на Гевгелија, стотина метри северно од денешниот затвор.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Некрополата е откриена 1913 година, кога рупа бронзени предмети- гробни прилози од два гроба биле набавени за рхеолошкиот музеј во Софија.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола о гробови цисти од камени плочи. ткриени само два гроба

V. ГРОБОВИ: Конструкции - цисти од амени плочи

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.
аоди по гробни целини







I. ДАТИРАЊЕ: VII-VI век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Popov R. 1917, 5-69, Fig 1-8
окументацијата и наодите во рхеолошкиот Музеј во Софија

## 18. Сува Река, ГЕВГЕЛИЈА
Некропола

.ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Некрополата се простира на многу широк простор, покривајки ја јужната периферија на Гевгелија и дел од евгелиско поле во правец на Македонско-грчката граница, со поголема онцентрација на гробови на локациите: улица Илија Мијов, корито на ува Река и Парагон. На спротивниот лев брег на Вардар се наога стовремената некропола Милци.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Археолошки скопувања во различен обем и карактер 975, 1976, 1977, 1988, 1989 и 1990

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола о гробови организирани во повеќе рупации. Вкупно откриени 79 гробови.

V. ГРОБОВИ: Конструкции-цисти од камени лочи, еден гроб-питос, еден гроб од егули. Погребувањето со инхумација во ружена положба. Ориентација различна.

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.
збор на позначајните наоди

I. ДАТИРАЊЕ: VII-VI век пр.н.ера

I.. ЛИТЕРАТУРА: Пашик Р. 1977, 43-57; ашик Р. 1978, 21-52; Ристов К. 1993, 7-113
окументацијата и наодите во Музејот на акедонија, Скопје и Општинскиот Музеј евгелија



## 19. Пешта, ГРАДЕШНИЦА, БИТОЛА
Некропола

.ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на крајниот јужен ел на Мориовската висорамнина. Во близина се наоѓаат и сродните екрополикај селата Рапеш и Зовик.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Со археолошки экогносцирања 1963 регистриран еден сочуван гроб и остатоци од повеќе руги, откриени и од страна на селаните.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола со гробови цисти од камени лочи. Позната само една гробна конструкција.

/. ГРОБОВИ: Конструкции - масивни исти од камени плочи.

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.
Дел од наодите



I. ДАТИРАЊЕ: VII-VI век пр.н.ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Mikulčić I. 1966,28
Документацијата и наодите во Музејот и Завод Битола

## 20. Глос, ГРЧИШТЕ, ВАЛАНДОВО
Некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на левиот брег на Вардар, помеѓу селата Грчиште и Ѓавато, на блага падина, стотина метри јужно од утврдената античка населба на Глоска Чука. Низ самиот локалитет поминува траса на старата Вардарска магистрала.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Археолошки ископувања во 1977 година од страна на Музејот на Македонија

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола со скелетни погребувања во гробови од камени плочи. Голем дел оштетен или целосно уништен. Откриени 2 гроба и повеќе гробни прилози од уништени гробови.



V. ГРОБОВИ: Конструкции-цисти од масивни, обработени камени плочи. Ориентација И-З.

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. Избор

I. ДАТИРАЊЕ: VII-VI век пред. н. е.

II. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано
Документацијата и наодите во Музејот на Македонија, Скопје

## 21. Дедели, ДЕДЕЛИ, ВАЛАНДОВО
Некропола



. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на крајните југозападни падини на Беласица, над Валандовското поле, 6 км. јужно од Валандово и 12 км. северно од Дојранското езеро. Во рамките на селото Дедели, на неколку пунктови (Мелезник, Јужна периферија на селото, фудбалско игралиште и др.) откриени се групации на гробови.

. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Некрополата е откриена за време воените операции на германската војска 1917 година. Во таа прилика "на ридот над селото Дедели" германскиот археолог Драгендорф ископал 6 гробови. Систематски ископувања вршени се од 1978-1986 година со што се откриени уште 92 гроба.

I. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Некрополата е

рганизирана во повеќе групации на гробови, од кои само една (во месноста Мелезник) со вкупно 75 гробови е целосно испитана. Од останатите групации се откриени само сегменти, бидејќи во голем дел се простираат под современите градби на селото.

V. ГРОБОВИ: Доминантна гробна форма - цисти од камени плочи. Од други конструкции откриени се уште 2 гроба - питоси и 2 гроба од нафрлени аморфни камења. Погребувањето со инхумација во пружемна положба. Ориентација на гробовите - различна, во зависност од местото на гробот во рамките на потесната група.

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.
Избор на покарактеристичните форми.

I. ДАТИРАЊЕ: VII - VI век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Pingel V. 1970; Митревски 1. 1991-а
Документацијата и наодите во Музејот на Македонија, Скопје



## 22. Будур Чифлик, Демир Капија
Гроб

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа денес во границите на Демир Капија, во месноста Будур Чифлик (Долен Чифлик). Гробот е откриен на трасата на стариот пат од Демир Капија за електричната централа Кошница.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриен 1947 година, стручна проверка извршена 1948 година од страна на Археолошкиот Музеј, Скопје

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Се смета дека се работи за дел од некропола од која досега е откриен само овој гроб, без други податоци за карактерот обемот.

V. ГРОБОВИ: Конструкција-мала циста д камени, шкрилести плочи, со елимично поплочено дно, само во елот кај главата. Ориентација, И-З со 0 степени отстапување према север. огребувањето скелетно.



. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. *Избор*

I. ДАТИРАЊЕ: XI-X век п. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Корошец J. 1956
окументацијата и наодите во Музејот а Македонија, Скопје

## 23. Железничка пруга, Демир Капија
Некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Без доволно податоци. Во реонот на Јемир Капија, во
ілизина на железничката пруга и околу 40 метри југоисточно од патот.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Некрополата е случајно откриена 1948 година, при длабоко копање за нови лозови насади.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола со скелетни погребувања. Откриени биле неколку гробови од кои се сочувани податоци само за два

V. ГРОБОВИ: Скелетни погребувања во пружена положба, без доволно податоци за конструкцијата, организацијата и ориентацијата на гробовите



. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. Избор

I. ДАТИРАЊЕ: VII век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Корошец Ј. 1956, 103
аодите во Музејот на Македонија, Скопје

## 24. Свети Илија, Делагожда, Струга
Некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот е ситуиран во дното на трушката рамница пред селото Делагожда на крајните јужни падини на ланината Караорман. Може да се поврзе со населбата на соседното озвишение "Градиште", кое се наоѓа на околу 200 метри повисоко и евероисточно од селото.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриена, со земјени работи од трана на мештаните. Ситрематски истражувања изведувани во периодот од 979 до 1981 и од 1987 до 1988 година.



II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Голема организирана екропола со гробови од разни периоди, од оцноархајското време до средниот век, со эколку хиатуси. Вкупно откриени 98 гробови, эѓу кои како најстари се 3 гроба (бр. 82,83 и 4) организирани во рамките на еден тумулус.

V. ГРОБОВИ: Тумулусот претставува ниска эгила со пречник од 11 метри, ограден со эстен од кружно наредени камења. Гробните энструкции во него биле формирани од обични амења кои ги заградувале погребувањата звршени во пружена инхумацција.

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. Избор

I. ДАТИРАЊЕ: преод од VI во V век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Битракова В. 1987, 87:

Mitrakova-Grozdanova V. 1993, 167-177
Документацијата и наодите во Народниот Музеј во Струга

## 25. Свилара, Долно Оризаре, Титов Велес
Некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа источно од елото, помежу реките Тополка и Бабуна, на 1 км. јужно од железничката таница Цинот.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриени повеќе гробови во 1952 одина со рамнење на теренот пред фабриката за свила.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола со робови - цисти од камени плочи. Без одатоци за обемот на некрополата.



V. ГРОБОВИ: Конструкции - цисти од камени лочи со инхумирани покојници

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.

I. ДАТИРАЊЕ: VII век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Алексова Б. 1954, 54-57
аодите во Народниот музеј Титов Велес

## 26. Кошур, Долно Солње, Скопје
Некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на пола пат помеѓу елата Долно Солње и Ракотинци, на последните јужни огранци на Водно робовите се откриени во подножјето на малата римска населба на ок. "Градиште" , на блага падина, северозападно, под самото плато на радиштето. Градиштето воедно претставува и локација за населбата на оја припаѓале гробовите.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случаен наод откриен со копање на септичка ама, на длабочина од околу 2 метри под површината на земјата.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола од оја е откриен само мал дел на сосема граничен простор. Во границите на эптичката јама, откриени три гроба, во инија, паралелни еден на друг. Според тврдената организација на гробовите, экрополата зафаќа поширок простор, эѓутоа, без можности за утврдување на очниот обем.



V. ГРОБОВИ: Конструкции-правоаголни јами копани во здравица со скелетни огребувања во згрчена положба. риентација З-И

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.

I. ДАТИРАЊЕ: XIII-XI век п. н. е.

II. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано окументација во Музејот на Македонија, Скопје. Наодите во приватна олекција.

## 27. Ластоица, Драгош, Битола
Гроб

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на западната ериферија на Пелагонија, на блага падина, во близина на патот Битола - ерин.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриен гроб во 1958 година.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: На основа површинските остатоци и онфигурацијата на теренот веројатно се работи за голема некропола, со робови-цисти.

V. ГРОБОВИ: Конструкција - циста од плочи од сивозелен шкрилец, со онолитни страници. Погребувањето скелетно. Дел од гробните наоди ткупени за Народниот Музеј, Битола



. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.

I. ДАТИРАЊЕ: VI-V век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Праисторија во Централна елагонија (Каталог). окументацијата и наодите во Народниот узеј, Битола

## 28. Зајчев Рид (Скупи), Злокуќани, Скопје
Некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): На северната периферија на селото локукани, 4 км северозападно од центарот на Скопје и 1 км североисточно од вливот на Лепенец во Вардар се издига Зајчев Рид, на ој врв - населбинско плато се наоѓаат остатоци од доцноримската кропола на градот Скупи но и остатоци од предримската фортификација. очетоците на живот на овој опидум припаѓаат на железното време, кога угоисточната падина - подножјето на ридот служело како простор за огребување, некропола на протоисториското население на Зајчев Рид.

. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Во рамки на истражувањата на Источната екропола на Скупи во 1970 и 1971, меѓу откриените 236 антички гробови ако најстари се издвојуваат два гроба од железното време (гробовите 7 и 194)

I. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Поради интензивното користење на овој простор во едните векови, посебно во римско бреме не постојат доволно податоци а најстарата некропола.

IV. ГРОБОВИ: Погребувања со инхумирање во пружена положба



V. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.

VI. ДАТИРАЊЕ: VII-VI век пр. н. ера

VII. ЛИТЕРАТУРА: Микулчик И. 1979, 245-246; Микулчик И. 1982, 27
Документацијата и наодите во Музејот на град Скопје

## 29. Марта, Зовиќ, Битола
Некропола

I. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа во јужниот дел на Мориовската висорамнина, на 1 км северно од селото Зовиќ, во долината на Црна Река, околу 1 километар од нејзиниот десен брег. На спротивниот, лев брег се наоѓаат тумуларните некрополи кај соседните села Рапеш, Чаниште, Орле.

II. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Со рекогносцирања во 1963 од страна на Археолошкиот Музеј, Скопје регистрирани се 2 гроба, претходно отварани од мештаните. Археолошки ископувања не се вршени.

III. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Нестручно откриени 2 гроба, без можности за попрецизно одредеување на карактерот и обемот на некрополата.

IV. ГРОБОВИ: Конструкции - цисти од монолитни камени плочи. Погребувањето скелетно во испружена положба.



V. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.
Керамичен сад со мат боена декорација од гробот 1

VI. ДАТИРАЊЕ: X-VII век пред н. ера

VII. ЛИТЕРАТУРА: Mikulčić I. 1966; 28, T. VII-14d
Документацијата и наодите во Музејот на Македонија, Скопје

## 30. Градиште, Кнежје, Свети Николе
Гробни наоди

I. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Под самото плато на локалитетот Градиште, кај село Кнежје

II. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случаени наоди од страна на месното население. Откриени заедно со човечки коски и делови од камени плочи, како површински наоди на простор претходно оштетен со крупни земјени интервенции од страна на армијата.

III. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Некропола со скелетни погребувања во гробови од камени плочи. Припаѓа на населбата од железно време на платото на градиштето. Без податоци за организацијата ширењето и обемот.

IV. ГРОБОВИ: Конструкции - цисти од камени плочи. Без други податоци.



/. ГРОБНИ ЦЕЛИНИ И НАОДИ: Сл.

/I. ДАТИРАЊЕ: VII-V век-пред н. е.

/II. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано.
Іокументацијата и наодите во Музејот
іа Македонија, Скопје.

## 31. Тикешински Лозја, Кочани
Некропола

.ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се простира на пространа іадина во западната периферија на Кочани

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Некрополата е откриена и во најголема іерка уништена при изградбата на куќи и градска инфраструктура. ,рхеолошки ископувања 1982 година.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола со 'робови цисти од камени плочи. Вкупно ıскопани 11 гробови.



V. ГРОБОВИ: Конструкции - цисти од камени ілочи со инхумирани покојници во пружена ıоложба

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. Избор

I. ДАТИРАЊЕ: VI век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Георгиев З. 1981, 66-79
инчик Ж. 1982, 14, Т. XIII
окументацијата и наодите во Музејската бирка, Кочани и Републичкиот завод за аштита на спомениците на културата, копје

## 32. Тумба, Кравари, Битола
Некропола

.ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Селото Кравари е одаалечено 5 км. ужно од Битола, на левата страна на патот Битола - Лерин. Локалитетот ежи на околу 800 метри источно од центарот, поточно на периферијата на елото. Претставува праисториска населба со најмлади слоеви од ронзеното време, до која се откриени и остатоци од некропола со палување во урни.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: На некрополата не се вршени археолошки нтервенции, само се прибрани поедини наоди случајно откриени со емјоделските и градежни акртивности на овој простор.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Некропола од густо формирани групи на гробови о ипот т.н полиња со урни.

V. ГРОБОВИ: Урни вкопани во плитки јами со остатоци од горење,

жолу кои се распоредени помали садови, како гробни прилози.

'. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.
Случајни наоди од растурени гробови





'I. ДАТИРАЊЕ: XII-XI век пр. н. ера

'II. ЛИТЕРАТУРА: Mikulčić I.1966,8
Документацијата и наодите во Заводот и Музеј
Битола и Музејот на Македонија, Скопје.

## 33. Бежанија, Криви Дол, Штип
Некропола

.ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на 2 км. јужно од
елото Криви Дол, на блага и тесна падина, пресечена со две големи
ододерини.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Археолошко ископување од страна на
ародниот Музеј, Штип во 1989 година.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: На основа карактерот на откриените наодите,
онфигурацијата и вертикалната стратиграфија на теренот би можело да се
аботи за некропола со спалени покојници, иако не е во целост откриен
иту еден гроб. Со две сонди испитан е само мал дел од локалитетот, кој
е шири на ограничен простор во должина од 50 и широчина од 30 метри.

V. ГРОБОВИ: Конструкција-веројатно керамички садови-урни во јами, со
статоци од спалени покојници. Непостојат податоци за поцелосно
еднување.

. ГРОБНИ ЦЕЛИНИ И НАОДИ: Сл. Избор





I. ДАТИРАЊЕ: XII-XI век пред н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано
окументацијата и наодите во Народниот
узеј, Штип

## 34. Коколов Рид, Кршла, Виница
Некропола

.ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на неколку стотини
етри источно од некрополата на Кршлански Гумења, на мало, издолжено
лато, над реката Сушица, на надморска висина од 410 метри.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Археолошки ископувања во рамките на т.н.
ладински истражувачки акции во 1980-1981 година.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Могилна некропола со вкупно 5 могили, наредени во
иза долж платото. Ископуван е само еден - североисточниот сегмент оид
иен тумул со пречник 12 и височина 0,70 метри.

/. ГРОБОВИ: Нема доволно податоци за гробните форми

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.

I. ДАТИРАЊЕ: VII век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано
Документацијата и наодите во Музејот на Македонија, Скопје

## 35. Кршлански Гумења, КРШЛА, ВИНИЦА
Некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Некрополата се наоѓа на 500 метри западно од патот Виница Берово кај селото Кршла. Се простира долж низок рт во форма на јазик, кој од север ја има реката Сушица , а на југ реката Осојница. Гробовите од некрополата на одреден начин комуницираат со могилите на соседното повисоко плато "Коколов Рид".

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Археолошки ископувања во рамки на т. н. младинските истражувачки акции во 1980-1981 година



II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Некропола со два хоризонти на погребување; постариот со гробови во могилки, а помладиот со гробови-цисти од камени плочи. Откриени вкупно 10 гробови од кои 3 могилки од нафрлени камења (бр. 1, 3 и 10) и 7 цисти од камени плочи (бр. 2, 4, 5, 6, 7, 8, 9).

V. ГРОБОВИ: Конструкции - доста оштетени и развлечени могилки од аморфни камења со инхумирани покојници во пружена положба. На истиот простор подоцна вкопани горбови-цисти од камени плочи со различна ориентација. Меѓу нив се издвојуваат неколку масивни конструкции од подобро обработени монолитни камени плочи.

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.
Избор на наоди

I. ДАТИРАЊЕ: VII и VI век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано во целост,
прелиминарен извештај кај Пашиќ Р. 1986, 10-12

## 36. Бел Брег, КУМАНОВСКА БАЊА, КУМАНОВО
Гроб

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа во југоисточната периферија на Куманово, поточно, 7 км. југоисточно од Куманово, од десната страна на патот кон Кумановска Бања. Од ова подрачје потекнува групниот наод на бронзени предмети откриени во четириесеттите години, познати како наоди од Кумановска Бања.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случаен наод со стручна проверка на теренот, откриен при земјени работи на подигање гаража за станбен објект во 1972 година.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Локалитетот е во ајголема мера уништено со градежни аботи, изградба на стамбени објекти и нфраструктура. На основа откриените статоци, во прашање веројатно била умуларна некропола со инхумирани окојници во гробови од аморфни камења, д која е откриен само еден гроб, есметајки ја групата бронзени наоди од Кумановска Бања", која можеби потекнива д истава некропола.



V. ГРОБОВИ: Конструкција на гробот од морфни камења со постилка -подлога од ечни камења. Погребувањето скелетно, риентирано во правец СИ-ЈЗ.

. ГРОБНИ ЦЕЛИНИ И НАОДИ - Избор, Сл.

I. ДАТИРАЊЕ: VII век пред. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Георгиев З. 1978 окументацијата и наодите во Народниот узеј, Куманово

## 37. КУМАНОВСКА БАЊА, КУМАНОВО

Гробни наоди

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на југоисточната ериферија на Куманово, на патот за Кумановска Бања. Наодите можат да е доведат во врска со гробот откриен на соседната локација "Бел рег".

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Наодите откриени и собрани за врем оправките на патот од Куманово за Кумановска Бања, во текот н етириесеттите години.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Не постојат доволно одатоци за карактерот и обемот на аоѓалиштето и наодот. Според Н. Вулиќ би ожело да се работи за остава, но после ткривањето на гробот на "Бел Брег"- во стото подрачје, најверојатно се работи а гробни прилози од растурени гробови, ако остатоци од единствена, во голема ерка уништена некропола.



. ГРОБОВИ: Без податоци

ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.

. ДАТИРАЊЕ: VII век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Vulić N. 1949, 271, Fig. 1

## 38. Лакавица, ЛАКАВИЦА, ШТИП
Гроб

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на самиот пат Штип Радовиш, кај селото Лакавица.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Гробот е случајно откриен во 1958 година, а време работите на патот Штип Струмица.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: На основа постоечките податоци се работи за осамен роб

V. ГРОБОВИ: Конструкција- циста од камени плочи во која била извршена нхумација

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.



. ДАТИРАЊЕ: X-IX век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Mikulčić I. 66, 10, f. n. 34 окументацијата и наодите во Заводот и Музеј, Штип

## 39. МАРВИНЦИ, ВАЛАНДОВО
Некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): На неколку локации (Лисичин Дол, урчиевица и др.) околу или во близина на античката населба на Исарот ај село Марвинци, во различни прилики се откривани гробови, поврзани о споменатата населба.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Ископувања вршени уште за време воените перации во Првата светска војна 1917 година и во 1977 година.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола со гробови- цисти од камени лочи, без доволно податоци за обемот. Вкупно откриени 13 гробови.

V. ГРОБОВИ: Конструкции-цисти од камени лочи со инхумирани покојници во пружена оложба



. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. збор на позначајните наоди

. ДАТИРАЊЕ: VII - VI век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано во целост ngel W. 1970, 13f, Fig. 2: 6-15 Pl. 4; Kilian K. 1975-a. Taf. 41, 1-3 окументацијата и наодите во Музејот за ра и прото историја во Берлин и во узејот на Македонија, Скопје

## 40. Тумба, МЕЏИТЛИЈА, БИТОЛА
Некропола

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): На 12 км. јужно од Битола, на левата трана на патот Битола - Лерин, пред самата Македонско-Грчка граница се оѓа локалитетот Тумба, на околу 500 метри југозападно од селото. оѓалиштето претставува населба од бронзеното време, до која се ткриени и остатоци од некропола со спалување во урни.

ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: На некрополата не се вршени археолошки нтервенции, само се прибрани поедини наоди случајно откриени со емјоделските и градежни акртивности на овој простор.

КАРАКТЕР И ОБЕМ: Некропола со организирани групи на гробови од шпот т.н полиња со урни.

ГРОБОВИ: Урни вкопани во плитки јами со остатоци од горење, олу кои се распоредени помали садови, како гробни прилози.

ГРОБНИ ПРИЛОЗИ:
учајни наоди од растурени гробови

ДАТИРАЊЕ: XII-XI век пр. н.ера

ЛИТЕРАТУРА: Mikulčić I. 1966, 8
кументацијата и наодите во Заводот и Музеј тола и Музејот на Македонија, Скопје.

## 41. Петков Дол, Мојно, Битола
Некропола

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на 1 км. источно селото Мојно, расположен долж билото на сртот кој се спушта во авец на селото.

ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Мали археолошки ископувања во 1962 година

КАРАКТЕР И ОБЕМ: Могилна некропола од вкупно три тумули (два со ечник од 15 метри и третиот 9 метри). Испитани вкупно 2 гроба.

ГРОБОВИ: Конструкции- цисти од камени плочи радијално организирани олу еден - централен гроб. Заградени со прстенест sид од крупни лутачки камења. Погребувањето со инхумација во пружена положба.

ГРОБНИ ПРИЛОЗИ:

ДАТИРАЊЕ: IX-VII век пр. н.ера

ЛИТЕРАТУРА: Mikulčić I. 1966, 14
кументацијата и наодите во Музејот и Завод Битола

## 42. Марков Камен, Ново Село, Штип
Некропола

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на блага падина на виот брег на реката Брегалница, на околу 2 км. југоисточно од Штип, точно од населбата Ново Село.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриени гробови со земјоделски ктивности. Мали археолошки ископувања 1991 година.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола со гробови-цисти и погребувања со нхумирање во пружена положба. Откриени вкупно 5 гроба.

V. ГРОБОВИ: Конструкции - цисти градени од големи и убаво обработени лочи од зелен песочник. Ориентација И-З

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. Избор



I. ДАТИРАЊЕ: VI - V век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано во целост
икулчик И. 1965, 209, Сл. 31, 32

## 43. ОРАОВИЦА, РАДОВИШ
Некропола

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се простира на блага падина, полето на 1 км. јужно од селото Ораовица

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриени гробови во 1988 година земјоделски работи. Стручен увид во теренската ситуација извршен 989 година.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола со гробови масивни цисти од амени плочи со инхумирани покојници во пружена положба. Без оволно податоци за обемот на некрополата - испитан само еден гроб.

V. ГРОБОВИ: Конструкции-големи цисти од масивни монолитни камени плочи оојувани во аглите со глина. Погребување со инхумација. Ориентација -З

ГРОБНИ ПРИЛОЗИ:

. ДАТИРАЊЕ: VI - V век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано
окументацијата и наодите во Музејот на Македонија, Скопје

## 44. Оград, ОРЕШАНИ, СКОПЈЕ
Некропола

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Некрополата се простира на блага падина - оштарник на Ангеле Грнчаровски од село Орешани. На истиот простор се крриени и постари гробови (од доцното бронзено време) со спалени окојници и погребувања во урни.

. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриени група бронзени предмети, копање дупки за садници. откупени за Музејот на Македонија, Скопје. хеолошки ископувања вршени 1993 година

I. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Некропола со инхумирани гробови од камења и амени плочи. Откриените предмети претставуваат прилози од растурени

гробови. Испитани вкупно 2 гроба.

V. ГРОБОВИ: Конструкции од камења и ломали камени плочи, со инхумирани покојници во пружена положба

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.
збор на позначајните наоди

I. ДАТИРАЊЕ: VII-VI век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано во целост
ilian K., 1975-a, 94, Taf. 57;
ашик Р. 1978, 59-67
окументацијата и наодите во Музејот
а Македонија, Скопје и во Музејот
а град Скопје, Скопје



## 45. Најденка, Орле, Битола
Гроб

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Во нивата на Горги Јошевски од село рле, без податоци за попрецизна определба.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриен, со обработка на эмјиштето и со вадење плочи за селскиот мост.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Откриен само еден гроб, без други податоци за арактерот и обемот на евентуалната некропола

/. ГРОБОВИ: Конструкција - циста од монолитни плочи од шкрилец, со келетно погребување. Дел од гробните прилози откупени за Народниот узеј, Битола во 1975 година

. ГРОБНИ ЦЕЛИНИ И НАОДИ: Сл.

I. ДАТИРАЊЕ: X-VI век пред н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Праисторија во Централна элагонија (Каталог)
экументацијата и наодите во Народниот узеј, Битола



## 46. Куново Чуки, Оризари, Кочани
Некропола

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на околу 1 км. јужно селото Оризари и 250 метри источно од Оризарска Река. Теренот етставува падина, која благо се спушта кон коритото на Брегалница. юѓалиштето го добило името по некогаш петте могили - "чукарки" во мките на поширoката месност Куново.

. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Наоѓалиштето е регистрирано со археолошкит екогносцирања 1953 година. Во следните години, со градење на селск мна, земјоделски активности и изградба на патот Кочани- Берово униште

добар дел од некрополата. Археолошки интервенции изведувани 196 овина - врз могилата I и во 1965 година врз дел од могилата III, а в 986-87 вршени се ископувања на сочуваните делови од могилата III.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Могилна некропола од елезното време на која не може да и се одреди бемот. Врз поедини могили, во доцното римско реме, со низа погребувања биле формирани исоки тумули. Во нив, во текот на средниот ек биле вкопувани нови покојници



V. ГРОБОВИ: Погребувањата од железното време иле во рамките на клановски тумули заградени о прстенест ѕид, централна гробна онструкцијаво и периферни гробови. онструкциите заградени со аморфни камења или ормирани цисти од камени плочи. во кои била звршена прижена инхумација.

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. збор на позначајните наоди

. ДАТИРАНЕ: VII пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Kilian K. 1975, T.52 анев В. 1978, 7-20; Митревски Д. 1990,59-77 окументацијата и наодите во Музејот на акедонија, Скопје и во Заводот и Музеј, Штип.

## **47.** Болница (Учителска школа), Прилеп
Некропола

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на местото на ранешната Учителска школа, денес простор со павилјони на прилепската олницата. Со градењето на болницата во целост е изменета нфигурацијата на теренот.

. ОТКРИВАНЕ И ИСТРАЖУВАНЕ: Археолошки ископувања во дваесеттите одини, во два наврати. Најпрво откриени 3 подоцна уште еден гроб. Во есеттите години извршени ревизиони археолошки ископувања од страна на родниот Музеј, Прилеп, без откриени нови гробови.

I. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола со инхумирани покојници. познати размери на некрополата. Најголем дел од некрополата уништен изградба на објектите од болницата. Откриени вкупно 4 гробови.

. ГРОБОВИ: Конскткции - мали цисти од мени плочи. Погребувањето скелетно во чена положба. Нема податоци за ганизацијата на гробовите.

ГРОБНИ ЦЕЛИНИ И НАОДИ: Сл.

. ДАТИРАНЕ: XIII-XII век пред. н. ера

I. ЛИТЕРАТУРА: Кокиќ М. 1926; Трухелка



. 1929; Гарашанин М. 1958.
зворната документација и наодите изгубени.

## 48. Варош, Прилеп
Гроб

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Наоѓалиштето се наоѓа во реонот на рилеп, поточно во Варош, на улицата "Мире Цилкоски"

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриен со копање канал за водовод о 1960 година. Стручна интервенција од страната на Народниот музеј, рилеп. Археолошки ископувања не се вршени

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Нема доволно податоци за карактерот и можниот бем на евентуалната некропола

V. ГРОБОВИ: Конструкција - циста, оградена и покриена со камени плочи. огребување скелетно во пружена положба. Ориентација Ј-С



. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.

I. ДАТИРАЊЕ: VIII-VII век пред н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Китаноски Б. 1976
окументацијата и наодите во Народниот узеј, Прилеп

## 49. Касарни, Прилеп
Гроб

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа во реонот на Прилеп, о непосредна близина на Касарните

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриен при обработка на земјата о трактор, во 1966 година. Археолошки ископувања не се вршени, само тручна проверка на теренот, при што гробните прилози се откупени за ародниот Музеј, Прилеп

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Нема податоци за карактерот и обемот на вентуалната некропола

. ГРОБОВИ: Конструкција - циста со ормални димензии, оградена и покриена о камени плочи. Погребувањето скелетно



ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.

. ДАТИРАЊЕ: VIII-VII век пред н. ера

. ЛИТЕРАТУРА: Китаноски Б. 1976
кументацијата и наодите во Народниот Музеј, Прилеп

## 50. Попадин Дол, Прилеп
Некропола

.ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа северно од нститутот за тутун во Прилеп, на околу 1000 метри исто на север од агистралниот пат Прилеп-Кичево. Конфигурацијата на теренот е незнатно озвишение на земјоделска површина, главно под лозја.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Со припремање на теренот за лозови асади, во 1959 година случајно откриен еден гроб, додека другиот е езултат на ограничени археолошки интервенции од страна на Народниот узеј, истата година. Понатамошни археолошки ископувања не се вршени.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Вкупно откриени два гроба, на сосема мал стражуван простор, така што не постојат доволно податоци за рганизацијата и обемот на некрополата.



V. ГРОБОВИ: Конструкции-цисти оградени покриени со камени плочи, со должини ад 2 метри и широчина околу 0,50 м. огребувањето скелетно во испружена оложба. Ориентација И-З.

. ГРОБНИ ЦЕЛИНИ И НАОДИ: Сл.

I. ДАТИРАЊЕ: XI-X век пр. н. е.

II. ЛИТЕРАТУРА: Китаноски Б. 1961 окументацијата и наодите во ародниот Музеј, Прилеп

## 51. ПРИЛЕПЕЦ, ПРИЛЕП
Гробен наод

.ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Наодот е откриен во атарот на село рилепец, во подножјето на Селечка планина, околу 10 километри угоисточно од Прилеп, без точна локација на наоѓалиштето.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случаен наод на лачна фибула од т. н. алматински тип, откупен за Народниот Музеј во Прилеп.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Според типот на наодот и околностите на наоѓање есто се истакнува сличноста со соседните некрополи "Попадин Дол" и Ракида", така што се смета дека и овој наод веројатно потекнува од лична некропола, како гробен прилог од растурен гроб.



. ГРОБОВИ: Без податоци

ГРОБНИ ЦЕЛИНИ И НАОДИ: Сл.

. ДАТИРАЊЕ: XI-X век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Kitanoski B. 1971 окументацијата и наодот во Народниот Музеј, Прилеп

## 52. Сивец, ПРИСАТ, ПРИЛЕП
Некропола

.ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на 10 км. северно д Прилеп, на просторот на рудникот за бел мермер-сивец, кај селото рисад, во самото подножјето на Бабуна т.н. северен влез во елагонија.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриени гробови, со копање за ксплоатација на мермер. Мали археолошки ископувања, од страна на ародниот Музеј, Прилеп во 1965.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола со скелетни погребувања. во робови од камени плочи. Откриени вкупно 4 гроба, без можност за огледување на организацијата и просторното ширење на некрополата.

V. ГРОБОВИ: Конструкции - мали цисти од камени или мермерни плочи, со оплочување од исти плочи. Ориентација - различна, при што два гроба риентирани во правец З-И, а еден С-Ј. Погребувањето во згрчена оложба.

. ГРОБНИ ЦЕЛИНИ И НАОДИ: Сл.



I. ДАТИРАЊЕ: XII-XI век п.н.е.

II. ЛИТЕРАТУРА: Китаноски Б. 1971 окументацијата и наодите во ародниот Музеј Прилеп

## 53. Криви Дол, РАДАЊА, ШТИП
Некропола

.ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наога северозападно од энтарот на селото Радања. На десната страна на патот одм Радања за эгулица, а лево од сувото корито "Криви Дол". Гробовите се откриени а блага падина која се спушта од југоисток према северозапад, каде збива на кривината на Кривиот Дол, кој тука свртува према југозапад.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Првите археолошки интервенции изведени 942 година. После Втората светска војна некрополата била повеќе пати штетувана со диви копања во потрага по бронзени предмети, продавани о Народниот музеј Штип. Во текот на 1956 и 1957 година вршени се оследните археолошки ископувања на истиот простор.



II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Могилна некропола, ез доволно податоци за архитектурата и труктурата на тумулите и гробните онструкции. Документирани вкупно 5 робови, со тоа што гробот 5 содржел 4 келети поточно 4 гробови организирани од еден могилен насип. Откриени бројни аоди од растурени гробни конструкции.

. ГРОБОВИ: Покојниците биле инхумирани, олагани на земја или на подлога од едени камења, а потоа насипувани со орфни камења во форма на ниски огилки.

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.
Избор на позначајните наоди

I. ДАТИРАЊЕ: VII-VI век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Венедиков И. 1948, 2-95; Гарашанин М. и Д. 1959, 9-51
Документацијата и наодите во Музејот и Завод Штип и во Музејот на Македонија, Скопје



## 54. Каменен Мост-Опален, Радолишта, Струга
Некропола

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на околу 1,5 км североисточно од селото Радолишта, по должината на локалниот пат Радолишта-Шум.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриен и растурени повеќе гробови со земјоделски работи во 1935 година. Археолошки ископувања вршени 1937 година и 1955 година. Во периодот од 1947-1953 со работите за садење винова лоза откриени и уништени повеќе гробови. Целокупната документација од ископувањата во 1937 година изгубена за време на II светска војна

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Во 1937 година откриени вкупно 21 гроб, од кои може да се смета само на 9 гробни целини. Во 1955 година откриен уште еден гроб и повеќе наоди откриени вон гробови или собрани како прилози од растурени гробови.

V. ГРОБОВИ: Неодредени гробни конструкции. Од една страна се спомнуваат рамни гробови со пружена инхумација, а од друга конструкции блиски до гробовите од Требенишката некропола.

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.
Избор на позначајните наоди и гробни целини

I. ДАТИРАЊЕ: VI-V век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Поповиќ Л. 1958, 75-94; Васко К. 1988, 103-111
Наодите во Народниот Музеј Београд



## 55. Каранка, Рапеш, Битола
Гробни наоди

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): На 1 км северно од селото, без попрецизни податоци за лоцирање на локалитеттот. Во близина се наоѓа некрополата "Сламите".

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриени наоди од растурен гроб или повеќе гробови, при обработка на земјата, откупени за Народниот Музеј во Битола во 1972 година.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: На основа површинските опсервации на теренот и информациите од наоѓачот на предметите, најверојатно се работи за гробови-цисти под ниски могили, поточно за некропола слична со некрополата на соседниот локалитет "Сламите".

V. ГРОБОВИ: Непостојат сигурни податоци, освем дека се работи за наоди од растурен гроб, или могила.



. ГРОБНИ ЦЕЛИНИ И НАОДИ: Сл. Избор

I. ДАТИРАЊЕ: XI-X век пред н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Праисторија во Централна Пелагонија (Каталог).
Документацијата и наодите во Народниот Музеј, Битола

## 56. Сламите, Рапеш, Битола
Некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Поширок потез кај селото Рапеш, што се шири на сртот од ридот, кого Маковска Река го оградува пред да се влие во Црна Река. Во рамките на оваа месност, на 400 метри меѓусебна оддалеченост се наоѓаат две потесни локации со остатоци од гробови, познати како "Каменот" и "Возишта". На 150 метри јужно од локацијата "Каменот", на зарамнет дел од падината се наоѓаат остатоци од едновремена населба.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриен гроб - циста во 1963 година, инвентарот откупен за Народниот Музеј ,Битола. Во 1989 година археолошки ископувања од страна на Народниот Музеј, Битола.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Тумуларна некропола со инхумирани покојници во гробови-цисти. Најверојатно се работи поголема некропола со гробови под ниски тумули од камен и земја, од кои најголемиот број се веќе зарамнати. Испитан е само еден тумул со вкупно 3 гроба и големи оштетувања настанати со вкопување на подоцнежни гробови од доцно римско време. Во основата има елипсовидна форма со пречник 10,2 X 8,6 м, заграден со прстен од крупни камења. Другите гробови откриени како делови од уништени тумули. Вкупно откриени 13 гробови.

V. ГРОБОВИ: Конструкции - цисти од обработени камени плочи со монолитни страни и поголеми димензии или помали цисти од делумно обработени камени плочи со дводелни страни. Нема доволно податоци за организацијата на гробовите. Погребувањето скелетно во испружена положба. Наоди на Антропоморфни стели - маркери во форма на тенки правоаголни камени плочи со исклесана контура на врат



глава.

. ГРОБНИ ЦЕЛИНИ И НАОДИ: Избор, Сл.



I. ДАТИРАЊЕ: VII - VI век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Микулчик И. 1966; асилевска М. 1993
>кументацијата и наодите во Народниот узеј, Битола



## 57. Лозишта, РЕЧИЦА, ОХРИД
Некропола

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се простира на зарамнет осина на западниот крај од селото Речица, од каде потекнуваат груп ронзени предмети, собрани од мештаните, а третирани во литературат ако остава. Во врска со овој локалитет можат да се доведат доведа ретходно откриените гробовите во месноста "Задружни штали".

. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриени и растурени повеќ робови во 1952 година со копање на темели за задружни штали. Во 195 одинаслучајно откриени уште 46 бронзени предмети, собрани од мештаните

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Нема доволно податоци. Еден гроб познат как ојничко погребување, додека бронзените предмети се третираат как става иако лесно можат да претставуваат прилози од растурени гробови.

. ГРОБОВИ: Војничкиот гроб - правоаголна јама насипана со маса камења. ојникот бил инхумиран на дирекно на земја

ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. Избор



. ДАТИРАЊЕ: VI -V век пр. н. ера

I. ЛИТЕРАТУРА: Lahtov V. 1965-a, 48; Кузман П. 1983, 109-126 кументацијата и наодите во Музејот и Завод, Охрид

## 58. Бишов Јавор, СМОКВИЦА, ГЕВГЕЛИЈА
Некропола

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на блага падина, 1 . североисточно од селото Смоквица, 1 км. јужно од мостот на реката рдар, помеѓу реката и железничката пруга. На спротивниот, лев брег Вардар се наоѓаат наоѓалиштата на Исарот кај село Марвинци или што по на југ локалитетот Глос кај село Грчиште.

. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриени гробови и гробни илози.

I. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола со гробови-цисти од камени плочи, кои се откриени вкупно 3 групирани гробови, како дел од поголема кропола.

. ГРОБОВИ: Констуркции - цисти од

амени плочи со прижена инхумација.
риентација различна.

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. Избор



I. ДАТИРАЊЕ: VII-VI век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано
окументацијата и наодите во Општинскиот Музеј, Гевгелија

## 59. Дабници, Сопот, Т.Велес
Некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа 1 км југоисточно од елото Сопот и 8 км северно од Т. Велес по долината на Вардар. Теренот ретставува блага падина која се спушта према коритото на Вардар. пкружен со околните ридчиња делува изолирано иако е оддалечен само 1,5 м. од левиот брег на Вардар

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриена со земјоделски работи во 974 година. Археолошки ископувања во 1985 година од страна на Народнио узеј, Т. Велес и во 1986-89 од страна на Музејот на Македонија.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Тумулана некропола а простор 200 X 100-тина метри, со густо рганизирани тумули, различни по димензии во пречник од 5 до 12 метри). Голем дел д некрополата е уништен, како со робивањето на трасата на автопатот копје-Велес, готово по средината на окалитетот, така и со земјоделски работи. спитани 11 тумули со вкупно откриени 37 робови



V. ГРОБОВИ: Конструкции - правоаголно аградени и поплочени со крупни аморфни амења, покриени со тенки камени плочи и исти заградени, поплочени и покриени со амени плочи или аморфни камења. огребивање скелетно во прижена положба. овеке гробови во еден тумул ( од 2 до ), со доминантна ориентација во правец -J.



. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. збор на позначајните аоди

I. ДАТИРАЊЕ: VII —VI век пред н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Петачки Г. 1986; itrevski D. 1993. Резултатите од скопувањето не се публикувани во целост окументацијата и наодите во Музејот на акедонија, Скопје и Народниот Музеј Велес

## 60. Горно Поле, Стар Караорман, Штип
Некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Некрополата се наоѓа веднаш пред селото тар Караорман на издолжено, пространо плато - висока тераса на левиот рег на Брегалница. Северозападниот и југозападниот раб на платото трмосе спуштаат према коритото на Брегалница, додека на североисток, лаго паѓа према Благова Река, а кон југоисток се дига и продолжува эн огранците на Плачковица. Југозападниот крај на платото бил эристен како утврдена населба. Некрополата може да се доведе во врска э родовските тумули на соседниот срт на "Орлова Чука".

. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Археолошки ископувања 1958 година

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Могилна некропола на која се регистрирани статоци од околу 200 ниски могили, организирани во долги низи по инијата северозапад-југоисток. Најголемиот дел од некрополата е нищтен со обработка на теренот за лозови насади. Вкупно истражени 6 роба.



. ГРОБОВИ: Ниски могилки од афрлени камења врз овална или равоаголна основа. Надворешната града од редица големи есаници-блокови од песочник. Гробни энструкции - јами заштитени со зични камења или кршени камени лочи како и цисти од камени плочи. эгребувањата изведени со лалување.

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. Избор на позначајните наоди

. ДАТИРАЊЕ: VII - V век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Микулчик И. 1959, 5-105; Микулчик И. 1963 экументацијата и наодите во заводот и Музеј Штип

## 61. Орлова Чука, Стар Караорман, Штип
Некропола

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа во непосредна лизина, северно над селото Стар Караорман. На врвот од низок гребен го се спушта од последните ограноци на Плачковица кон коритото на эегалница. Во непосредна близина, околи 1,5 км. на југ се наоѓа эдната, многу поголема некропола "Горно Поле" во истото село, како и што пооддалечените слични некрополи кај штипската населба Бабите или э соседните села Радање, Таринци и т. н.

. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Археолошки истражувања во три наврати: во '59 година од страна на Народниот Музеј, Штип, во 1966 од Археолошкиот узеј Скопје и во 1986 од страна на Музејот на Македонија и Музејот и авод, Штип

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Тумуларна некропола од вкупно 10 тумули рганизирани по линија во правец Исток Запад, поточни по должината на ребенот. Испитани се вкупно 4 тумули (Тумули бр. I,II,V и VI) додека ругите се во различана мера оштетени. Тумулите се со различни димензии различен број на погребувања

V.ГРОБОВИ: Конструкција-цисти, оградени, окриени и поплочени со еден, повеќе лоја тенки камени плочи или со кршени амења. Гробовите се различни по димензии систем на градење. Најголеми и најдобро радени се централните гробни онструкции. Погребувањето скелетно во спружена положба. Радијален распоред на ериферните во однос на централниот гроб.



ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. збор на карактеристични аоди

I. ДАТИРАЊЕ: VIII-VI век пред н.ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Микулчиќ И. 1961; Пашиќ Винчиќ Р.1972; Kilian K.1975 окументацијата и наодите во Музејот на акедонија, Скопје и Музејот и Завод Штип

## 62. Тетово
### Гробница

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Во самото градско подрачје на Тетово

I ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: На почетокот на триесеттите години, со опање темели за приватна куќа случејно откриена, оштетена на кровот и пљачкана

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Монументална ѕидана гробница од травертински локови со правоаголна комора, засводен кров, поплочен патос и ниша на одолгата страна на комората. Не е откопана во целост.

V. ГРОБОВИ: Содржината на гробницата опљачкана. Според остатоците на елови од луксузни предмети и дефанзивна воена опрема, припаѓала на исока воена личност.

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.

I. ДАТИРАЊЕ: Последни децении на VI век п.н.е.

II. Литература: Радојчиќ С.1933.243-253 окументацијата и дел од наодите во Музејот а Македонија, Скопје



## 63. ЗИК-ови ниви, Трап, Битола
некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа во атарот на село Трап, во нивите на ЗИК Пелагонија, без повеќе податоци за точна локација.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриени гробови со механизација за време обработката на земјиштето.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Некропола со скелетно погребување во гробови-цисти. Откриени вкупно 3 гробови. Без други податоци за карактерот и обемот на некрополата

V. ГРОБОВИ: Конструкции - цисти од камени плочи со монолитни страници од зеленкаст шкрилец. Погребувањето скелетно, ориентацијата различна. Дел од гробните прилози откупени за Народниот музеј, Битола

. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл

I. ДАТИРАЊЕ: X-VIII век пред н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Праисторија во Централна Пелагонија (Каталог)
Документацијата и наодите во Народниот музеј, Битола



## 64. Требеништа, Охрид
Некропола

. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Некрополата, во чии рамки влегуваат локациите: Сува Чешма, Три Чељусти и Вртулка раширена е на пространа рамнина во должина околу 500 метри, од десната страна долж магистралниот пат Охрид -Кичево, под селото Горенци. Името го добила според тогаш (во времето на откривање-1918 година) најблиското село Требеништа, кое се наоѓа на 2,5 км североисточно. Денес оваа локација спегува во атарот на селото Горенци.

I. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Првите гробови (I-V) случајно откриени од бугарските војници 1918 година. Следните за гроба (VI-VII) откриени истата година, но под стручен надзор на К. Шкорпил. Од 1930 година, во неколку кампањи до 1934 година археолошки ископувања врши Н. Вулиќ. Во 1953 и 1954 ископувања вршат Ј. Кастелоц и В. Лахтов. Последните ископувања преземени во 1972 година од В. Маленко.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Некрополата во која



е издвојуваат две категории на погребувања ("кнежевски" и "сиромашни" гробови). Богатите - кнежевски гробови откриени 13 на број (во литературата се одбележуваат со римски броеви), додека останатите влегуваат во категоријата на т. н. сиромашни погребувања. Вкупно откриени 56 гробови.

4. ГРОБОВИ: Неколку типови на гробни конструкции и пракса на двата ритуала - инхумирање и спалување. Кнежевските погребувања изведени во пространи јами, веројатно со ѕидови обложени со камен и покриени со камења. Сиромашните погребувања само заградени и покриени со аморфни камења.

5. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл. Избор на покарактеристични форми

6. ДАТИРАЊЕ: VII/VI - IV/III век пр. н. ера

7. ЛИТЕРАТУРА: Filov B.-Schkorpil ,1927; Вулик Н.,1931; Истиот 1933; Истиот 1934; Лахтов В. - Кастелиц Ј. 1957; Lahtov V.,1965; Кузман П. 1985
Документацијата и наодите во: Археолошкиот Музеј во Софија, Народниот Музеј во Београд и Заводот и Музеј во Охрид



## 65. Шесте Куки, Тремник, Неготино

Гроб

1. ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа западно од селото Тремник, покрај патот за Долни Дисан, на површина со лозови насади

2. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриен и раскопан со длабоко орање 1984 година. Археолошки ископувања не се вршени. Гробните прилози откупени за Народниот Музеј, Неготино

3. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Нема доволно податоци

4. ГРОБОВИ: Конструкција-циста од камени плочи

5. ГРОБНИ ПРИЛОЗИ: Сл.

6. ДАТИРАЊЕ: IX-VIII век пред н. ера

7. ЛИТЕРАТУРА: Георгиев З. 1987
Документацијата и наодите во Народниот Музеј, Неготино



## 66. Ракида, Тројаци, Прилеп
Некропола

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Некрополата се наоѓа на околу 20 км. эвероисточно од Прилеп, во областа Раец. Во тесната долина на экичката Раец, лева притока на Црна Река, која е единствена природна најкуса врска на Пелагонија со Поварларјето. Гробовите се откриени о обработлива површина на местото Ракида, кај селото Тројаци.

. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Локалитетот е регистриран со археолошките экогносцирања 1962 година. Еден гроб откриен од страна на мештаните, а эуг со ограничена стручна интервенција од страна на Народниот Музеј, эилеп. Понатамошни археолошки ископувања не се вршени.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Според меѓусебниот однос на откриените гробови, эпосредно еден до друг , веројатно се работи за организирана экропола, меѓутоа без доволно податоци за организацијата и бемот. Вкупно откриени 2 гроба.

. ГРОБОВИ: Конструкција- цисти, оградени и покриени со камени плочи, о должини над 2 метри и широчини над 0,50 метри. Погребувањето, келетно во испружена положба. Ориентација, СЗ-ЈИ.

ГРОБНИ ЦЕЛИНИ И НАОДИ: Сл.

. ДАТИРАЊЕ: XI-X век п.н.е.

I. ЛИТЕРАТУРА: Kitanoski B.1971;Истиот 1979
экументацијата и наодите во Народниот Музеј, Прилеп



## 67. Димов Гроб, Уланци, Градско
Некропола

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на 1,5 км. јужно од элото Уланци, на речна тераса, над левиот брег на Вардар. Најголема энцентрација на гробови, на истурените јужни ртови на терасата, према эритото на Вардар. На 150 метри јужно од некрополата, на ридот по име Столот" се наоѓаат остатоците од утврдената населба, на која эипагаат гробовите од оваа некропола. На спротивниот десен брег, 4 км. запад се наоѓа истовремената и сродна некропола на лок. Водовратски т, кај селото Водоврати.

. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Откриена со эхеолошки рекогносцирања во 1982 година. копувања вршени во текот на 1992, 93 и 94 эдина.

I. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола со эобови со инхумирани покојници во згрчена эложба. Со длабоко орање е уништен добар л од некрополата, така што неможе да се эедвиди нејзиното ширење во внатрешноста терасата. Испитани се вкупно 50 гробови. најистурените делови на терасата.

. ГРОБОВИ: Конструкции-цисти од камени



ючи со скелетно погребување во згрчена
эложба. Доминантна ориентација Запад-Исток
организација на гробовите по линија, во
завец Север-Југ. Честа појава на
эвекекратно погребување во еден гроб.

. ГРОБНИ ЦЕЛИНИ И НАОДИ: Сл.
збор на позначајните наоди

I. ДАТИРАЊЕ: XIII - XI век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Непубликувано
экументацијата и наодите во Музејот на
акедонија, Скопје



## 68. Клучка, ХИПОДРОМ, СКОПЈЕ
Некропола

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на 5 км југоисточно
 центарот на Скопје, на самиот автопат, пред клучката што ги
азведува патиштата за Велес и Куманово, на блага падина, активна
эмјоделска површина во рамките на плодното Скопско Поле. Во близината
 се познати истовремени наоѓалишта, меѓутоа во истото окружување на
эколоку стотини метри на север се наоѓа неолитската населбите "Тумба"
ај село Мацари.

. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Некрополата е
ткриена со изградба на автопатот 1989
одина. Археолошки ископувања вршени се
 1989 и 1990 година од Музејот на
акедонија.

I. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Рамна некропола со
алени покојници од типот на полиња со
эни. Се простира во правец Север-Југ во
элжина од 200-тини метра. Во најголемиот
эл уништена. Испитан е мал простор на
эј се откриени вкупно 11 гробови.

ГРОБОВИ: Керамични садови - урни
экриени со други садови- капаци. Долната
эловина во здравица, а горната заштитена
 толоидна конструкција од редени речни
амења. Организирани во редови во правец
I-ЈЗ или во заеднички конструкции
экриени со еден слој речни камења или
эужно оградени со венец од крупни
амења-белутрак. Спалувањето се вршело на
эсебни спалишта во рамките на
экрополата. Покојниците гореле заедно со
чните предмети. Кремираните коски биле
эиродно ладени, селектирани, миени и
эедно со личната спрема похранувани во
адовите - урни.

ГРОБНИ ЦЕЛИНИ И НАОДИ: Сл.



збор на позначајните наоди по гробни елини

I. ДАТИРАЊЕ: XII-XI век пр. н. ера

II. ЛИТЕРАТУРА: Митревски Д. 1993
окументацијата и наодите во Музејот на акедонија, Скопје



## 69. Бели Камења, ЖИВОЈНО, БИТОЛА
### Некропола

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Локалитетот се наоѓа на самата источна ериферија на пелагонската рамница, 2 км. јужно од селото Живојно, на ирока површина, пространа падина кон рекичката Здравица. На околу 00-тиниметри на североисток се наоѓа локалитетот Градиште - населба со татоци од железното време и континуиран живот низ античката епоха. На колу 5 км. на север, на бреговите на Црна Река се наоѓаат сродните екрополи од групата наоѓалишта кај селата Брод и Букри (Сарај, Бела ркva, Прогон, Дупен Камен).

. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Во текот на 1956 година случајно откриени гроба и еден гроб откриен со археолошки ископувања од страна на рхеолошкиот Музеј, Скопје.

II. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Некропола со инхумирани покојници во гробови - исти. На основа површинските наоди (тумуларни возвишенија од "бели амења" што се издигале на повеќе места, денес разрушени со нтензивната обработка на земјата, при што се откриени повеќе гробни аоди), може да се смета на организираност на поедини гробови под умули. Обемот на некрополата не може со сигурност да се одреди иако е звесно дека се работи за релативно голема некропола во чии рамки, во есноста "Гробот" се откриени вкупно 3 гробови.

. ГРОБОВИ: Конструкции-цисти од камени лочи. Од вкупно 3 гроба, две конструкции етставуваат масивни цисти од обработени амени плочи со монолитни страни споени аглите со глина. Дното поплочено во еделот кај главата и нозете на окојникот. Погребувањето скелетно во спружена положба. Повеќекратно огребување во еден гроб, но и појава на ислоцирана постара гробна содржина вор од гробот. Наоди на две нтропоморфни стели.

ГРОБНИ ЦЕЛИНИ И НАОДИ: Сл. Избор

. ДАТИРАЊЕ: VIII - VI век пред н. ера

I. ЛИТЕРАТУРА: Јосифовска Б. 1963; кулчик И. 1966;
кументацијата и наодите се чуваат во зејот на Македонија, Скопје и Народниот зеј, Битола



## 70. Фортуна, Штип
Гроб

ТОПОГРАФИЈА (МЕСТОПОЛОЖБА): Непостојат попрецизни податоци, осем ...атувањето на поширокиот потез познат како "Фортуна" во Штип

. ОТКРИВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ: Случајно откриен гроб со гробни прилози ...купени за Народниот Музеј во Штип



I. КАРАКТЕР И ОБЕМ: Нема податоци за ...ентуалната некропола. Откриените ...едмети претставуваат прилози од една ...обна целина

. ГРОБОВИ: Нема податоци

ГРОБНИ ЦЕЛИНИ И НАОДИ: Сл.

. ДАТИРАЊЕ: X-VIII век пр. н. ера

I. ЛИТЕРАТУРА: Праисториски култури... 71 (Каталог); Праисторија во ...кедонија.... 1976 (Каталог) ...кументацијата и наодите во Музејот и ...вод, Штип

# ИЗВАДОЦИ НА ПОЗНАЧАЈНИ ПИШАНИ ИЗВОРИ

Appian / Теменидите се спуштиле од Аргос Орестикон во Пиерија за да станат Македонски кралеви.

Appian, Historia Romana,IV,2 / За илирската генаологија: Киклопот Полифем и Галатеја имале синови Келт, Илирие и Гал. Тие тргнале од Сицилија и завладееле со народите кои по нив се нарекле Келти, Илири и Гали. На Илирие му се родиле синовите Енхелеј, Аутариејеј, Дардан, Мед, Таулант, Пераиб и керките Парто, Даорто, Дасаро и други, од каде произлегуваат Таулантите, Перебите Енхелејците, Аутаријатите, Дарданците, Медите, Партините, Дасаретите и Даорсите. А тој Аутаријеј, како што мислат, имал син Панон или Пајон, а Пајон синот Скордиск и Трибал, по кои слично така се викаат и народите.

Apollodoros II,5,9 / Мигдон бил брат на Едон и Бистон, а со тоа син на Пајон или Кикон.

Appolodoros III,XII,1 / За легендата на Дардан: Ожалостен од смртта на својот брат, Дардан поминал на Мизискиот брег, каде што крал бил Тевкар, по чие име сите се викале Тевкри. Тамо Дардан ја добил керка му Батија за жена и дел од земјата на Тевкар. По смртта на Тевкар целата земја веке се викала Дардарнија.

Ateneus/ Критјаните отишле во потрага по Глаукос. Критјаните потоа поминуваат во Јапигија каде го менуваат името во Месапски Јапиги.

Callisthenes / Богатството на фригиецот Мида се засновало на рудниците околу планината Бермион.

Diodoros Sikeliotes / Дел од Критјаните под водство на Тектам, синот на Дор, биле во регионот околу планината Олимп.

Diodoros Sikeliotes / Енхелејците се простирале на кај Илирите.

Diodoros XVI,2,6 / Првиот пајонски владетел (Агид) умрел кога Филип доаѓа на власт.

Herodotos I,57 / На североисток од областа Мигдонија се наоѓале Крестоните.

Herodotos IV,49 / Од Пајонија и Родопските планини тече реката Скиј, ја сечи планината Хем и се влива во Истар. Од Илирија према север тече реката Ангро и се влива во Бронг во Трибалската равница, а Бронг се влива во Истар.

Herodotos V,1 / За нападот на Пајоните на Перинт што се случил пред походот на Дарие кон Скитската земја, пред почетокот на персиската експанзија кон Елада и пред походот на Мегабаз кон земјите на Пајоните (пред 512 г. п. н. е, околу 513 година):
Оние Персијанци кои Дарије ги оставил во Европа под команда на Мегабаз, прво на Хелеспонт го покориле Перинт; а со Перинт порано многу сурово постапиле Пајоните. Имено, Пајоните од Стримон добиле наредба од пророчанството да ја поведат својата војска против Перинт и во случај Перинтјаните да ги провоцираат и викаат, да го заземат градот. Пајоните така и направиле.....И така, Пајоните нападнале на Перинтјаните, повеќето ги совладале и поубивале, а оставиле само мал број.

Herodotos V,16;VII,110 / Оние (Пајони) околу Пангејските Планини и на Прасијадското Езеро воопшто не паднале во рацете на Мегабаз.

Herodotos V,17 / Заробените Пајони биле однесени во Азија, а кога Мегабаз ги покорил Пајоните, испратил во Македонија делегација од седум најугледни Персијанци. Овие биле пратени кај Аминта во името на кралот Дарије да побараат земја и вода. Македонија се наоѓала недалеку од Прасијадското Езеро. Од езерото прво се доаѓало до рудникот од кој Александар добивал по еден талант сребро дневно, а потоа откако после рудникот ќе се премини планината Дисор се влегувало во Македонија.

Herodotos V,98 / Пајоните се преселеле на исток, во годините на егзил под Магабаз, заедно со други племиња како Едоните во Месопотамија, но по неколку години биле вратени од Аристагор.

Herodotos V,113 / Пајоните, Доберите и Пајоплите живееле на север од Пангеј и на исток од реката Стримон. Пајоплите, Сиропајоните и Пајоните ја заземале областа до езерото Прасиада.

Herodotos VI,45 / Во врска со походот на Персиецот Мардониј во Тракија и Македонија со исходиште од Тасос: Во Македонија Мардониј поднел тешки загуби, од нападот на Траките - од племето Бриги, при што бил ранет. И покрај тоа што Бригите не ја избегнале судбината на останатите покорени, племиња Персијците отстапиле на сувоземната војска.

Herodotos VII,15 / За нападот на Персијците врз Пајоните: Штом Пајоните дознале дека населбите им се заземени, пајонската војска веднаш се распрскала и секој си отишол дома и се предал на Персијците. Така од пајонските племиња биле преселени во Азија:

Сиропајоните, Пајоплите и сите становници од општините до Прасијадското Езеро.

Herodotos VII,20,75 / За преминувањето на Мизите и Тевкрите во Европа.

Herodotos VII,73 / При опишувањето на одредени одреди во војската на Ксеркс се спомнува, според кажувањето на Македонците дека, додека Фригите живееле заедно со нив во Европа се нарекувале Бриги, а после преселувањето на Малоазискиот брег си го измениле името во Фриги.

Herodotos VII,123 / Во врска со движењето на Ксеркс по Егејскиот брег: Флотата на Ксеркс тргнала од полуостровот Палене кон Термајскиот залив и Мигдонската област и пристигнала во местото Терме и градовите Синд и Халестра, кои лежеле на Аксиј. Таа река правела граница меѓу Мигдонија и Ботиаја. Во последната област, во тесната крајбрежна ивица лежеле градовите Ихне и Пела.

Herodotos VII,124 / Ксеркс тргнал од Акант низ внатрешноста на земјата кон Терме, каде што патот минувал низ Пајонија кон реката Ехеидор .

Herodotos VII,127 / По стигнувањето во Терме, Ксеркс ја улогорил таму својата војска. Војниот логор го зафаќал целиот оној простор покрај морето, почнувајќи од градот Терме и Мигдонија, па се до реката Лудија и Халиакмон , кои се спојуваат во една река и ја чинат границата меѓу Ботиаја и Македонските земји.

Herodotos VII,173 / За Македонците поделени на Горни и Долни Македонци: Хеленската војска кога стигнала до Ала во Ахаја се истовари и тргна низ Тесалија, оставајќи ги тука бродовите, па стигна во Темпе, во клисурата што се пружа покрај реката Пенеј, Меѓу Олимп и Оса и води од Долна Македонија во Тесалија. Постои уште една клисура, што води од Горна Македонија низ Параибија во Тесалија, во градот Гон, низ која и дошла Ксерксовата војска.

Herodotos VII,185 / Војската на Ксеркс била составена од: Траки, Пајони, Еордаи, Ботиаи, народностите на Халкидик, Бриги, Пиери, Македони, Параиби, Аини, Долопи, Магнети, Ахајци и сите жители на тракиското крајбрежје

Herodotos VIII,115 / Ксеркс ги оставил своите болни во Тесалија , и тргнал во пајонскиот град Сир во Македонија. А тука Ксеркс на патот за Хелада ја оставил и светата кола на Зевс, но кога се вратил не ја нашол бидејќи Пајоните ја дале на Траките. Кога Ксеркс побарал да му ја вратат му рекле

дека коните додека паселе биле украдени од Траките што живеат над изворите на Стримон.

lerodotos VIII,137-9 / Пердика со неговите браќа Аероп и Гаван ја рашириле Македонија кон Илирија и се дочепале до Олимписката Пиерија - Градините на Мида, од каде продолжиле и ги освоиле и останатите делови на Македонија.

lerodotos IX,32 / За војската на Мардоније: Во неа биле измешани и војници од други народи како на пример: Фриги, Мизи, Траки, Пајони и други.

erodotos - Thucydides / Кралската кука на Македонците (Теменидите), од кон Илирија се спуштиле преку Линк до Лабаеа во Пиерија.

erodotos - Strabo / Бригите живееле под планината Бермион (во ареата на Науса, каде биле градините на Мида, син на Гордиј и со тоа биле соседи на Македонците.

lerodotos V,17,18; Iustinus VII; Herodotos V,94 / За Аминта I (540-498), кој се сојузил со Персијанците. Тој ја примил амбасадата на Дарие, после враќањето од експедицијата од Скитија и ја оженил својата керка Гигаја за Бубарес. За време втората половина на неговото владеење за прв пат се востановуваат официјални односи меѓу Македонија и Атина. Аминта му го дал македонскиот град Антемус на Хипиј.

lesiodes / Биле два брата, еден Магнес другиот Македон, кој сакал коњи. Овие два живееле во Пиерија и Олимп.

lomeros,Ilias,II,848-850 / Криволаките Пајони ги водел Пирајхме од Амидон, од широкострујниот Аксиј.

lomeros.Ilias,XXI,139-187 / Водачот на Пајоните Астеропај бил син на Пелагон и Перибоа, керка на кралот на Пиерија Акесамен.

ustinus / Старото име за Македонија било Ботиаја, Аксиј бил граница меѓу Ботиаја и Мигдонија.

ustinus VII,1-2 / За приказната со Каран и неговото влегување и освојување на градот со помош на маглата и буката предизвикана од чопорот на кози. Каран ги освоил и градините на Мида кој бил истеран а неговата територија окупирана.

ustinus VII / Пред да дојде Каран, Астеропај, синот на Пелагон бил владетел во овој дел на светот. По Каран дошол Пердика.

ustinus / За Пердика, кој бил првиот што ја востановил кралската (династичка) некропола во Ајгаи, како мавзолеј на

македонските кралеви.

Livius, XXVI,25 / За походот на Филип V на Дардарнците во 211г: Македонскиот крал тргнал преку Пелагонија кон дарданскиот град Синтија, ги разбил Дарданците и го презел тој град, а потоа повторно преку Пелагонија Линк и Ботиаја се спуштил во Тесалија.

Livius XXXIX,53 / Еригон извирал од Илирик, течејки низ Пајонија и се вливал во Аксиј

Plinius, Nat Hist.IV,10,35 / За пајонските племиња кои ги населувале земјите крај Аксиј (Параксеи, Еордаи, Алмопи, Деуриопи, Пелагони, Мигдони): *Paeoniae gentes: Paraxiaei, Eordenses, Almopi, Deuriopes, Pelagones, Mygdones.*

Plinius, IV,10 / Пајонија и Пелагонија ја брането од север Македонија од Трибалите.

Polybius V,97 / За навлегувањето на Дарданците во Пајонија: После големото навлегување во Пајонија, за време на Македонскиот владател Деметрие II (240-229), Дарданците успеале да ја заграбат цела северна Пајонија. Најголемиот пајонски град, Билазора, кој имал многу погодна положба пред премините останал во нивни раце (до 217 г.) кога македонскиот крал Филип V си го повратил.

Ps-Scymnos, 437-438 / За Бригите населени до Енхелејците: ... изнад нив се наоѓале Бригите варвари. На море бил Епидамно, грчки град, за кој се чини дека го населила Коркира. Над Бригите е народот што се вика Енхелејци. Со нив некогаш завладеал Кадмо.

Ps-Scimnos,620 / Во кусиот опис на Македонија меѓу другото го спомнува племето на Линкестите и Пелагоните расположени покрај Аксиј.

Ps-Scimnos,Periegesis / За Пелагоните, Либурните и Илирите како засебни народи.

St.Bizantinus / Пајон бил брат на Бистон.

St.Bizantinus / Племето Скирги било пајонско - од пајонски род.

StraboN,331 frag.38-9 / За Коин и Турим како владетели помеѓу Каран и Пердика.

StraboN/ За Грците на Сицилија кои ги дочекале варвари и Критјани и Јапих (епоним на Јапигите) како син на Дедал и Критјанка.

StraboN- Konon / Јапигите-Критјани се преселиле во Македонија во областа Ботиаја.

trabon/ Критјаните под водство на Ботон ја населиле Ематија – Ботиаја (старото име за Македонија, меѓу Халиакмон и Вардар).

trabon VII,5,1 / За описот на Балканскиот Полуостров или за Европа јужно од Истар (Дунав):
Северниот, негрчки дел е поделен во два дела, оддвоени со ланецот на илирски, пајонски и трачки планини, кои како некоја права линија скоро паралелно со Дунав се протегаат од Јадран до Црното Море. Према Црното Море највисока во таа низа планини е Хем (Балкан Планина), према Јадран се издига Адрија, додека помеѓу нив се наоѓа Пајонија, која е и самата доста висока. Од една страна нејзината граница према Тракија ја чинат Родопите, кои се највисока планина после Хем, а од друга страна према север, илирските земји, земјата на Аутаријатите и Дарданците.

trabon VII,5,11 / Аутаријатите некогаш беа најголемото и најмоќно племе на Илирите. Едно време Аутаријатите потчинувајќи ги Трибалите, кои се простираат од Агријаните до Истар (Дунав) во должина од 15 дена завладеале и со другите Траки и Илири.

trabon VII,5,12 / Пајонија била јужен сосед на Аутаријатите, Дардарците и Ардијејците.

trabon VII,7,8, / Позади Епидамнос и Аполонија до Кераунските планини живеат Билиони, Тауланти, Партини и Бриги, а таму некаде близу се и сребрените рудници на Дамастион, каде Диестан (Династи ?) утврдиле власт и Енхелејците кои ги викаат и Сесарети, а покрај нив се: Линкестите и Девриоп и Пелагонија со своите три града, Еордајите, Елимеја и Ератира. А тие понапред биле секој под свои владетели. Меѓу нив, над Енхелехците владееле потомците на Кадмо и Хармонија и таму се покажуваат местата за тоа што за нив се раскажува.

Еригон, откако ќе прими многу притоки од илирските планини и областтите на Линкестите, Бригите, Девриопите и Пелагоните се влива во Аксиј.

Линкестида, Пелагонија, Орестида и Елимеја влегувале во Горна Македонија.

trabon VII,38 / Пајоните самите себе се нарекувале Пелагони.

trabon VIII,38 / За Пајоните дека водат потекло од далечна Фригија.

hucydides II,99 / Александар, таткото на Пердика и неговите

предци ја освоиле Мигдонија, областа меѓу Аксиј и Стримон и Бисалтија во Антемунт.

Thucydides II,96 / Лаиаите го населувале просторот по горното течение на Стримон

Thucydides II,98-100 / За Идомене како најсеверен град што го држеле Македонците во 429 година пр. н. ера.

Thucydides IV,83 / За Линкестите кои (во годината 431) биле во сојуз со Македонија, но со свои сопствени владетели, надвор од границите на Македонија.